**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР**

**- СКОПЈЕ -**

# ЗДРУЖЕНО ВОЈУВАЊЕ И СОВРЕМЕНИ БЕЗБЕДНОСНИ ЗАКАНИ ВО СВЕТОТ

- ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА -

**МЕНТОР:**

**ПРОФ. Д-Р МИТКО КОТОВЧЕВСКИ**

**ИЗРАБОТИЛ:**

**М-Р МИЛЕ ПЕТРОВСКИ**

**Скопје 2014 година**

# С О Д Р Ж И Н А

**1. ВОВЕД.....7**

1.1. Генерална анализа на здруженото војување и употребата на воена сила во решавањето на современите безбедносни противречности во светот.....14

1.2. Предмет и цели на истражувањето.....17

1.2.1. Предмет на истражувањето.....17

1.2.2. Цели на истражувањето.....21

1.3. Методи и техники на истражувањето.....26

1.3.1. Методи на истражување.....26

1.3.2. Варијабли.....27

1.3.2.1. Независни варијабли.....27

1.3.2.2. Зависни варијабли.....28

1.3.2.3. Индикатори.....28

1.4. Структура на трудот.....29

**2. СОВРЕМЕНИ БЕЗБЕДНОСНИ ЗАКАНИ ВО СВЕТОТ И УПОТРЕБАТА НА ВОЕНА СИЛА КАКО ИСТРУМЕНТ НА ПОЛИТИЧКА МОЌ.....32**

2.1. Национална безбедност, национални противречности, внатрешни кризи и борба за моќ.....33

2.2. Закани за регионалната безбедност.....43

2.3. Глобализацијата како безбедносна закана.....57

2.4. Асиметрични закани.....65

2.5. Глобален тероризам.....69

2.6. Глобален бунт или панбунт.....77

2.7. Меѓународен организиран криминал.....82

2.8. Пролиферација на оружје за масовно уништување.....86

**3. ЕВОЛУЦИЈА НА СОВРЕМЕНИОТ ВОЕН КОНФЛИКТ.....90**

3.1. Историја на војувањето.....90

3.2. Формирање на политичко-воени сојузи.....95

3.3. Доктрини на војувањето.....97

3.3.1. Определување на поимното значење на доктрина и воената доктрина.....97

3.3.2. Хиерархија на доктрини.....100

3.4. Доктрина на војување во т.н. Четврта генерација на војни.....106

3.4.1. Историски основи на четвртата генерација на војни 106
3.4.2. Димензии на четвртата генерација на војни 113
3.4.3. Модели на војување 119
3.5. Петта генерација на војување 122
**4. ЗДРУЖЕНО ВОЈУВАЊЕ, ЗДРУЖЕНА ДОКТРИНА И КАРАКТЕРИСТИКИ НА БОРБЕНИТЕ СИСТЕМИ ВО СОВРЕМЕНОТО ВОЈУВАЊЕ 126**
4.1. Основи на здружено војување 126
4.2. Доктрина на здружено војување 129
4.2.1. Основи на здружената доктрина 129
4.2.2. Основни задачи и цели на здружената доктрина 130
4.2.3. Основни принципи на воената доктрина и ниво на ангажирање 131
4.2.4. Оперативен дизајн 135
4.2.5. Основни концепти 136
4.2.6.Видови вооружени операции 138
4.2.7. Основни карактеристики на борбените системи во здруженото војување 140
4.2.7.1. Командување и контрола( К2) во здруженото војување 141
4.3.7.2. Персонална поддршка на здруженото војување 157
4.3.7.3. Разузнавачка подддршка во здруженото војување 161
4.3.7.4. Огнена поддршка на здруженото војување 173
4.3.7.5. Здружена логистичка поддршка 179
**5. ВИДОВИ ВОЕНО АНГАЖИРАЊЕ НА СИЛИТЕ ВО ЗДРУЖЕНИТЕ ОПЕРАЦИИ 191**
5.1. Организација на здружените сили, планирање и изведување на мисијата. 191
5.2. Операции на НАТО надвор од членот 5 од повелбата за негово формирање 198
5.2.1. Историски осврт 199
5.2.2. Спектар на операции на НАТО 202
5.2.3. Видови операции за одговор на кризи надвор од членот 5 206
5.2.3.1. Операција за поддршка на мирот 206
5.2.3.2. Борбата против нерегуларни активности 215
5.2.3.3. Бунт и противбунтовнички активности 216

5.2.3.4. Тероризам ..... 218
5.2.3.5. Криминални активности ..... 220
5.2.3.6. Поддршка на цивилните власти ..... 221
5.2.3.7. Операција за евакуација на невооружени лица ..... 222
5.2.3.8. Операција за извлекување ..... 223
5.2.3.9. Санкции и ембарга ..... 223
5.2.3.10. Противгерилски операции ..... 224
5.2.4. Изведување на операции за одговор на кризи надвор од членот 5 ..... 231
5.3 Придонес на Република Македонија во здружените операции за поддршка на мирот ..... 233
**6. АНАЛИЗА НА КОНВЕНЦИОНАЛНИОТ ПРИСТАП НА ПРИМЕНА НА ВОЕНА СИЛА ВО СОВРЕМЕНОТО ВОЈУВАЊЕ ..... 239**
6.1. Операции во Сомалија ..... 239
6.2. Операции во Ирак ..... 244
6.3. Операции во Авганистан ..... 248
6.4. Ангажирање на вооружените сили во Руско-чеченската војна ..... 252
6.5. Интервенцијата на НАТО во Сојузна Република Југославија ..... 255
6.6. Интервенција на Руската Федерација во Република Грузија ..... 258
**7. СТРАТЕГИСКИ КОНЦЕПТИ И ДОКТРИНИ НА АНГАЖИРАЊЕ НА СИЛИТЕ И ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНОТО ВОЈУВАЊЕ ..... 266**
7.1. Национална безбедносна стратегија и воената доктрина на Руската Федерација ..... 266
7.2. Национален концепт на безбедноста и воената доктрина на Република Франција ..... 273
7.3. Национален концепт на безбедноста и воената доктрина на Израел ..... 278
7.4. Национален концепт на безбедноста и воената доктрина на Република Словенија ..... 285
7.5. Стратегија на употреба на здружените сили и воената доктрина на САД ..... 289
7.5.1. Здружена визија ( Joint Vision) на САД за 2020 година ..... 290
7.5.2. Визија на Министерството за одбрана на САД за промените во здруженото војување ..... 292
7.6. Новиот Стратегиски концепт на НАТО алијансата ..... 302

7.7. Предлог на стратегија за изменет настап на АРМ за учество во операциите во здруженото војување ........ 305
**8. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА ........ 315**
**БИБЛИОГРАФИЈА........ 321**
ЛИТЕРАТУРА ........ 321
Нормативни акти и закони:........ 323
НАТО - вооружени публикации: ........ 324
Доктринарна литература и публикации надвор од земјите-членки на НАТО ........ 326
Интернет и ВЕБ-страници ........ 326
Останати пубикации ........ 329
**ПРЕГЛЕД НА КРАТЕНКИ ........ 332**

# 1. ВОВЕД

Определбите за започнување со глобалниот процес за воспоставување на мир во светот, свет кој што ќе почива врз демократија, почитување на човековите права и градењето на светската безбедност и солидарност во целина, денес, се чини како никогаш порано, се свртени во спротивна насока. Развојот на современото општество е проследен со постојани закани и противречности со кои се загрозува безбедноста на националните заедници, но истовремено и со закани со кои се загрозува и регионалната и светската безбедност.

Според карактеристиките, овој нов свет можеби најдобро може да се дефинира и како „нов среден век" или неосредновековност, што според Филип Керни „се карактеризира со: спротивставени институции и пренатрупани јурисдикции на системот на државата, невладини и приватни групи кои се групираат заради заеднички интерес; флуидни терористички граници, како во државите така и меѓу државите; зголемување на нееднаквоста и изолација на маргинализираните групи и држави; мултиплицирана и фрагментарна лојалност, одземени имотни права и територии и ширење на географските, социјалните и териториите на забрането движење, каде силата на законот е неефикасна. Во ваков систем на безбедност нема безбедност која се обезбедува со поседување на големи вооружени сили или примена на каква и да е стратегија за употреба на оваа сила."[1]

Иако „новата фаза на промена на односите, како на глобален, така и на регионален план која настапува при крајот на деветтата и почетокот на десеттата деценија на минатиот (XX-тиот) век беше обележана со редистрибуција на силите и односите предизвикани со распадот на СССР (Сојуз на Советските Социјалистички Републики) и Варшавскиот пакт[2] и започнување на периодот на пост-студената војна, или како што уште може да се нарече и период на „студен мир", сепак периодот кој што настапи потоа, за жал, донесе и нови позастрашувачки закани за светскиот мир и безбедност. Покрај војната се јавуваат и нови форми на загрозување на човековата

[1] Philip G. Carney, "*Globalization and the Changing Logic of Collective Action,*" International Organization, Vol. 49, no. 4 (Autumn 1995) (https://www.mtholyoke.edu/acad/intrel/cerny.htm)

[2] Варшавскиот пакт или Варшавскиот договор беше формиран на 9 мај 1955 година како заедничка одбранбена организација на СССР и седум европски земји (Албанија, Полска, Романија, Унгарија, Источна Германија, Чехословачка и Бугарија), а со која се обезбеди заедничка команда и единство во раководењето со вооружените сили на земјите од т.н. „Социјалистички блок". Во март 1991 година, пактот е распуштен (што се потврди во јули 1991 година на последниот состанок на политичкото консултативно тело на Алијансата). http://www.history.com/this-day-in-history/the-warsaw-pact-is-formed

заедница, како што се: глобализацијата, глобалниот тероризам, меѓународниот организиран криминал, опасностите од пролиферација и употреба на оружјето за масовно уништување (ОМУ) и други закани. Истовремено, овој процес е проследен и со појава на нови центри на политичка, економска и воена моќ во светот и со нови противречности, внатрешни кризи и борби за моќ во одредени земји, региони и светот во целина.[3]

Крајот на Студената војна, комбиниран со комплексниот и повеќезначенскиот феномен познат како „глобализација", донесе широк дијапазон на фундаментални промени во природата на светската политика. Една суперсила стана ненадминлива, додека голем број држави (а бројот одеше во нагорна линија), паѓаа до степен или состојба на држави во зачеток. Етничките и религиозните конфликти повторно се појавија и преминуваа преку конвенционалните територијални граници. Слично, бројни закани и проблеми од областа на здравјето, криминалот, тероризмот, опојните droги, животната средина и миграцијата, покажаа значителни транснационални карактеристики, притоа создавајќи тешкотии (ако не и апсурд) да бидат третирани само во ортодоксните внатрешнодржавни граници. Неолибералната економска ортодоксија се покажа како подоминантна во однос на останатите, така што големите светски и економски организации настојуваа да им наметнат далекусежни финансиски и политички услови на нивните клиенти. Истовремено, рапидно растечките глобални и финансиски пазари применуваат ограничувања врз слободата на националните влади со цел да влијаат на нивните економски политики. Националните култури, дури и во релативно моќните држави, како што е на пример Франција, се загрозени од супердржавната глобална култура, различно именувана како „модернизација", „вестернизација", „капитализам" или едноставно речено „американизација" Сето ова беше засилено и забрзано со информациската и комуникациската револуција која, меѓу другите последици, предизвика и состојба на виртуелна неможност државите да ги контролираат своите граѓани во однос на пристапот кон информациите.[4]

Според поранешниот генерален секретар на ОН, г-нот Кофи Анан, „безбедноста не може повеќе да биде дефинирана како состојба на вооружените конфликти помеѓу државите или внатре во една држава. Непочитувањето на човековите права, зголемен

---

[3] Трајан Гоцевски „*Современи тенденции во одбраната*", „Македонска ризница", Куманово, 1997 год., стр.14

[4] Б. Маигушка, „*Управување и отпор во светската политики*", (Governance and Resistance in World Politics, British International Studies Asociation 2003), превод од англиски Магор-Скопје, 2009, стр. 4.

интензитет на раселени лица и цивилно население во поедини подрачја во светот, меѓународниот тероризам, епидемијата на СИДА, трговија со дрога и наркотици и природните катастрофи, претставуваат директна закана за безбедноста на човештвото и истите бараат многу поголема потреба од координирано ангажирање на светската заедница во решавањето на овие прашања."[5]

Доволно би било да повлечеме паралела и да ги согледуваме разликите помеѓу светот денес и оној, да кажеме од пред крајот на минатиот (XX-от) век, при што доаѓаме до следните резултати:

- крај на „ерата на биполаризмот" во меѓународните односи и интерпретацијата на главните противречностите во светот како последица на т.н. Студена војна;
- нееднаквост во националните приходи, во комбинација со општиот пад на животниот стандард и сиромаштија во поголемиот дел од земјите од т.н. Трет Свет[6], и особено во Африка и Централна и Јужна Америка;
- зголемување на бројноста на човечката популација во светски рамки, проследена со пораст на гладта, и со намалување на обработливите површини и недостиг на вода за пиење; зголемување на поврзаноста на светот со транснационални комуникациски мрежи и информатичкото поврзување (на пример Интернетот );
- етаблирање на невладини институции и други инструменти на власт во земјите од Третиот Свет, кои во состојба на внатрешни социјални, класни, етнички и религиозни противречности настојуваат да ги прикријат корупциските активности и неспособноста на државните институциите;
- пораст на комуникациската поврзаност и глобалниот транспорт со можност за остварување врски со која било точка на планетата Земја за помалку од 24 часа;
- пораст на побарувањата во светот за нафта, поради наглиот пораст на потрошувачката на оваа стратешка суровина во Кина и Индија;

---

[5] Report of the Secretary-General on the work of the Organization, Official Record of the fifty-fifth session of the General Ammembly, Supplement No.1 (A/55/1) of 30, August 2000.

[6] Ф.Т. Ременски, Полициска академија Скопје, „*Регионалиот безбедносен комплекс и исламскиот фундаментализам како закана за регионалната и глобалната безбедност*", Современа македонска одбрана бр. 15, јуни 2007 стр. 71.... Главна закана за опстанокот на овие земји најчесто доаѓа од внатрешните закани кои се создаваат поради отсуство на социјална и политичка кохерентност, отколку од надворешни закани. Внатрешната социјална, етничка, културна поделеност на овие земји и сè поизразеното гравитирање на идентитетот на големите општествени групи кон етничкиот, верскиот или културниот backround отколку кон националната држава во која живеат, ги направија земјите од Третиот Свет нестабилен институционален партнер".

- експлозивен развој на трговијата со дрога, проследено со перење на пари и корупција, и состојба кога ваквите трговските организации од многубројни сектори и подрачја на општественото живеење „де факто“ ги претставуваат поедини влади;

- почеток на соработка помеѓу транснационалните иделошки групи и традиционалните криминални организации, како што се на пример нарко-картелите и др.;

- проширување на секторот на насилства во судирот на евангелските религии (христијанството, исламот, хинду религијата, итн.);

ширењето на епидемијата на СИДА, особно во дел од земјите од Третиот Свет (преку 30% од популацијата во Боцвана е ХИВ-позитивна);

- појава на глобалните терористички мрежи и други организации со најава за „пропаст на цивилизациите“ ;

- продолжување на порастот и влијанието на мултинационалните организации и нивното негативно влијание со појава на корупција и нарушувањето на човековите права, како и појава на недемократските режими и институции;

- етаблирање/одржување на голема христијанска-а мериканска армија во срцето на муслиманскиот Среден Исток;

- пројавувањето на САД како водечка воена и економска суперсила, со неизбежните противречности и спротивставувања кои произлегуваат од ваквата состојба.

Ваквите и слични состојби, денес, најчесто ја определуваат и природата на можните противречностите, спротивставувања, конфликти, па и појава на вооружените судири во светот. Но, уште позначајно во таа насока е да се пристапи кон осознавање на актуелните економски, политички, дипломаткси, правни и други противречности кои ги предизвикуваат ваквите состојби.

Кога станува збор за примена на воената сила, таа сè уште, за жал, се јавува како главен арбитар во решавањето на современите противречностите, а војната како феномен, останува присутна на сцената, речиси, без прекин од ниту еден ден. Со еден збор, „војните остануваат наша судбина, непомирлив и нескриен автоном, а ние како човечки суштества, сакале или не, сме нивни современици”[7].

---

[7] За димензиите на оваа појава можат да послужат повеќе индикатори, но еве само еден од нив кој што ја отсликува ваквата состојба. Имено, до пред крајот на минатиот (XX- тиот) век. вкупно се водени повеќе од 270 војни, од кои две светски војни, што значи во просек 3-4 војни годишно. Само по Втората светска војна се водени над 150 војни, во војните биле вмешани над 50 држави, а жртвите ја надминуваат бројката од над 22 милини .(The military bilans, 1994)

Изборот на војната и другите форми на вооружено насилство како средства на воено-политичките стратегии за разрешување на противречностите и реализирање на глобалните стратегиски цели, оставија длабоки траги врз развојот на цивилизацијата. Меѓутоа деструкцијата и трагичноста не се производ само на директната примена на уништувачката моќ на средствата за вооружено насилство, туку и од последиците кои настануваат при фабрикувањето на тие средства и од подготовките за нивно ефектуирање. Од тој аспект, деструкцијата се манифестира како: деструкција врз човековиот род, економска деструкција, научно-технолошка и еколошка деструкција.[8]

Војните на почетокот на дваесет и првиот век во однос на интензитетот, суровоста и насилствата кои ги предизвикуваат, се чини им одат во прилог на реалистите кои заклучуваат дека насилниот конфликт претставува неизбежна појава во меѓународната политика. Тие го фалат Клаузевиц и неговата позната изјава дека „војната не е ништо друго туку државна политика продолжена со други средства" или како што тој нагласува „војната не е само политички акт, туку вистински политички иструмент, продолжување на политичките односи, нивен продолжеток со други средства" и „никој не почнува војна или пак не би требало да ја започне ако е паметен, а да не си помисли при тоа на тоа што сака да постигне во неа и со неа"[9] . Реалистите сметаат дека на „војната не треба да се гледа како на отстапка, туку како на рационална опција во надворешната политика"[10]. Присутен е и ставот дека на војната треба да се гледа и како на „рационален политички иструмент наместо како на непромислено убиство" или на можност да се иницира војна врз основа на трите мотивации на „придобивки, принципи и страв", при што како придобивки најчесто се сметаат територијалната експанзија и освојувањата, на принципите како на експлицитно доаѓање до продобивки со што се објаснува оправданоста т.е. рационалноста на иницирањето на војната и, на крајот, на стравот кој што е присутен од долгорочните последици во однос на моќта која ја има одредена водечка членка врз воено-политички сојуз, доколку не се влезе во вооружен конфликт на страната на моќна држава или сојуз.

Појдовна основа во однос на разбирањето на основите на актуелните национални концепти на безбедност на поедини национални држави и заедници денес, особено во

---

[8] Група на автори: порф. д-р Т. Гоцевски, проф. д-р М. Котовчевски, проф. д-р З. Нацев и проф. д-р Р. Нечевски „*Дефендологија*", Куманово 2002, стр. 8.

[9] Клаузевиц, *„О рату"*, Војна библиотека, Београд, 1951, стр. 31

[10] Питер Хју, *Поим за глобална безбедност,* превод од англиски, Табернакул, 2009, стр.65

врска со состојбата со националните воени доктрини[11] или доктрините на воените алијанси, можеби најдобро би можеле да ги поставиме со повлекување на разлики или давање на паралелен опис на разликите во ангажирањето на вооружените сили во блиското минато (од пред само неколку децении) и карактерот на употребата и ангажирањето на вооружените сили, денес. Притоа, не треба да се исклучи и можноста од нови неизвесности, противречности и изненадувања и промени кои можат да имаат решавачко влијание врз практичните функции на употребата на воената сила. Промените се огледаат во следното:

- промена на темпото во ангажирањето на силите од мирновремено - кон воено и состојба на постојана подготвеност за одговор на неизвесности и закани;
- од време на можни предвидувања на настаните - кон ера на изненадувања и неизвесности;
- од фокусирања на поединечни опасности - кон комплексни предизвици;
- од закани насочени кон националната безбедност на државите-кон децентрализирани мрежни закани на недржавни противници;
- од водење на војни против други нации - кон судир со земји со кои не е влезено во војна (војни од нов вид);
- од одвраќања кон јасно препознатливи противници - кон одвраќање на непријателски држави, терористички мрежи и нечесни противници;
- од одговор на кризи после почнување на конфликтот - кон превентивни акции со кои се настојува да се отстранат проблемите и кризните состојби;
- од одговор на кризи - кон градење на иднина;
- од планирања кои се поврзани кон одредена закана - кон градење на способности за постојано планирање на акции;
- од мирновремено планирање - кон планирање како одговор на конкретен настан;
- од фокусирање на движење (кинетика) - кон фокусирање на ефекти;
- од процесни функции на дваесеттиот - кон интегрирачките функции во дваесет и првиот век;
- од статична одбрана, гарнизонски сили - кон мобилни и високо подвижни сили.

---

[11] Постојат многубројни дефиниции на поимот воена доктрина. Повеќето од нив се неофицијални и зависат пред сè од изворот од кој што потекнуваат, институционалната рамка, дури и од држава, историскиот период или преземената транскрипција во делот на системските науки. Можеби најдобрата дефиниција која е точна, концизна, едноставна и воедно доволно општа за да го задржи значењето на употребата на овој поим е содржана во тоа дека ... „воена доктрина е израз на постапки, начин и

- од недоволно опремени (сили во состојба на чекање) - кон потполно опремени и подготвени сили ( борбено готови сили);
- од подготвени сили за учество во битки, во мирновремен период - кон борбено подготвени сили;
- од масовни институционални сили - кон највисоко оперативни подготвени сили;
- од подготовеност за учество во поголеми конвенционални операци - кон подготвеност за учество во ирегуларно војување и асиметрични операции;
- од одвоен концепт на операции - кон здружен и комбиниран концепт на операции;
- од сили кои имаат потреба да излезат од конфликт - кон интегрирани сили и независни сили;
- од поддршка и потпирање на бродови, орудија за поддршка, тенкови и авијација - кон фоокусирање на информациска поддршка, на знаења, тимско ангажирање и активно разузузнување;
- од масовни сили - кон масовност во ефектите;
- од масовноста и маневар - кон агилност и прецизност;
- од поединечни средства и системи за аквизиција - кон здружен портфолио на менаџирање;
- од широко поставена „индустриска" мобилизација - кон конкрено насочени комерцијални решенија;
- од разузнавање кое се базира врз ангажирање на служби и агенции - кон заеднички центри за оперативно разузнавање;
- од вертикални структури и процеси - кон што потранспарентни и хоризонтални интеграции;
- од движење на корисниците кон податоците - кон движење на податоците кон корисниците;
- од фрагментарна т.е. делумна поддршка на земјата - кон интегрирана безбедност на земјата-домаќин;
- од статично сојузништво - кон динамично партнерство;
- од статични пост-оперативни анализи - кон временска анализа на научени лекции;
- од фокусирањс на влезот (напори) - кон фокусирањс на излезот (резултати);

---

процедури во кои што веруваме и со чија примена на најдобар начин ќе ги решиме проблемите од воена

- од одлуки на министерствата за одбрана - кон интерагенциски одлуки.

Ваквите симултани и целособразни релации во односите и настанатите промени во сферата на војувањето и особено во употреба на воена сила, претставуваат силна провокација за сите политички и воени аналитичари, но истовремено и предизвик пред кој што се исправени сите воини во решавање на загатката за изборот на најправилиниот начин за ангажирање на вооружените сили во современото војување и, особено во здруженото војување.

## 1.1. Генерална анализа на здруженото војувањето и употребата на воена сила во решавањето на современите безбедносни противречности во светот

Здруженото војување[12], под кое се подразбира ангажирање на вооружените сили на земјите-членки на одредена политичко-воена групација или воена алијанса, и второто значење со кое се изразува нејзината оперативност и ефикасност, како синергија на борбената моќ која се обезбедува со ангажирањето на различните видови, родови и специјалности, како дел од органскиот состав и структурата на вооружените сили, претставува крајно но понекогаш и единствено средство во решавањето на заострените безбедносни противречности, а со кои се соочува современиот свет. Светот којшто е денес обременет со многубројни закани по безбедноста и опасности со кои секојднево се загрозуваат мирот и стабилноста во поедини земји, со можност за загрозување на регионалниот и светскиот мир, во целина. Формирањето на Политичко-воените сојузи или воени алијанси[13] кои се и носители на здруженото војување има пред сѐ политички, историски, техничко-технолошки,

---

природа. " (".http://www.au.af.mil/au/awc/awcgate/readings/drew1.htm )

[12] „Здруженото војување претставува комплементарна форма на воена моќ која настанува како производ на синергијата и ефиксасноста во ангажирањето на вооружените сили во здружените операции". Joint Publication 3-0, Joint Operations, (2011), p.g.. I – 1

[13] George Liska: *Nations in Alliance. The Limits of Interdependence*, paperback edition, Baltimore, (1968) p.g.3. Алијансите претставуваат централен феномен во меѓународната политика низ историјата. Сеедно дали го разгледуваме периодот на средниот век или периодот на Бизмарк или Наполеон, секогаш се среќаваме со држави кои формираат алијанси и „едноставно не е можно да се разгледуваат меѓународните односи без осврт на алијансите кои претставуваат израз за сојузништво на најмалку две или повеќе држави". Со внимателно разгледување на литературата можно е да се пронајдат дури 35 различни дефиниии. За поопширно разгледување на значењето на алијансите може да се оствари увид во "The Concept of Alliance", во : *International Studies Quarterly* V.12 N.1, p.g.65-86; Arnold Wolfers(1968): "Alliances", во : International Encyclopedia of the Social Sciences, ed. By David L. Sills, V.1,p.g..268-271;

културолошки, веоно-доктринарни и други оправдувања. Постојат многубројни теории за настанокот на политичко-воените сојузи и воените алијанси, меѓу кои се издвојуваат традиционалните теоретичари кои ја застапуваат тезата на „балансот на моќта" и други теоретичари кои ја застапуваат тезата на „балансот против заканите". Ваквиот пристап не ги оправдува многубројните причини и оправдувања за тоа зошто поедини земји пристапуваат кон сојузите. Ова особено што со ваквиот чин кој што може понекогаш да е и дел на погрешни стратегиски согледувања и проценки, некои од државите (особено малите држави) ги доведува во состојба на ризик со кој можат во целост да го изгубат својот национален суверенитет и интегритет, па дури и да го доведат во опасност сопственото постоењето како национални држави и заедници. Секоја од политичко-воените групации и воените алијанси настојува со примена на вооружени сили да изгради сопствена воена доктрина, т.е. да ги постави основните принципи, стратегиски и оперативни концепти во ангажирањето на вооружените сили на земјите-членки на сојузот.

Современата воена доктрина на здруженото војување подразбира потполна интеграција на националните вооружени сили на земјите-членки на воениот сојуз или воената алијанса, остварување на целосна кооперативност, достапност и можност за искористување на целокупните ресурси, единствен оперативен и графички и информациски дизајн на бојното поле, изведување на целосен спектар на операции и максимално искористување на ефектите на борбените системи на бојното поле (командувањето и контролата, разузнавањето и информатичката поддршка, маневар со силите, целосна борбена, борбено-сервисна и логистичка поддршка и др.).

Современиот поим и концепт на здружените сили, заеднички сили или комбинирани здружени сили за задача (анг. CJTF – Combined Join Task Force) е усвоен на Самитот на НАТО Алијансата[14] во Брисел во 1994 година на иницијатива на САД при што е формиран штаб на CJTF како дел од интегрираната структура на НАТО. Со ова се создава единствена можност силите поддржани од страна на НАТО да ги

---

Stephen M. Walt (1993): "Alliance", и во : *The Oxford Companion to Politics of the World*, ed. By Joel Krieger et al., New York/Oxford, p.g, 20.

[14] Северноатлантската договорна организација, подобро позната по акронимот НАТО (на англиски North Atlantic Treaty Organisation, на француски jasик Organisation du Traité de l'Atlantique Nord - OTAN) е меѓународна воена организација формирана во 1949 година. Основачкиот документ на Северноатлантскиот договор (Вашингтонскиот договор) се потпишан помеѓу САД и Канада од една страна и тогаш дванаесет земји од Западна Европа.

спроведуваат своите мисии под лидерство на земјите од Западноевропската унија-ЗЕУ.[15]

Но, како што вели Мартин Ван Кревелд во своето дело *Трансформација на војната* „еден дух демнее по ходниците на генералштабовите и на министерствата за одбрана ширум развиениот свет - стравот од воена немоќ, па дури и непотребност"[16]. Ова всушност, значи дека во состојба кога врвно опремените сили на воената алијанса ќе се судрат со државните војски на национални вооружни сили, и кога ќе ја однесат победата на бојното поле, истите тие сили во фаза на имплементацијата на целите на интервенцијата и окупацијата на просторот на војнички поразената страна, се судираат со многубројни противници. Настапува состојба која во современата воена литература ја препознаваме како четврта генерација војни[17], а која, всушност, не претставува војна од класичен вид туку состојба со која поголемиот дел од народот во земјата после извршената воена интервенција во т.н. пост-окупацискиот период, со примена на форми и облици на вооружено и невооружено спротивставување, ја изразува лојалноста кон примарните власти на „поразената држава". Сето ова може да се препознае на пример и денес во случајот на последната војна која НАТО-алијансата моментално ја води во т.н. „глобална војна против тероризмот" во Авганистан ( а пред тоа и во Ирак), и каде овие вооружени сили се соочени со невооружено спротивставување и вооружен отпор на населението кое денес прераснува во масовно бунтовничко движење и ефективна герилска војна.

Во ваквата војна која најмоќните вооружени сили ја препознаваат и ја нарекуваат „војна од поинаков вид", т.е. „војна против недржавни противници", вооружените операции попримаат поинаков карактер, губејќи ја воинственоста и високата динамика во ангажирањето на силите и истите се познати како „војни со недржавни противници" или „ограничени војни", а операциите кои се организираат се поинакви од вооружените операции во однос на познатиот спектар на вооружени операции и кампањи и најчесто се нарекуваат со некое друго име како „операции за

---

[15] Sloan, R. Stanley, *NATO, the European Union, and the Atlantic Community : The Transatlantic Bargain Challenged*, 2nd edition, Rowman & Littlefield Publishers, Inc, 2005, p.g. 101

Новиот концепт на CJTF по прв пат е применет во операцијата во Босна и Херцеговина (1995), за да потоа уследат НАТО вооружените кампања во Сојузна Република Југославија (1999), Авганистан (2001) и Ирак (2003)

[16] Мартин В. Кревелд, „Трансформација на војната", превод од англиски, Табернакул, 2009, Поглавје 1,стр.1

[17] Првото појавување на поимот четврта генерација на војни е забележано во статијата на Marine Corps Gazette in 1989, "The Changing Face of War: Into the Fourth Generation."

стабилизирање и враќање на мирот“, „операции на еконономска и воена подршка“ и друго.

Содржината на овој истражувачкиот проект, пред сè се темели врз потребата од препознавање на современите безбедносни закани во светот денес и истовремено определувањето на околностите во кои решавањето на дел од овие закани и противречности се разрешуваат со примена на воена сила, особено со ангажирање на здружените сили во изведување на операции во т.н. здружено војување.

Во однос на општите околности и посебни услови во кои доаѓа до употреба на воена сила, потребно е да се утврдат: основните политички цели, институционалните, културолошките и други димензии на учеството на здружените сили во современото – здружено војување. Притоа, секако е значајно да се утврди стратегискиот концепт и воената доктрина која ја имплементираат здружените вооружени сили во судир со конвенционалните вооружени сили на противникот, но исто така и во судир со т.н. неконвенционални противници кои се препознаваат во: остатоците од поразената воена сила на противникот, востанички, герилски, терористички организации и други организации (владини и невладини институции), а кои сепак, на крајот имаат решавачко влијание врз крајниот успех во ангажирњето на вооружените сили.

Тука е многу значајно да се нагласи учеството на контигентите на Армијата на Република Македонија (АРМ) во здружените операции, во составот на коалициските сили со мандат на ОН, НАТО, ЕУ, ОБСЕ и други организации на колективната безбедност, при што е потребно на многу јасен и транспарентен начин да се дефинираат практичните функции на националната одбранбена доктрина на Република Македонија (РМ), а која всушност претставува „изразување на одбранбените ставови на РМ во вид на комплементарни норми од практично значење со кои се искажуваат определби и обврзни постапки, односно се даваат упатства и правила за однесување во доменот на одбраната”.[18]

## 1.2. Предмет и цели на истражувањето

### *1.2.1. Предмет на истражувањето*

Основен предмет на истражувањето во овој труд се современтите безбедносни закани во светот и начинот на употреба на воена сила како иструмент на политичка

моќ во разрешувањето на дел од противречностите во светот, на заканите по регионалната безбедност, националните противречности, внатрешни кризи и борбата за моќ. Во ова истражување ќе бидат опфатени вооружените, политичките и економските аспекти на современото војување и здруженото војување и воопшто, влијанието на вооружениот фактор во разрешувањето на дел од безбедносните противречности, а со кои се соочува светот денес.

Вооружените сили на вооружените сојузи мораат да располагаат со најсовремено вооружување, да имаат единствен и непопречен командно-комуникациски систем со кој успешно ќе раководат со вооружените сили на бојното поле и во целост ќе ги развијат останатите борбени системи во поддршката на вооружените операции и операциите од невоен карактер. Истовремено, вооружените сили треба да бидат свесни дека не секогаш ќе бидат во состојба во потполност и еднаш засекогаш да им стават крај на појавените облици на вооружено и невооружено спротивставување на противникот.

Предметот на истражувањето содржи повеќе подпоими со кои се обезбедува комплетно операционализирање на проблемот на истражувањето.

**Современите безбедносни закани** произлегуваат од нараснатите противречности (економски, политички, вооружени и други) во светот, заканите по регионалната безбедност, националните противречности, внатрешнте кризи и борбата за моќ, глобализацијата и улогата на водечките сили во светот, асиметричните закани, тероризмот, пролиферацијата на оружје за масовно уништување, еколошкото и планетарното безбедносно опкружување и други облици на загрозување.

**Војна** претставува облик на деструктивен конфликт помеѓу две или повеќе држави, и во која, заради остварување на проектирани политички цели, и двете страни ги користат сите форми на насилство, преферирајќи го вооруженото насилство како доминантно во најголемиот тек од судирот, со крајна цел да се постигне целосен пораз врз противникот, при што на крајот, победничката страна во судирот, ќе ги постави посебните и крајните услови на мирот.

**Воена агресија** претставува употреба на сила на една држава против суверенитетот, територијалниот интегритет или политичката независниост врз друга држава, или употреба на сила, а која е неспоива со одредбите од Повелбата на Обецинетите нации, во однос на употребата на сила и воеthreното насилство.

---

[18] Стојан Кузев.„*Стратегија за одбрана*“, Југореклам, 2001, стр.21

**Воена интервенција** претставува недозволено мешање на една или на група држава во внатрешните работи на други држави со употреба на воена сила, а заради остварување на своите хегемонистички интереси и цели и остварување на политиката од позиција на сила.

**Воен конфликт** претставува мошне комплексен феномен на човековата интеракција кој што најчесто го следат мошне депресивни и исклучувачки поими, меѓусебно спротивставени „импулси, желби, и тенденции“, а честопати претставува и „синоним“ за недоразбирање и насилство. Притоа, се подразбираат разни видови нетрпеливост, судири, непријателства, битки, војни, уништувања и друго.

**Четвртата генерација на војни** се поврзува со одреден историски период, од крајот на Студената војна (крајот на деведесеттите години на минатиот век), па сè до денес, во кои доаѓа до меѓусебен судир на два нееднакви противници, при што и најчесто на една страна се конвенционалните државни вооружени сили или силите на одреден воен сојуз или алијанса, а од другата страна се недржавни ентитети на просторот на нападнатата држава.

**Глобализација** `можеме да ја дефинираме како општествен процес и систем на поврзување во светски рамки, чија содржина, облик и цели ја обележуваат планетаризацијата на капиталот, интересите, влијанието и силата на најмоќните корпорации и земји во развиениот свет. Таа претставува синоним за објаснувањето на експанзивниот развој во областа на економијата, во развојот на политиката и демоќратијата но, истовремено и како состојба на судир на цивилизации и општества и култури, како и на друди негативни планетарни влијанија.

**Алијанса** се определува со врските помеѓу две или повеќе држави кои резултираат во формални договори ( на.пр. вооружени сојузи), а со кои страните се обврзуваат во остварување на поставени цели на долгорочна основа, и со кои воедно се унапредуваат заедничките интереси на членките.[19]

**Конвенционални сили се:** 1.Вооружени сили кои се во состојба да изведуваат операции без употреба на нуклеарно оружје. 2. Сили кои во формацискиот состав не вклучуваат специјални сили.[20]

---

[19] Joint operation planing(JOP)-Здружено оперативно планирање 5-0, Glossary- GL-4

[20] Joint Special OperationsTask Force Operations (JOTF) - Здружени специјални оперативни сили за задача (JP 3-05.1), Glossary- GL-10

**Здружени сили е** општ поим со кој што се изразува составот на силите кои припаѓаат на различни видови, родови и специјалности, а кои се под командна одговорност на едно лице.[21]

**Здруженото војување** претставува израз на вооружено и невооружено ангажирање на вооружените сили, во кое се врши интеграција на вооружени единици на различните видови, родови и служби и специјалности од составот на државните вооружени сили, и кои се раководени од единствена команда. Во здруженото војување се ангажираат националните вооружени сили, силите на воено-политичкиот сојуз или воена алијанса и партнерски земји, и истите изведуваат здружени операции и многу ретко поединечни вооружени операции кои се разликуваат според типот, структурата, оперативниот дизајн и целите на операцијата.

**Оперативно опкружување** ги подразбира основните услови, состојби и влијанијата кои ги имаат основните фактори на бојното поле (мисија, непријател, пријателски сили, техника, простор, време и односот кон населението), а со кои командантот на вооружените сили ја изразува борбената моќ и, истовремено овие фактори решавачки влијаат врз одлуката на командантот за ангажирањето на силите.[22]

**Концепт на операција е**усмена изјава или графички приказ со кој на јасен и недвосмислен начин се изразува намерата за ангажирање на силите на командантот на здружените сили, со кој се регулира и начинот на кој ќе се користат расположивите сили и ресурси. Концептот претставува комплементарна оперативната слика за начинот на изведувањето на операцијата.[23]

**Командно-контролен систем** се објекти, опрема, процедури и персонал, кои му се неопходни на командантот за планирање, раководење и контрола со операцијата и ангажирањето на формациските и придодадените единици, во извршување на доверената мисија.[24]

**Оперативен дизјан** претставува израз на концептот и оперативната рамка во која се изведуваат кампањи или поголеми вооружени операции со кој се изразува тесната врска со борбеното и оперативното опкружување.[25]

---

[21] Joint Operations (JOp) -Здружени операции (JP 3-0), Glossary- GL-17
[22] Joint operation planing(JOP) –Здружено оперативно планирање (JP 5-0), Glossary- GL-19
[23] Исто, Glossary- GL -8
[24] Joint Communications System– Здружен комуникациски систем, (JP 6-0), Glossary- GL-10
[25] Joint Operations -Здружени операции (JP 3-0), Glossary- GL-22

### *1.2.2. Цели на истражувањето*

Сложеноста на истражувачкиот проект се темели врз изразената потреба за откривање и утврдување на современите безбедносни закани и начинот на ангажирање на вооружените сили во здруженото војување во решавање на дел од заканите со кои се соочува современиот свет. На откривањето на основните веоно-доктринарни, институционални, политички, историски, културолошки и други димензии на здруженото војување и, истовремено на одредувањето на правецот во кој ќе биде насочено истражувањето на овој проблем кај научно-истражувачката јавност, кај современите вооружени теоретичари и практикувачи на војната.

Од тука, општа научна цел на истражувањето ќе биде да се истражат современите безбедносни закани и воедно да се даде одговор на тоа, во кои околности и услови доаѓа до употреба на вооружени сили во разрешавањето на дел од заканите по светската, регионалната и националната безбедност. Понатаму, да се одговори на прашањето за тоа кои се политичките, безбедносните и други услови во кои доаѓа до употреба на здружени вооружени сили и кои се основните принципи, оперативна и тактичка доктрина, оперативен концепт и оперативен дизајн на здруженото војување во изведување на класични операции (офанзивни и дефанзивни) и помошни операции, и операции од невоен карактер. Да се утврди дали и на кој начин употребата на вооружените сили на вооружените сојузи во здруженото војување и синергијата во употребата на најсовремените системи на оружје можат да ги постигнат зададените вооружени и политички цели и дали и на каков начин успеваат во разрешувањето на дел од безбедносните проблеми со кои денес се соочува современиот свет.

Во однос на општата цел, посебни цели на истражување ќе бидат:

- Да се утврдат и препознаат глобалните безбедносни закани во светот, и истите да се доведат во контекст на ангажирање на вооружените сили во здруженото војување.

- Да се утврдат основите на здруженото војување, преку разработка на основите и целите на формирање на политичко-вооружените сојузи, да се разработат современите доктрини на војувањето и да се даде одговор дали истите можат да бидат вистински одговор на дел од безбедносните закани во светот.

- Да се утврдат стратегиските, оперативните и тактичките димензии на здруженото војување.

- Да се утврдат основните оперативни функции, оперативниот концепт и оперативниот дизајн на здружените операции.

- Начинот на ангажирање на силите во здруженото војување во изведување на операции како одговор на кризи и здружени операции со ограничена примена на сила.

- Да се обработат борбените системи на бојното поле во здруженото војување: командувањето и контролата, персоналната, огнената поддршка, маневарот, разузнавањето и логистичката поддршка.

- Да се утврдат димензиите на настап и начинот на ангажирање на вооружените сили во здруженото војувањето, према носителите на т.н. четврта генерација на војни: физичката, моралната и психолошката димензија на војувањето, како и да се воспостави неопходниот приоритет во ангажирањето на моќта на воената сила.

- Учеството на националните елементи на вооружените сили на Република Македонија во здруженото војување во составот на силите предводени од НАТО-алијансата или на сили со доверен мандате на ООН, ОБСЕ, ЕУ и други меѓународни организации.

- Да се утврди дали со ангажирањето на нашите контигенти во НАТО-предводените вооружени мисии, ваквото ангажирање ќе значи поголемо ниво на безбедност за Република Македонија или изложување на опасности, со сите можни импликации.

- Да се даде предлог на стратегија за изменет настап на АРМ за учество во операциите во здруженото војување.

Со ова истражување се дава придонес кон современата национална воена доктрина на Република Македонија во однос на осознавањето на современите доктринарни ставови и аспекти на здруженото војување. Ова особено и од причина што досега не се доволно проучени стратегиската димензија, оперативните техники и тактики, вештини и постапки на здруженото војување, а за кое што пак, постои многу оскудна литература во нашата земја.

Соодветниот проблем во истражувањето има одредено научно и практично значење, затоа што со осознавање на доктрините, методите, облиците, тактиките и процедурите на здруженото војување истите ќе најдат примена во постапките и ангажирањето на нашите вооружени сили кои се претставени во вооружените контигенти на АРМ во мисиите предводени од НАТО- алијансата и мисиите со мандат на ООН. Со ова ќе се обезбеди полна потврда во настојувањата на нашата држава, а со кои, со ангажирањето на нашите вооружени сили се презема ризикот и обврската за зачувувањето на светскиот мир, но со ова истовремено се влијае и врз подобрувањето

на националната безбедност на Република Македонија, особено во делот на нашето непосредно опкружување.

Оттаму, општествената оправданост на трудот се состои во тоа што ова истражување би помогнало да се согледаат основите на современото војување, доктрината на употреба на силите во спроведувањето на операциите од полн спектар. Со обработените проблемски содржини од трудот ќе се стекне потполна слика за димензиите и начинот на ангажирањето на националните вооружени сили како дел од здружените сили во изведување на класичните операции (офанзивно-дефанзивните) и во изведување н помошните операции и операции на ограничена примена на сила (противтерористички, противгерилски и противбунтовнички операции и др.).

**Генерална (општа) хипотеза**

**Како генерална (општа) хипотеза во истражувањето се поставува: современите безбедносни закани во светот во голема мерка влијаат врз трансформацијата на конвенциналниот пристап на употреба на воената сила, особено врз здруженото војување, во кое државните вооружени сили и силите на политичко-военитее алијанси, изведувајќи операции од полн спектар применуваат нови борбени стратегии како гаранција на успехот.**

Како посебни хипотези, а кои што призлегуваат од генералната (општа) хипотеза се следните:

1. Современите безбедносни противречности (економски, политички, воени и други) претставуваат сериозна закани за мирот во светот.

Поединечни хипотези на првата посебна хипотеза:

а) Промената на позицијата и моќта на поедини национални држави на глобален план влијае врз промената на видовите и структурата на заканите во современиот свет.

б) Водечките земји во светот ја користат воената сила како инструмент на политичка моќ, а со која настојуваат да ги заштитат своите интереси на глобален план, во одредени региони во светот, и да влијаат на решавање на националните противречности, внатрешните кризи и борбата за моќ во поедини земји во светот;

2. Глобалниот организиран криминал, глобалните терористички мрежи и појавата на современите мрежни безбедносни закани кои сè повеќе се дифузни, дисперзивни, повеќедимензионални, нелинеарни и двосмислени, влијаат врз промените во

карактерот на загрозувањето на националната безбедност на поедини земји и воедно и на глобалната безбедност во светот;

Поединечни хипотези на втората посебна хипотеза:

а) Глобалниот организиран криминал со постојаните промени во видовите и активностите прераснува во серозна безбедносна закана.

б) Трансформацијата на криминалните и терористичките мрежи и нивната зајакната соработка со држави кои ги поддржуваат нивните активности претставува сериозна закана за националната безбедност и безбедноста на западните демократии.

в) Пролиферацијата на ОМУ со нивните „подземни" линкови и капацитети и нивно поврзување со криминално-терористичките организации, во комбинација со самоубиствените терористички тактики, претставува потенцијална закана за националната безбедност и глобалната безбедност во светот;

3. Современото војување кое е преставено преку здруженото војување е крајно но понекогаш и единствено средство и начин со кој се решаваат заострените безбедносни противречностите со кои се соочува современиот свет.

Поединечни хипотези за третата посебна хипотеза:

а) Здружените сили со остварената синергија во ангажирањето, со примена на современ оперативен концепт и оперативен дизајн и примена на современи тактики и техники во ангажирањето постигнуваат целосно уништување на конвенционалните вооружени сили на противничката страна.

б) Покрај постигнувањето на целосно уништување на конвенционалните вооружени сили на противничката страна во судирот, здружените сили или силите на политичко-воената алијсанса, понекогаш постигнуваат и целосно уништување на економската и државно-институционалната инфраструктура на нападнатата држава, при што овие сили ризикуваат да бидат вовлечени во период на долготрајно ангажирање.

4. Здружените сили во своето ангажирање мораат да користат современи оперативни и тактички доктрини и техники на настап, а кои ќе им го гарантираат успехот на бојното поле, со што го обезбедуваат своето продолжено присуство на просторот.

Поединечни хипотези за четвртата посебна хипотеза:

а) Колку побрзо ќе се пристапи кон примена на стандардите, модулите и принципите на современото војување, дотолку повеќе ќе се воспостави ред на

окупцискиот простор, ќе се влијае на намалување на загубите и побрзо одвојување на силите од окупацискиот простор, а со тоа и на завршување на војната.

б) Вооружените сили мораат да применуваат различен спектар на операции, кои покрај класичните (офанзивно-дефанзивни) операции и специјални операции, опфаќаат изведување на операции за поддршка на мирот и операции од невоен карактер, а со што се обезбедува потполн успех и што побрзо одвојување и повлекување на силите од вооружениот судир.

5. Примената на воената моќ во операциите кои ги изведуваат силите во здружено војување често излегува од рамките на дозволеното со истовремено присутна опасност да се излезе од рамките на територијата на нападнатата држава, со обезбедено воено присуство во одреден регион, или простор од светот. Ваквата состојба е проследена со нараснување на отпорот на населението на окупацискиот простор, со можност за прераснување на овој отпор во отворено вооружено спротивставување на окупациските сили.

Поединечни хипотези за петтата посебна хипотеза:

а) Здружените вооружени сили во период на обезбедено присуство на окупацискиот простор се изложени на опасноста на продолжен отпор на остатоците на конвенционалните сили, како и на отпор на населението на нападнатата држава, со голема опасност овој отпор да прерасне во герилско и востаничко движење, со интензивирање на меѓународни терористички активности и примена на широк арсенал на оружје, вклучувајќи го тука и ОМУ, а кое може да му стане достапно на противникот;

б) Појавата на асиметричните закани и употребата на неконвенционални тактики и техники во спротивставувањето на конвенционалниот супериорен противник доведе и до промена на суштината на војната во т.н. четврта генерација на војни (војна со неконвенционални противници) и во петтата генерација на војни (тотална војна), со што инфериорната страна во судирот го менува и крактерот и димензиите на судирот, со најава на пропаст на цивилизациите;

в) Поради опасноста од судир со „противници од поинаков вид“ и продолжување на ангажирањето на здружените сили во нападнатата држава, мора веднаш да се пристапи кон подигнување на нивото на економската, политичко-инстититуционалната и воената инфраструктура во нападнатата држава, а со што се обезбедува брзо постигнување на крајниот успех во ангажирањето на вооружените сили во здруженото војување.

## 1.3. Методи и техники на истражувањето

### *1.3.1. Методи на истражување*

Сложеноста на проблемот на истражувањето налага комплементарно користење на повеќе методи, анализа на научната и доктринарна литература, собирање на искуствена документација и научени лекции, и нивна директна обработка и интерпретација.

Со истражувањето прецизно ќе се опишат определени состојби и тенденции, вооружените, политичките и економските аспекти на војната и нивното влијание врз светскиот мир и безбедноста на поедини држави, одреден географски регион или простор и безбедноста на светот во целина.

Во истражувањето ќе најдат примена следниве методи:

*Метод на моделирање.* Истражувањето бара добро воспоставен модел на истражувачка работа, особено во делот кој што се однесува на постоечките доктрини во ангажирањето на здружените сили, воспоставената оперативна структура, оперативниот концепт, оперативниот дизајн и спектар на силите како одговор на дел од безбедносните закани во светот. Ова подразбира користење на сложени, динамички и квалитативни модели на истражување. Во таа смисла ќе бидат применети апстрактни, дескриптивно-текстуални, графички и математички модели.

Теоретската природа на предметот на истражување ја определува примената на *дескриптивниот модел* кој што ќе се користи за да се даде поширок опис и разработка на стратегиските, оперативните и тактичките импликации на новите облици, оперативни концепти и методи на здруженото војување во класичните вооружени операции, во помошните операции и невооружените операции. Во истражувањето ќе бидат користени секундарни извори на податоци, научна и стручна литература од области кои ги третираат ваквите проблеми, документи од безбедноста и одбраната, извлечени заклучоци, научени лекции, статистички показатели и др.

*Графичките модели* ќе бидат користени во облик на цртежи, скици, графикони и табеларни прикази заради остварување на приказ на динамиката, на карактерот и начинот на изведувањето на здружените операции. Математичките модели ќе се користат во рамките на примената на статистичкиот метод, во подготовката и прикажувањето на резултатите од истражувањето.

*Метод на секундарна анализа* на податоците ќе се користи за анализа на податоците, во анализата на искуствата од минатото, во однос на влијанието на основните фактори на војувањето, особено на човечкиот фактор и техничкиот фактор, искуствата во примената на доктрините во војувањето, особено на тактичко ниво и при користењето на научно-верификуваната и стручна документација.

*Анализа на содржината* ќе најде своја примена во анализата на историографските податоци и теориските сознанија, анализа на научни конференции, анализа на текстови, книги, современи веони списанија и гласници (особено на НАТО-алијансата), документи од безбедноста и одбраната, интернет и ВЕБ -страници.

До потребните основни вредности во анализата на содржината ќе се дојде со употреба на квалитативна анализа т.е. фреквентна и семантичка анализа.

*Компаративниот метод* ќе се користи со цел да се изврши делумна квалитативна и квантитавна селекција и анализа на прибраните податоци и врз основа на тоа да се воопштат релевантните факти со кои ќе се постигне потврдување или негирање на поставените хипотези.

За анализа на квалитативните податоци и давање на опис, анализа на содржината и интерпретација на податоците, неопходна е примена и на одредени апликативни комјутерски програми.

### *1.3.2. Варијабли*

#### *1.3.2.1. Независни варијабли*

а) Современите безбедносни закани кои произлегуваат од нараснатите економски, политички, вооружени и други противречности во светот, и кои денес се пројавуваат низ спектарот на заканите: глобалниот организиран криминал, глобалниот тероризам, пролиферацијата на оружјето за масовно уништување, појавата на асиметричните закани, еколошките закани и друго, претставуваат сериозна опасност за националната безбедност на поединни држави, а со кои се загрозува безбедноста на одредени региони и простори и се опасност за безбедноста на светот во целина.

в) Со војната како општествена појава се остваруваат проектираните политички цели помеѓу најмалку две страни во вооружениот судир, во која и двете страни ги користат сите форми на насилство, преферирајќи го вооруженото насилство како доминантно, со цел да се постигне потполн пораз на противникот и на крајот победничката страна да ги постави посебните и крајните услови на мирот.

### *1.3.2.2. Зависни варијабли*

Зависните варијабли произлегуваат од состојбата на постојаните промени во спектарот на заканите врз безбедноста во современиот свет и нееднаквоста на употребата на воената сила, во примената на конвенционални и нови оперативни техники и тактики во спротивставувањето и справувањето на современите безбедносни закани, а кои водат кон трансформацијата на војната во целина. Како такви би ги навеле следните варијабли:

а) Промените во политиката на борбата против глобалните безбедносни закани.

б) Континуирано следење на појавите со кои се загрозува националната безбедност и глобалната безбедност во светот.

в) Постојано прилагодување на вооружените сили во однос на примената на стратегијата на вооружен настап, оперативните техники и тактики, изборот на оперативниот концепт и оперативниот дизајн во ангажирањето на силите.

г) Избор на посебни методи, модули и техники и начини на војување против асиметричните закани во борбата против неконвенционалните противници на тактичко, оперативно и на стратегиско ниво.

д) Постојана обука и борбено дизајнирање на трупите и нивна подготвеност за учество во класични (офанзивни-дефанзивни) операции, како и операции за поддршка на мирот и невооружени операции, а со кое се обезбедува, здружените сили во најкраток временски период да го постигнат успехот во ангажирањето и да го напуштат подрачјето на ангажирање.

ѓ) Воспоставување на дијалектичко единство во примената на воената моќ и методите, постапките и техниките за пасивизација на просторот и добивање на поддршка на народот, а се во функција на остварувањето на поставените почетни цели во ангажирањето на вооружените сили.

### *1.3.2.3. Индикатори*

Како индикатори во ова истражување ќе бидат земени предвид честите посегнување кон примената на воена сила во решавањето на голем дел од безбедносните проблеми и противречности во остварувањето или зачувувањето на одредени „национални интереси“ на водечките земји на одреден политичко-воен сојуз, како и проблемите и низата противречности кои произлегуваат од квалитетот,

структурата на воена моќ, методите и техниките на настапот на вооружените сили. Меѓу позначајни индикатори би ги навеле:

а) Брзо и бескомпромисно посегнување кон примена на воената сила во разрешување на опасности од „невоен" карактер, асиметрични закани, борба против тероризмот, глобални закани кои потекнуваат од одредени центри на воена, политичка и економска моќ и сл.

б) Различен приод во изборот на методите и начинот на примената на воената сила во разрешување на настанатите противречности, особено во постокупацискиот период, проследен со забележително присуство на вооружените сили на просторот на нападнатата држава.

в) Изразената потреба од ефикасна координација и централизација на основните функции на бојното поле, единствени графички и оперативни контролни мерки, оперативен дизајн и оперативен и доктринарен концепт во ангажирањето на силите.

г) Идентификација на ризиците, слабостите и осетливоста во примената на воена сила во разрешувањето на безбедносните противречности со кои денес се соочува светот.

д) Потреба од стручно и професионално усовршување на клучниот персонал во ангажирање на вооружените сили за обезбедување на брзо распоредување на силите, во обезбедување на квалитетна борбена и борбено-сервисна поддршка и извлекување на силите од просторот после прекинот на непријателствата.

г) Препознавање на добрите и лошите страни и научените лекции од военото и невоеното ангажирање на националните контигенти во составот на силите на воената алијанса, во операциите на здруженото војување.

## 1.4. Структура на трудот

Истражувањето се состои од седум основни сегменти.

Во првиот дел од трудот се даваат појаснувања за предметот и целите на научно-истражувачкиот проект, се поставува основната и помошните хипотези, варијабли и индикатори и методи во истражувањето.

Во вториот дел од трудот под наслов „Современи безбедносни закани во светот и употребата на воена сила како иструмент на политичка моќ“, се дава кус осврт на современите безбедносни закани во светот, во чие разрешување се посегнува кон

примената на веона сила и тоа: националните противречности во одредени земји проследено со внатрешни кризи и борба за моќ, разрешувањето на заканите врз регионалната безбедност, асиметричните закани, борбата против тероризмот и глобалниот бунт и употребата на воената сила како иструмент на политичка моќ.

Во третиот дел под наслов „Еволуција на современиот воен конфликт" се дава осврт на историјата на војувањето, се разработуваат основите на формирањето на политичко-веоните сојузи и воени алијанси. Понатаму, се дава аналитички осврт на хиерархијата на доктрини и доктрината на војувањето од четвратата и петатта генерација на војување, како и начинот на ангажирањето на компонентите на вооружените сили ( видови, родови и специјалности) во современото војување.

Во четвртиот дел под наслов „Здружено војување, здружена доктрина и карактеристики на борбените системи во здруженото војување" се разработуваат основите на здружено војување, здружената доктрина, основните задачи и цели на здружената доктрина, основните принципи на воената доктрина и нивоа на ангажирање, оперативниот концепт, оперативниот дизајн и подетално се разработуваат основните борбени системи во здруженото војување (командувањето и контролата, персоналната поддршка, разузнавачката поддршка, огнената поддршка и здружената логистичка поддршка).

Во понатамошниот дел од трудот т.е. во петтиот дел од трудот под наслов „Видови воено ангажирање на силите во здруженото војување" се обработуваат организацијата на силите во здружените операции, со осврт на организацијата, планирањето и изведување на мисијата на здружените сили. Посебен осврт се дава на ангажирање на НАТО алијансата во операциите надвор од членот 5 и , на крајот, се даваат прегледни податоци за досегашното учество на контигентите на АРМ во здружените операции за поддршка на мирот.

Во шестиот дел од трудот под наслов „Анализа на ковенционалниот пристап во примена на воена сила во современото војување" се врши анализа на конвенционалниот пристап на примената на воената сила во современите операции во здруженото војување и тоа во операциите во Сомалија, операциите во Ирак и Авганистан, операциите на вооружените сили во Руско-чеченската војна, интервенцијата на НАТО алијансата врз Сојузна Република Југославија и интервенцијата на Руската Федерација во Грузија.

Во седмиот дел од трудот под наслов „Стратегиски концепти и доктрини на ангажирање на силите и трансформација на здруженото војување" е даден предлог за

стратегија за ангажирање на силите или трансформација на здруженото војување со согледување на основите на стратегиските концепти на безбедносна и вооружените доктрини на Руската Федерација, на Република Франција, Израел и Република Словенија, понатаму стратегискиот концепт на безбедност и воената доктрина на САД преку „Здружената визија 2020 година“ на САД и „Визијата на Министерството за одбрана на САД за ангажирањето на вооружените сили во Здруженото војување“. Се преработуваат основите на новиот стратегиски концепт на НАТО алијансата. Трудот се заокружува со предлог на стратегија за изменет настап на АРМ за учество во операциите во здруженото војување и на крајот со заклучни согледувања, со библиографија и преглед на кратенки.

Предлогот на новата стратегија за ангажирање на здружените сили во современите операции, понудените аналитички согледувања и заклучоци во овој труд можат да послужат како корисна алатка во однос на подготовките кои се вршат со контигентите на АРМ за нивно учество во составот на меѓународните здружени сили, во составот на НАТО алијансата и мисии со одобрен мандат од ОН, ЕУ, ОБСЕ и други меѓународни институции. Со ова би се оствариле најширока можна визија за суштинските безбедносни интереси и одбранбени потреби, според кои треба да се дефинира и новата улога, мисија и способностите на АРМ, кои треба да се прилагодат кон новите стратегиски реалности и безбедносни предизвици.

## 2. СОВРЕМЕНИ БЕЗБЕДНОСНИ ЗАКАНИ ВО СВЕТОТ И УПОТРЕБАТА НА ВОЕНА СИЛА КАКО ИНСТРУМЕНТ НА ПОЛИТИЧКА МОЌ

Под поимот безбедност денес најчесто се подразбираат цела низа на аспекти на човековото постоење, додека пак„„... состојбата на воспоставување на безбедност претставува цивилизациска и културна категорија која ги опфаќа сите аспекти на современата безбедност: економски, социјални, културни, политички, културни, еколошки, одбранбени итн.[26]

Зборот безбедност е повеќезначен и во теоријата и доктрината се користи за да се означат разновидни елементи и односи. За претходно и пренасочувачко означување на овој термин најдобро е да ја прифатиме дефиницијата (изработена во рамките на ООН од 1985 година) според која „ безбедноста е состојба во која државите сметаат дека нема опасност од воен напад, политички принуди, економски присили, така што можат слободно да се развиваат".[27]

Според теориите за видовите безбедност, според предметот (субјектот) има повеќе поделби, па така според Ричард Шулц, Рој Гордсон и Џорџ Квестер можеме да идентификуваме пет различни пристапи, и тоа:[28]

- национална безбедност;
- меѓународна безбедност;
- регионална безбедност;
- трансдржавна безбедност и
- глобална безбедност.

Но, секако како најважно ниво на безбедност е секако националната безбедност која тесно се поврзува со граѓанската и индивидуалната безбедност.

---

[26] Митко Котовчевски, „*Национална безбедност*", Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски",Скопје, 2013, стр.24.

[27] Исто стр.23

[28] Security Stdies for the 21 th Century, by Sylttz H. Richard, Godson Roy, Quester H. George Dulles, pg.2

## 2.1. Национална безбедност, национални противречности внатрешни кризи и борба за моќ

Поимот на националната безбедност во енциклопедијата на општествените науки се дефинира како „способност на државата (нацијата) да ги заштити своите внатрешни вредности од надворешни опасности". Одредена група на автори социолози и политиколози состојбата со националната безбедност ја доведуваат и во врска со способноста на државата , во однос на застапеноста на глобални интереси и закани да го заштити сопствениот идентитет и опстанок и националните интереси внатре т.е. во територијалните граници на државата, но и надвор од нејзината територија.

Безбедноста во суштина претставува иманентен структурен дел од општеството кој во себе вклучува определена состојба, односно определени особини на состојбата, а исто така и дејност, односно систем. Безбедноста се однесува и на општеството, односно државата во целина т.е. национална (внатрешна и надворешна) безбедност, а исто така и на меѓународната заедница и, во овој случај зборуваме за меѓународна, односно светска безбедност ( глобална безбедност).[29]

Националната безбедност се дефинира како „способност на државите целосно и успешено да ги заштитат своите витални национални, државни и општествени вредности, опстанок и идентитет од сите облици и видови на загрозвање, понатаму ... да обезбедат и психолошка ослободеност на луѓето и заедницата од стравовите за загрозување на нивните вредности, опстанок и идентитет и мирниот самостоен, непречен и севкупен развој.[30]

Во теоријата постојат и мислења каде што безбедноста се анализира и како функција која како нераздвоен атрибут на државата подразбира вршење на работите на безбедноста заради заштита на виталните вредности на општеството. Значајно за безбедноста скоро во сите држави е тоа дека тие имаат речиси исти функции:[31]

1. Обезбедување и заштита на државниот интегритет и суверенитет.
2. Водење на меѓународна политика и меѓународните односи.
3. Обезбедување и заштита на независноста и територијалната целокупност.
4. Остварување и заштита на слободите и правата на граѓаните.

---

[29]Митко Котовчевски, „*Национална безбедност*", Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски",Скопје, 2013, стр. 24

[30] Исто стр. 38

[31] Исто, стр. 15

Во теоријата за безбедноста значајно е да се истакне стојалиштето на реалистите, на почетокот на деведесетите години на дваесеттиот век и нивните ставовите за националната безбедност на која тие гледаат како на „дериват на моќта" и нејзина зависност од заканите кои произлегуваат од воената, политичката, економската, социеталната и еколошката состојба во една држава и на состојбата во нејзиното регионално и меѓународно опкружување. На проблемот на националната безбедност треба да се гледа како на системски безбедоносен проблем во кој поединци, држави и системот во целина имаат скоро подеднакво влијание и во кој економските, општествените и еколошките фактори се, исто толку важни како што се и политичките и воените. Од друга страна „ граѓанинот се соочува со голем број опасности кои призлегуваат или директно или индиректно од државата, а кои не е невообичаено да заземаат важно место во животот на секој поединец во општеството. Такви опасности можат да бидат групирани во четири општи категории: оние кои се издигаат од домашното законодавство и спроведување (неспроведување); оние кои се издигаат од директните политички дејствија на државата против поединци или групи; оние кои се издигаат од борбата за контролирање на државната машинерија; и оние кои се издигаат од државните надворешни безбедносни политики".[32]

На почетокот на втората деценија на новиот милениум и двете децении од крајот на Студената војна, дискурсот на концептот на „националната" безбедност не само што не губи од актуелноста туку и се збогатува... Значи сведоци сме на суштинско продлабочување и проширување на концептот на безбедноста. Во тој контекст денес, различни димензии на безбедноста ја нагласуваат потребата од поголема заштита на човекот, заштита на енергенсите, суровините и критичната инфраструктура, заштита на посебноста на културата и идентитетот, заштита на имотот, заштита на корпорациите итн. Ова доведе до тоа на безбедносна агенда да бидат прифатени нови безбедносни концепти како „човекова безбедност", „енергетска безбедност", „социетална безбедност", „приватна безбедност", „корпоративна безбедност. Овие концепти јасно ја изразуваат и ја отсликуваат промената која се случи во сфаќањето на

---

[32] Бари Бузон „*Луѓе, држави и страв*",преведено од англиски Академски печат, Скопје, 2010,стр 3 Таканаречената Копенхагенска школа е претставена од Бари Бузон со неговото фундаментално дело „Луѓе, држави и страв " (Peoples, States and Fear). Ова школо или учење во однос на националната безбедност, покрај воената безбедност ги идентификуваат и четирите клучни области на безбедноста и тоа: полтичката, социјалната, економската и еколошката безбедност.

традиционалниот концепт на безбедноста, наспроти растечката важност на новите безбедносни капацитети.[33]

Како економски закани за безбедноста на една држава може да се наведат: економската небезбедност, сиромаштијата, гладта, депресијата, економската дипломатија. Но сепак, една од најзначајните закани по безбедноста на една држава претставува економската небезбедност или нивото на економски развој и развојните перспективи на државата. Во состојба во која се наоѓаат голем дел од сиромашните земји во светот и т.н. земји во транзиција, станува збор за неможност за задоволување на основните потреби на населението, владеење на глад кај поголемиот дел од популацијата, при што, истовремено се доведува во прашање и опстанокот на цели заедници. Немаштијата е поврзана и со други закани по човековата безбедност како што се болестите, сушите и поплавите кои убиваат директно и како такви бројките на жртвите се навистина многу високи. Немаштијата може да претставува производ и на еколошки катастрофи, кои од друга страна, во услови на неорганизираност и неможност за интервенција од страна на светската заедница можат да се претворат во хуманитарни катастрофи.

Како закани за државата, не толку по здравјето и физичкиот опстанок на заедницата, се и проблемите поврзани со социјалниот идентитет, пред сѐ преку различи форми на насилна дискриминација[34] и неможноста за обезбедување на безбедноста на граѓаните, што всушност се доведува во врска со потребата за исполнување на глобалната рамка на заштита и унапредувањето на човековите права во една земја.

Врз состојбата на националната безбедност влијаат и еколошките закани кои можат да бидат од регионален или од планетарен карактер. Понатаму, тука се здравствените закани, а кои се поврзани со спречување на ширење на зарази со размери на епидемии.

Концептот за национална безбедност не може да се разгледува надвор од заложбите за остварување на принципите за одржлив развој. Одржливиот развој подразбира економски раст кој што е во непосредна врска со заштитата на животната

---

[33] Група автори: О.Бакревски, Д. Триван, С. Митевски, „*Корпорациски безбедносни системи*“, Комора на Р. Македонија за обезбедување на имоти и лица, , Скопје 2012, стр. 26.

[34] Стојан Славевски,„*За идентитетот на современата Македонска нација*“, Стеда Графика-Скопје, 2013, стр.18-19 „ Етничкиот идентитет може да биде загрозен од широк спектар на закани рангирани од притисок за негово изразување до влијание врз способностите за неговата репродукција. Конкретно, ваквите мерки вклучуваат забрана на користење на јазикот, имињата и носиите, установите и едукацијата, репресивни мерки за изразување на идентитетот, до депортирање или убивање на членовите на заедницата. Вакви мерки користеле победничките во Балканските војни (Србија, Бугарија и Грција), кога по поделбата на Македонија требало да го интегрираат населението во сопствените „национални проекти“.

средина. Суштината на овој облик на развој е во стабилниот однос помеѓу човековите активности и природниот свет, кој не ги намалува изгледите на наредните генерации да уживаат во квалитетот на животот исто така добро како и актуелните генерации. Се претпоставува дека партиципативната демократија, која е првенствено над личните интереси претставува основен предуслов за постигнување на оддржлив развој. [35]

Врз состојбата на мирот и безбедноста на една држава влијаат и глобалните облици на загрозување како што се меѓународниот организиран криминал, ширењето на оружјето за масовно уништување, извори на загрозување од позиции на религиски фундаментализам и глобален тероризам, како и нови облици на загрозување како што се информатички и сајбер-тероризам и друго.

Но се чини дека ниту една држава и национална заедница не е имуна на загрозувања кои произлегуваат од нерешените внатрешни противречности, а кои се доведуваат во врска со нивото на развиеноста на земјата, на класните противречности, етничката, религиска и политичка структура на општеството и борбата за моќ, особено во мултинационалните општества и на состојбата и начинот на решавањето на прашањата на рамноправноста на националните заедници во една држава итн

Кога станува збор за заканите по националната безбедност на една земја истите можат да бидат од: политички, економски, воен, еколошки, демографски, етнички, информациски и од културно-духовен карактер. За некои експерти и власти безбедноста се јавува како критериум со кој се мери степенот на заштитата на интересите на личноста, групата, државата, заедницата (од држави) и светот, во зависност од нивото кое го разгледуваме.

Изворите на загрозување на една држава според местото можат да бидат: надворешни - насочени од надворешните граници на земјата и внатрешни, при што како носители на загрозувањето се јавуваат фактори внатре во државата. И, најчесто внатрешното загрозување на една држава е проследено во комбинација со надворешните облици на загрозување. Во такот случај се користи ранливоста и нарушената состојба на рамнотежа на силите однатре во државата, врз која дополнително се влијае со фактори на загрозување однадвор, при што, најчесто се работи за организатори, финансиери и планери кои се лоцирани во друга држава.

Внатрешните облици на загрозување се делат на: внатрешни вооружени облици на загрозување, внатрешни невооружени облици на загорозување и внатрешни

---

[35]Тони Милески „ *Еколошка безбедност, одржлив развој- одржлива безбедност, Универзитет Св.*

комбинирани облици на загрозување Во внатрешни вооружени облици на загрозување на мирот и безбедноста во една земја спаѓаат: граѓанските конфликти, вооружените бунтови и тероризмот. Во внатрешни невооружени облици на загрозување на мирот и безбедноста спаѓаат: разузнавачко-извидувачката дејност, психолошко-пропагандната дејност, шпијунажа, саботажа, диверзии, уфрлување на вооружени групи, разурнувачки демонстрации, екстремизмот, пројавување на граѓанска непослушност, техничко-технолошки инциденти, криминалитет (со посебен осврт на организираниот криминал) и социопатолошките појави.[36]

Во однос на начинот на загрозување на мирот и безбедноста на една држава можеме да говориме за вооружени и невооружени облици на загрозување. Кај вооружените облици на загрозување станува збор за отворено користење на вооружена сила (најчесто однадвор), додека кај невооружени облици на загрозување се исклучува масовна и организирана употреба на воена сила и се применуваат форми и методи на дејствување од арсеналот на асиметричните закани, најчесто вештачко создавање на економски кризи и мерки на политички, економски и воен притисок. Најчест случај кој што се применува во загрозувањето на една земја однадвор е комбинираниот облик на загрозување со ограничена употреба на сила, со форми на загрозување од арсеналот на специјална војна, асиметрични закани, со предизвикување на државни удари и други мерки на политички притисок.

Како посебна појава во светот денес, кога станува збор за загрозување на националната безбедност, е отстапувањето на местото на глобалната закана за бебедноста од т.н. „голема војна“ која како примарен безбедносен императив беше присутен (скоро половина век) во ерата на Студената војна, на внатрешните вооружени конфликти кои го преземаат приматот („Југословенската заедница е еклатантен пример за еден таков вооружен конфликт). Всушност, тоа е и почетокот на обликување на една нова конфликтна околина во која примарно место и улога ќе заземат интерните или внатрешните вооружени конфликти[37].

---

*Кирил и Методиј"* Филозофски факултет, 2011 год. стр. 46.

[36] Група на автори: проф.д-р Трајан Гоцевски, проф.д-р Митко Котовчевски, проф. д-р Зоран Нацев, проф д-р Радко Начевски „ *Дефендологија"*Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент“ Охридски, Скопје, стр.32

[37] Синиша Даскаловски, Годишен зборник,УКИМ 2009, „ *Војникот носител на мирот",* У Д К : 355.121, стр. 337




Шема 1. Број на загинати лица ( во десетици илјади) во воените конфликти по региони во периодот од 1989 го 2009 година

( Извор: Data, Source, UCDP/HSRP Dataset )

Како што може да се согледа од горниот графикон ( Шема 1) бројот на загинати лица во војните и воените конфликти во периодот од 1989 до 2009 година по континенти и региони е најголем во Централна и Јужна Азија и Субсахарска Африка додека истиот е најмал во Америка и Источна и Југоисточна Азија и Океанија.

Во однос на појавите на организирана употреба на сила ( Шема 2) во периодот од 2001 до 2010 ( според годишниот извештај на SIPRI[38]), презентирани се информации за три модели на „големи вооружени конфликти“. Во првата група се „вооружени конфликти“ кои произлегуваат од институциите на државата или попознати уште и како акти на т.н. „државно насилство“, вториот модел се однесува на „недржавни вооружени конфликти“ и третиот модел се „еднострани насилства“ (насилства насочени кон цивилно население). Така, во периодот од 2001-10 се забележани вкупно 69 вооружени конфликти и 221 недржавни конфликти и 127 еднострани насилства.

[38] SIPRI – Stocholm International Peace Seaserch Institute.




Шема.2. Број на конфликти во светот во периодот од 2001-2010

(Извор: SIPRI, Yearbook 2012, Armament, Disarmament International Security, pg.4)

Вкупно, во периодот од 2001 до 2010 се регистрирани повеќе од 400 насилни активности во кои, во секој од нив поединечно во одредена година, има повеќе од 25 загинати лица. Како што е преставено на Шема 3, бројот на загинати лица е највисок во 2009 година и изнесува повеќе од 50.000 лица.




Шема 3. Број на загинати лица при организирана употреба на сила во периодот од 2001-2010.

(Извор: SIPRI, Yearbook 2012, Armament, Disarmament International Security, pg.4 )

Но, се чини дека ниту една дражава и национална заедница не е имуна на загрозувања кои произлегуваат од нерешените внатрешни противречности, а кои се доведуваат во врска со нивото на развиеноста на земјата, класните противречности, етничката, религиска и политичка структура на општеството и борбата за моќ, особено

во мултинационалните општества и на состојбата и начинот на решавањето на прашањата на рамноправноста на националните заедници во една држава итн.

Табела 1. Војни и вооружени конфликти во периодот од Втората светска војна до денес. (Извер: http://www.infoplease.com/timelines/militaryoperations.html, датум на пристапување 15.11.2012)

| **Почеток на конфликтот** | **Карактер на конфликтот** | **Локација** | **Вкупно загинати** | **Загинати во 2011** | **Загинат и во 2012** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1948 | Внатрешен конфликт во Бурма | Бурма | 701,000 | | 10,000+ |
| 1964 | Конфликт Во Колумбија(1964- до денес) | Колумбија | 250,000 | 5,667+ | |
| 1978 | Војна во Авганистан (1978 до денес) | Авганистан | 3,000,000 | 8,938+ | 3,000+ |
| 1991 | Цивилна војна во Сомалија | Сомалија | 700,000 | 1,538–2,248 | |
| 2001 | Торористички дејства на Ал-Каеда во Јемен | Јемен | 1,640–2,181+ | 654 | 1,273 |
| 2004 | Граѓанска војна во Пакистан | Пакистан | 44,127 | 6,303 | 5201 |
| 2006 | Борба против дрога Во Мексико | Мексико | 60,000+ | 19,396 | 3,800+ |
| 2009 | Конфликт помеѓу племињата во Судан | Јужен Судан Судан | 5,641 | 3,141+ | |
| 2011 | Внатрешен конфликт во Судан Во Судан (1965- до денес) | Јужен Судан Судан | 1,500+ | 1,500+ | 633 |
| 2011 | Граѓанска војна во Сирија | Сирија | 30,000–35,000 | 10,000 | 20,000 |
| 2011 | Внатрешни конфликти во Ирак по повлекувањето на НАТО | Ирак | 4,017 | 4,102 | 3,631 |
| 2011 | Внатрешен конфликт во Либија | Либија | 1,371–1,397 | Непознат | 1,300 |
| 2012 | Внатрешен конфликт во Мали | Мали | 1,000–1,500 | Непознат. | 1,000–1,500 |

Во горниот преглед не се опфатени вооружените конфликти во поранешна Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ) во периодот од 1991 до

2001 година, а во која според извршените анализи и статистички согледувања има повеќу од 200.000 настрадани лица.[39]

Најголема опасност кога станува збор за националната безбедност на една земја е во можноста за искористување т.е. злоупотреба на воената сила во решавањето на внатрешните противречности (класни, политички, религиски, етнички, економски и др), а со која најчесто владејачките политички сили ги користат националните вооружени сили како средство за одржување на позицијата на власта. Ваквите состојби најчесто значат крвави граѓански војни кои се проследени со многубројни човечки загуби и со последици кои значат опустошена внатрешна економска инфраструктура, проследена со глад и несреќи.

Табела 2. Најкрвави десет граѓански војни низ историјата.

(Извор: П. Хју, „Глобална безбедност",*Глобализација на болестите,* превод од англиски ,Табернакул 2009,стр. 86).

| Војна | Период | Жртви |
|---|---|---|
| 1. Тајванска реоволуција (Кина) | 1850-1854 | 20 милиони |
| 2. Кинеска граѓанска војна | 1945-49 | 2,5 милиони |
| 3. Руска граѓанска војна | 1918-21 | 800.000 |
| 4. Американска граѓанска војна | 1861-65 | 620.000 |
| 5. Кинеска национална војна | 1927-37 | 400.000 |
| 6. Шпанска граѓанска војна | 1936-38 | 200.000 |
| 7. Мексиканска револуција | 1910-1920 | 200.000 |
| 8. Авганистанска граѓанска војна | 1980-2001 | 150.000 |
| 9. Прва суданска граѓанска војна | 1956-1972 | 100.000 |
| 10. Бијафранска војна (Нигерија) | 1967-70 | 100.000 |

Чести се и состојбите кога вооружените сили, во делот на решавањето на внатрешните противречности во една земја се искористени т.е. злоупотребени за изведување на државни удари. Во извршувањето на државен удар кој што се дефинира како „насилство и неуставна промена на владата, односно насилно

[39] http://www.radstats.org.uk/no069/article3.htm, датум на пристапување 24.03.2014

преземање на власта кое се врши одгоре, т.е. од највисоките структури на државата",[40] покрај војската и полициските сили, најчесто се ангажирааат и специјалните служби на одредена или на група на странски држави. Овие служби се поврзани со моќни транснационални компании и корпорации, кои во борба за профит на глобалниот пазар развиваат комплекс на интереси и ангажирања, кои се надвор од интересите на националните влади и земјите на кои истите им припаѓаат. Најчесто, ангажирањето на вооружените сли води кон состојба на воспоставување на преодна „воена влада" или кон „воена диктатура", а кои понекогаш, поради крајно репресивниот и неконтролиран карактер на примена на воената сила можат да завршат со катастрофални последици по националните заедници, пропратени со десетици и стотици илјади жртви, пред сè мегу цивилното население, но и помеѓу т.н. „политичките неистомисленици".

Националните вооружени сили денес мораат да одговорат на низата безбедносни предизвици, а кои произлегуваат од законските и уставните определби за ангажирањето на вооружените сили во спречувањет на агресија врз државата и во заштитата на државниот суверенитет и територијален интегритет. Ова, пред сè подразбира подготвеност за изведување на воени конфронтации и изведување на целосен спектар на операции во здруженото војување Покај одговорот на овие „класични" закани, вооружените силите мораат да бидат подготвени и за ангажирање како одговор на низа современи безбедносни закани на национално ниво, а кои можат да се движат од терористички акти, востанички активности и герилски движења со различен интензитет, асиметрични закани (како што се вооружени конфликти со низок интензитет, уцени за употреба на радиоактивни материјали, вклучувајќи ја тука и употребата на оружје за масовно уништување, па сè до компјутерска војна), учество во отстранувањето на последиците од глобални катастрофи и несреќи и друго.

Кога станува збор за уставните и законските основи за употреба на вооружените сили на национално ниво, а со кое е предвидено нивно ангажирање за одбрана на слободата и суверинитетот на државата (а кое најчесто се дефинира како Национален одбранбен концепт, Стратегија на настап, Национална одбранбена доктрина и сл.), веднаш се наметнува прашањето кога и во кои ситуации можеме да се затекнеме помеѓу двете крајности на употребата на вооружени сили т.е. помеѓу

---

[40] Митко Котовчевски, „*Национална безбедност*" Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски",Скопје, 2013, стр. 227

одбранбената (доволна, пропорционална, рестриктивна и контролирана) и другата крајност т.е. агресивната употреба на вооружената сила. Одбранбената употреба на сила најчесто се поврзува со првата нужност, додека пак, кога зборуваме за агресивната примена на сила, најчесто, овој пристап се поврзува како одговор на останатите закани за безбедноста на национално ниво. Националните вооружени сили мораат истовремено да изразат и целосна подготвеност и оперативна способност за партиципација во здружените мултинационални сили во составот на политичко-воените сојузи или воени алијанси, во делот на остварувањето на колективната безбедност, со што даваат значителен придонес во остварувањето на регионалната и светската безбедност.

## 2.2. Закани за регионалната безбедност

Појдовната основа во анализите на регионалната безбедност произлегува од терминолошко дефинирање на регионот, понатаму од познатите студии за регионалната безбедност и на крајот од позицијата и влијанието на регионалните сили во светот денес.

Во однос на терминот регион најцелесообразно дефинирање може да се земе како „регион кој што се однесува на непосредното и падалечното геостратегиско и геополитичко опкружување кое има големо влијание на политичко-географските процеси, а кои имаат безбедносен карактер“.[41]

Разгледувањето на прашањето за регионалната безбедност пак, е тесно поврзано со студиите за безбедноста и тоа со: *плурализмот, социјалниот конструктивизам,. широките и тесни концепти на обезбедувње и продлабочувањето на безбедноста и, на крајот, глобалната безбедност.*

Плурализмот како парадигма во меѓународните односи, со својата појава во 1960-тите смета дека она што се случува во меѓународните односи не може повеќе да се тврди дека е продукт на воената моќ или на екомонската моќ на државите туку и на многубројни други чинители. Оттаму, ова стојалиште решението за нарушените односи на глобалната и регионалната безбедност, па и состојбата во државите поединечно го бара во одговорот на многу други невоени прашања, при што од одлучувачко значење

---

[41] Тони Милески, Филозофкси факултет, „*Политичко географски процес на Балканот*“, Институт за одбранбени и мировни студии-Скопје, Современа македонска одбрана бр.12, декември 2005, стр. 57

има ангажирањето на регионалните и меѓународните организиции т.е. ангажирањето на институациите на меѓународната заедница.[42]

Парадигмата за безбедноста кај приврзаниците на *социјалниот конструктивизам,* која се јавува по завршувањето на периодот на Студената војна е дека на проблемот на безбедноста треба да се гледа со нагласено почитување на социјалната и културната димензија на одредена држава, на група држави или региони. Од тука произлегува и логиката на реализмот во однос на безбедноста. Ваквата состојба е особено нагласена со „доброволниот пораз“ на СССР во Студената војна и падот на „Берлинскиот ѕид“, при што се нагласува потребата за раководење со идеи наместо со интереси.

Нагласувањето на, *„поширокиот“* наместо,*„тесниот“* концепт на безбедноста произлегува од ставот и интерпретацијата на безбедноста во рамките на традиционалните постапки на меѓународната безбедносна политика во која како основна закана за безбедноста се гледа на воената моќ, која на крајот XX-иот век се закануваше да заврши со нуклеарна војна. Во текот на 1990-тите со нов пристап се јавува т.н. Копенхагенска школа[43] која во однос на своите претходници ја нагласува потребата од давањето на значење на невооружените димензии сè додека истите претставуваат „постоечка закана“ и второ, со тврдењето дека некои прашања треба да се земат предвид како мерки за безбедност сè додека не претставуваат закана кон некоја држава.

Во поглед на безбедноста, уште подалеку со своите ставови одат социјалните конструктивисти со својот *продлабочен концепт за безбедноста* и особено на „човековата безбедност” кога тврдат дека главен референтен објект на безбедноста треба да бидат луѓето од кои се гради структурата на институциите на поддржавните групи и државите. При ова особено внимание треба да се посвети на економската небезбедност, болестите, корупцијата, криминалот, политичките конфликти, нарушување на средината и други нарушувања на нормалниот живот во една заедница.[44]

---

[42] Питер Хју, „Глобална безбедност“,*Глобализација на болестите,* превод од англиски ,Табернакул 2009,стр. 5.

[43] Копенхагенската школа за безбедносни студии посебен акцент става на социјалниот аспект на безбедноста, особено на регионалната безбедност и влијанието на поголемите центри на политичка моќ, и во прошиорувањето на рамката на безбедноста. Најпознати теоретичари од оваа академска институција се Бери Бузан, Оле Вивер и Јап Де Велд.

[44] Питер Хју, „Глобална безбедност“,*Глобализација на болестите,* превод од англиски ,Табернакул 2009,стр. 7.

И на крајот, влијанието на регионалната безбедност на која влијае *глобалната безбедност* преку која се решава парадигмата во меѓународните односи, а која ја опфаќа сета сложеност во дефинирањето на безбедноста со огромен број интеракции меѓу актерите кои го сочинуваат современиот глобален систем, а кој се нарекува глобализација.

Како закани за регионалната безбедност низ историјата можат да се земат и политичкото недржавно насилство кое се поврзува со два фактори. Прво, можноста на „послабите“ да ги нападнат „посилните“ и кое не се однесува само на недржавните актери и вториот фактор кој се однесува на подемот на „ерата на тероризмот“ и напредокот на комуникациската технологија на крајот на дваесеттиот век. Состојбата со политичкото насилство во одредени земји и региони во светот во одредени периоди низ историјата била причина за државен тероризам и геноцид и граѓанските војни кои се водени поради различни етнички, расни, политички и религиозни причини.

Во однос на разјаснувањето на поимот регионални сили и нивното влијание на поларитетот на безбедноста, а кои имаат влијание врз одреден регион или пошироко географско подрачја, значајно е да се истакне различното институционално гледиште на различни конзорциуми и нститути во светот. Така на пример, според „Европскиот конзорциум за политички истражувања” како регионална сили се дефинираат:„државите која припаѓаат на одреден географски регион при што одредена држава доминира во дотичниот регион во однос на економската и воена моќ, со можност за остварување на одредени хегемонистички влијанија во регионот и исто така имаат значително влијание во светот, во однос на ресурсите со кои располагаат и, која е прифатена и призната како регионален лидер од страна на нејзините соседи”.

Според „ Германскиот институт за глобални и регионални студии “ се наведува дека регионална сила мора:

- да биде дел од одредеи регион, со јасно изграден идентитет;
- да гради сопствен имиџ на регионална сила (автопортрет на регионална сила) ;
- да има решавачко влијание врз географското проширување на регионот, како и на нејзината идеолошка конструкција;
- да располага со релативно високи вооружени, економски, демографски, политички и идеолошки можности;
- да е добро интегрирана во регионот;
- да има јасно дефинирана позиција во однос на регионалната безбедност;

- да биде прифатена како регионална сила од страна на други сили во регионот и пошироко;

- да се добро поврзани со регионалната и глобалната форуми. [45]

На Шема 4 се претставени сегашните регионални сили во светот согласно проценките направени од страна на академици, аналитичари, и други експерти од областа на меѓународните односи и од областа на политичките науки.



Шема 4. Поголеми регионални сили во светот денес ( зелена боја ) и помали регионални сили со светло сина боја.

После завршувањето на ерата на Студента војна Соединетите Американски Држави (САД), останаа водечка политичка, економска и воена сила во светот. Оваа земја во однос на политичкото уредување е федерална уставна република која се состои од педесет држави и еден федерален округ. Со својата местоположба во Северна Америка, помеѓу Тихиот и Атлантскиот Океан, оваа земја со територија од 3.790.000 квадратни милји (9.830.000 km2), а со околу 315 милиони луѓе, е четврта земја по големина во светот и трета по број на жители. Поради својата местоположба и забрзаниот економски развој, кој непрекинато трае повеќе од половина век оваа земја постојано се

[45] http://regionalpowers.com/?,page_id=23, датум на пристапување 14.02.2013

соочува со големи имиграциони движења, пред сè од земјите од Централна и Јужна Америка и Европа, а во најново време и од Азија.

Во делот на безбедноста како лидер на НАТО алијансата, САД се едни од најголемите промотори на евроатлантската безбедност и соработа. Истовремено оваа земја е промотор на глобализацијата, на економските и културните влијанија кои Евро-Американската цивилизација ги врши кон подрачјето на Источната хемисфера (Азија), кои некои аналитичари на идните судири го сметаат за главна причина за идните војни од регионален карактер „судирот помеѓу цивилизации“[46]. Ова е всушност друго има или своевидна суптституција на забележаното присуство на националните интереси на САД во овој дел од светот.

Кога станува збор за актуелниот поглед на безбедноста и приоритетите на САД, можеби е најдобро е да го нагласиме мислењето и ставот изразен преку Американскиот центар за превентивна акција (The American Center for Preventive Action's annual Preventive Priorities Survey -PPS), во кој се јасно истакнати резултатите од истражувањата за годишните превентивни приоритети, како и извршените стручни анализи и мислења, а со кои се информира американската политичка заедница за релативната итност и важноста на приоритетите во превенција на идните нестабилности и конфликти. Овој Центар во 2012 година разви листа од 30 веродостојно генерирани нестабилности и конфликти со релативна важност за американските национални интереси. При тоа, според нивото на ризик и потребата за ангажирање т.е. инволвираноста на САД, сите видови нестабилност и конфликти се распоредени во три групи, и тоа:[47]

- Прва група: потенцијални конфликти и противречности во светот кои би можеле да претставуваат закана за татковината, и кои би можеле да предизвикаат американската воена инволвираност поради преземните обврски, или оние кои претставуваат закана за критични стратешки ресурси.
- Втора група: потенцијални конфликти во земјите со стратешко значење т.е земји кои не се сојузници, согласно Договорот.

---

[46] Samuel Hantingtotn „*The Clash of Civilizations*", American Enterprise Institute,1992, *p.g. 1*.

Во своето познато дело „*Судир помеѓу цивилизациите*" тој го поставува прашањето дали конфликтите помеѓу цивилизациите во иднина би доминирале во светската политика. Во книгата тој од една страна ја застапува тезата дека конфликтите помеѓу цивилизациите ќе доминираат во иднина, но истовремено ја застапува и тезата дека меѓународниот поредок кој што се засновува на цивилизациските вредности претставува и најголема заштита против војната.

- Трета група: потенцијални конфликти и противречности во земјите со ограничено стратешко значење, или во оние земји во кои се можни хуманитарни катастрофи, со големи последици за одреден регион или географски подрачја.

Во однос на нестабиностите во одредени региони или подрачја во светот за 2012 година се наведуваат:

- Како најважен приоритет во американската политика се наведува интересот за надминување на глобалната економска и финансиска криза на европскиот простор и во светот. Ова особено е поврзано со мерките на рецесија и изразеното незадоволство на населението на земјите-сојузници ( Грција, Шпанија, Белгија и други).

- Немирите кои настапија со „Туниската пролет", случувањата во Египет и најновата граѓанска војна во Сирија. Како причина за ваквата состојба во овие држави се наведува глобалната економска криза, класните и „племенски" противречности и недемократските процеси поврзани со растечкото непочитување на човековите права во овие земји. Потенцијална нестабилност би можела да настапи и во Саудиска Арабија како последица на: сукцесија по смртта на кралот Абдула бин Абдул Азиз, и нараснатите барања на народот за политички реформи и демографскиот притисок како и високата стапка на невработеност.

- Како врв во приоритетите со можност за продлабочен конфликт и воено ангажирање на американската држава претставува програмата за нуклеарно вооружување на Северна Кореја и Иран. При тоа, се настојува со помош на меѓународната заедница, со ставање во сила на бројните меѓународни договори за неширење на нуклеарното оружје, да се обесхрабрат овие две земји од настојувањата да влезат во кругот на земји кои располагаат со нуклеарно оружје. Се нагласува и новото засилено економско позиционирање на Кина[48], заздравувањето на економијата во Руската Федерација и етаблирањето на Индија како потенцијален економски

---

[47] http://www.cfr.org/international-peace-and-security/preventive-priorities-survey-threats-america-face-2012/p26718, датум на пристапување 15.02.2013

[48] Како посебно значајно останува нагласокот на администрацијата на сегашниот претседател на САД-Барак Обама во однос на градењето на односите на воен план кон Кина и особено нејзиното зајакнато присуство во Азиско-пацифичкиот регион. Во новиот пристап се вели „Појавата на Кина како регионална сила во голема мерка ке влијае на економијата на САД и нејзината безбедност на најразлични начини. Додека двете земји имаат удел во мирот и стабилноста во Источна Азија, растот на воената моќ на Кина мора да биде придружен со поголема јасност за нејзините стратешки намери со цел да се избегне предизвикување на напнатост во регионот. САД ќе продолжат да ги преземаат потребните чекори за да се осигураат дека ќе се одржи регионална пристап и способноста слободно да оперираат, во согласност со преземените обврски од Договорот за мегусебна соработка и меѓународните закони. Obama Announces His 'New' Imperial War Doctrine„ ,by Carl Osgood, January 13, 2012 EIR International, p.p 27, датум на преземање 09.11.2013 година.

партнер. Сето ова се доведува во контекст на загрозување на националните економски и политички интереси на САД на евроазискиот континент и во светот во целина.

Во извештајот на крајот се нагласува како позитивен процесот на спласнувањето или намалувањето на потенцијалите за продолжени конфликти и противречности во Ирак, зајакнувањето со управувањето и градењето на државните институции во Авганистан, политичката стабилност во Јужна Америка, спласнување на обновениот воен конфликт меѓу Русија и Грузија, како и вооружениот конфликт меѓу Судан и новоформираниот Јужен Судан.

Во однос на најновите случување во Украина, која се најде на работ на граѓанска војна значајно е да се истакне новото позиционирање на САД кон оваа огромна европска земја, која поседува иклучителни економски перформанси и развојни перспективи. Оваа земја истовремено нуди и значаен простор во однос на проширувањето на НАТО Алијансата кон исток, во евроазискиот простор и особено во однос на приближувањето кон границите на Руската Федерација. При тоа, САД и Европа кои се најдоа „исцрпени од залудни војни" во Авганистан и во Ирак и соочени со актуелната светска финансиска криза, се чини немаат моќ, па дури ни политичка волја да се справат со новите предизвици и проектираните „демократски перспективи" со авторитарни држави како што е Украина[49] или на пример нејзиниот северен сосед Белорусија. И сè ќе можеше да се премолчи доколку се повтореше на пример некоја нова Југословенската криза. Но напротив, во овој случај Украина, која поради своето стратешко значење, културните разлики и позиционионирањето кон истокот нуди премногу јасни заложби, но истовремено и високи влогови за ангажирање. И повторо и одново САД како лидер во НАТО Алијансата го забрзаа процесот на нејзиното проширување со нови земји-членки, процес кој што се чини е подолго време во застој или пак, како таков беше суспендиран.

Како регионални сили на европскиот простор се истакнуваат Велика Британија и Франција кои, покрај нивната економска моќ и решавачкото политичко влијание во

[49] За сега САД се определи за строго административен пристап и тоа кон изолирање на Руската Ферација на дипломатски и економски план, додека пак, од друга страна и Руската Федерација се закани за примена на исто така реципрочни мерки на економкси санкции и тоа особено кон земјите членки на Европската унија. „Оваа акција-резултатите од референдумот и обидите да се изврши нелегално припојување на Кавкаскиот регион на Украина од страна на Руската Федерација – никогаш нема да бидат признаени од страна на САД и од страна на меѓународната заедница ", Руската Федерација со „понатамошните акции и провокации" ризикува да биде изложена на целосна изолација од страна на меѓународната заедница. И уште повеќе, Руската Федерација со својот конфронтирачка и триумфалистички настап, не само што ги крши основите на меѓународното право, туку и предизвикува

Европа, особено влијаат врз состојбата и политичките прилики во земјите на Комонвелтот и на состојбите пошироко во светот. Иако неетаблирана како економска сила истакнато политичко, културно па и економско влијание во светот има и Шпанија

Водечка земја на европскиот простор сепак останува Германија (прва економска сила во Европа и четврта во светот), пред сè поради стабилните финансиски перформанси и силните вложувања во источноевропските земји и во Руската Федерација, Кина и Индија.

Руската Федерација како најголема по територија земја во светот, претставува водечка регионална и светска сила, пред сè, поради веќе една деценија забрзаниот економски раст (деветта во светот по големина во однос на номиналниот БДП и шеста по големина по паритетот на куповната моќ, со трет најголем номинален вооружени буџет). Таа е една од петте земји во светот со признаено нуклеарно оружје и поседува најголемите залихи на оружје за масовно уништување. Во однос на регионалната безбедност останува огромното политичко, економско и влијанието врз безбедноста кое го има Руската Федерација во однос на независните соседни држави како што е Укараина[50] и Белорусија и земјите од Кавкаскиот Регион, од кои дел се независни држави како што се Грузија и Узбекистан, Казакстан и други, додека некои региони се дел од Руската Федерација ( Чеченија, Дагестан и други.). Поради силниот економски интерес за Кавкаскиот Регион (богатите наоѓалишта со нафта и некои минерали) овој простор е во сферата на економските интереси на Руската Федерација со, во перспектива забележано присуство на рускиот капитал на овој простор. Овој простор кој кон крајот на XX –иот век беше едно од најкрвавите попришта на класични вооружени судири после Втората светска војна во судирот помеѓу руските и чеченските сили и судирот помеѓу руските и грузиските сили, во однос на подрачјето на Грузија населено со руско население во Јужна Осетија и Абхазија. Забележан е интересот и влијанието на Руската Федерација во однос на состојбата на Блискиот Исток и

---

огромна загриженост кај меѓународната зедница и луѓето воопшто", (http://edition.cnn.com/2014/03/18/politics/us-ukraine/)

[50] Најновото позиционитење на Руската Федерација во однос на состојбата во Украина и особено по признавањето на Крим како автономна Република во рамките на Руската Федерација, ја изразува цврстата определба за првото на заштита на Руското население во соседните држави (Грузија, Белорусија, Украина и земјите во нејзиното поблиско опкружување), но истовремено и заложба за обезбедување на продолжено воено присуство на Руската Федерација во некои од соседните земји. Ваквите определби на службената политика на Руската Федерација доведоа до состојба на . прекин на односите помеѓу Украина и Руската Федерација во Сојузот на Независните држави, но истовремено и до моментална суспензија во односите помеѓу НАТО Алијансата и Руската Федерација.

најновите граѓански судири во арапските земји со т.н. „Туниска пролет“,со влијанието кое оваа регионална и светска сила го има врз состојбата во Иран и најновите случувања со граѓанската војна во Сирија. Од друга страна пак, останува и понатаму огромниот интерес за присуство на Руската Федерација на европскиот простор, особено во делот на градењето на долгорочни врски со високоразвиени западноевропски земји.

Руската Федерација во делот на примената на воената сила ја изразува својата целосна и цврста определеност за почитување на општоприфатените норми на Повелбата на ОН, како и почитување на останатите меѓународните правни норми и принципи. „Руската Федерација ја изразува својата цврста определеност за одбрана, и во таа насока ги продолжува своите активности во обезбедвуање на воена безбедност, нејзината цврста приврзаност кон целите за спречување на избувнување на на војни и вооружени конфликти и елиминација на сите форми со кои се загрозува човековата безбедност, за разумно разоружување и елиминација на вооружените блокови, и ја изразува својата цврста определеност за создавање на систем на регионална и глобална безбедност и безбедност и формирање на урамнотежен, еднаков и мултиполарен свет.“[51]

Како основни задачи кои се воедно и одговор за запирање на вооружениот напад (агресија) на Руската Федерација и на нејзините сојузници се наведуваат:

- обезбедување на целосен стратегиски развој;
- изведување на операции за борбена поддршка ( вклучувајќи ги и здружените операции со сојузниците) заради уништување на силите на напаѓачот, на неговите сили и групации кои се распоредени (или ќе бидат распоредени) на концентрациската основица и линиите за комуникација;
- подготвеност за употреба и користење на потенцијалните за нуклеарно одвраќање (во согласност со доктрината за нивната употреба и пропишаните процедури);
- неутрализација на вооружените конфликти на границата на Руската Федерација;
- спроведување на военото право ( во воена состојба);
- преземање на обврски за заштита на населението и инфраструктурата како и обезбедвуање на економската инфраструктура, во однос на ефектите на непријателското вооружување;

[51] http://merln.ndu.edu/whitepapers/Russia2010_English.pdf, датум на пристапување 15.02.2013

- подготвеност за исполнување на обврските кон сојузниците.[52]

Извршување на мисиите за одговор (запирање) на вооружениот конфликт (агресијата) е организирана и се спроведува на начин кој е предвиден со Планот за употреба на вооружените сили на Руската Федерација, со Планот за мобилизација на вооружените сили на Руската Федерација, со указот на Претседателот, и со наредбите и директивите на врховниот командант на вооружените сили на Руската Федерација, и останатите правни регулативи и документи за планирање и управување.

Од воведувањето на економските реформи во 1978 година, Кина стана економски најбрзо растечките земја во светот. Од 2012 година, таа има втора по големина економија во светот (после САД), втора земја е според номиналниот вкупени БДП и куповната моќ, и исто така е најголем извозник во светот и втор најголем увозник на стоки. Кина е нуклеарна сила и има најголемиот постојана војска на светот, со втор по големина буџет за одбрана. НР Кина е членка на Обединетите нации од 1971 година, и постојана членка на Советот за безбедност.

Во однос на регионалната безбедност останува и понатаму проблемот кој што НР Кина го има со непризнавањето на независноста на Тајван, влијанието кое го има врз состојбата во Северна Кореја и нерешеното внатрешно прашање со независноста на Тибет. Во секој случај оваа земја, спаѓа во групата на земји со најпросперитетна економија (во последната деценија) и со најмал финансиски долг кон светот, што на долг рок претставува гаранација за политичка, економска и национална безбедност.

Јапонија има трета по големина економија во светот во однос на номиналниот БДП и според паритетот на куповната моќ. Исто така е четвртиот најголем извозник во светот и четвртиот по големина увозник на стоки. Иако Јапонија официјално се откажа од своето право да објави војна, одржува модерна војска, со шести по големина воен буџет во светот, но, истиот согласно усвоената стратегија за национална одбрана го користи за самоодбрана и мировните мисии.

Индиската економија во светот е десетта по големина, според номиналниот БДП и трета по големина по паритетот на куповната моќ. По преземените пазарни економски реформи во 1991 година, Индија стана земја со најбрзо растечка економија во светот. Но, и покрај забележителниот брз индустриски развој, таа и понатаму продолжува да

---

[52] Draft Russian Military Doctrine', translation by BBC Worldwide Monitoring, 11 October 1999; original source:'Krasnaya Zvezda' Moscow 9 October 1999, pp. 3-4, at 2.18 http://www.fas.org/nuke/guide/russia/doctrine/991009.htm.

се соочува со предизвиците како што се сиромаштијата, неписменоста, корупцијата, лошата исхрана и несоодветно јавно здравство. Земја која располага со нуклеарно оружје, има трета по големина постојана војска во светот и е рангирана како деветта во светот во однос на воените трошоци. Индија е федерална уставна република со парламентарен систем, кој се состои од 28 држави и 7 сојузни територии. Индија е плуралистичка, повеќејазична и земја со најголема мултиетничка заедница во светот. На планот на регионалната безбедност за Индија и понатаму останува нерешеното прашање со соседниот Пакистан за подрачјето на Кашмир и, внатрешните етнички и религиски противречности кои ги има оваа земја со многубројни култури и влијанија.




Шема 5. Пет најголеми воени потрошувачи во светот во 2012 година ( Напомена: средствата се изразени во милијарди долари во однос на тековната валута на САД)
(Извор: http://www.ritholtz.com/blog/2013/04/us-military-spending-vs-world/)

Во ова прилика потребно е да се нагласат и останатите регионални сили: Бразил, Турција, Северна Кореа и Индонезија, во различни подрачја во светот, кои поради своите, пред сè економски перформанси, централните географски позиции во однос на соседните држави имаат големо влијание на регионален план.

Како закани за регионалната па и светската безбедност мораат да се земат предвид и следните чинители: проекциите на состојбите со светските ресурси и нерамномерната распореденост на истите во одредени региони во светот, нараснатото ниво на потрошувачката на енергенси во светот по региони, потоа на состојбите со промените кои ќе настанат со нивото на бруто-националниот доход на новите светски економии (особено на Кина и Индија), потребата за контрола на економските емиграциони движења на населението во светот и бегалските кампови како последица на

регионалните вооружени конфликти и национанлните граѓански кризи и вооружени судири во одредени подрачја во светот.




Шема 6. Проекции за порастот на светската популација по региони[53]
(Извор: to 1950 PRB estimates; 1950-2050 UN, Word Population Projections to 2050, 1998 (medium scenario)




Шема 7. Преглед на развојот на светскиот бруто-национален доход по региони во период од 2006 до 2025 година[54]

---

[53] Повеќе од 2 милијарди луѓе до 2025 година или 56% од светската популација ќе биде во Азија, додека пак 66% ќе живеат во урбани области по должината на крајбрежјата. Популациите на развиени земји стареат – брзо. Возрасниот јаз меѓу развиените и земјите во развој ќе доведе до големи миграции на работна сила од неразвиените земји кон развиените земји.

[54] На планот на економската глобализација ќе продолжи трендот кој ќе влијае врз состојбите на развојот на економиите на помалку развиените економии. Сето ова ќе доведе до драматични последици во делот на економската безбедност во светот. Победниците во делот на економската трансформација ќе ги доведе во состојба на можен безбедносен судир во регионални и глобални размери, додека пак оние земји кои што ќе заостануваат во економскиот развој ќе бидат изложени на внатрешни судири и нестабилности. Подемот на новите азиски сили ќе биде главната ориентација на светот. Како што е прикажано Кина која е втора по големина светска економска сила се очекува дека ќе ја надмине ЕУ во 2015 година, додека САД до 2040 година. Индија пак, како трета најголема економија – ќе ја надмине ЕУ до 2025 година




Шема 8. Состојба со порастот на населениоето и потребите за вода до 2020 година[55]
(Извор US Filter Corporation, 1998)




Шема 9. Потрошувачка на енергенси во светот по региони во период од 1970 до 2025 година[56]

(Извор: Energy Information Administration (EIA) Projections: EIA, System for the Analysis of Global Energy Markets (2005)

Кога станува збор за националната безбедност на Р. Македонија, а која произлегува од состојбите со регионалното опкружување, можеме да го усвоиме ставот дека „македонската територија со својата Вардарска партиципација во Егејскиот басен, претставува копнена трансмисија со западноевропските и централноевропските,

[55] Опустинувањето и менувањето на растот на неплодните подрачја на планетата земја ќе доведе до криза во производство на храна со кои се задоволуваат потребите на човештвото, што значи дека значителен дел од светската популација ќе се соочи со стрес во однос на задоволувањето на секојдневните потреби за храна и особено вода за пиење.

[56] Глобалниот енергерски стрес или потреба за енергетски ресурси како последица на значително зголемување на побарувачката особено во земјите во развој транзиција и во однос на зголементите стандарди на живеење, ќе продолжи да ја креира меѓународната политика.

политичко-економски и воено поврзани држави. Таа истовремено претставува „алката" која недостасува во смисла на поврзување и комплетирање на Европската унија како компактна просторна целина, со интегрираната Грција и посебниот статус на Турција. Со приемет на Романија и Бугарија (и Албанија) се надминува територијалната фрагментарност на НАТО со неговото јужно крило. Меѓутоа Вардарската долина со нејзиниот продолжеток, претставува високо ценет стратегиски правец помеѓу Егејскиот базен (егејското кризно жариште) и „панонската лепеза" чија вредност не е намалена и после суштинските регионални и глобални редефинирања на моќта и паралелно со неговата партиципација во јадранско-црногорскиот правец, на запад Албанија, на исток Бугарија, ја сочинуваат крстопатната шема помеѓу морињата со кои се граничи Балканот. [57]

Република Македонија како балканска земја и како дел од просторот на Југоисточна Европа и Средоземјето, со своите квалитативни и квантитативни карактеристики, претставува детерминанта која во голема мерка влијае на вкупните политичко-безбедносни процеси и состојбата на регионалната безбедност на овој дел од просторот. Засега се позитивни поставените приоритети на државите од регионот на Балканот кои се насочени пред сè кон регионално поврзување, со застапените тенденции на интегрирање во евроатлантските структури, што на крајот засигурно ќе доведе до ослободување од стегите на „балканизацијата" , што секако ќе влијае и на стабилизација на безбедносните прилики на Балканот, и влегување во еден период на самодетерминирање на регионот.

Како заклучок можеме да кажеме дека регионалната безбедност гледана преку призмата на интересните сфери, политичката и воената моќ и влијанието кое го имаат денес водечките регионални сили во светот има огромно влијание врз состојбата на безбедноста на одредени национални држави и заедници, како и влијание врз состојбата со појавата на кризи, вооружени конфликти па дури и предизвикување на вооружени судири во одредени делови од светот. Ваквото позиционирање и настап на регионалните сили, во одредени ситуации мора да биде контролирано и понекогаш санкционирано, во делот на почитувањето на нормите на меѓународното право со кои

---

[57] Тони Милески, „*Политичко географски процес на Балканот*", Филозофкси факултет, Институт за одбрнбени и мировни студии-Скопје, Современа македонска одбрана бр.12, декември 2005, стр. 71

ќе се забранат или попрчат нивните интересни влијанија и ангажирања, а со кои се загрозуваат националната и светската безбедност.

## 2.3.Глобализацијата како безбедносна закана

Глобализацијата претставува процес на меѓународна интеграција кој што произлегува од размена на различни погледи на светот, производи, идеи и други аспекти од областа на културата, цивилизациските добра и интереси. Глобализациските процеси особено добиваат на интензитет со напредокот во транспортот и телекомуникациите инфраструктура, вклучувајќи го тука и интернетот, кои во современите услови се сметаат за главните фактори со кои глобализацијата влијае на понатамошна меѓузависност и промени во економските и, културни активности.

Глобализацијата е долготраен процес, а не статична состојба. Таа е непрекинат резултат од огромното новодобиено знаење која предизвика брз и нееднаков процес на експанзија на прекугранични мрежи и текови, не само на стоки, услуги и технологија, туку исто така и на идеи, информации, култура, луѓе и моќ. На тој процес не треба да се гледа како на линеарен туку како на сложен и подвижен процес во кој се вклучуваат глобалните, регионалните, националните и индивидуалните сили.[58]

Во нашата современост, процесите на глобализација се манифестираат во следните конкретни историски форми:[59]

1. Технолошка, економска, комуникациска и информациона поврзаност на современиот свет како израз на дејствувањето на транснационалните интеграции, мултинационални компании (корпорации), чие поле на дејство е целата планета и кои денес претставуваат една од „непризнаетите" светски сили.

2. Појава на нови центри на технолошка, економска и политичка моќ, нови регионални интеграции (покрај Западна Европа, пацифичкиот појас со Јапонија, третиот појас на тлото на Северна Америка и Канада, Латинска Америка и Мексико), кои битно ги опрделуваат односите на Светскиот пазар, но со различна сила и со различни социјални противречности.

3. Воспоставување на меѓународни економски и политички организации: ООН, УНЕСКО, Меѓународниот монетарен фонд, Меѓународната банка за развој, Меѓунадониот суд за човекови права, сè до облиците на воена интеграција (НАТО).

---

[58] Тања Милошевска, „*Глобализациски безбедносни импликации*", Филозофски факултет, Институт за дбранбени и мировни студии, лист Современа македонска одбрана, бр. 1, јуни 2005,стр 159

4. Голема улога на масмедиумите во процесот на глобализацијата.

5. Глобални еколошки проблеми, поврзани со планетарна загаденост на животната средина и неопходност за создавање на заедничка стратегија со цел заштита и унапредување на животната средина, со цел зачувување и подобрување на квалитетот на животот.

6. Интеграција на науката и културата и интернационализација на нивните текови, доведоа до формирање на т.н. планетарно мислење на современиот човек (мисли глобано-делувај локално).

Глобализацијата е често користен и опишан термин. Нејзеи се припишуваат карактеристиките како што се: економска либерализација, вестернизација, интенационализација, универзализација и детериторизација. Каузалните динамики се разликуваат во перспективите, но сите тие вклучуваат некое својство на зголемении комуникативни и технолошки интерконекции. Во природата и обемноста на внатрешните врски е карактеристично дека глобализацијата придвижува бројни прашања, коишто, во однос на нивната природа, служат да го политизираат глобалниот простор.[60]

Иако во поедноставена форма под поимот глобализацијата би можело да подразбираме проширување, продлабочување и забрзување на глобалната интерконекција, ваквиот пристап во современите услови на општественото живеење се проширува во областа на социјалните и економските односи и мрежи и интереси и интеракции на локално, регионалнато и глобално ниво. Глобализацијата може да се однесува и на оние просторно-временска процеси и промени кои ја поткрепуваат трансформацијата во организацијата на човечките активности со интересите и проширувањето на човековата активност, по региони и континенти.

Во однос на различниот пристап во дефинирањето на глобализацијата, може да се утврди дека на пример, социолозите ја дефинираат глобализацијата како процес со кој народите во светот се вклучени во единствено општество или како процес на интензивирање на социјалните односи во светот, на таков начин што локалните случувања се обликувани од настани кои се случуваат многу далеку и обратно.

---

[59] A. Giddens, „Sociology, Polity Press, Cambridge, 1991, p.p 519

[60] За најдобра воведна дискусија види,: Шолте, Арт Јан, *Глобализацијa:критички вовед*, Лондон, Мекмилан,2000. преземено од Б. Мангушка *Управување и отпор во светската политика* , Џемс Брасет и Ричард Хихот, *Градејќи нормативна и димензија на глобално државно уредување*, превод од англиски Магор-Скопје, 2009, стр. 39.

Во однос на широко применетиот термин на глобализацијата, сепак особено значење треба да се посвети на *„економската глобализација“*, која покрај позитивните моменти во овој процес ги носи во себеси и дериватите на натпреварот на водечките земји во светот, во однос на сферите на економско влијание и особено во однос на контролата врз светски стратегиски значајните ресурси како што се нафтата, минералните суровини, шумското богатство, водата за пиење и други ресурси. „Сите индикатори укажуваат дека се наоѓаме во ерата на „војната за ресурси“ која уште повеќе ќе кулуминира во наредниот период. Споровите во овие релации ќе се мултиплицираат со што ќе се мултиплицираат и причините за нови потреси во меѓународната заедницја, особено во делот на загрозувањето на безбедноста на локално, регионално, па и светско ниво, во современата меѓународна заедница. Во тој контекст, војните поврзани со виталните суровини во наредниот период ќе бидат сè позачестени, односно ќе дојде до нивно мултиплицирање на глобално ниво... Ова особено се однесува на нафтата, на земјите кои се богати со нафта и на змјите и регионите кои претставуваат транзициони патишта, а преку кои нафтата стигнува до крајните корисници“[61].

Покрај овој термин во објаснувањето на поимот на глобализацијата можеме да зборуваме за „културна глобализација“, кој што се применува во смисла на хомогенизација на културата (наметнување на надворешни култирни влијанија) во светски рамки. Понатаму можеме да зборуваме за идеолошка глобализација, технолошка глобализација и социјална глобализација.

Кога станува збор за ,културната глобализација, некои научници, како што е на пример Самуел Хантингтон во својата книга „Судир на цивилизациите“, покрај бенефитите од овој вид глобализација, а врз основа на направените анализи на вооружените судири и вооружените конфликти низ историјата, особено во поновата историја на човечката заедница, предвидува дека идните војни ќе настанат на граничните подрачја и интересните сфери на осумте светски цивилизации и тоа: западната, конфучијанската, јапонската, исламската, хинду, православно-христијанската, Латинско-Американската и можно Африканската цивилизација. Тој вели дека „Конфликтот помеѓу цивилизациите ќе претставува последна фаза во еволуцијата на модерните конфликти во современиот свет. Поголемите вооружени судири во иднина ќе се водат помеѓу цивилизациите и тоа на „нивните спoеви“ како

---

[61] Митко Котовчевски, *Војни за ресурси*, „ Современа македонска одбрана“, 2007 год., стр.25

што се оние кои што ги раздвојуваат Западна Хрватска и Словенија од Муслиманите во Босна и православната Србија од Мулсиманите во Босна или Муслиманите во Пакистан од Хинду Индија. Политиката на Западот во однос на новиот поредок, со голема веројатност ќе биде насочена кон одржување на светска хегемонија врз подрачјата на дестабилизирачките и непријателски цивилизации со вооружени и дипломатски средства“[62]: Тој уште вели дека„ Конфликтот помеѓу цивилизациите ќе претставува последна фаза во еволуцијата на модерните конфликти во современиот свет“.[63] Секако, критичарите на овој пристап ја нагласуваат потребата од појаснување за причините на многубројните војни кои во историајта се водени и кои моментално се водат, во држави во кои народот припаѓа на иста цивилизација т.е. во граѓанските војни и конфликтите во кои доминираат заканите поради нерешените класни, економски, културни и други противречности.

Иако најголем дел научници потеклото на глобализацијата ја поврзуваат во современиот свет, пред сè со влијанието кое го има бизнис-заедницата во светот т.е. во економијата, а овој поим се проширува и на планот на политичките, социо-културните еколошките прилики и во современи услови се поврзува со проблемите во природната средина.

Според дефинициајта на Малком Вотерс, која се чини најсоодветна, глобализацијата можеме да ја дефинираме како „општествен процес во кој географските ограничувања во поглед на општествените и културните односи исчезнуваат и во кој луѓето сè повеќе стануваат свесни дека ги снемува.“ Ова би одело во прилог на денешното сфаќање за модерното општество или т.н. општество на „рефлексна модернизација“[64].

Глобализацијата како светски општествен процес влијае на секој сегмент на општественото живеење посебно, па во тие рамки и на безбедносниот сектор. Особено е значајно да се повлече разликата во пристапот кон ризиците и начинот на нивното справување во нетрадиционалните општества и сегашната глобализирана стварност во која заканите, ризиците и загрозувањата се мултиплицираат, а со тоа и можноста за нивно предвидување и разрешување станува сè помалку веројатна.

---

[62] Samuel P. Huntington „*The Clash of Civilizations*", American Enterprise Institute,1992, p.g., 24
[63] Исто, p.g., 33
[64] Малком Вотерс (2003), *Глобализација*, Скопје: Институт за демократија, солидарности и цивилно општество , стр. 14.

Од друга страна, Улрих Бек со изјавата  дека:„Бедата е хиерахиска, но смогот е демакратски!“[65], всушност,  укажува на фактот  и воедно на потребата дека главните ризици, закани и опасности  и загрозувања на човештвото во ерата на модерното општество мораат многу побрзо да бидат локализирани, полесно воочливи  и утврдливи  и модерните општества треба да успеваат навремено и ефикасно да се справат со главните безбеносни прашања.




Шема 10. Промените во светот на урбаното население со пристап до нормални услови за живеење и состојба со бегалските кампови во светот[66]

(Извор: UNHCR, UNRWA, 2004, World Urbanisation Prospects, 2004, UN-HABITAT,2003, WHO, UNICER, 2003)

Се проценува дека денес светот го карактеризираат исклучиво слаби економски ресурси (45 од земјите  во светот се во состојба на т.н. „пропаднати економии“, наспроти 25 развиени земји). Очекувањата укажуваат за тоа дека до 2020 година  60% концентрацијата на населението ќе биде во поголемите места. Се проценува дека 66% од денешната популација во светот е необразована и со тенденција на зголемување на овој процент ( види  Шема 10)[67].

---

[65] Улрих Бек (2001) *„Ризично друштво“,* Белград: Филип Вишниќ, стр. 54

[66] Големите градови ќе стануваат побројни со популација, но истовремено и сѐ посиромашни (66% од светската популација до 2030 година ќе биде разместена во градовите). Порастот на населението како што е претставено во 2007  во градовите  изнесувал 3,2 милијарди луѓе или тое е еднакво на вкупната светска популација  од 1967

[67] http: www,Jura.uni-frankfurt.de>INPE/links.htm, , датум на пристапување 20.02.2013

Во услови кога светската заедница станува глобално село, светската безбедносна политика, во иднина, во однос на решавањето на безбедносните приоритети и прашања, а со кои се гарантира светската безбедност треба да одговори на следните аспекти поврзани со карактерот на ризиците на глобалната заедница, и тоа:[68]

- Што е можно поблаговремено да ги открие светските безбедносни ризици и да го определи нивниот карактер (видот на ризиците, степенот на ризик, опасностите на ризикот по светската безбедност, сферите каде тој се појавува, неговиот обем, зачестеноста и сл.).
- Да утврди ефикасни методи, мерки и средства за глобално справување со ризици (нивно откривање, следење и анализирање, контролирање, нормализирање, превенирање и редуцирање на ризиците на непосакуваните ризици или нивно потполно елиминирање).
- Изградба на соодветни глобални организациски, институционални и функционални механизми за водење и координирање на глобалната безбедносна политика во услови на глобализирано ризично општество.
- Донесување на одлуки при водењето на светската безбедносна политика на начин кој ќе спречи произведување на нови ризици или трансформација на постоечките не толку опасни во поопасни ризици за човештвото.

Овде е многу значано да се потенцира значењето на глобализацијата на болестите, кои веќе долго време се сметаат за најголема закана по човештвото, која и покрај несмалениот напредок во медицинската наука, се стреми да продолжи и во иднина. На пример т.н. „јустинијанска чума" која започнала во Константинопол во шестиот век и потоа се проширила низ Медитеранот, со трагичните последици по населението на овој простор ( страдале 3 милиони лица) претставувала класично прашање на „национална безбедност", пред сè и поради политичките последици врз земјите, но и за целата Византиска и Римска империја. Потоа „Црната смрт", која во средината на четрнаесеттиот век покоси третина од европското население. Денес СИДА-та ( Синдром на добиено имуно дифициенција) претставува поголема закана за животот од вооружените конфликти за повеќето потсахарски африкански и многу други народи во целиот свет.[69]

---

[68] Преземено од Сашо Герасимовски,*Светската безбедност низ призмата на ризично општество* , напис во „ Современа македонска одбрана", 2010 година, стр. 98

[69] Питер. Хју, Глобална безбедност,*„Глобализација на болестите"*, превод од англиски „Табернакул 2009", стр. 186

Табела 3. Најголеми опасности во светот (%).[70]

| | |
|---|---|
| 1. Криминал | 27 |
| 2. Тероризам | 15 |
| 3. Здравствена/економска небезбедност | 13 |
| 4. Несреќи/природни катастрофи | 12 |
| 5. Војни | 8 |

И покрај присутниот феномен и застрашувачката слика за војните како најголеми закани за светската заедница, сепак војните како појава со која се загрозува глобалната безбедност се на последното петто место во Прегледот на најголемите опасности во светот.

Според ООН, програмите (економските, хуманитарните, социјалните и др.) наменети за помош на најсиромашните земји во светот имаат вредност од 10.5 милијарди долари на годишно ниво, додека операциите на ООН за зачувување на мирот за една година изнесуваат околу 5 милијарди долари. Имајќи предвид дека чуварите на мирот ги има околу 100.000, во различни мисии насекаде во светот, покажува дека буџетот на ООН е занемарлив во однос на светските трошоци за одбрана и вооружени операции. Или изразено во проценти тоа изнесува 0.5% од светските издатоци за одбрана.[71]

Веоната димензија на глобализацијата не би била функционална доколку моќта не би се темелела на новите високотехнологизирани оружани системи и воена опрема. Со своите софистицирани можности тие направија вистинска револуција во доктрините на современите воени организации. Новите информациски технологии кои најдоа примена во воената сфера го декласираат класичниот начин на воено организирање. Приматот го држат САД чиј фундамент беше изразен во воената доктрина насловена како „воздушно-копнена битка.“ Воведувањето на доктрината во оперативна употреба (во почетокот на 80-тите години на минатиот век) подразбираше ефикасна употреба на

---

[70] Преземено од Питер Хју, Глобална безбедност,*„Глобализација на болестите“*, превод од англиски „Табернакул 2009“, стр. 111. Истражувањето е спроведено на 6043 луѓе од 11 земји: Бразил. В. Британија, САД, Канада, Франција, Индија, Јапонија, Русија, Јужна Африка и Тајланд и Германија. Прашањето беше да одговорат кои се за нив најголеми опасности по нивниот живот. Извор: Центар за човекова безбедност (2005:50-53 стр.)

[71] Генералното собрание при ООН го одобри буџетот за 2008-2009 година кој изнесува 4.17 милијарди долари (Преземено од „Годишен борник 2009“, УДК: 355.01:304-027.511 Горан Зенделовски „Дијапазонот на воената моќ во услови на современата глобализација“ стр. 496)

Табела 4. Потрошувачка за одбрана во светот во 2012 година[72] (Средствата се изразени во милијарди долари во однос на тековната валута на САД)
(Извор:http://armscontrolcenter.org/issues/securityspending/articles/2012_topline_global_defense_spendin=g/

| Земја | Потрошено во 2012 | Процент од БДП |
|---|---|---|
| САД (вклучувајќи ги и тековните војни и нуклеарни програми) | 645.7 | 4.12 |
| Канада | 18.4 | 1.04 |
| Кина | 102.4 | 1.24 |
| Русија | 59.9 | 3.06 |
| Велика Британија | 64.1 | 2.63 |
| Франција | 48.1 | 1.86 |
| Германија | 40.4 | 1.20 |
| Јапонија | 59.4 | 0.99 |
| Индија | 38.5 | 1.98 |
| Италија | 23.6 | 1.19 |
| Бразил | 35.3 | 1.45 |
| Австралија | 25.1 | 1.63 |
| Саудиска Арабија | 52.5 | 7.99 |
| Јужна Кореја | 29.0 | 2.52 |
| Израел | 19.4 | 7.85 |
| Тајван | 10.3 | 2.21 |
| Иран | 23.9 | 4.95 |
| Северна Кореја | ** | ** |
| Пакистан | 5.9 | 2.55 |
| Венецуела | 6.1 | 1.80 |
| Ирак | 14.7 | 11.28 |
| Авганистан | 2.1 | 10.54 |
| Јордан | 1.8 | 5.6 |

високотехнолошки конвенционални и нуклеарни вооружени системи со мала и многу мала сила, во компатибилност со НАТО доктрината на „длабоки удари"(ФОФА)", по сите можни вооружени предизвици, пред сè насочени против силите и средства со кои тогаш располагаше Варшавскиот договор.[73]

Годишните проценки за светските трошоци за потребите на одбраната од 1.5 трилион долари на годишно ниво ( или во просек од 2.5 % од светскиот БДП) е премногу во однос на потребните средства за мир и одржување на мирот.

[72] " За несреќа многубројни се начините на пресметка на „издвојувањата на одбраната" која се пресметува на национално ниво. Горните анализи се преземени од Воен Баланс 2013„The Military Balance 2013", една од најавторитетните институции во светот при Меѓународниот институт за стратегиски истражувања (International Institute for Strategic Studies).

[73] Група на автори: порф. д-р Т. Гоцевски, проф. д-р Митко Котовчевски, проф. д-р Зоран Нацев и проф. д-р Ррадко Нечевски „*Дефендологија*", Куманово 2002, стр. 93.

Како заклучок можеме да кажеме дека глобализацијата како светски процес на планот на безбедноста, главно има негативни импликации, од причини што водечките земји во светот кои се и главни протагонисти на овој процес во делот на ширењето на нивните национални интереси во глобални рамки, пред сè со економски влијанија во светот, прибегнуваат кон користењето на воената сила со која го надминувааат прагот на позитивна дискриминација во однос на причинско-последичните врски за употреба на воена сила во меѓународните односи. Со ова овие земји често криејќи се зад меѓународната заедница (ОН или ЕУ), понекогаш и без согласност или одобрување, прибегнуваат кон употреба на сила во меѓународните односи, со што се доведува во прашање националната безбедност на поедини нации-држави, но истовремено се кршат и меѓународните закони и правата на употреба на сила во меѓународните односи. Ова секако претставува сериозна закана и пречка за безбедноста и обезбедување на непречен развој на поедини национални заедници и држави во светот. Секако за „помалите национални заедници и држави како што е Р. Македонија треба да се пронајде одговорот за поврзаноста на глобализацијата со суверенитетот, националните вредности и идентитетот. [74] Притоа, за оценката на состојбата и влијанието на глобалните закани врз безбедноста на помалите национални заедници треба да се земат предвид, покрај влијанието на состојбата со геополитичккото опружување и улогата и влијанието на меѓународните организации кои се одговорни за одржувањето на глобалната безбедност како што на пример се ООН, ЕУ, ОБСЕ, НАТО –алијансата и други меѓународни органиазации.

## 2.4. Асиметрични закани

Асиметрија (assimetry) претставува отстапување од нормалното, конвенционалното. Во воена смисла, асиметријата претставува поинаков начин на организирање и ангажирање на силите, настап кој што го применуваат инфериорните противници во судир со посилниот-конвенционален противник. Со ваквиот асиметричен настап се зголемува релативната сила и истовремено се искористуваат слабостите на противникот. Овој настап може да биде разгледан од политичко-стратешки и воено-стратешки аспект, во форма на оперативни акции и истиот вклучува различни методи, технологии, вредности, организации, време и перспективи.

---

[74] Зоран Нацев и Тони Петрески, „*Стратегиски проекции на Р. Македонија во надворешната и безбедносната политика,* Европа 93- Кочани 2013, стр.38

Асиметричните закани се вклучени во концептот на современата војна и претставуваат еден од централните дискурси во проучувањето на војната. Притоа, се јавуваат повеќе категории на поими кои се користат, и кои нужно бараат научно и практично објаснување, како што се на пример: асиметрични операции[75], битки, развојни стратегии, оперативни пристапи, опции, предизвици и многу други појави поврзани со вооружениот судир, сите етикетирани како „асиметрични закани".[76]

Историјата нуди многубројни примери на порази на големи вооружени сили во судир со протагонистите на асиметричното војување. Големите загуби на Римјаните во судирите со галските племиња, судирите на француските трупи во Наполеоновите војни во судир со герилските и востанички групи на шпанскиот народ на Апенинскиот Полуостров, загубената војна на Велика Британија во Американската војна за независност, загубената војна на колонијална Франција во Индокина и Алжир, поразот на американската војска во Виетнамската војна, поразот на руската армија во Авганистан и големите загуби особено во Првата Руско-чеченска војна, понатаму повлекувањето на американската армија од мировните операции во Сомалија и други војни. Сите горенаведени војни и вооружени кампањи претставуваат примери кога големите сили не успеаја со примената на своите „големи стратегии" и симетричен пристап во настапот да извојуваат победа против стратегии со комбинирани и асиметричен настап.

Во анализите на горенаведените вооружени судири нужно е потребно да се нагласат две важни значајки. Прво, не станува збор за тоа дали големите сили ги добиле малите војни на тактичко ниво. Тие едноставно речено на крајот излегуваат од војните како поразени сили. И покрај многубројни тактички победи, големите сили неможејќи во краток временски период да ја постигнат посакуваната стратегиска цел во состојба кога се изложени на постојани закани и грижа за опстанок (преживување) на просторот на нападната држава, а сето ова проследено со огромни загуби негативниот став на јавното (светското и особено домашното) кон војната, на крајот го губат моралот и ја напуштаат опцијата на продолжено присуство на просторот на нападната држава. Второ, послабиот противник мора да биде стратешки повнимателен и да избегнува соочување со голема сила која настојува да ја добие војната со т.н.

---

[75] Асиметричните операции се „ оние операции во кои силите, технологиите, како и оружјето се различни" или оние во кои тероризмот и отфрлање на конвенционалниот пристап претставуваат основнен норматив на настап на инфериорниот противник". JP 3-0, Joint Operations (2011), p.g. I - 1

симетричен настап во конвенционална војна. Историјата изобилува со многубројни примери каде големите сили постигнале многу брзи победи со уништување на вооружените сили на послабите држави во конвенционален воен судир. Сето ова пак, повторно води кон потребата за решавање на парадигмата за рациналноста на изборот на симетричниот настап кон инфериорната страна во војната.

Асиметричните закани опфаќаат цел спектар на настапи и тоа од граѓанска непослушност и криминалитет, преку вооружени конфликти со низок интензитет, уцени за употреба на нуклеарни материјали од непријателски држави, вклучувајќи го тука и употребата на оружје за масовно уништување, па сè до компјутерска војна.

Во современата литература, асиметричните закани генерално ги вклучуваат неконвенционалните герилски тактики или герилска војна (Ирак и Авганистан), како и тероризмот, употребата на оружјето за масовно уништување, сајбер-војувањето и информатичката војна. Овдека примената на некои видови на оружје, системи и технологии се сметаат за дел од арсеналот на оружјето на асиметричните закани. Ова е особено видливо во проценките кога и државните сили во состојба на немоќ во спротивставување на супериорните конвенционални сили го разгледуваат и прашањето за примена на цел арсенал на т.н. асиметрични стратегии на т.н. хемиска, биолошка и урбана војна.[77]

Како еклатантен пример на примена на цел спектар на асиметрични закани, можеме да го наведеме глобалниот тероризам, транснационалниот организиран криминал и новиот пристап во водење на информатичката војна.

На Табела 5 се прикажани разликите помеѓу двата противника: класичниот (конвенционален) и ирегуларните (неконвенционални) сили кои најчесто го применуваат широкиот арсенал на асиметрични закани.

---

[76] Bruce W. Bennett, Christopher P. Twomey, and Gregory F. Treverton, *What Are Asymmetric Strategies*, 2000, стр. 40-41

[77] Steven Metz and Douglas V. Johnson II, *Asymmetry and U.S. Military* Strategy: Definition, Background, Strategic Concepts, Carlisle Barracks, PA: Strategic Studies Institute, U.S. Army War College, 2001, стр. 1.

Табела 5. Парадоксот во асиметричниот конфликт[78]

| **Природа на парадоксот** | **Супериорен противник** | **Инфериорен противник** |
|---|---|---|
| Стратегиски цели | Ограничени | Неограничени |
| Стратегиски средства | Неограничени | Ограничени |
| Технологија/ вооружување | Супериорен | Инфериорен |
| Волја/Кохезија | Условена | Безусловна |
| Воена култура | Клаузевиц/ Директна | Фабиан-Маоистичка/ Индиректна |
| Време и простор | Концентриран | Дисперзиран |

Во однос на основните каратеристики на настапот на протагонистите на „асиметричните закани" може да се наведат:

- природата на самиот противник е тешко да се препознае, да се идентификува и да се оствари дејство по истиот, а доколку биде препознаен и разорен тешко ќе одговори на обидите за преговори;

- природата на идеалите и целите на противникот, при што истите се разликуваат и се со спротивставени вредности во однос на оние поставени од страна на државите, на нивните верувања, приоритети, како и правни и морални ограничувања;

- примена на неконвецнионални методи од страна на противниците, со цел да се здобијат со квалитативни и квантитативни предности.

Во однос на начинот на воено спротивставување на асиметричните закани мора да се отстапи од воено-центричниот пристап и фокусирана употреба на огнено оружје, кое се покажа неефикасно дури и контрапродуктивно, особено во делот од понатамошниот тек од воената кампањата т.е. во спроведување на окупацијата на одредена земја или пошироко географско подрачје.

Во состојба кога водечките вооружени сили, како што се на пример вооружените сили на САД или Руската Федерација користат конвенционален настап, истите ризикуваат да бидат во голема мерка искомпромитирани од страна на своите

[78] Robert M. Cassidy „Russia in Afghanistan and Chechnya: Military Strategic Culture and the Paradoxes of Asymmetric conflict„ Strategic Studies Institute U.S. Army, February 2003, p.g.9

асиметрични противници. Со ова би можело да се гради антитеза на ставот на Клаузевиц кој вели дека: „војната е и ќе биде секогаш, чин на сила за да се принуди непријателот да постапи по волјата на противникот“.[79]

Од односот кон асиметричните закани произлегува неопходниот заклучок дека во иднина на вооружените операции и кампањи треба да се гледа како на длабоко промислен чин, при што мора да се има предвид, покрај постинување на вооружени цели и извојување на победа во политичката, економската и социјалната сфера, а преку што се влијае не само на внатрешната состојбата во „поразената“ држава, туку и на состојбата на „свртувањето“ и обезбедување на постојана поддршка на домашната и светската јавност.

## 2.5. Глобален тероризам

На тероризмот како историска реалност, како и на многу други социјални или политички феномени, долго време се гледаше како на спорадична, невообичаена активност и, во крајна линија како куриозитет, кој дури успеа да ја импресионира современата јавност и неколку големи умови, како што е на пример францускиот писател Албер Ками во однос на градењето на неговиот став кон француските анархисти на крајот на деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век, и кон анархичните и терористичките активности на македонските, ерменските и босанските националисти и други организации во истиот период. Екстремната левица (а понекогаш и екстремната десница), во периодот меѓу 1960 и 1980 година, баскиските и ирските националисти и палестинското национално движење), пред сè, поради суровоста во настапот, широкиот дијапазон на појавени облици и методи на насилство, во голема мерка ја менуваат перцепцијата за теорирозмот. Ова е истоврмено и период на голем број национални и револуционарни движење во антиколонијалниот период т.е. периодот на ослободување на голем број национални држави од колонијалното царство на европските земји. Овие организации во спектарот на активностите ќе ги вградат и терористичките активности.

Како минимум елементи кои ги содржи тероризмот се наведуваат: политичката природа, ненедејно насилство протим божемно случајна цел и напади на невини луѓе. Сите овие атрибути се илустрирани во последните примери на тероризам на бројните

[79] Carl von Clausewitz. *On War*., Princeton, NJ: Princeton University Press, 1976): p.g.75.

инцитенти на „Ал Каеда“[80], вклучувајќи ги тука и бомбардирањата на американските амбасади во Кенија и Танзанија во 1998 година, нападите на 11 септември 2001 година на Светскиот трговски центар во Њујорк, па сè до киднапирање на туристи од страна на „Абу Саеф“ на Филипините. Ваквите пројавни форми на тероризмот водат кон многу поконцизна дефиницијата на тероризмот како „ненадејна закана или употреба на божем случајно насилство против невини луѓе за политички цели од страна на странски државјани.[81]

Литературата за тероризмот често ја поврзува неговата појава во шеесеттите години на дваесеттиот век со настаните што ја одбележаа пресвртницата во таа деценија. Тука се издвојува поразот на арапските држави од страна на Израел во јуни 1967 година, смртта на Че Гевара во октомври 1967 година како и мајските студентски протести во Франција во 1968 година. Ова се значајни настани во разграничувањето на различните видови тероризам. Кон овие два настани треба да се придодадат и уште два други настани: судирите помеѓу полицијата и поборниците на граѓанските права во Лондондери, во октомври 1968 година во Северна Ирска и, неуспехот на Народната демократска партија да ги добие претставниците во парламентот на сојузните избори во Западна Германија во 1969 година.[82] Сите овие настани претставуваат значајни датуми во поврзувањето на политичките трендови и определувањето на одредени категории на тероризам. Категориите на тероризам кои соодветствуваат со горенаведниот редослед се: тероризмот на Средниот Исток, теорииризмот во Латинска Америка, тероризмот на новата левица, како и сепаратистичкиот и неофашистичкиот тероризам.

Најголем пресврт тероризмот доживува во деведесеттите години на минатиот (XX-век) со падот на „берлинскиот ѕид“ и крајот на блоковската поделеност (биполарнотста) на светот, во кој доминираа двете светски велесили и тоа: САД и СССР. Во вој период терористичките активности беа сметани како дел од

---

[80] Ал Каеда претставува глобална милитантна исламска организација основана од Осама бин Ладен во период некаде помеѓу август 1988 и крајот на 1989 година. Нејзините корени потекнуваат од воената интервенција на поранешниот СССР врз Авганистан. Како меѓународна терористичка организација настапува од позицијата на радикалниот ислам кој се нарекува глобален џихад, со застапување на тврдата линија на законите на шеријатот. Прогласена е за меѓународна терористичка организација од страна на ООН, НАТО, ЕУ и владите на САД и В. Британија и многубројни други земји. Извор http://en.org/wiki/Al-Qaeda

[81] Мартин. В. Кревелд „ Трансформација на војната“ превод од англиски Табернакул 2009, стр.4

[82] Адријан Гелке, *Новата ера на тероризмот и меѓународниот политички систем*, превод „Магор“ Скопје стр. 52 М. В. Кревелд „Трансформација на војната“ превод од англиски Табернакул 2009, стр.216

асиметричните закани и дел од широкиот спектар на операции од невоен карактер, а кои ги преземаат членките на алијансите и држави кои на одреден начин од политички, економски и други интереси ја поддржуваа политиката на едната или другата држава како водечка членка на сојузот.

Според Дејвид Ц. Репопорт, постојат четири брана на тероризам. Бранот на„анархисти“ кое е прво вистинско меѓународно искуство, којшто потоа го следат трите брана и тоа: „националниот бран“ чии зачетоци се на почетокот на 20-тите години од дваесеттиот век и истиот трае околу четириесет години, потоа следува „бранот на новите леви“ кој речиси исчезнува кон крајот на дваесеттиот век, оставајќи зад себе само неколку групи кои се сè уште активни во Непал, Шпанија, Обединетото Кралство, Перу и Колумбија. Во 1979 година се појавува „религиозниот бран“ со Иранската револуција и рушењето на демократскиот режим во Иран. Според некоја динамика после овие три брана, постои можност за појава на нов бран на тероризмот до 2025 година. Искуството на уникатноста и упорноста на брановите покажува дека теророт е длабоко вкоренет во модерната култура.[83]

Целиот овој период на тероризам, сè до почетокот на дваесет и првиот век е период на т.н. „класичен терииризам“ чие основно обележје е во опасноста која ја претставува за државата, нејзиното општествено уредување, и дури и можноста од нарушување на нејзиниот национален суверенитет и територијален интегритет

Ерата на „модерниот тероризам“ или „глобалниот тероризам“ или „тероризам на дваесет и првиот век“ е одбележен со терористичкиот напад на САД на Трговскиот центар (на кулите близначки) во Њујорк и Командата на Вооружените сили на САД на Пентагон на 9 септември 2001 година. Ваквиот настан всушност и се навестуваше десетина години претходнопретходно, со влезот во четвртиот бран или т.н. „религиозен бран“ на тероризмот. Почетоците на оваа ера всушност се поврзуваат со претходните терористички напади од позиција на радикалниот ислам и тоа: прво со обидот за терористички напад во Њујорк во 1993 година (дури и тогаш во насока на кулите близначки на Светскиот трговски центар), потоа со киднапирањето на авионот на „Ер Франс“ во Алжир во декември 1994 година од страна на исламистите кои планираа авионот да се сруши во Париз. Следуваат нападите со користење на бомбаш-самоубиец кој со камион полн со експлозив ја уништува Американската амбасада во Бејрут (април 1983), а потоа и нападот на францускиот контингент на

мултинационалните сили во Либан и нападите на локалните штабови на маринските сили на САД ( во октомври 1983). Акциите во Либан беа припишани на движењето „Хезболах“, движење кое се залага за изведување на исламистичка револуција во регионот и која во својата агенда има зацртано уништување на државата Израел.

Глобализација во однос на тероризмот го воведува во широка употреба поимот на т.н.„глобален тероризам“ , што всушност значи дека овој феномен на тероризам излегува од рамките на т.н. „методолошки национализам“ и ги поместува класичните границите и принципи на суверените држави, притоа наметнува надворешни т.е. меѓународни принципи. Осмислувачите и извршителите на теористичкиот чин од 11 септември 2001 година, во оваа смисла го имаа глобалниот простор, а кариерата ја градат во општеството во кое што се родиле, во овој случај Саудиска Арабија и Египет и во други држави (Судан, Пакистан и Авганистан) каде што се формирани и обучени, создавајќи линкови на солидарност и можност за мрежно ширење и поврзување низ целиот свет, при што тие ја користат предноста и целосната слобода на дејствување со поддршка на државните режими (како што е случајот на режимот на Талибанците во Авганистан).

Притоа, актерите се многу флексибилни, функционираат во мрежни организации, тие знаат како да се поврзат и изведат самостојни акции без потешкотии во однос на потребата од иструментална рационалност, со користење на најсовремено информатичко поврзување и најсовремени технологии кои им стојат на располагање. Нивниот тероризам е „глобален“ по дефиниција и не е ограничен само на една држава. Нивните цели се секако глобални и се движат надвор од контекстот на просторот во кој што живеат, т.е. се проектираат надвор од него во некој друг свет. Во настојување да направат прекин со традиционалните форми на општественото живеење, со Исламот кој го поврзуваат со џихадот-светата војна, ги надминуваат постоечките граници и цели со вклучување дури и на самоубиствени акции. Нивната крајна цел е да го уништат Западот со кој, иако од една страна се фасцинирани, пред сѐ поради економскиот развој и просперитет, од друга страна пак се огорчени од него поради искажаниот презир кон исламот и Муслиманите.

Во однос на оружјето кое го користат терористите може да се каже дека тоа, од ден на ден станува сѐ поубиствено и пософистицирано. Додека на почетокот настапот на терористите е со примена на стрелечко (пред сѐ автоматско оружје) и експлозив, денес

---

[83] Одри К. Кронинг и Џемс М. Лудс *Напад на теоризмот, елементи на грандиозна стратегија*,

овој арсенал се збогатува со примена на најсовремени убиствени средства, вклучувајќи го и оружјето за масовно уништување чија употреба станува сè поверојатна и позаканувачка. „Психолошкиот праг“ за неговата примена е веќе надминат и светот може да очекува во иднина „апокалиптични сценарија“ со огромен број жртви и страдања на пред сè невиното цивилно население. Од таму „современата цивилизација мора да остане будна и претпазлива на новите терористички закани кои ги надминуваат сите современи глобални зла и закани како што се: геноцидот, сидата, глобалното затоплување и еколошкото загадување на околината.[84]

За да се минимизираат, ублажат и елиминираат факторите кои го поттикнуваат тероризмот, покрај напорите кои ги преземат националните заедници- држави потребани се и напори на меѓународната заедница кои треба да се фокусираат на следните приоритети за превентивно и ненасилно дејство: [85]

- создавање на поволна клима за одржување на економски развој и елиминирање на сиромаштијата и промовирање на описменување и образование на населението од исламскиот свет и неразвиените земји;

- вклучување во операции за информирање во кои ќе се критикува концептот на тероризмот и ќе се врши дискредитирање на неговата поддршка;

- Обновување на напорите за постигнување на мир и стабилност на Средниот Исток, но и во другите кризни региони;

- интегрирање на „сивите зони“ од кои беше истисната националната држава за сметка на коалициите на герилските групи, разни милиции, терористички и мафијашки групации и шверцери со дрога и оружје. „Сивите зони“ треба да се вратат во нормални општествени токови, бидејќи со текот на времето се претвораат во опасни терористички змијарници;

- попречување на понатамошно ширење на „златниот триаголник“ надвор од просторот на Индокина и формирање на други „златни триаголници“ на дрогата и насилството во други региони во светот.

Како одговор во борбата против тероризмот секако на прво место е остварување на законска и институционална контрола на просторот на националните заедници. Ова секако не се однесува само на физичко присуство и контрола на територијата на државите туку пред се во однос на остварување на контрола во сите сфери на

---

Дејвид Ц. Репопорт „*Четири бранови на модерниот тероризам*“, Нампрес 2009, стр. 48.

[84] Митко Котовчевски, „*Борба против тероризмот*“, Македонска цивилизација 2004, стр. 13

[85] Исто, стр. 14

општесвеното живеење: во државно институционалната, политичката, економската, правната сфера и во делот на планираното ангажирање на органите на државната власт како што е судството, војската и полицијата.

Притоа, одговорот на тероризмот со примена на крајно драконски средства со воведување на вооружени судови, прогласување на полициски час „колективно казнување“ на цели подрачја и региони, бомбардирања и рушења на цивилни населби, дигање во воздух на куќите на наводните терористи, масовно раселување на населението е последниот и крајно непопуларен чекор кој треба да се избегне дури и во најтешки ситуации[86] Денес сме сведоци на т.н.„ Глобалната војна против теороризмот -The Global War on Terror and War on Terrorism) [87] која што всушност претставува општо прифатен термин кој што е преземен од интернационалната воена кампања која ја започнаа вооружените сили на САД и В. Британија во Авганистан во 2001 година, со поддршка на голем дел од земјите од меѓународната заедница. Целта на кампањата беше да се уништи „Ал Каеда“ и останатите терористички организаци на овој простор. Денес после повеќе од една декада од преземањето на оваа кампања идејниот водач на терористичката организација „Ал Каеда“, Осама бин Ладен е убиен во акцијата на припадниците на безбедносните сили на САД ( 29.04.2011 година) и во тек е формирање на новата влада и новите институции на државната власт во Авганистан.

Кога се работи за современите терористички организации како што е „Ал Каеда“ голем број на истражувачи ја потврдуваат децентрализираната, нехиерархиска структура, поврзана со современите технологии и средства за комуникација како што е на пример интернетот и сателитските комуникации, затворените мрежни системи, при што новата структура на групи е помалку зависна од внатрешната организациска динамика, активностите имаат децентрализиран дизајн и слабо изразените транснационални врски.

Практично има неколку импликации за очигледните промени во структурата на новите терористички организации. Прво, компоненатата ограноци кои независно оперираат, потешко се елеиминираат, со уништување на раководството се добива ограничен ефект на раководството на целокупната организација. Второ, не постои„центар на гравитација“, па така виртуелно е невозможно да се уништи најранливата точка на една организација. Трето, идеологиите што ги мотивираат овие

---

[86] Исто стр. 102

„терористички мрежи“ се доста плански осмислени (на пример, врската со тероризмот и религијата која ја достигнува „инспирацијата“ позади терористичкиот акт кој се стекнува со верба и за тоа не мора да стои интерпретатор во форма на лидер). Вакви динамични форми на внатрешно организирање се присутни во водењето на бизнисот како „двигател на мисиите“ во однос на техничките контакти помеѓу членовите на терористичката организација кои ги заменуваат личните интеракции со што се намалува осетливоста на групата од уништување. И конечно, во интернационалната интеракција, мрежно поврзаните организации можат да се препознаат како автономни актери, за разлика од оние кои што се потпираат врз спонзорства на државата[88].

Во однос на претпоставеното сфаќање на тероризмот и начинот на кој што би требало да му се спротивстави едно современо општество, можеби е најдобро, пред да се започне со анализата на тероризмот, „да се обидеме да ги анализираме општествените функции, институционалната поставеност и внатрешните противречности во општество во кој истиот се пројавува.[89]

Интересна е студијата на Сент Г. Џонс и Мартин Либицки за спроведените истражувања во врска со остварувањето на почетните стратегиски и политички цели на терористичките групи. Во однос на испитаните 648 терористички групи кои постоеле во периодот помеѓу 1968 и 2006 година, тие утвдуваат дека прекинот во постоењето на терористичките групи се случил пред сè од две причини, и тоа: прво кога членовите одлучуваат да усвојат тактики на настап со ненасилни средства и се ангажираат во политичкиот процес во општеството (43 %), или втората причина кога локалната полиција во соработка со агенциите за разузнавање и други служби успеале да ги убијат и уапсат клучните членови на групата (40%). Воената сила ретко е главната причина со која се уништуваат терористичките групи (10 %), додека само неколку групи (7 %) имаат постигнато целосен политички успех т.е. победа (Шема.11)[90].

---

[87] http://www.globalissues.org/issue/245/war-on-terror, , датум на пристапување 20.03.2012

[88] Одри Курт Кронин „ *Извори на модерниот теоризам*“, Напад на тероризмот, извори на грандиозна стратегија, Нампрес, 2003, стр. 29

[89] Michel Wieviorka, “*Defining and ImplementingForeign Policy*: the US Experience in Anti-Terrorism,” in *The 1988–1989 Annual on Terrorism,* ed. Yonah Alexander and H Foxman (Dordrecht:Kluwer Academic Publishers, 1990), 71–201; cf. alsoMichel Wieviorka, “France Faced with Terrorism,”*Terrorism* 14 (3):

[90]http://www.rand.org/content/dam/rand/pubs/testimonies/2008/RAND_CT314.pdf, датум на пристапување 15.02.2012




Шема 11. Остварувањето на крајните цели на терористичките групи

Кога станува збор за спротивставувањето на „глобалниот тероризам" од политичко- правен аспект многу значајно е да се потенцира дека Организацијата на ОН ги ревидираше веќе постоечките и донесе вкупно 12 нови резолуции за спротивставување на тероризмот, меѓу кои и резолуцијата 1373 со која се дава можност за директно спротивставување на активностите на тероризмот. Во содржините на резолуцијата меѓу другите наброени се и следните обврски на земјите потписнички: задолжително замрзнување на финансиските средства поврзани со тероризмот; прекинување на помошта кон лицата инволвирани во терористички акти; преземање на превентивни мерки на териториите за кои ќе се процени дека можат да се користат за терористички акти; помош на други држави во спречување на криминалот; ефективно гранично обезбедување; зајакнување на размената на информации во врска со тероризмот; не дозволување на азил на терористите; идентификација на поврзаноста на тероризмот со организираниот криминал.[91]

Што се однесува до меѓуанродното право, пред сè, заради сè уште застапениот традиционален концепт на суверенитетот кој што е евидентен во сфаќањето на субјектите на меѓународното право, ООН засега не се подготвени да ја преземат водечката улога во спречувањето на ова зло. Тромиот и инертен систем на ова право не содржи правила кои се доволно силни и целосни за негово сузбивање и неутрализирање. Од друга страна, доколу би се сконцентрирале на употреба на сила како на единствено средство во справување со тероризмот, мораме да ја провериме

[91] http://daccess-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/N01/557/43/PDF/N0155743.pdf?OpenElement датума н апристапување 12.11.2012

легалноста на употреба на воена сила  и тоа повторно во меѓународно-правни рамки. Во спротивно, доколку употребата на сила се сведе на волунтаристичка акција, таа сама по себе е погубна, бидејќи по дефиниција би била надвор од принципите кои важат помеѓу цивилизираните народи и  правилата на меѓународното право кои се важечки денес. [92] Тоа пак, нè води  до правилата во меѓународното право,  кои ја регулираат употребата на сила.

## 2.6. Глобален бунт или панбунт

Бунтот  претставува акт на вооружено насилство кој го преземаат лица, организирани групи или незадоволници и кој  е насочен против одреден конституиран орган ( пред сè државен орган признат како таков од страна на Обединетите нации) или органи на  актуелниот режим, за  со него да се изрази  одредено незадоволство од состојбите во општеството. Бунтот треба да се смета како синкретичен феномен, кој ги содржи  истовремено старите апокалиптични и милениумски цели, понатаму страстите на војните на селските маси, со модерна револуционерна комбинација на идеологии и организации, и на крајот герилското војување. [93]

Во еволуцијата на бунтовничкото движење постојат  многу случаи на  ненасили бунтови, со користење на граѓански отпор како што е случај со  бунтот со кој се изразуваше отпор на населениоето во Филипините во 1980 година,   со кое беше соборен претседателот Маркос или на пример, Египетската револуција од 2011 година со т.н. „Арапска пролет“[94]со која беше срушен египетскиот претседател Хосни Мубарак.

Панбунтот претставува организирано движење на недржавни лица насочено кон отфрлање на определени вредности, култури или општества на глобално ниво, преку употреба на субверзија и вооружен конфликт, со крајна цел воспоставување на нов поредок во светот. Целта на панбунтот е идентична со целта на бунтот само што е издигната на едно повисоко – меѓународно ниво. Панбунтовниците учествуваат во спроведување на определени акти на насилство-од тероризам до војување

---

[92] Методиј Хаџи Јанев,  „*Легалноста на војната против тероризмот во име на правото на самоодбрана  и правото на предвремена самоодбрана*“, Современа македонска одбрана, бр. 11, јуни 2005, стр.45-46

[93] http://en. org/wiki/Insurgencies, датум на пристапување15.02.2012

[94] Настани кои се поврзани со општиот бунт кој што почна со внатрешните немири во Тунис, за да потоа ваквиот револуционерен пресврт  и глобален бунт се пренесе во Мароко, Алжир, Египет, Јордан, Бахреин, Либија и денес овој бунт да прерасна во крвава граѓанска војна во Сирија.

распространето насекаде во светот, со цел да се отфрлат воспоставените системи на владеење и да се изврши промена на владејачките гарнитури во државите, а кои се и всушност главни цели на нивните напади. Овој начин на војна може да претставува страотно тешка „војна без крај” и што е најопасно „војна со флуиден непријател”.[95]

Разликата помеѓу бунтот и панбунтот е во разместеноста т.е. опфатеноста на просторот. Додека бунтот се пројавува во одредено општество и неговиот концепт, организација и цели не ги преминуваат националните граници, панбунтот се однесува на глобално движење, кое што во многу нешта, а пред сè поради својата мрежна организацијата и функционалните врски и проекциите на интересите, во многу се приближува кон глобланите терористички организации. Вака воспоставената глобална оперативна мрежа е длабоко поврзана и сихронизирана.

Доколку ги земеме предвид глобалните терористички организации кои САД во своите извештаи ги имаат потенцирано како модел на меѓународниот тероризам и тоа: „Абу Нидал организација“ (АНО), „Ал Гама ал Исламија“ (Исламистичка група), „Хезболах“, „Ал Џихад“ (Египетски исламски џихад), „Муџахедин е Калк организација“ (МЕК) и „Ал Каеда“, можеме да кажеме дека овие шест радикални групи денес истовремено ја претставуваат срцевината на панбунтот базирани врз радикалниот ислам. Секоја од овие организации ја поддржува идејата за создавање на исламско-палестинска држава во Израел со истовремено елиминација на американското присуство и влијание во Средниот Исток. Некои од овие глобални терористички организации се стремат кон воспоставување на нов светски поредок под закрила на муслиманските екстремистички сфаќања .

Постојат повеќе аналитички, реторички, и догматски модели на бунтовништво и панбунтовништво. Познати се моделите на Килкуленовите столбови (Kilcullen's pillars), потоа аналитичкиот модел на Ејзенштат на затворени празнини (Eizenstat and closing gaps), моделот на Мек Кормик на магичен дијамант (McCormick Magic Diamond) и моделот на Бернат на врската со основите ( Barnett and connecting to the core) Од сите овие модели најпознат и најприкладен модел во однос на потребата за задоволувањето на анализата на современиот панбунт се зема моделот на Килкуленовите столбови и Екосистемот на конфликти на панбунтот (Шема 12).

---

[95] http://www.fzf.ukim.edu.mk/pdf/odb/kotovcevski/Kotovcevski.%20M.%20-%20Pan%20bunt.pdf, датум




**Шема 12. Екосистем на конфликти во панбунтот**[96]

Килкулен најпрво ја опишува рамката во која се пројавува бунтовништвото и панбунтот и истовремено дава визуелна преглед на актерите во неговиот модел на конфликти, кои тој ги претставува како кутија во која е содржан „екосистемот на конфликти" дефинирани со географски, етнички, економски, социјални, културни и религиозни карактеристики. Во внатрешноста на кутијата , меѓу другите се: влади, противбунтовнички сили, бунтовнички лидери, бунтовничките сили, како и општата популација, која е составена од три групи, и тоа на:

- бунтовници;

---

на пристапување 13.11.2012

[96]http://www.google.com/imgres?imgurl=http://upload. /commons/thumb/7/7c/KilcullenEcosystem.png/275px- , превземенео и прилагодено на ден 12.09.2012

- оние кои се посветени на противбунтовништвото и
- оние кои едноставно се грижат за сопствените животи- .

Противбунтовништвото како стратегија може да се опише како „севкупните напори за ставање крај на бунтот, кои кога се работи за панбунтот најчесто се водат во форма на кампања во која истовремено се опфатени „трите столба" на противбунтовништвото и тоа: безбедност, политика и економија.




Шема 13. Три столба на противбунтовништвото[97]

Како што е прикажано на Шема 13 противбунтовничките операциии се потпираат на три столба: на безбедноста т.е. сигурноста во средината, политичката мобилизација за извршување на протибунтовничките кампањи и операции и состојба на складен и контролиран економскиот развој на општеството. Од друга стана, основа за водење и успех на противбунтовничките операции е информацијата која базира на добиените разузнувачки податоци и информации за бунтовничкото движење ( позиции, реони на собирање, алокација на ресурси, врски со организираните криминални групи, итн), за да сето ова на крај води кон успех во извршување на противбунтовничката кампања и операциите.

Во противбунтовничките активности нужно е потребно да се воспостави оперативно и организациско единство во раководењето и контролата помеѓу

агенциите или меѓу владините и невладините актери. Единството во раководењето е еден од аксиомите на воената доктрина, но истовремено таа го обезбедува и нужно потребното единство во напорите и, во најдобар случај обезбедува соработка и деконфликтно управување со настаните. Единството на напорот според Килкулен зависи и од воспоставената заедничка хиерархија во командувањето и контролата, и уште повеќе во заедничка дијагноза на проблемот, платформите за соработка, размена на информации и пасивизацијата на средината. Секој од учесниците мора да ги разбере силните страни на останатите учесници, слабостите,можностите и целите, додека меѓуагенциските тимови мораат да бидат доволно структурирани, подвижни и агилни.

Со цел да се ублажат или елиминираат факторите кои го поттикнуваат панбунтот влијателните експерти од оваа област сугерират дека, во наредниот период ќе треба да се фокусираат на: [98]

- создавање на поволна клима за одржување на економскиот развој;
- промовирање на одговорни и демократски влади;
- промовирање на описменувањето и образованието во исламскиот свет и неразвиените земји;
- вклучување во операциите на информирање во кои се критикува концептот на тероризам и дискредитирање на поддршката на истиот и
- обновување на напорите за постигнување мир и стабилност на Средниот Исток."

Притоа, употребата на вооружените сили во противбунтовничките операции истите најчесто се наоѓаат затекната помеѓу двете крајности те. на ескалација и бескомпромисна примена на воена сила во операциите или состојба на деескалација те. оставање на простор на останатите државни структури (како што се полицијата, локалните сили, органите на разузнавањето и контролата и др.) во справувањето со овој вид на закани. „ Во услови кога имаме масовна примена на смртоносна сила со далекусежни-страотни последици на ваквото ангажирање „изелгува" надвор од сите

---

[97]http://www.google.com/imgres?imgurl=http://upload/7/72/Kilcullen3Pillars.png&imgrefurl, преземено и прилагодено на ден 15.09.2012

[98] Combating Terrorism in a Globalise World, Report by the National War College Task Force on Combating Terrorism, National War College, May 2002, p.p 57

постоечки дефиниции, етикети и правила кои ги познава досегашната воена теорија и пракса, но и пошироко“.[99]

Во однос на политичко-правниот третман на феноменот на бунтовништвото и пан-бунтовништвото, станува сосема јасно дека лицата кои и припагаат на оваа категорија на лица, не треба да ја заслужуваат законската заштита на криминалците, ниту да го уживаат статусот на вооружени борци. Најблискиот аналоген термин за нивно прецизно детерминирање се „вооружени криминалци” бидејќи тие спроведуваат незаконско војување, незаконска војна и тоа не само според причините туку и според начинот на нејзиното водење. При ова, примената на актите на тероризам кои ги преминуваат националните граници и вклучуваат многу меѓународни актери ги надминуваат голем број од постоечките судски надлежности.

## 2.7. Меѓународен оргнизиран криминал

Терминот „организиран криминал“ денес не е прецизно дефиниран, пред сè ,поради неговите појавни форми, сеопштото присуство во скоро сите сфери на општественото живеење (политиката, економиијата, социјалната сфера итн.) и секако, излегувањето од националните граници, т.е. состојба во која нациоалниот организиран криминал најчесто е во врска со меѓународниот организиран криминал.

Еден од најпознатите автори во дефинирањето на организиран криминал Гинтер Кајзер, ги поставува основните услови за постоње на организиран криминал, и тоа:[100]

- трајно здружување на повеќе лица како солидарна профитно-ориентирана заедница;

- организирана структура што, од една страна, ја карактеризира крутост во раководењето, дисциплина на членовите, но и грижа за нивната безбедност, или од друга страна, мрежа на сторители на казниви дела со лабав стил на раководење;

- поврзување на легалните со илегалните активности сообразно со соодветните потреби на населението и криминално искористување на деловните и лични врски;

- флексибилна злосторничка технологија и богат избор на злосторнички методи (од експлоатација, закани, уцени, насилство, присилна заштита, терор, се до активни поткупувања и др.), при што насилството према лицата отстапува во полза на притисок од секаков вид;

---

[99]http://www.fzf.ukim.edu.mk/pdf/odb/kotovcevski/Kotovcevski,%20M.%20-%20Pan%20bunt.pdf, датум на пристапување,06.02.2012

- свесно искористување на инфраструктурата (радио-телефонски врски, комуникациските и меѓународни транспортни средства) и
- интеранационалност и подвижност.

Некои аналитичари на организираниот криминал, како што е на пример италијанскиот социолог Летиција Паоли е на став дека современите трендови на организираниот криминал се во спротивност со организацијата на големите хиерархиски структури како што се сицилијанската мафија, јапонската јакуза и кинеските тријади. Таа смета дека овие организации кои се потпираат на социјалните релации, а не врз пазарна динамика, повеќе не се ефикасни структури врз кои почива организираниот криминал.[101]

Денес сме сведоци на промени во карактерот на меѓународниот организиран криминал кои се последица, пред сè на револуционерните промени на полето на технологијата, особено на комуникациската технологија, глобализацијата, зголемен интензитет на размена на стоки во меѓународни рамки, појавата на глобалниот теоризам и неговите афилијации кои се тесно поврзани со организираниот криминал и спонзорството на некои исламски држави и губењето на националната владина контрола во еден дел од земјите на светската заедница и особено во струкрутара на т.н. „пропаднатите држави". Секако меѓународниот организиран криминал е поврзан и со недозволената трговија со дрога и опијати кои потекнуваат од одредени региони и локални подрачја, со транзитот на дрога кон крајните корисници која недвојбено подразбира вклучување на нарко-мрежи на купувачи-препродавачи, лица кои го обезбедуваат транспортот на дрогата и секако корупцијата на владини службеници (припадници на полицијата, царински служби, владини преставници и други лица).

Важно е да се истакне и промената која настапува во моќта кај недржавните актери на меѓународен план, како последица на глобализацијата и која им овозможи на одредени субјекти да го пренесат монополот на моќта врз нацијата-држава на меѓународен план, додека во делот на слободаната размена на стоки и услуги на глобален план во поврзаноста на овие недржавни актери со владини и други претставници во националните држави (во делот на затајувањето на стоки и услуги, неплаќање на данок, транзит на стоки кои не се брендирани и оцаринети и друго).

---

[100] Кајзер Гинтер, (1996), *Криминологија*, Александрија, Скопје стр. 193

[101] Paoli Letizia ,*The Paradoxes of Organized Crime*, (2002), Vol.37, No-1,p.g..51,

Во однос на видовите меѓународен криминал под кој се подразбира акт со кој се врши кривично дело, а кое има меѓународни реперкусии врз луѓето, државите и општата состојба на мирот во одредени национални држави, региони и мирот во светот се вклучуваат такви кривични дела како што се: апартхејдот, злосторства против човештвото, против мирот, акти на агресија, геноцид, киднапирање, земање заложници, пиратеријата, ропство, тортура, транснационален криминал и вооружени злосторства. Ваквите кривични дела се заштитени со Декларацијата на ОН за човекови права 1948, Женевската конвенција 1949 и други декларации и конвенции[102].

Целиот спектар на општествено штетни активности кои се дефинираат како организиран криминал крајно разорно влијаат на состојбата со демократизацијата на општествата, на организираните државни институции при што „во таква ситуација настапува царството на стравот, пороците, сиромаштијата, сериозна е загрозеноста на слободата на граѓаните и човековите права и сите негативни појави кои општеството го водат кон опасниот невидлив амбис.[103] Ова е дотолку важно да се знае земајќи ја предвид крајната способност за прилагодување т.е. адаптибилност на организираниот криминал кон новите општестевни и политички текови во една земја, со сериозни закани по нејзината национална безбедност и стабилност.

Меѓународниот организиран криминал имаше особено негатовно влијание во т.н. посткомунистички општества, во кои дојде до т.н. приватизација на државната, односно општествена сопственост. „Овој процес иако имаше законска основа и ги помина сите институционални процедури беше поврзан со перење на валкани пари, корупција, изнудувања, изготвување (за финансиска надокнада) на нереални, мошне ниски процени на објектите кои беа цел на приватизацијата. Во суштина, скоро во сите посткомунистички држави се одигра идентично приватизационо сценарио и се случи срамен процес на завладување (ограбување) на националното богатство со привидно легални средства на структурите на организираниот криминал кои безмилосно ја осиромашија државата, граѓаните и го криминализираа општеството.“[104] Во ваква состојба се доведува во опасност економската и политичка стабилност во државата, со крајно опасна состојба на владеење на организирани криминогени структури кои владеаат со општеството во целина.

---

[102]http://www.boredofstudies.org/wiki/index.php?title=Types_of_International_Crime_%26_Sources_of_Law_for_International_Crimes&printable=yes,датум на пристапување,06.03.2012

[103] Митко Котовчевски, „*Војникот носител на мирот*“,Годишен зборник,УКИМ 2009, УДК: 349.9.02(100), стр. 409

[104] Исто стр.410

При ова, особено е значајно да се повлече врската која денес е присустна помеѓу организираниот криминал и меѓународните терористички организации, чие олицетворение е во „Ал Каеда“, како глобална терористичка мрежа. Ова особено што оваа терористичка организација ја разби класичната слика за терористичка мрежа и нејзините препознатливи активности. Оваа терористичка организација излезе од националните-државните рамки, постави глобална агенда на ангажирање и разви транснационална идеологија која базира на радикалниот ислам (светиот џихад), додека по ефектите излегува од рамките на тероризмот како индивидуален чин.

Клучните јазли каде е погодна можноста за интеракција помеѓу организираниот криминал и теорирстички организации денес се наоѓаат во региони, простори или држави кои се соочени со ендемична корупција, во конфликтни или пост-конфликтни зони и подрачја каде владеењето на правото треба допрва да биде воспоставено, понатаму пограничните региони, слободните трговски зони и урбаните мегаградови каде што преовладуваат сиромашни квартови и простори каде што владее насилство, криминал и безаконие. Како особено погоден трансмитер на овие врски денес се јавува во експлоатацијата на сајбер–просторот, па и отворените социјални мрежи.

Значаен вид организиран криминал од позиција на злоупотреба на моќкта на конвенционалното и особено на нуклеарното оружје претставува трговијата со оружје и трговијата (шверц) на нуклеарни материјали. Оваа криминална дејност е една од најпрофитабилните дејности во рамките на организираниот меѓународен криминал, со исклучителна опасност по меѓународната стабилност. Ова оружје и радиоактивен материјал потекнуваат од неконтролираните депоа на распаднатите држави и заедници (како што беше на пример поранешниот СССР или Република Албанија) или се дел од меѓународниот организиран криминал на глобалните терористички мрежи како што е „Ал Каеда“.

Особено е значајно настојувањето на некои држави да се снабдат со збогатен ураниум со кој би произвеле нуклеарно оружје (Иран) или значително би ги зголемиле оперативните способности на нивните вооружените сили (Кореа и други земји).

Стратегијата на употребата на воена сила во спротивставувањето на активностите на организираниот криминал своите основи најчесто ги поставува во заедничкиот настап кој ги опфаќа и асиметричните и неконвенционалните закани, особено глобалниот тероризам, како и другите безбедносни закани.

На глобален план, воените сили, особено оние на воедечките политичко-воени алијанси (како што е н.пр. НАТО Алијансата), тежиштето во борбата против

организираниот меѓународен криминал го ставаат врз контрола на коридорите на трговија со оружје и трговијата (шверц) со опасни радиоактивни материјали (на пример денес е тоа просторот на Блискиот и Средниот Исток и Корејскиот Полуостров).

При ова, секогаш е отворено прашањето за легитимноста на употребата на вооружана сила, понатаму на нивото на употреба на сила т.е. на опасноста од надминување на прагот на користењето на убиствената моќ на конвенционалното оружје во судир со носителите и протагонистие на организираниот меѓународен криминал.

## 2.8. Пролиферација на оружје за масовно уништување

Воспоставувањето контрола врз оружјето за масовно уништување (ОМУ) и тоа: нуклеарното, хемиското и биолошкото оружје и системите за негово пренесување претставува тежок и болен процес. Ова од причина што државите кои го поседуваат тешко се откажуваат од истото од проста причина што поседувањето на ова оружје го мултиплицира деструктивниот капацитет на вооружените сили и води кон сериозни промени во структурата на моќта во регионални и планетарни размери. Тоа особено се однесува на широкиот арсенал на нуклеарното оружје и гаранцијата за националната безбедност која го претполага поседувањето на ова оружје.[105] Така на пример прва земја во светот која ја произведе и ја употреби нуклеарната бомба беше САД (со нападите на јапонските градови Хирошима и Нагасаки, во август 1945), со што се стави крај на Втората светска војна. Во затегнатоста на односите на релација Исток-Запад во повоениот период, Советскиот Сојуз го тестираше нуклеарното оружје во 1949 година, додека пак Кина ја изведе својата прва нуклеарна проба во 1964 година. Од друга страна, Индија изврши нуклеарна проба во 1974 година, за потоа и Пакистан како гаранција за националната безбедност, (пред сè поради нерешените односи околу границата и просторот Кашмир према Индија) да ја развие нуклеарната програма и да ја изврши првата нуклеарна проба во 1978 година.

Блискиот Исток е уште една област со висока опасност од ширење на нуклеарно оружје. Ова се должи пред сè на фактот што, и покрај официјалните негирања, Израел

---

[105] Зоран Нацев и Тони Петрески, „*Стратегиски проекции на Р. Македонија во надворешната и безбедносната политика,* Европа 93- Кочани 2013, стр.103 „ Употребата на ОМУ може да предизвика седум различни типови на последици: огромни човечки загуби, контаминација, паника, не дозволува

поседува нуклеарно оружје од крајот на 1960-тите. Ова придонесе кон создавање на атмосфера во која арапските земји (кои се во постојан конфликт со Израел ) бараат оправдување за нивните обиди за развој и поседување нуклеарно оружје. Од друга страна Израел позади кој стои силното еврејско лоби и големата финансиска помош на САД е најзаинтересираната страна за попречување на состојбата со која би се овозможило на која било земја од нејзиното опкружување да ја развие нуклеарната програма. Всушност, ова беше и основна причина за Ираелскот воздушен напад врз Ирачкиот истражувчки реактор во Осирак (Tammuz) во 1981, при што Израел беше мотивиран од стравот за негово уништување како држава. Во овој напад беа уништени материјалите и капацитетите за производство на нуклеарно оружје.[106]

Ваквата состојба со постојан натпревар и заканувачкиот карактер на поседувањето на ОМУ на земјите од Блискиот и Средниот Исток, беше и главна причина за инвазијата врз Ирак која ја направија здружените сили на САД и силите на Велика Британија во 2003 година, а која се заврши со рушење на режимот на тогашниот пртседател на Ирак - Садам Хусеин.

Во однос на ваквата состојба со уништувачката моќ на нуклеарното оружје веднаш по завршувањето на Втората светска војна и подоцна, по почетокот на Студената војна во 1947 година, академските анализи и меѓународната политика започнуваат да конвергираат, а напредокот во контролата на ОМУ започна да ги стабилизира врските меѓу тогаш водечките суперсили. Искуството од кое се кревала и косата на главата, е поврзано со Кубанската ракетна криза, која помогна уште еднаш да се покаже дека врската може да е опасно нестабила и не може да се потпира на самата себеси. Во поширок контекст, лекцијата на дваесеттиот век се чини била таа дека војната скоро секогаш ескалира нанапред, кон најдеструктивното ниво и дека не се само суперсилите тие кои ја поседуваат најдеструктивната технологија. Ширењето на оружјето за масовно уништување (Weapons of Mass Destruction-WMD), термин создаден и дефиниран во Обединетите нации во 1948 година, станува клучна грижа. Следствено на ваквата состојба, во втората половина на XX-тиот век се етаблира мрежа за контрола на ОМУ и своевиден режим кој што како таков е застапен и денес. Оваа мрежа опфаќа мултилателарни договори за контрола и ограничување на ОМУ и група на бројни билатерални аранжмани помеѓу тогашните суперсили (САД и СССР). Со

---

можност за одговор, економска штета, губење на стратешки позиции, социо-психолошка штетаљ и политички промени".

[106] Theodore B. Taylor, *Proliferation of Nuclear Weapons*, 2003, p.g. 3

мултилатералните договори целосно се осудува производството и употребата на ОМУ, додека со билателарните договори се регулира спектарот на производството и позиционирање и системите за транспорт на одредени типови на нулеарно оружје[107].

Пролиферација на нуклеарното оружје денес доживува катаклизмички и застрашувачки размери, особено ако се има предвид фактот дека кругот на земјите кои го поседуваат нуклеарното оружје е зголемен на десет земји: САД, Велика Британија, Франција, Русија, Кина, Израел, Пакистан, Индија, Кина и Северна Кореја. Ваквата состојба ги охрабри голем број држави во светот меѓу кои и Аргентина, Бразил, Чиле, Индија, Израел, Португалија, Саудиска Арабија, Јужна Африка, Шпанија и Виетнам. Северна Кореја и Иран и други земји (кои за жал сè уште ја немаат потпишано Конвенција за забрана на ширење на нуклеарното оружје) не можат да развијат програми за производство на нуклеарно оружје, додека пак двете поранешни суперсили ( САД и СССР- сега Руската Федерација) и покрај бројните билателарни договори за органичување и уништување на нуклеарно оружје сè уште располагаат со застрашувачки нуклеарни капацитети кои се доволни за неколкукратно меѓусебно уништување.

Како актуелен феномен кој што е поврзан со глобалниот теоризам и со меѓународниот организиран криминал е пролиферацијата на опасни нуклеарни материјали (опасниот осиромашен ураниум кој што останува како отпадна материја во реакторите за производство на електрична енергија). Вака осиромашениот ураниум преку одреден технолошки процес претставува основна суровина за производство на нуклеарно оружје, а кој според капацитетот е доволен за уништување на цели градски населби, важни и критични инфраструктурни и други капацитети. Познати се и инцидентите со вака опасните радиоактивни материјали, но истовремено и зачестени инциденти во нуклеарни реактори од постара генерација (види Табела 6).

Потребно е исто така да се нагласи и опасноста од можноста за теорористички закани и напад со средства за транспортирање на токсични индустриски хемикалии, а кои се неопходни за одржувањето на современиот стил на живеење.

---

[107] Џон Бејлис и Марк Смит„*Стратегија на современиот свет*", Контрола на оружјето за масовно уништување, , Нампрес 2009, стр. 229

Табела 6. Земји инволвирани во инциденти со пролиферација на нуклеарни материјали и осомничени за организиран криминал во период од 2001-2010 година.[108]

| **Држава** | **Број на инциденти** | **Број на вклучени држави** |
|---|---|---|
| Украина | 9 | 33 |
| Руска Федерација | 7 | 38 |
| Грузија | 5 | 15 |
| Белорусија | 3 | 27 |
| Казахстан | 2 | 2 |
| Индија | 2 | 4 |
| Таџикистан | 2 | 6 |
| Бугарија | 1 | 3 |
| Конго | 1 | 1 |
| Франција | 1 | 1 |
| Кенија | 1 | 3 |
| Намибија | 1 | 3 |
| Португалија | 1 | 4 |
| Јужна Африка | 1 | 5 |
| Танзанија | 1 | 4 |
| Тајланд | 1 | 7 |
| Турција | 1 | 2 |
| Узбекистан | - | 3 |
| Камерун | - | 2 |
| Ерменија | - | 1 |
| Етиопија | - | 1 |
| Молдавија | - | 1 |

Современите безбеносни закани во светот и употребата на вона сила како средство на институционална моќ на националните држави, регионални сили и воните сили на политичко- воените алијанси не секогаш можат да одговорат на силните предизвици и противречностите на овие закани. Иако примената на вооружените сили понекогаш е делотворна, сепак во основа се напушта конвенционалниот пристап во примена на воената сила во решавањето на низата безбедносни закани во одредени национални заедници и држави, региони и светот во целина. Ова, секако, го наметнува императивот на нужна трансформација на конвенционалниот концепт на примена на воената сила и тоа пред сè на државните вооружени сили и силите на воедечките политичко-вооружените алијанси кое најдобро може да се види во настанатите измени во стратегиските концепти и доктрините за ангажирање на вооружените сили.

108 Lyudmila Zaitseva, *Organized Crime, Terrorism and Nuclear Trafficking Strategic Insights*, Volume VI, Issue 5 (August 2007),p.g. 4

# 3. ЕВОЛУЦИЈА НА СОВРЕМЕНИОТ ВОЕН КОНФЛИКТ

## 3.1. Историја на војувањето

Феноменологијата на војната како општествена појава е тесно поврзана со општеството и неговата организација, со институциите на државата и особено со организацијата на вооружените сили, со поставените цели на војувањето, со почитувањето на постојаните или договорени конвенции на војувањето итн. И, во состојба кога навидум овие состојби не се менуваат, се чини дека војната останува вечна, непроменлива планетарна оска околу која кружи целиот човеков универзум и која, на крајот му дава значење на сето останато што се случува во општеството. Зборовите на Хераклит „*polemos panton men pater est*" – „раздорот е коренот на сè ", се чини, ја отсликуваат генеричката природа на војната, нешто слично како кога станува збор за теологијата, историјата на уметноста, производната работа или мудроста.

Војната, всушност, претставува поинаков израз, начин или постапка со која се обидуваме да го дефинираме судирот со кој две или повеќе држави или други меѓусебно непомирливи ентитети настојуваат, со оружје и масовна примена на вооружено насилство да дојдат до посакуваните цели, кои најчесто се изразени во стекнување или достигнување на одредени геополитички предности или други придобивки на едниот во однос на другиот противник.

Во своето капитално дело „За војната", Карл фон Клаузевиц вели дека „војната претставува акт на насилство, со цел нашите противници да се принудат да ја исполнат нашата волја"[109]. Истовремено вели и дека „војната претставува продолжеток на политиката, но со поинакви средства"[110]. Овој термин најчесто, како метафора е користен при толкувањето на класните противречности т.е. во оправдувањето за водењето на револуционарните војни. Во однос на доминантните тенденции кои егзистираат во војната, истиот автор вели дека „војната претставува целина, прекрасно тројство кое е составено од оригинално насилство и нејзините придружни елементи, омразата и анимираноста, што можат да се сметаат како слеп инстикт; од игра на веројантности и ризици, што ја прави да биде ослободена од активноста на душата; и од подредената природа на политичкиот иструмент, кој што целосно му припаѓа на

[109] Карл Фон Клаузевиц.„*За Војната*", Поглавје I, превод од англиски, Магор Скопје 2009, стр.29
[110] Исто, стр.16

разумот". Понатаму нагласува дека првата од трите одлики најмногу се однесуваат на луѓето, втората на генералот, а третата на владата. Страстите кои што се ослободуваат во војната мора, претходно да постоеле кај луѓето, опсегот со кој што се манифестира храброста и талентот на полето на веројатностите и ризиците зависат од одделните карактеристики на генералот и неговата армија, но политичките цели и припаѓаат, исклучиво на владата. Понатаму потенцира „првиот, најголемиот и најодлучниот акт на расудување, што треба да го практикуваат државникот и генералот е соодветно да ја разберат војната во која се впуштаат и да не ја сметаат неа за нешто или, да не сакаат да направат од неа нешто, што според природата на односите таа не е можно ни да биде[111].

У.Вател како правник војните ги дели на: неопходни, вообичаени, рационални и војни од каприц. Жомини познатиот стратег од Наполеоновиот период ги идентификува војните кои се водат од идеолошки, економски причини, потоа народни војни, војни за воспоставување на рамнотежа на моќ, војни за помош на сојузниците и војни со кои се настојува да се стекнат или или да се сочуваат правата. К.Врајт како политоколог војните ги дели на политички, психолошки и војни за обезбедување на основните права. М. Ховард како што е и својствено за неговото време и како непоправлив редукционист одбива да изврши правна дискриминација на војните и констатира дека „секоја теорија која ги бара причините за војната во еклектиката или можноста за нејзино потполно разбирање од било која причина, однапред е осудено не неуспех . Причините за војната лежат во нескриента потреба за изразување на моќмоќта во нејзините најразлични варијанти, како потреба во ширењето на иддеологијата, заштитата на правата на територијата и на крајот дека... конфликтите помеѓу ривалските нации секогаш претставува конфликт на моќта изразена во нејзината најчиста форма како воена моќ".[112]

На војната најчесто ѝ се припишуваат појави како што се окупација, организираното насилство, масовни убиства и геноцид, пред се, поради две основни причини: прво поради организираноста на иструментот кој што се нарекува сила, и чије олицетворение е преставено преку вооружените сили т.е. војската, и второ поради организираноста на ова насилство.

---

[111] Карл фон Клаузевиц.„*За Војната*", Поглавје I, превод од англиски, Магор Скопје 2009,Поглавје I, стр.50

[112] Michael. Hauard „ *Causes of Wars*" by Gurnsey, So. Std, Guernsey, Shannel Islands,1983, p.g. 12

Војната може исто така да е производ на напластените културни и цивилизациски противречности во едно општество, при што се чини и не е важно она кон што се стремиме нити карактерот на политичко организирање на општествената заедница во целина. Војната, по својот обем и зафатеноста на субјеките (државите, нациите, заедниците и др) кои ја водат, дури има и универзален карактер, пред сè поради тоа што нејзините зачетоци ги наоѓаме во првите почетни организации на човечката цивилизација, во племенските заедници, па сè до војните кои во современата светска заедница се водат помеѓу државите, нациите и воено-политички групации или сојузи, итн.

Во однос на военото организирање, војната се поврзува со државната воена организација и вооружените сили[113] како носители на вооружената борба, и која ги покрива сите три компоненти на просторот: копното, воздухот (тука се подразбира и вселената) и водата. Војната може истовремено да ги опфати сите три просторни компоненти или најмалку две од нив.

Првите почетоци на војување најчесто ги препознаваме во многубројните судири кои се водат на многу ниско ниво, а во кои се вклучени разни племенски заедници и родови, кланови и групи на луѓе, во однос на зафатеноста на просторот на кој што се изведува судирот и секако во однос на интензитетот и разорните последици. Се проценува дека една половина од вкупните жртви кои што се пронадени во гробниците на Инките (7.000 години п.н.е.), настапиле како последица на насилна смрт. Организирани вооружените активностите на државните ентитети пак, за прв пат ги бележиме од пред 5000 година п.н.е.

Некои политички и вооружени аналитичари посочуваат дека приближно 90-95% од познатите општества, низ историјата се вклучени во повремени вооружени судири, додека некои од нив војуваат постојано.[114]

Во војна ангажираните вооружени сили изведуваат вооружени операции или кампањи. Современите вооружени операции и кампањи, покрај вооружените судири, вклучуваат и други содржини на војување како што се на пример: разузнавањето,

---

[113] Митко Котовчевски „*Силата, моќта и политиката во контекст на војувањето*“ Современа македонска одбрана бр.18, март август 2009година. Врз основа на многубројни компаративни анализи доаѓа до следната дефиниција на воената сила „ тоа е оној квантум на човечки и материјални потенцијали која што една држава, нација или народ или општествеан група може реално да ги ангажира во процесто на вооружената борба за остварување на своите политички, еконосмки вооружени, кујлтурни и друиги витални интереси и цели.

[114] . http://www.brill.com/publications/history-warfare, датум на пристапување,03.02.2012

движењето на трупите, борбената и борбено-сервисната поддршка, психолошко-пропагандните активности и други активности.

Просторот на кој што се изведуваат вооружени операции се различни по големина и зависат пред сеѐод нивото на единица, начинот на примена на современите борбени системи, времетраење на ангажирањето на силите во однос на целите и друго.

Во однос на стратегиските и тактичките аспекти на водењето на војната, карактеристично е тоа дека војната е екстремно динамична општествена појава. Ова особено се однесува на воената доктрина која најчесто трпи значителни промени за време на војувањето, пред сè поради воведувањето на ново оружја и нови организациски решенија во примената на ова оружје, развојот на воената мисла и научените лекции од претходните војни и друго. За промените до кои доаѓа во доктрината на војувањето можеме да кажеме дека секој период во развојот на општествената заедница може да биде препознаен по сопствениот начин на водење на војни како одговор на поставените ограничувања и различни влијанија на многубројни други чинители.

Научно-технолошките достигнувања и нивната примена во вооружени цели битно влијаат на војувањето и војната како појава, во целост. Пронаоѓањето на барутот послужува како основа за оружја кои влијаеле на борбениот распоред и на начинот на изведувањето на вооружените (борбените дества). Истото се случило и со пронаоѓањето на моторот со внатрешно согорување, врз чија основа се развиваат средства за воен транспорт, кои пак овозможуваат речиси неограничени маневарски способности на трупите, развој на оклопните сили и вклучување на третата компонента на просторот- воздушниот простор. „Одттука, оганот и маневрот стануваат суштина на вооружените операции и главен предмет на изучувањето на воената вештина и нејзините гранки:стратегијата, оперативата и тактиката“.[115] Двете последни откритија ќе предизвикаат револуционарни промени во организацијата и употребата на вооружените сили во XX – век, особено во однос на проекцијата на силите и дотогаш познатиот и добро разработен конвенционалниот концепт во ангажирањето на вооружените сили, Првиот се однесува на откривањето на нуклеарната енергија и производството на нуклеарното и термонуклерното оружје, додека второто откритие се однесува на новите информациски технологии, нивниот развој и примена. „За разлика од нуклеарното оружје кое прво е вовоедено во вооруженитете сили на САД, а потоа и

кај некои други големи сили, примената на информатичката технологија наоѓа широка примерна во вооружените сили денес, во трите главни подрачја на вооружени дејности, и тоа: командувањето и раководењето, разузнавачко-извидувачката дејност и подрачјето на борбените системи ",[116] Во рамките на новите технологии најзначајни иновации се однесуваат на водените проектили со кои се обезбедува посилен огнен удар на големи растојанија, а со тоа и поголема разорна и убојна моќ.[117]

Забрзаниот научно-технолошки развој во иднина и особено развојот на новите вооружени технологии и новите вооружени системи сѐ повеќе ќе влијаат на развојот на воената вештина, начинот на војување во современи услови и на примената на стратегиите и доктрините на современите армии во светот.

Најновите извештаи бележат значителен пад на бројот на војните и вооружените конфликти, но истовремено и задржување на бројот на конфликти во подолг временски период.

Од друга страна пак, крајот на дваесеттиот и почетокот на овој век покажува и јасна линија на расадување со која се соочува конвенционалната војна, со нејзините препознатливи методи и изградени доктрини на војување.

Имено, присутна е појавата во која конвенционалните војски и државните вооружени сили, на доминантниот противник сѐ повеќе ги губат војните. Наспроти конвеницоналните вооружените сили, надмоќните вооружени сили сѐ повеќе се во судир со т.н. неконвенционални противници кои применуваат сопствени модели на спротивставување и отпор. За жал, ваквите состојби, сѐ досега, не предизвикале никавни посериозни анализи кај вооружените аналитичари и интерес за проучувања во пошироките академски кругови или за тоа посебно организирани владини тела или агенции за истражување.

Од друга страна пак, командантите на конвенционалните вооружени сили затекнати во состојба на заложници на прифатената стратешка рамка и примена на зацртаните доктринарни решенија често, својот пораз го оправдуваат со наведување на одредени „отежнувачки“ околности. Понекогаш се случува истите овие губитници да „ја забиваат главите во песок“, тврдејќи дека се работело за политичка војна,

---

[115] Ванчо Кенков, Годишен зборник,УКИМ 2009, „ *Наука, техника и современо војувањс* ", У Д К: 355.4: 001.89, 623:004, стр. 447

[116] Ванчо Кенков „Филозофски факултет, Институт за оодбранбени и мировни студии- Скопје, *Новите технологии и нивната примена во современите војни*, „Современа македонска одбрана“ бр. 15, јуни 2007, стр. 448

[117] Исто, стр. 134

психолошка војна, пропагандна војна, герилска војна, терористичка војна, накусо кажано, сè освен „нормална“ војна.

## 3.2. Формирање на политичко-воените сојузи

Државите формираат сојузи, главно за да создадат некој бланс против заканите. Заканите пак, во спротивно, се функција на моќ, географска блискост, офанзивни можности, како и спознајни намери. [118]

Во однос на објаснувањето за потеклото на политичко-воените сојузи или алијанси,главно се застапени две теории и тоа: едната која формирањето на сојузите го наоѓа во барањето за воспоставување на „балансот на моќта“ и другата теорија во „балансот на заканите“.

Во однос на првата теорија на „балансот на моќта“, причините за формирањето на политичко-воените алијанси се наоѓаат во состојбата кога некоја држава се придружува кон одредена воена алијанса или сојуз за да ги отстрани опасностите кои ѝ се закануваат од некоја ( најчесто соседна) држава, воен сојуз или регионална воена организација. Во однос на теоријата за „балансот на заканите“, во овој случај државите пристапуваат кон одреден политичко-воен сојуз или алијанса со цел да го обезбедат посакуваното ниво на национална безбедност со истовремено подигање на капацитетот на вооружените сили на друг воен сојуз. Како доказ за оправданоста на втората теорија може да се земе состојбата „кога со распадот на Варшавскиот договор балансот на рамнотежа ги доведе САД и земјите кои му припаѓаа на НАТО алијансата и, воопшто светот да уживаат поголема безбедност за помала цена и ризик“.[119]

Во теоријата на алијансите различни политички и вооружени аналитичари нудат различни структурини, линеарни, статистички, интересни и други модели на формирање и одржување, односно се бараат причините за распадот или одржувањето на познатите светски алијанси.

Во однос на формирањето и одржувањето на алијансите, Глен Х. Снајдер во своето дело „Политики на алијансите“ ја наведува состојбата на постојано поставувани прашања и барање на одговори за одржување на Алијансата, за тоа: [120]

- кои се придобивките и трошоците за Алијансата;

---

[118] Стивен М. Болт, *Потекло на сојузите*, превод Табернакул 2009, стр. 6, датум на пристапување,03.02.2012

[119] Стивен М. Болт, *Потекло на сојузите*, превод Табернакул 2009, стр. 8, датум на пристапување,03.02.2012

- кои иницијативи за здружување произлегуваат од анархичната и мултиполарна структура на системот;

- какви иницијативи произлегуваат од неструктуралните фактори, како што е нерамноправноста на воената сила и конфликтните и заедничките интереси;

- што определува кој за кого ќе формира алијанса;

- што определува како се распоредуваат придобивките и трошоците меѓу членовите на алијансата и др.

Во историјата на формирањето и опстојувањето на политичко-воените сојузи или алијанси како позитивен пример се зема начинот на формирањето и опстојувањето на НАТО алијансата. Причините се повеќезначни и тоа пред сè поаѓајќи од појдовната платформа и основните начела и принципи за нејзиното формирање, трансатлантското сојузништво и партнерските односи (на земјите-членки и партнерските земји), проучувањето на трансформациите низ кои помина овој сојуз и секако неговото опстојување сè до денес ( повеќе од шеесет години од нејзиното формирање). „Иако основната причина за формирање на НАТО алијансата (формирана во април 1949) може да се лоцира во балансирање на растечката сила на Советскиот Сојуз непосредно по завршувањето на Втората светска војна (1945), колапсот на Советската империја кон крајот на осумдесеттите години на XX-иот век и почетокот на деведесеттите, како и распуштањето на контрабалансот на НАТО, Варшавскиот пакт (формиран во мај 1955), сепак не доведе до распаѓање на НАТО. Оттука, НАТО алијансата, често пати се опишува како најуспешна воена алијанса во историјата“.[121]

Денес се актуелни прашањата за редефинирање на односите и особено трансатланските односи ( Америка и Европа) во НАТО алијансата. Ова произлегува од тоа што НАТО алијансата од интервенцијата во Босна и Херцеговина во 1995 година по прв пат со одобрен мандат од ОН излезе од рамките на ангажирањето кој што беше ограничен со територијата на земјите-членки на алијансата. Понатаму, и во двете кампањи кои НАТО ги водеше во т.н. „глобалната војна против тероризмот“ (во Авганистан 2001 година и Ирак во 2003 година) не се постигна консенсуз т.е. потполна согласност за ангажирање на НАТО силите. И на крајот излегувањето од рамките на военото ангажирање кое се постигна со ангажирање на НАТО алијансата во операции надвор од членот 5 од Повелбата за неговото основање.

---

[120] Глен С. Снајдер., *Политики за алијансите*, Академски печат, Скопје, 2009, стр. 55

[121] Рина Киркова, *Иднината на НАТО Редефинирање на трансатлантското сојузништво*, НУБ „Св. Климент Охридски“стр. 8

Но како и да е, НАТО алијансата е и останува и понатаму единствена политичко-воена организација на кога базира трансатлантското сојузништво, безбедноста во Америка и Европа, воена алијанса на која ОН во повеќе наврати им доверува мандат за ангажирање на воена сила во одредени простори каде што е загрозена националната безбедност на поедини државни заедници но и пошироко во обезбедување на безбедноста и мирот во цели региони и во светот.

## 3.3. Доктрини на војувањето

### *3.3.1. Определување на поимното значење на доктрина и воената доктрина*

Опстанокот на секоја држава како врвен приоритет ја има организацијата на одбраната како гаранцјиа за нејзиниот слободен и сестран општествено-политички културен и економски развој. Тргнувајќи од потребата за одбрана и заштита на своите основни национални интереси, државите ја организираат одбраната како систем, со препознатливи функции, а следствено на тоа и соодветна организациска структура. Пред да се воспостави системот за одбрана како таков, на овој чин му претходат повеќе активности содржани во изведените компаративни анализи и активности од мисловна, научна, искуствена и друга природа. Збирот на заклучоците, усвоените норми и правила на однесување на институциите, правни лица и претставници на државната власт, во функција на одбрана на државата, ја креираат националната одбранбена доктрина.

Поимот доктрина потекнува од латинскиот збор „doktrina", кој што значи наука, теорија, учење знаење, збир на мислења, догми и друго. Кога станува збор за доктрина на одбраната, треба да се каже дека таа претставува дел од општата или генерална државна доктрина, која уште се нарекува и национална одбранбена доктрина .[122]

Денес е вообичаено да се користат поимите одбранбена доктрина и воена доктрина.

Одбранбената доктрина треба да одговори на конкретни прашања како што се утврдување на основните погледи на државата по прашање на војната, карактерот на војната, можните облици на загрозување и начинот на спротивставување и водење на

[122] Кога станува збор за национална одбранбена доктрина во РМ под истата се подразбира „поврзано изразување на одбранбените ставови на РМ во вид на комплементарни норми од практично значење со кои се искажуваат определби и обврзни постапки, односно се даваат упатства и правила за однесување во доменот на одбраната" С.Кузев, *Стратегија за одбрана*, Југореклам, 2001, стр.21

војната, улогата и начинот на употреба на силите, прашањето на сојузништвото, вклучување во колективни системи на безбедност и друго.[123]

Воената доктрина пак произлегува од извршените согледувања, проценки и анализи за природата на современите и идните судири и подготовката на силите за успешното ангажирање во тие судири.[124] Воената доктрина може да се подели на здружена, видовска или посебна, родовска или тактичка и функционална. Со проучување на основите на воената доктрина се занимаваат системските науки, додека пак, со практичните функции и научени лекции, пред сѐ вооружените науки. Вака поставените ставови, погледи и мислења се преточуваат во норми, правила, прирачници, и стандардни-оперативни процедури (СОП), а кои терба да бидат прифатени од страна на вооружените сили (ВС) како релевантни за одредено време и одредено оперативно опкружување. Една од темелните карактеристики на средена организација е поседување на правила и начела на делувањето, па заради тоа во воена организација е клучно да се има усвоена доктрина со која се овозможува усогласено користење на способностите во спроведување на мисијата. Воената доктрина се темели на насочени подготовки и научно засновани принципи за водење на војна, темелни начела и определби на политиката на национална безбедност, односно стратегијата за одбрана, доктрина за одбрана, воената стратегија, искуствата од употребата на силите, како и искуства од водењето на војни.[125]Воената доктрина ја усвојуваат највисоките државни и вооружени институции.

---

[123] Стојан Кузев, *Стратегија за одбрана*, Југореклам, 2001, стр.21

[124] Влијанието на карактерот на политичкиот систем врз стратегискиот концепт и особено врз воената доктрина, на пример може да се види и од ставовите содржани во воената доктрина на поранешниот СССР од 1980 година, каде што се вели дека „ Советската воена доктрина е официјално прифатен сет на концепти, ставови и начела за начинот на примената на воената сила во остварувањето на политиката...Воната доктрина е изготвена од страна на највисоките советски политички лидери, и во неа се опишуваат до најситни детали формата и начинот на употребата на вооружените сили. Формулирањето на советската воена доктрина е континуиран еволутивен процес кој што се базира врз:комунистичката идеологија, советската надворешната политика, проценките за противниците за нивната економска моќ и воена сила, советските ресурси и географија, историја и науката и технологијата

Tthe Soviet Army: Operations and Tactics, *FM 100-2-1, HeadquartersDepartment of the Army Washington, DC, 16 July 1984, p.g.2-1

Секако ваквиот пристап претрпува значителни измени со распадот на СССР во 1992 година, по што следи усвојувањето на новите воени доктрини на Вооружените сили на Руската Федерација (како сукцесор на поранешниот СССР) од 1993, 2003 и најновата од 2010 година,.

[125] Доколку направиме историски осврт на првите посериозни политичко-доктринарни и практични записи на полето на воената доктрина нив, покрај оние од античкиот период и делото на кинескиот теоретичар и мислител Сун Цу Ву во неговото дело „Вештина на војувањето " по прв пат го наоѓаме во записите и практични прирачници на Maurice of Nassau (1567–1625) холандски генерал и државник кој го организираше бунтот против Шпанија во кохерентна, успешна борба. Тој препорачува користење на вежби со кои не се всадува само дисциплина туку се одржува и добрата кондиција на мажите-борци и примена на различни тактики во борбите. Препорачува намалување на пешадиските состави во однос на

Содржината на доктринарните документи ги опфаќа (Шема 14.): здружената доктрина (општо воена доктрина), доктрина на видови, родови, доктрина на специјалности и функционални области.




Шема 14. Однос помеѓу стратегијата за одбрана, воената доктрина, националната доктрина, здружената доктрина и доктрината на сојузот-алијансата

Кога станува збор за врските помеѓу природата на војната и воената доктрина, вклучувајќи го тука и определувањето на нејзиниот карактер, формулацијата и нејзината практична примена според Ј.Гоош, најважно од сè е да се изнајде одговор на две важни прашања и тоа: првото кои се содржините на воената доктрина и второто за тоа кои компоненти битно влијаат на начинот на формулирањето, дисеминацијата и примената на доктрината на трите нивоа на војување. Во однос на компонентите кои влијаат на формулирањето на воената доктрина тој ги наведува: природата на

определени функционални цели и исто така препорачува повеќе иницијатива и интелигенција од просечниот војник. Поширока елаборација види во R. G. Haycock, The Poyal military college of Canada, *www.caans-acaen.ca/Journal/issues_online/Issue...i.../HAYCOCK.pdf*

оружјето и воената технологија; влијанието на формалното искуство; организациските и институционалните интереси; идеологијата; националната култура и на крајот, политичката и стратегиската ситуација.[126]

Целта на сите наброени воните доктрини е да ги дадат основните насоки во подготовката, борбеното организирање и употреба на различни видови, родови и специјалности и функционални области. Во делот на образованието и обуката да извршат насочување на субјектите од оваа област кон изработка на потребни прирачници, планови и програми, кон извршување на мисијата на командите, единиците и припадниците на вооружените сили. Службено верифицираната доктрина се публицира низ следните пишани форми на прирачници, норми, насоки, упатства, инструкции, учебници, стручни публикации и друго.

### *3.3.2. Хиерархија на доктрините*

Во зависност од добиената мисија и конкретните борбени услови на бојното поле, единиците се ангажираат во изведување на одреден тип на операции или форми на операции кои прозлегуваат од одредени форми или типови на операции на повисоко ниво. Така, иако во одредени ситуации преовладуваат одредени типови на операции како што се офанзивни, дефанзивни, операции за стабилност или операции за поддршка, сепак повеќето единици кои се истовремено вклучени во здружената операција, можат да бидат ангажирани во спроведување на различни типови на операции во секторот или подрачјето на операцијата, при што може, многу често да се обезбеди да се изврши брза транзиција од еден тип или одредена форма на операција во друга.

При преминот од еден тип или форма на операција во друга, покрај добиената наредба од претпоставениот командант за извршување на следната задача, прворазредно значење има постигнатиот успех ( потполн, делумен успех или неуспех) на единицата во однос на претходнопретходното ангажирање. Преминот со ангажирањето на единцата од еден тип или форма на операција во друг има за цел постојано да го држи непријателот надвор од рамнотежа и истовмено да овозможи такво позиционирање на неговите сили со кои се обезбедува постигнување на

---

[126] John Gooch, 'Introduction: military doctrine and military history', in J. Gooch, ed., *The origins of contemporary doctrine*, occasional paper 30 (Camberley, Surrey: Strategic and Combat Studies Institute, Sept. 1997), p.g. 6.

максимална ефикасност и економичност во ангажирањето на пријателските сили. Флексибилноста во транзиција придонесува за успешноста на операцијата[127].

На Шемата 15 (долу) е преставена хиерархијата на доктрини, која всушност содржи различни тактички мисии, кои од своја страна истовремено можат да содржат неколку различни типови и форми на операции. На пример, командантот кој што изведува напад со главнината на своите сили може да ја ангажира главнината на силите во извршување на опфатен маневар, додека пак други единици можат да бидат ангажирани во директен фронатален судир со непријателот, извршување на препад или гонење на тактички сили, се со цел врзување на неговите сили и поддршка на главнијот напор. После извршеното опкружување на силите на непријателот, главнината на силите кои се ангажираат во опфат изведуваат серија на напади врз опркужените сили, а потоа со гонење и експлоатација настојуваат да се постигне целосен успех во операцијата т.е. да ја уништат главнината на силите на непријателот

Како што може да се види од шематскиот приказ кога се работи за офанзивните операции истите се остваруваат со движење до воспоставување на борбен допир со непријателот, потоа се преминува во следната форма на операција т.е. напад, додека со успехот во нападот се преминува во следната форма на операција експлоатација и на крајот во гонење на непријатеските сили која води кон негово целосно уништување.

Во дефанзивните дејства, се применува онаа форма на операции која одговара на конкретните борбени услови и особено на состојбата со теренот (рамничарско земјиште, планинско или одбрана на населено место итн) и тоа со примена на одбрана на подрачје или мобилна одбрана. Успехот во одбраната може да доведе до замена на одбраната со спротивен тип на операција т.е. со офанзивна операција, додека пак, неуспехот во одбраната доведува до примена на ретроградни операции.

[127] FM ( Field Manuel- Борбен прирачник) 3-90 „ *Tactics*", Chapter 2, p.g 2-1




Шема 15. Хиерархија на доктрините според типот на вооружени операции[128]

Државите ги користат нивните капацитети во поддршка на поставените безбедносните цели, ги подготвуваат своите вооружени сили за изведување на широк спектар на вооружени операции. Таков спектар на операции може да ги содржи следните видови вооружени (борбени или неборбени) операции: [129]

- одбрана на државата;
- цивилна поддршка;
- операции за стабилизација;
- противбунтовнички операции;
- пперации за борба против дрога;
- операција за хуманитарна помош;

[128] Прилагодено од FM 3-90 „ Tactics", Chapter 2, p.g. 2-1
[129] Прилагодено од Joint Publication 3-0 (2011), Joint Operations, p.g.. I - 15

- операции за борба против тероризмот;
- операции за извлекување ;
- операции за невоена евакуација
- борба против оружје за масовно уништување (ОМУ) ;
- справување со последици од употреба на АБХ оружје;
- мировни операции.

Во ова прилика и во неможност да се задржиме во елаборација на сите типови на операции од спектарот на операции ќе направиме краток осврт на: противбунтовничките операции, операциите на борба против дрога, операциите за хуманитарна помош, операциите за невоена евакуација и операциите за борба против оружјето за масовно уништување (ОМУ).

Противбунтовничките операции, генерално се поврзани со почитување на начелата и организација на силите, како и нивна подготовка за ирегуларното војување (eng. Irregular warfare). Судирите помеѓу спротивставените страни во ирегуларното војување многу ретко ги преминуваат рамките на тактичките борбени операции. Иако ирегуларното војување е со проширена природа, некои од облиците на ирегуларното војување можат да предизвикаат преземање на операции со големина на кампањи. Секоја воена операција може да се изведува истовремено или независно од другите операции или пак истите можат да се преклопуваат. Дополнително, секоја од нив може да има различни форми на пројавување во зависност од поставената мисија и крајните цели на операцијата.

Операциите за борба против дрога најчесто се насочени против обидите за производството, транспортот и трансфер на дрогата т.е. пресекување на каналите на нејзино ширење. Секако, борбата против дрогата подразбира изработка на издржлива национална стратегија на секоја земја одделно, во која вклучувањето на вооружените сили треба да претставува само мал дел од комплексот на оперативни акции за справување на ова современо зло во светот денес. При ова потребно е и да се знае дека ширењето т.е. трговијата со дрога е поврзана со меѓународнот тероризам и корупцијата и е најчесто насочена на оние правци, познати маршрути и региони во кои не е во целост остварена инструментална контрола на државата. Ваквата состојба може да влијае и на состојбата на стабилноста во одредени држави и да доведе дури и до рушење т.е. пад на влади, појава на внатрешни немири и друго.

Со операциите за хуманитарна помош се придонесува кон намалување на страдањето на цивилното население, се пружаат услови за заштита и задоволување на елементарните услови на населението, се спречува појава на масовна глад и немаштија во погодоените подрачја и региони и се спречува ширење на заразни болести и епидемии.[130] Ангажирањето на вооружените сили во овие операции најчесто е поради можностите за брз и масовен транспорт во погодените подрачја во светот и можностите за пружање на здравствени и други услуги.

Операциите за борба против ширењето на оружје за масовно уништување (ОМУ) најчесто подразбираат ангажирање на вооружените сили во операции под мандат на ОН, ЕУ или други организации за колективна безбедност и, истите се пред сè насочени кон откирање на ова оружје (капацитетите за производсвото и складирање), понатаму во спречување на неговото ширење и на крајот во преземање на операции за негово уништување. Карактерот на овие операции бара од штабовите на вооружените сили ангажирани на ефективи и експерти кои поседуваат соодветно ниво на сертификат за автентичност, кратки и јасно и содржајни планови и цели за акција и секако определување на соодветна агенциска поддршка во извршување на ваквите мисии.

Операциите за невоена евакуација најчесто се темелат на дипломатски иницијативи на одредени земји, при што е карактеристична поделбата на улогите и надлежностите. Вообичаено, на отпочнувањето со овие операции им предходат политички одлуки на земјите учеснички во овие операции, понатаму следуваат дополнителни оперативни планирања и изработка на проект за воспоставување на институции, органи, инструменти и параметри за изведување на операциите за невоена евакуација. Ова понатаму се преточува во конкретни насоки за спроведување на мисиите, цели и определување на тајминг т.е. на времето за отпочнување и за завршување на операцијата. Во операциите за невоена евакуација, покрај ангажирање на вооружените сили кои се најчесто од мултинационален карактер, можат да се вклучат и разни директорати и лица кои раководат со владини, меѓувладени и невладини организации, додека пак, може да се случи дури и ваквите органи и тела да раководат и со вооружените сили ( како што беа на пример операциите за евакуацијата на

---

[130] На 26 декември 2004 година, земјотрес 9,0 степени во Индискиот Океан генерира цунами опишан како една од најсмртоносните природни катастрофи во модерната историја. Ова цунами ги уништи крајбрежните области на Индонезија, Шри Ланка, јужна Индија, Тајланд и други земји, оставајќи пустош и смрт на илјадници лица. Проценките за жртвите се сè уште нецелосни и се движат од 228.000 до 310,000. Ангажирањето на меѓународната заедница беше брза и ефективна и се спречи многу поголема катасрофа на населението. При тоа ангажирањето на меѓународните воени сили во операциите за пружање на хуманитарна помош одиграа клучна улога пред се во

населението од погодени или загрозени подрачја (Сирија, Либија, Сомалија и други земји).[131] Овие операции можат да вклучат евакуација на клучен персонал или пак пружањето на здравствени услуги на население во погодените подрачја и други операции.

Ваквите операции кои отстапуваат од класичните офанзивно-дефанзивни операции ги поставуваат императивите за висока подготвеност на вооружените- здружени сили, за поинакви стандарди на проверка на обученоста на силите и водење на трупните состави.

Со правилно структурирање на здружените сили (составени од различни видови, родови и специјалности), може да се оствари посакуваниот дизајн, опремување и обученост, а со кои овие сили ќе бидат во состојба да одговорат за ангажирање во широк спектар на вооружени операции. Природата на целите и големината на задачите и побарувањата ќе бидат главниот фактор во определувањето на организациската структура и составот на здружените сили. Широкиот спектар на операции подразбира различен тип на здружени операции во контекст на четирите столба на операции т.е. офанзивни, дефанзивни, операции за стабилизација и операции за поддршка.

Современото војување најчесто се изведува во комплексно опкружување каде покрај вооружените сили, на подрачјето на операциите присутни се и многубројни други субјекти како што се владини, невладини, локални регионални и глобални организации и агенции, цивилно население, медиуми и слично. Ваквата состојба бара да се даде посебен нагласок на организацијата, структурата и дизајнирањето на силите и обезбедување неопходна подготовка на силите на сите нивоа.

Можеби во делот на компетентноста на здружените сили, најдобро е да ја цитираме изјавата на адмирал М. Г. Мулен, началник на Здружениот генералштаб на Армијата на САД кој вели: „Вооружените сили на Соединетите Американски Држави денес се

---

спасувањето на лицата од загрозените подрачја, пружање на засолништа и снабдување со храна и вода..(http://www.csa.com/discoveryguides/tsunami/overview.php)

[131] Во 1996 година, американските вооружените сили изведоа операција на невоана евакуација на Американците од Либерија, во која беснееше гаѓанската војна во судирот со разни фракции и милиции пропратено со општо насилство во оваа држава. Во текот на првата недела од април 1996 година, како резултат на интензивните улични борби околу 500 луѓе побарале засолниште на американската амбасада и околу 20.000 во близина на американската станбената област. На 6 април, претседателот на САД го одобри барањето за евакуација и оваа операција беше успешно извршена. (Joint Publication 3-68, Noncombatant Evacuation Operations, 22 January 2007,pg.III-8)

ненадминати на копно, на море, во воздух, во вселената и во сајбер-просторот. Поедините видови ги здружија своите способности и компетенции со цел соодветно да ја максимизираат ефективноста во нивните домени. Уште поважно од тоа е способноста да се интегрираат овие различни капацитети во една целина што претставува неспорна американска стратегиска предност".[132]

Имајќи го предвид фактот дека стратегиска определба на Република Македонија е членство во НАТО алијансата како колективен систем за безбедност, потребно е вооружените и политичките раководители да ги познаваат политиките, воено-доктрините и други аспекти на здрженото војување. Со ова АРМ ќе го постигне потребното ниво на интероперабилност, координација и синхронизација во сите фази од изведувањето на операциите.

Потребно е всушност од една страна да се нагласи неопходноста од самостојност на компонентите на здружените сили, но истовремено и можноста од здружување на силите и капацитетите со цел да се одговори на потребата од ангажирање на силите во широкиот спектар на операции во здруженото војување.

## 3.4. Доктрина на војување во т.н. четврта генерација на војни

### 3.4. 1. Историски основи на четвртата генерација на војни

Дијалектичката рамка на генерациите на војни[133] по прв пат е поставена од група американски автори и вооружени аналитичари (William S. Linds , Thomas Hammes, Robert Doughty и др), кон крајот на 80-тите години на минатиот во обид да се даде одговор за причините за низата порази кои што конвенционалните сили ги претрпуваат во судир со т.н. „неконвенционални противници", во војните во Виетнам[134], Сомалија,

---

[132] Изјава на адмирал М. Г. Мулен, началник на Здружениот генералштаб на Армијата на САД, јануари 2009.

[133] Генерација на војни - подразбира одреден период во историјата на војувањето кој како таков е препознатлив и карактеристичен по ефикасноста на оружјето и доктрината на неговата примена.

[134] „Почувствував дека армијата која беше испратена во Виетнам не беше доволно подготвена за водење на војна. Ние испративме армија која беше оптоварена со администратори и лоогистика, додека пак војниците не беа обучени за водење на борба. Како војната одминуваше се повеќе растеше и моето убедување дека не ја разбираме природата на војната во која сме се впуштиле", преземно од Col. D. Hackworth, *About face* (London: Guild Publishing, 1990), p.g. 781. или ..Војната во Виетнам од 1973 година ги наметна проблемите со погубните ефекти од претрпениот воен пораз - се соочивме со професионална криза и криза на моралот на сите нивоа во армијата, траумата од Виетнам создаде криза на доверба во односите помеѓу војската и јавноста, Конгресот и извршната власт", преземено од S. Bronfeld, 'Fighting outnumbered: the impact of the Yom Kippur War on the U.S. Army', *Journal of MilitaryHistory* 71: 2, April 2007, p.g. 469.

Ирак, Авганистан, Либан и други земји (види Табела 7). Ова претставува истовремено и обид да, со аналитички пристап кон еволуцијата на војувањето, со примена на пред се на методите на компаративна анализа и статистички истражувања да се е одговори на новите предизвици на современото војување, односно да се дојде до т.н. „генеричка" слика на војната. Овие анализи добиваат на интензитет особено денес, во однос на најновите вооружени судири во војните против глобалниот тероризам, особено во војната во Ирак и денес во Авганистан.

Табела бр. 7. Преглед на загубите на Армијата на САД во поголемите војни. (Извор:http://www.statisticbrain.com/u-s-war-death-statistics/, датум на пристапување 15.11.2013 година)

| Војни на САД во историјата | Загинати | Ранети | Период |
|---|---|---|---|
| Ирачката војна | 4,800 | 31,965 | 2003 – 2011 |
| Авганистан | 2,229 | 18,675 | 2001 – до денес |
| Војната во Заливот | 258 | 849 | 1990 – 1991 |
| Виетнамска војна | 58,209 | 153,303 | 1955 – 1975 |
| Корејска војна | 36,516 | 92,134 | 1950 – 1953 |
| Втора светска војна | 405,399 | 670,846 | 1941 – 1945 |
| Прва светска војна | 116,516 | 204,002 | 1917 – 1918 |
| Граѓанската војна | 625,000 | 281,881 | 1861 – 1865 |
| Американската револуционерна војна | 25,000 | 25,000 | 1775 – 1783 |
| **Вкупно** | **1,343,812** | **1,529,230** | **38,159 (исчезанти лица)** |

Во однос на генерациите на војни ( Шема бр. 16) јасно е разграничен периодот на првата генерација на војни[135] ( некаде во периодот помеѓу 1648 до 1660 година), а за која, како критичен датум се зема крајот на триесетгодишната војна во Европа и потпишувањето на Вестфалскиот мировен договор (1648 година). Со првата генерација на војни, всушност се внесува „култура на редот" во дотогаш постоечкот неред на бојното поле. Сето она што денес го какко препознатлив белег ги прави војниците да се разликуваат од цивилите, како што се униформите, поздравувањето напредувањето

во службата, вооружените команди и други карактеристики–сето ова е производ на првата генерација на војни. Во однос на воената доктрина и особено тактиката, ова е војна на колони, редови и линии.




Шема 16. Графички приказ на развојот на генерациите на војни

Втората генерација на војни[136] претставува всушност одговор на новите противречности на бојното поле. Развиена од француската армија за време на Првата светска војна, оваа генерација на војни нуди решение за проблемите во масовното

[135]http://www.fact-index.com/w/wa/war.html#First generation warfare, датум на пристапување,03.02.2012

[136]http://www.fact-index.com/w/wa/war.html#Second generation warfare,датум на пристапување,03.02.2012

користење на огнена моќ, и тоа пред с è во примената на посредниот артилериски оган. Доктрината на ова војување најдобро е изразена во изреката „артилеријата освојува, пешадијата окупира". Притоа, особено внимание се посветува на централизираното управување со огнот, на синхронизацијата во ангажирањето на борбените родови на бојното поле на пешадијата, тенковите, артилеријата и коњаницата. Кај овој начин на војување командантите се всушност во улога на „диригенти" на добро или лошо извежбан „оркестар". Втората генерација на војни ја наметнува нужноста од придржувањето кон правилата и пропишаните процедури на војувањето. Притоа, многу е поважна слепата послушност во извршувањето на наредбите од претпоставените, отколку пројавената иницијатива на потчинетите..

Основите на Втората генерација на војни се препознатливи и денес, пред сè во системот на воената едукација и во инсистирањето на строгото почитувањето на пропишаните доктринарни прописи, упатства и правила на однесување на персоналот на бојното поле. Ова е тактика на француските „триколори" и истата е доминантна во системот на военото оспособување на персоналот, од најниски до највисоки командни позиции.

Третата генерација на војни[137], исто како и Втората, е производ на Првата светска војна. Истата е развиена од страна на Германската армија и е општо позната како „blitzkrieg" (мослкавична војна). Третата генерација на војни се засновува на огнената моќ на борбените средства, на опременоста и пред се на брзината, изненадувањето и на менталната и физичката подготвеност на трупите. Третата генерација на војни го поставува „гравитациското средиште" во задницата на противникот, при што наместо „фронтален удар и уништување" се применува „обиколка со удар и уништување на трупите на противникот од задницата кон фронтот".[138] Според голем број вооружени аналитичари и практикувачи на војната својата кулуминација ја достигнува во Втората заливска војна (2003 година) т.е. во воената интервенција на НАТО коалициските сили во Ирак. При оваа кампања се примени и претходната „доктрината на воздушно-

[137]http://www.fact-index.com/w/wa/war.html#Third generation warfare, датум на пристапување,06.02.2012

[138]„Blitzkrieg" или "молскавична војна" (прев.од герм.) по прва како оперативна и тактичка доктрина е развиен од стана на Геерманските вооружени сили, неговата примена е со застрашувачки ефекти е искористена на полетокот на Втората светска војна. Основата на доктрината се состои во брзина и изненадување кое се постигнува со ангажирање на масовните тенковски единици, поддржани од авијација и механизирана пешадија. Идеен творец на оваа доктрина е германскиот генерал Ханс Гудериан.( види повеќе во вооружениот памфлет "Achtung Panzer"). Разурнувачките ефекти на примената на оваа доктрина применета од страна на Сојузничките сили и особено од руската армија во

копнената битка-Airland battle doctrine "[139] која во крајните седудесети години беше развиена од Американската армија, како можност за водење на конвенционална војна во судир со надмоќните копнени сили на тогашниот „Варшавски блок".

Појавата и употребата на нуклеарното оружје се чинеше дека го означи и крајот на употребата на конвенционалните вооружени сили. Ова од причина што со примената на нуклеарното оружје и неконтролираната моќ на ова оружје со кое се уништува сета цивилна и веона инфраструктура на просторот, едноставно станува парадоксална примената на каква било доктрина во ангажирањето на подготвени конвенционални сили. Но, од друга страна „причината за тоа зошто политичкото влијание на нуклеарното оружје беше толку мало е се разбира во тоа дека никој досега не излезе со убедлива идеја за тоа како би се водела нуклеарна војна, без при тоа да се уништи целиот свет[140]

За среќа, светот навремено ја сфати опасноста од примената на нуклеарното оружје, а со која се доведе во опасност не само светскиот мир туку и опстанокот на планетата земја. Ширењето на нуклеарнонто оружје својата кулминација ја достигнува во периодот на блоковската поделеност на светот, а после завршувањето на Втората светска војна, па се до крајот на седумдесеттите години на дваесеттиот век.[141] Заради спречување на неконтролираното ширење и отстранување на опасноста од употреба на нуклеарното оружје, меѓународната заедница презеде низа иницијативи, пред сè во две насоки: прво во ограничување на бројот на земјите кои го поседуваат нуклеарното оружје и второ со серијата на иницијативи за разоружување и уништување на нуклеарниот арсенал, пред сè на тогаш водечките нуклеарни сили (САД и СССР) т.е. водечките нации-држави на двете воено-политички групации ( НАТО и ВУ). За жал, иако на планот на разоружувањето се постигна значаен напредок, во делот на

периодот од 1943 и 1944 година доведоа до целосно уништување на фашистичка Германија. http://www.historylearningsite.co.uk/blitzkrieg.htm, датум на пристапување 12.12.2012 година

[139] Во доцните 1970-ти Армијата на САД и воздухопловните сили развиват нова доктрина за водење на конвенционална војна, која беше фокусирана на идејата да се биде во можност за брз одговор и пораз на масовен офанзивен напад (инвазија) на советските копнени формации.на просторот на Западна Европа. Оваа доктрина го помести прагот на употреба на тактичкото нуклеарно оружје на Европскиот простор и се приближи со решение за конвенционална војна како одговор на НАТО алијансата. Airland battle doctrine, By Mark R. Schwartz, *Modern War* 6 | jul–aug 2013,.p.g.1

[140] Мартин В.Кревелд., *Трансформација на војната*, Табернакул, 2009, стр5

[141] Во доктрината на САД од крајот на 1960 година се предвидуваше примена на нуклеарното оружје во три случаи и тоа: со цел да се контролира ескалациајта на вооружениот судир, за ограничена употреба во подрачјето на операциите и на крајот заради избегнување на целосен судир (помеѓу тогаш двете светски супер сили) со размена на стратегиско нуклеарно оружје. Од друга страна пак, тогашниот СССР не ја исклучуваше употребата на нуклеарното оружје на најниско ниво на воен судир, Nikola Sokov, *Why do states rely on Nucear Weapens, The Case of Russia an Beyond,* The nonproliferation rewiev/Summer, p.g.102

ограничувањето на бројот на земји кои го поседуваат нуклеарното оружје, овој број постојано се зголемува со нови земји како што се Индија, Пакистан, Израел,Северна Кореа, а можеби и Иран, што секако претставува сериозна закана за светскиот мир. Од друга страна пак, големите сили во нивните настојувања за задржување на интересни сфери на влијанија и стекнување на нови геополитички позиции во светот, во услови кога ја разгледуваат можноста за примена на нуклеарното оружје во остварување на нивните интереси, се соочуваат со две противречности. Првата противречност е во свеста за разорната моќ на нуклеарното оружје, а второто во присутните ограничувања во употребата, како и сигурната осуда доколку би дошло до употреба на ова оружје од страна на светската јавност. Истовремено, овие земји се свесни и за тоа дека, со посегнување за употреба на нуклерно оружје, со голема веројатност би се предизвикала реакција и на останатите „големи сили", пред сѐ поради судирот за интересите на засегнатиот простор и, дека во тој случај сигурно би бил загрозен и светскиот мир во целина. Карактеристични се во овој пример ставовите содржани во воената доктрина на Руската Федерација од 1993 година во која „на употребата на нуклеарното оружје се гледа како фактор на одвраќање од напад т.е. агресија на руската територија од пошироки размери", иако истовремено и ја потенцира малата веројатност на ваква агресија.[142] Со новата воена доктрина на Руската Федерација од 2010 година се потенцира екслузивното право прва да го употреби и нуклеарното оружје и тоа: во услови на локален воен судир, регионален судир и избувнување на светска војна.

Поради сето претходно изнесено, а во врска со употребата на нуклеарното оружје, светот сѐ уште не е излезен од рамката на употребата на конвенционалните вооружени сили од третата генерација на војни. Она што претставува сепак новина во војувањето е судирот на конвеционалните вооружени сили на доминантниот противник со неконвенционални противници, кој се чини нѐ враќа на онаа состојбата кога државата го нема монополот во војувањето, т.е. на периодот пред Вестфалскиот мировен договор (1648)[143]. Притоа, овие недржавни противници се претставени од герилски сили, бунтовнички сили, сили на активен или пасивен отпор од различна политичка, етничка, национална, културна или религиска провиниенција, како што се „Ал Каеда", „Хезболах", „Хамаз" и др. и парадоксот да е уште поголем, доминантните

[142] Osnovnye Polozheniya Voennoi Doktriny Rossiskoi Federatsii, *Izvestiya*, Novemeber 18,1993, p.g 14
[143] http://www.britannica.com/EBchecked/topic/641170/Peace-of-Westphalia, датум на пристапување, 03.02.2012

конвенционални вооружени сили, во најголем број случаи ја губат војната во судирот со ваквите „нерамноправни" противници.

Ова е период на појава на т.н. четврта генерација на војни[144] чије основно обележје е во супституцијата на класичната конфронтација на судирот со доминантните државни вооружените сили, со активности од подрачјето на полтичката дипломатија, генеричката информатичка активност, економските, културните, религиозните и други активности. Но се чини најмногу од сè, овој наметнат судир е во областа на културата (во најширока смисла на зборот) и особено во делот на разликите помеѓу цивилизациите.[145]

Препознатливи форми и методи од четвртата генерација на војни можат да се пронајдат уште во кампањата на американските трупи во Виетнамската војна, а со која се успеа во целост да се сврти јавноста на САД против војната. Како последица на ваквото свртување дојде до целосно повлекувањето на САД од војната во Виетнам. Ако го земеме случајот на воента интервенција на СССР во Авганистан(1979-1984), цел на муџахедините во Авганистан не беше да се порази Црвената армија на СССР во некаква одлучувачка битка, туку да се убеди тогашното советско државно политичко и воено раководство во неможноста од постигнување на целите со вооружени средства и, поради тоа да се повлече од војната. Ваква цел постави и „Ал Каеда" со терористичкикте акти на територијата на Шпанија во 2005 година, после кои напади дојде и до целосно повлекување на вооружените контигенти на шпанската армија од составот на НАТО - коалициските трупи во Ирак.

Врз основа на горенаведеното, би можеле да кажеме дека, четвртата генерација на војни се пројавува помеѓу две меѓусобно комплементарни линии и тоа: [146]

- еден од противниците се определува за примена на оние форми и методи на организирано спротивставување кои не би можеле да ги именуваме како акции на државни вооружени сили со препознатливите методи и форми на конвенционално војување и

[144] http://www.fact-index.com/w/wa/war.html#Fourth generation warfare, датум на пристапување,03.02.2012

[145] Најновиот предизвик со кој се соочуваат западноевропските земји е поврзан со неконтролираното ширење на имиграција или поточно „инванзија" на население од источноевропските земји и просторот на Северна Африка, додека на американскиот простор ( САД) од подрачјето на Централна и Јужна Америка. Во овој момент Европа и особено САД поради светската финансиска криза имаат сериозни проблеми со економскиот развој, особено со зголемени процент на невработеност кај домашното населние, состојбата со повремените немири кои се последица на судирот на „дојденците" и домашното население итн.

- фокусот на операциите на „недржавните противници“ е во делот, во кој што се настојува да се продолжи конфликтот.

По својата суштина како појава, четвртата генерација на војна не претставува воена туку политичка војна, социјална и политичка револуција т.е. „криза на легитимитетот на државата“. Насекаде во светот, граѓаните го пренесуваат сопствениот - првостепен легитимитет врз државата, за потоа овој легитимитет од државата повторно да се врати кон социеталниот ентитет кој што го нарекуваме: општествена заедници, народ, етнички групи, религии, социјални групи и слично. Ваквата состојба би можеле да ја препознаеме особено денес, во најновите војни кои се водат против глобалниот тероризам ( војната на која веќе ѝ се обележи крајот во Ирак ) и втората војна во Авганистан. Ова е видливо пред сѐ и од фактот дека, иако на почетокот на вооружениот судир, нејзините припадници како дел националните вооружени сили, не покажуваат некоја преголема желба за борба, во понатамошниот тек од војната, тие со поддршка на бунтовниците (особено во Авганистан) и народот чија лојалност е насочена кон недржавните ентитети, пружаат силен отпор во ефективна „герилска“ војна.[147]

Во однос на фактот дека коренот на четвртата генерација на војна е во феноменот на политиката, во моралната димензија и пропаста на поразената држава, би можеле и да се запрашаме и „ дали ова значи дека и не постои воено решение со кое би се разрешиле заканите од четвртата генерација на војни“? Ова особено ако го земеме предвид фактот дека притоа, веоружените сили, сами по себе не се способни да го повратат легитимитетот на државата, а присуството на странски–окупаторски вооружени сили го подриваат идниот легитимитет на институциите на поразената државата, а кои допрва треба да се воспостават.

### *3.4.2. Димензии на четвртата генерација на војни*

Во анализите на димензиите на четвртата генерација на војни можеме да зборуваме, како и за секоја друга војна, за: *физичката димензија, моралната, политичката и психолошката димензија на војната.*

Кога станува збор за *физичката димензија* на војните, особено ако го следиме дијаграмот на човечките загуби во војната, таа е изразена во нејзината најсурова

---

[146] Hammes, Thomas X. *The Sling and the Stone: On War in the 21st. Century*. Zenith Press, 2004. ISBN: 0760320594.

[147] William S. Lind, *Understadning Fourth Generation War* , 2001, page 3

форма и на неа може да се гледа како на негација на човековиот род и човечката цивилизација. Ова подеднакво може да се однесува на загубите кои произлегуваат од директните судири на конвенционалните сили, но исто така и на големите страдања и жртви на невиното население, особено во нападнатата држава.[148]

Крајна цел на војната е всушност потчинување на политичката волја на противникот, односно негово принудување да ги исполни поставените услови на победничката страна во судирот. Или како што нагласува Клаузевиц „ двата вида на војни можат да се поделат на оние чија што цел е да се совлада непријателот, без оглед на тоа дали сме насочени кон негово целосно уништување, политичко совладување или едноставно негово принудување да склучи мир под наши услови и оние војни чија што цел е едноставно да се изведе некакво освојување во границите на неговата држава, со цел трајно да се задржи освоената земја или да се земе предвид како објект за размена при склучување на мирот.“[149] И во двата случаи крајна цел на војната е остварување на пораз врз конвенционалните државни сили и доведување на непријателот во состојба во која нема да биде способоен да пружа понатамошен отпор. Кога станува збор за ефектите на војната „овде лесно можат да се разликуваат три нешта: ефект врз иструментот, односно врз генералите и нивните армии; ефект врз државите што имаат свој интерес во војната; и конкретниот резултат на овие ефекти што се манифестираат во понатамошниот тек на кампањата“.[150]

На почеток од војната, во судирот помеѓу конвенционалните сили, целта на посилната страна во судирот е со наметнување на директен вооружен судир, со изведување на стратегиски операции и кампањи да му нанесе неподносливи загуби на противникот, да ги уништи неговите сили и изврши разоружување на неговите вооружени ефективи... “[151]

Но, во реалноста се случува нешто друго. Дури и откога ќе се уништат вооружените (вооружените) сили на противникот, сепак не можеме да сметаме дека сме ја покориле

---

[148] http://www.anthroserbia.org/Content/PDF/Articles/81bee3954510431388141a30ac51012c.pdf датум на пристапува 15.11.2013

[149] Карл.Ф.Клаузевиц „*За војната*“ превод на македонски Магор Скопје 2009, стр.16

[150] Исто, ст. 297

[151] Col.John B. Alexander ( U.S. Army) „*Vinning the war*”, Advanced Weaponss, Strategies, and concept for the post -9/11 Word, St, Martin Press,2003, p.g.16, „ Гром удри на Арапскиот Полуостров, а како предвесник на „Пустинската луња“ (Desert Storm). На сцената лежеа насекаде расфлени остатоците од противничките елитни сили, облеани со крвта на одмаздата. Американските сили извојуваа блескава победа врз навидум непобедливата, релативно софистицираната и искусна Ирачка армија. Леснотијата и брзината со која Ирак беше поразен ги изненади сите набљудувачи. Земја која во опремувањето на војската во целост се потпираше на поренешниот Советскиот Сојуз не можеше да издржи под налетот на технолошките и високо опремените и надмоќните сили на Западните сојузници“.

и „волјата за отпор“ кај противникот. Така всушност претходно поставената реална цел за уништување на инструментот на вооружената моќ на противникот, кој што е претставен преку неговите вооружени сили, станува апстрактна цел. Ова од причина што земјата може да биде освоена, но не и покорена, а разоружувањето на противникот како нужен предуслов за мир ретко се постигнува во реалноста.

Поради трошењето на ресурсите на завојуваните страни, со право се поставува прашањето како да се влијае на состојбата со која ќе се зголемуваат трошоците за водење на војната на противникот, односно како да се зголеми цената на успехот која што тој треба да ја плати. За да се постигне ова, на инфериорната страна ѝ стојат на располагање две можности: пружање на отпор и тоа пред сè како вооружен отпор со неподносливи загуби, или продолжување со отпорот во постконфликтниот период, кој за доминантниот противник ќе значи претрпување на неподсносливи загуби и трошење на неговите ресурси што, на крајот ќе доведе до негово откажување од поставени цели во војната.

Што се однесува до посилната страна во војната, таа може да ги намали трошоците на војувањето на само еден единствен начин и тоа: со скратување на времето на ангажирање во вооружениот судир, т.е. со достигнување на поставената почетна цел на војната, во што што е можно покус временски период. Во однос на оваа цел, од пресудно значење е уште и потребното време за подготовки, како и трошоците на ангажираните сили од почетокот па сè до крајот на вооружениот судир. Притоа, треба да се има предвид и тоа дека современото војување ги става на проба највисоките технолошки стандарди, со користење на современите вооружени системи чија цена најчесто можат да ја платат само богатите и моќни противници, учесници во судирот.

Заговорниците на четвртата генерација на војни, во однос на физичката димензија на војување се определуваат за примена на оние форми и методи на војување кои би требало да им овозможат да бидат ставени под удар конвенционалните сили на државната војска на посупериорната окупациска сила. Притоа, се користат веќе познатите стратегии на терор и закани, тактиките на асиметричното војување, конфликт со низок интензитет, и сето тоа во подолг временски период. Уште позначајна димензија на овој настап е тоа што во овој наметнат судир покрај неподносливите загуби, истовремено се влијае и на политичката волја на супериорните конвенционални вооружени сили на противникот. На крајот, физичкото повлекување на конвенционалната и посупериорната страна од судирот, всушност го обележува и крајот на судирот и признавање на поразот во војната.

Во однос на човечките загуби, војните од четвртата генерација, по обемот т.е. бројот на загинатите и повредени лица (пред сè поради долгорочноста на владеењето на теороротот и последиците од насилствата) ни најмалку не се разликуваат од претходните генерации на војни. Ова подеднакво се однесува на степенот на крвопролевањето кај населението, како и страдањата кај припадниците на окупациските сили.

Бројот на загинатите и ранети војници во НАТО воената интервенција врз Ирак, на крајот од 2011 година на страна на Армијата на САД ја надмина бројката од 5.000 убиени и повеќе од 27.000 ранети војници.[152] Овдека е поразителен и фактот дека најголем дел од војниците настрадале како последица на експлозии од прирачни експлозивни полнења или од експлозии на бомбаши-самоубијци. Само мал дел (околу 7%) од загубите се последица на заседи на конвои и директни вооружени акции, на чистење на теренот во противгерилски акции и особено во противбунтовнички операции.

Во современите војни, покрај физичката димензија на војувањето, најголема разлика се пројавува во однос на *психолошката димензија на војувањето*. Ова особено ако се има предвид развиената комуникациска и информациска мрежа и технологии, без кои всушност ниедна позначајна веона операција или поголема воена кампања не може да смета на потполн успех. „Дали притоа можеме да зборуваме за употреба или злоупотреба на медиумите, информациите и психологијата на манипулирање со луѓето, во делот на нивните ставови и градење на односот кон војната, ова претставува пред сè етичко прашање кое најчесто, во воени услови и ретко се поставува како такво“.[153]

Доколку сакаме да извршиме анализа на психолошките аспекти и тоа пред сè на последиците од војувањето со кои се соочуваме во четвртата генерација на војни, тогаш, на овој проблем мораме да му пристапиме повеќедимензионално. Прво, во однос на психолошките предности, се чини дека окупациската сила поседува високо морално и психолошко ниво, пред и во текот на воената интервенција или кампања, пред сè поради високото ниво на информираност на трупите, подготвеноста за борбено ангажирање и убеденоста за исправноста на целите на војувањето. За разлика од нив, нивните опонентите би требало да бидат затекнати во поинфериона позиција, свесни

[152] http://www.ask.com/web?q=iraqivictims&qsrc=2871&o=101699&l=dis, датум на пристапување,03.06.2012

[153] М. Чабаркапа, Zbornik radova Filozofskog fakulteta u Prištini „ *Uloga medijske i psihološke propagande u savremenom ratu sa posebnim osvrtom na oružane sukobe u bivšoj Jugoslaviji.* "2008,стр. 7

за тоа дека нивната земја претставува објект на напад или инвазија и дека настапува период на страдања на нарадот и нанесување на неподносливи загуби со неизбежни рушења на инфраструктурата во земјата.

Во понатамошниот тек од операциите т.е. во услови на окупација и продолжено присуство на вооружените сили, состојбата се менува во корист на опонентите на окупациските т.е. инвазионите сили. Притоа се користи немоќта на окупациските сили за придобивање на населението и истото се повикува на зачувување на изворните национални, културни, историски, традиционални и други вредности кои се нарушени од страна на окупациските сили, и сето тоа во функција на јакнење на отпорот, на вооруженото и невооруженото спротивставување. Искуствата покажуваат дека колку што е подолго военото присуство на окупациските сили во земјата, дотолку повеќе е изразена и немоќта за пасивизирање на просторот и „победоносно“ и достоинвено повлекување на вооружените сили од судирот т.е. излегување од војната.

*Моралната димензија на војувањето*[154] во четвртата генерација на војни најдобро можеме да ја разбереме преку истакнување на разликата во пристапот во постигнувањето на целосен успех на нивните протагонисти.

Клучот на победата и успешноста во ангажирањето на доминантната воена сила лежи во тоа да се убеди локалното население за исправноста на целите кои се постигнати со превземниот акт на воена интервенција и истовремено да се постигне состојба на идентификација и придобивање на населението пред сѐ на локално ниво, во однос на поставените цели, да се искористат стекнатите придобивки и предности кои се нудат на теренот итн[155]. Протагонистите пак на четвртата генерација на војни ќе настапат со интензивна информатичка и психолошка војна која треба да влијае на доминантниот конвенционален противник.Ова е со цел да се убедат вооружените сили и владини преставници да ги повлечат силите од бојното поле.Нивното влијание би се состоело во повеќе многузначни пораки, а нивната суштина би била во следното:[156]

- нашата кауза е праведна и не претставува закана за вас;
- нема тука ништо што е толку вредно за вашиот напор и жртвување;

[154] „Моралот претставува една од најважните подрачја на војувањето, од едноставна причина што тој влијае на духот со кој се овозможува постоењето на војната како појава“. К.Ф.Клаузевиц „*За војната*“ превод на македонски Магор Скопје 2009, стр.193

[155] Како локални цели би можеле да се земат, на пример: разбирањето на локалната култура, интеграцијата со локалното население, препознавање и задоволувањето на основните животни потреби и други потреби на населението, рестриктивен пристап во примената на воена сила ит.н.

[156] Col.John B. Alexander ( U.S. Army) „*Vinning the war*“, Advanced Weaponss, Strategies, and concept for the post -9/11 Word, St, Martin Press,2003, p.g.3

- вашите војници стануваат сè побрутални во настапот, а вашата тактика е крајно неефективна;
- ако се задржите на овој простор, ќе бидете осудени на крварење до смрт, и тоа во многу долг временски период;
- **па зошто тогаш да не нè оставите и не си заминете веднаш**?

Ова нè доведува и до долната граница на извојувањето на победа на морално ниво: „вашиот збор и вашата акција мораат да имаат вредност".

Кога станува збор за *стратегиската димензија* на војните од четвртата генерација, кај доминантните конвенционални противници таа има за цел да го промени начинот на размислувањето на креаторите на политичкото и военото одлучување, и тоа на најдиректен начин. Но оваа промена не може да се постигне на традиционален начин т.е. преку постигнувањето на целите од третата генерација на војни и особено не во однос на делот на капацитетите и можноста за регенерација на силите.[157] Ниту епиката на одлучувачките битки од Наполеоновата ера, па и широките опфатни маневри на високо подвижните сили на 20- тиот век, не се релевантни за новиот начин на војување. Од друга страна пак, кај протагонистите од четвртата генерација на војни многу порелевантен е начинот на кој одредени пораки се испраќаат кон креаторите на политиката, како и оние кои би можеле да имаат влијание на истите. Иако овие пораки се насочени кон одредени целни групи, секоја од пораките е уредена на начин со кој тие треба да ја постигнат основната цел на војувањето т.е. да предизвикаат промена на политичката позиција на непријателост во однос на дефинирањето на условите на судирот, и сето тоа во кореалиција со националните интереси. Состојбите со искуствата од завршената војна во Ирак и војната која сè уште трае во Авганистан ги покажуваат наведените одлики. Во секоја од нив бунтовниците испраќаа една порака кон своите симпатизери, друга за неопределениот дел од населението а трета кон донесувачите на политичките одлуки.

Во однос на *политичките аспекти* на војувањето, доминантните вооружени сили поаѓаат од ставот дека „ меѓународната агресија нема за цел да го уништи политичкиот живот како таков и да ја сведе поразената држава, така да се каже на природна состојба, и дека овие сили имаат повеќе за цел, од позиција на моќ и идеологија, да го заменат постоечкиот политички ред со нивниот сопствен ред"[158]. Заговорниците пак, на водење

---

[157] Thomas X. Hammes, *Insurgency: Modern Warfare Evolves into a Fourth Generation*, **Institute for National Strategic Studies National Defense University** No. **214** January 2005.p.g 2

[158] Дејвид. Родин „*Војна и самоодбрана*", преведено од англиски Магор Скопје, 2009, стр. 156

на војни од четвртата генерација во пласирањето на сопствените политички цели најчесто се користат со интернационални, транснационални и субнационални мрежи. На располагање им е широк дијапазон на интернационални посредници: ОН, НАТО, Светската банка, ОПЕК и многубројни други организации. Секоја од овие организации има различни функции во меѓународните односи, па поради тоа истите се користат за испраќање на пораки, кои се различни по својот карактер и содржини. И покрај тоа што, од една страна овие организации не се во состојба радикално да влијаат врз промените на ставот кај националните лидери, истите сепак, на некој начин можат да се употребат да ја успорат реакцијата или да го парализираат меѓународниот одговор.

Примарни цели на пораките од четвртата генерација на војни се упатени кон политичките институции и лидерите на земјите кои се директно вклучни во војната. На пример, многу добро е познато дека доколку дојде до намалувањето на финансиските средства кои се издвојуваат за вооружени цели, а кои ги одобрува Конгресот на САД, тоа всушност ќе значи не само запирање на вооружените акции на силите на САД во одреден регион, туку исто така и дека САД ќе мораат со голема безбедност, на подолг рок да се откажат од целосната поддршка на нивните коалициони партнери.[159] Политиката на сојузништва, интересите и позициите на страните во судирот, како што ни покажува всушност и целата историја на војувањето се менуваат пред се, и во зависност од политичките, економските, социјалните и вооружените карактеристики и поставените цели во војните.

### *3.4.3. Модели на војување*

Победата во борбата против протагонистите од четвртата генерација на војни, пред сè се должи во изборот на начин и модели на спротивставување со кои се принудуваат противниците да отстапат од почетните намери и цели, сè додека „плимата и осеката" на промените не ги принуди на распуштање или го сведе нивното ангажирање на такво ниско ниво, при што нивните акции ќе претставуваат инциденти, кои според влијанието, во ништо нема да се разликуваат од состојбата на нормалнен живот.[160]

---

[159] Thomas X. Hammes, Insurgency: Modern Warfare Evolves into a Fourth Generation, Institute for National Strategic Studies National Defense University No. 214 January 2005, p.g.3

[160] Dr. Chet Richards J. Addams & Partners, Inc. *Evolution of Modern Conflict,* Fourth GenerationWarfare,Excerpt From:*Dear Mr. & Ms. 1RP: Welcome to the 21st Century, p.g.6*

Во водењето на четвртата генерација на војни, во основа постојат два основни пристапа или модели на војување. Првиот би можеле пошироко да го наречеме и како „метод на деескалација (попуштање)," додека вториот е „метод на ескалација" (засилување, проширување).

Во еволуцијата на војните од четвртата генерација се споменуваат неколку модели на војување, како што се: *„Хама" моделот, моделот на „Давид и Голијат", потоа „Помалку а повеќе", „Војна за зачувување на непријателската држава", „Враќање на довербата или воспоставување на институциите на нападнатата држава" и други модели.*

*„Хама модел"* е уште познат и како како модел со највисоко ниво на „ескалација" Овој модел на војување се одликува со примена на на груб и неконтолиран настап на конвенционални сили во судир со противниците од четвртата генерација на војни (претставени во бунтовници, герилски сили, терористи и други „неконвеционални противници".[161]

„Хама" моделот не е многу популарен и како таков многу ретко применлив, пред сè и поради ризикот од соочувањето и осудата на овој пристап од страна на домашната и меѓународната јавност.

Истовремено, потребно е да се нагласи дека е многу лесно, а понекогаш може да биде и фатално да се избере курсот кој лежи помеѓу „Хама" моделот и моделот на деескалација. Овој курс води кон неизбежен пораз на конвенционалните сили, пред сè поради моќта на послабиот противник.

Историчарот Мартин В. Кревелд ја споредува ваквата состојба и настапот на конвенционалните сили и нивата уништувачка моќ со состојбата на пример на возрасен човек кој продолжува со силно тепање и претепување на дете на јавно место. „Гледајќи ја состојбата со претепувањето на детето, секој набљудувач отстрана ќе покаже

---

[161] Овој модел се поврзува со бескомпромисниот и брутален настап на сириската војска врз градот Хама, во Сирија, во 1982 година, во нападот и пресметките со недржавниот ентитет на „Муслиманското братство". Ефектот беше застрашувачки со околу 20 000 загинати и многу повредени и потполно уништен град, при што бунтот е целосно загушен. Денеска сме сведоци на граѓанската војна во Сирија, во која синот-престолонаследник на поранешниот диктатор, со примена на истиот модел настојува да го загуши бунтовнничкото движење во оваа земја. Иако позиционирањето на бунтовничките сили се поврзува со ангажирањата на „Муслиманското братство" и настап на ограноците на терористичката „Ал Каеда" во оваа земја, сепак, потребно е да се знае дека примената на овој модел (во услови кога бунтовниците ја контролраат повеќе од 50% државната територија), сигурно претставува широка провокација и воедно осуда на светското јавно мислење кое може да се заклучи дека никогаш не го поддржувало актуелниот државен режим. За пошироко запознавање со овој модел на војување види во книгата Ashes of Hama: „The Perilous History of Syria's Muslim Brotherhood", od Rafaele Lefevre, Published October 1st 2013 by Oxford University Press Publication

симпатии кон детето. Наскоро се интервенира од надвор и притоа, возразниот ќе биде приведен. Недоразбирањето е дотолку поголемо што акцијата на возрасниот е оценета како криминална".[162]

Примена на моделот *„Давид и Голијат"* претставува контролирана синтагма на промена или за брза трансформацијата која треба да ја направат конвенционалните сили („Голијат") во судир со инфериорниот противник („Давид"). Во основа, укажува на потребата од тоа дека моќните конвенционални сили треба да се откажат од грубата манифестација која е содржана во овој пристап. Истовремено се препорачува единствената опција која е прифатлива за инвазионите сили, т.е. после брзиот и тотален пораз на противникот, да се примени моделот на „деескалација". Тие ова треба да го прават на тактичко, но истовремено и на оперативно и стратегиско ниво.

Моделот *„Помалку е повеќе"* е препорачлив модел на однесување кој што треба да го применуваат окупациските сили, особено во услови на подолготраен судор со противникот. Што се однесува до настапот на конвенционалните сили, доколку се принудени на воено ангажирање, нивните акици мораат да бидат што пократкотрајни и поефикасни. Тоа воедно и значи дека уништувачката моќ на овие сили мора да ги постигне зададените и посакувани тактички и оперативни цели во што покус временски период и со што е можно помалку загуби на двете страни од судирот.

Во однос на моделот *„Како да се сочува непријателската држава"*, преку примената на овој модел се укажува на потребата за тоа дека веднаш по извршената инвазија и окупација на нападната земја, и во услови кога постојат податни и реални можности да се уништи покрај воената и веоно-техничка инфраструктура на држава, конвенционалните сили се затекнуваат во „замка" со уништување на севкупната институционална и економска инфраструктура на земјата. Доколку се постигне состојба на целосно „уништена држава", ваквата состојба може да претставува плодно тло за ангажирање на протагонистите од четвртата генерација на војни.

Прашањето на зачувување на основите на поразената држава добија особено на значење во однос на воспоставувањето на новата економска инфраструктура, која е неопходна за норамализирањето на животот во општеството. Со ваквиот пристап се

---

[162] Конверзација помеѓу Martin van Creveld и William S. Lind, во мај 2004, Bergen, Norway, стр 3

гради и довербата кон намерите и посакуваните цели на окупаторската т.е. инвазионата сила.

Последниот модел „*Враќање на довербата или воспоставување на институциите на нападнатата држава*", е од особена важност кога се работи за нужната потреба од повторна изградба на институциите на поразената држава. И уште поважно од ова е да се поврати довербата и воспостави однос на соработка помеѓу новоформираните институции и јавноста т.е. со локалното население.

За да се постигне тоа потребно е од страна на окупациската сила, најпрво, повторно да се воспостават овие институции. Доколку тие не успеат во оваа намера, а откако тие ќе заминат (а сепак ќе заминат) останува ризикот стекнатите придобивки од војната да бидат засекогаш загубени. Ова воедно ќе значи враќање на стариот режим, т.е. враќање на власта на претходно срушените институции на поразените политички противници.

Окупациската сила мора да направи измени во стратегискиот пристап во однос на веќе познатата примена на сили од втората и третата генерација на војни чии последици се во потполно уништување, рушење и дисолуција на просторот на нападнатата држава. Наместо тоа, потребано е окупациските сили од стратегиска офанзива да преминат во стратегиска дефанзива, во комбинација со моќно присуство на конвенционалните сили и другите сили на просторот при што, овие сили треба да бидат употребени исклучиво при справување со центрите на отпорот. Притоа, особено во однос на примената на сила, окупациските сили мораат да бидат крајно одмерени и контролирани, со цел да се намалат загубите и истовремено да се влијае на градење на доверба кај населението во однос нивното понатамошно присуство на окупираниот простор.

### 3.5. Петта генерација на војување

Појавата на новата т.н. „петта генерација на војни"се поврзува со новите можности кои им се нудат на нековенционалните противници, со способност за децентрализација надвор од границите на една група од мобилните структури и со користење на новиот развој и координација и нови методологии на настап. Како основа за овој настап служат: отвореноста во користење на изворите за војување и системските прекини во настапот ( на пример, саботажа која оди подалеку од едноставно уништување на физичката инфраструктура) и појавата на виртуелни држави во кои, за разлика од герилските движења од минатото, многубројни протагонисти од четвртата генерација

на војни денес пронашле начин да ги интегрираат своите активности со „глобалниот организиран криминал".[163] Поголем број на герилски движења или терористи своите акции не ги насочуваат повеќе кон преземање и контролата на владеењето со државата туку оваа воена / економска интеграција создава доблесна повратна јамка, која им овозможува на групите да добијат поголема степен на независност и финансиско богатство.[164]

Во врска со потребата за дефинирање на петтата генерација на војување[165] би требало да ја разбереме како „војна во која се користат сите средства со кои се располага и тоа средства на вооружените сили и невооружено спротивставување, средства кои вклучуваат воена моќ и средства кои не се поврзани со пројавување на воена моќ, средства кои вклучуваат загуби и средства кои не се поврзани со загуби, се со цел да се принуди непријателот да се однесува согласно со поставените интереси. Ова ја вклучува појавата на супермоќни индивидуи и групи на кои им е достапно современото знаење, технолоогија и средства за изведување на асиметрични напади и за остварување на нивните поединечни интереси и интереси на групите".

Ваквите организирани криминални групи денес се во состојба да извршат поединечни или серија на напади со употреба на оружје за масовно уништување. Еден таков настап се поврзува на пример со нападот со хемискиот агенс „антракс" на САД во 2001 година и нападот со отровниот гас „рицин" во 2004 година. Двата вида на напади бараа специјализирани знаења, вклучувајќи го тука и нападот на федералната влада на САД на нејзините служби и објекти, кои резултираа со пореметување на работата на владата, и при тоа предизвикувајќи широко распространет страв во јавноста. Сè до денес, не постои индивидуа или група која ја презела одговорноста за кој било од овие напади, и ниту еден од овие напади во потполност не е разрешен.

Компјутерските хакери денес се во состојба да извршат упад во работата на владините служби или корпорации во глобални рамки, со напади на интернет- мрежата, со сопствени компјутерски програми со кои се пореметува нивната работа, што, од друга страна може да биде само претходница на изразеното влијание на супер-моќните индивидуи и групи. Со ова тие всушност ја демонстрираат способноста за самостојно

---

[163] Thomas. X. Hammes *Fourth Generation Warfare Evolves Fifth Emerges*, Military Review May-June 2007, p.g. 20

[164] http://globalguerrillas.typepad.com/globalguerrillas/2006/10/the_changing_fa.html, датум на пристапување,17.02.2012

[165] http://confusionism.wordpress.com/2010/10/17/fifth-generation-warfare-features/, датум на пристапување,17.02.2012

преземање и водење на кампањи, а кои всушност претставуваат потврда во градењето на основната на новата петта генерација на војување.

Потенцијалната моќ на петата генерација на војување беше исто така демонстрирана во бомбашките напади во Мадрид во 2004 година. Во оваа прилика, серија на масовни бомбашки напади на транспортната инфраструктура која ја предводеа мрежно поврзани терористички групи, во еден единствен ден, и тоа во екот на националните избори, резултираа со вонредна состојба во владата во Шпанија, што влијаеше на моменталното повлекување на шпанските вооружени сили кои беа ангажирани во воената кампања против бунтовниците во Ирак.

Написите на Мустафа Сетмариан Насар[166], еден од најпознатите теоретичари на исламскиот Џихад, ни ги дава не само основните претпоставки врз кои се засновува петтата генерација војни[167] (војна без ограничување), туку ја дава и еволуцијата на „Ал Каеда" како една од најозлогласените предводници и непријатели на САД и Западниот свет. За да се разберат основите на неговиот пристап во однос на еволуцијата на војувањето потребно е да се земе предвид неговиот став за перспективата на водењето на т.н. „тотална војна". Еден од основните пристапи за разбирање на овој вид војна, а кои би можеле да го примениме е да ја доведеме т.н. „војна на теророт" во корелација со еволуцијата на војувањето во современи услови. Всушност, овој препознатлив пристап го објаснува и развојот на модерното војување во 21 век, во зависност од политичките, економските, социјалните и технолошките промени во општеството.

Како заклучок можеме да кажеме дека е нужно следење на војната како општествена појава, во сите нејзини пројавни форми и имплицитни застранувања. Особено е значајно, низ еволуцијата на војувањето да се стави акцент на развојот и употребата на воената сила. Ова од причина што вооружените сили како нејзиниот најактивен и најекспоненцијален израз и како носители на борбената моќ, често прибегнуваат кон примена на сите средства кои им стојат на располагање, а со кои ќе постигнат целосен и брз пораз со противниците на бојното поле. Оваа уништувачка моќ на оружјето, за жал, како што покажува и историјата на војувањето станува сè позастрашувачка, не само во однос на ефектите на бојното поле, туку и со крајните ефекти по средината, при што се доведува во прашање опстанокот на човековата

---

[166] htp://www,thestategistorg/archives/2006/6the_architect_o.html, стр,2, датум на пристапување,03.07.2012

[167] http://www.military.com/NewContent/0,13190,Lind_020304,00.html, датум на пристапување,03.07.2012

заедница во целина. Уништувачката моќ на употербата на оружјето, како што е прикажано на дијаграмот на „генерации на војни" ја доживува својата кулуминација со пронаоѓањето и употребата на нуклеарното оружје Но, употребата на нуклеарното оружје, веднаш се среќава со сопствените противречности. Првата од нив е содржана во свеста на националните заедници и светот воопшто за разорната моќ на нуклеарното оружје, а второто во присутните ограничувања во употребата, како и осудата од страна на светската јавност. Истовремено, тука е и свеста за „возвратниот удар" на противниците кои, исто така, поседуваат нуклеарно оружје како средства за закана, но и реален одговор во случај на напад врз нивната територија.

Излегувањето од рамките на доктрините за употреба на нуклеарното оружје нѐ води повторно во третата генерација на војни чија кулминација се достигнува кон крајот на Втората светска војна и во војните во Заливот во деведесеттите години на минатиот век. Но еднаш откако доминантната конвенционална сила ќе ја однесе војничката победа врз противникот и неговите конвенционални сили, тие во периодот на окупација на просторот на поразената држава, се соочуваат со т.н. неконвенционални противници кои применуваат сопствени модели и техники на спротивставување и отпор. Ваквата продлабочена анализа на историјата на извојуваните победи и порази во војните на моќните државни конвенционални војски не води кон т.н. четврта генерација на војни чија основана карактеристика е содржана во изменетиот настап на нејзините протагонисти, поставувајќи некои нови димензии (политички, психолошки, морални, стратегиски др.) на војувањето. И на крајот, се случува состојба кога моќните конвенционални сили излегуваат т.е. се повлекуваат од окупираното подрачје и земјата како поразена страна.

Појавата на новата т.н. „петта генерација на војни" се поврзува со новите можности кои им се стојат на располагање на нековенционалните противници, со способност за децентрализација и користење на нови методологии и техники на настап. Оваа генерација на војни заговара „тотален судир" на глобално ниво со систематско уништување, пред сѐ на физичката и на економската инфраструктура на „другата страна".

Од причина што како предмет на трудот е здруженото војување и примената на воената сила како понудена можност за решавање на дел од заканите со кои се соочува современиот свет, во продолжение на трудот ќе дадеме осврт на здруженото војување и здружената доктрина и карактеристиките на борбените системи во здруженото војување.

# 4. ЗДРУЖЕНО ВОЈУВАЊЕ, ЗДРУЖЕНА ДОКТРИНА И КАРАКТЕРИСТИКИ НА БОРБЕНИТЕ СИСТЕМИ ВО СОВРЕМЕНОТО ВОЈУВАЊЕ

## 4.1. Основи на здружено војување

За да одговориме на прашањето за основите на здруженото војување потребно е да ги разгледаме основните функции на вооружените сили, понатаму филозофијата и праксата т.е. теоретските и доктринарните аспекти на употреба на вооружените сили во решавање на дел од противречности со кои се соочува денес светот, на национално, регионално и глобално ниво.

Основна функција на постоењето на вооружените сили е да ги одвратат силите на противникот, да воспоставаат рамнотежа на сила и, во крен случај да водат војни во поддршка на политиката на земјата. Во таа смисла, вооружените сили се инструмент кој е дизајниран со користење на огнена моќ и обезбедување на физичко присуство на просторот или пошироко на подрачјето на операции, да ги постигне целите кои политиката не може да ги реализира со други средства.[168]

Здруженото војување претставува израз на воената доктрина во која приоритет се дава на интеграцијата на командите, единиците, службите, специјалностите и останатите структури на вооружените сили, кои се раководени од единствена здружена команда. Здруженото војување претставува комплементарна форма на воена моќ која настанува како производ на синергијата и ефикасноста во ангажирањето на вооружените сили во здружените операции.

Здружени операции претставуваат општ термин со кој се опишуваат вооружени операции кои ги изведуваат здружени сили. Здружени сили се сили кои се формирани од два или повеќе вида, родови и специјалности, сили кои изведуваат операции под единствена здружена команда.[169] Синергијата која што настанува како резултат на интеграцијата и синхронизацијата на можностите на различните видови родови и специјалности под единствена здружена команда, ги максимизира ефективноста во настапот и ефикасноста во постигнување на крајните цели на вооружените сили. Здружените операции сами по себе не подразбираат задолжително ангажирање на сите

---

[168] JP 3-0, Joint Operations, (2011), p.g. I - 1
[169] Исто, p.g.. I - 6

сили кои ни стојат на располагање. Здружените команди врз основа на извршените проценки за ангажирање на силите во претстојната кампања, операција или тактичка акција имаат неподелено право и воедно обврска да формираат сили за ангажирање за секоја мисија посебно, имајќи ги притоа предвид специфичностите на задачите кои произлегуваат од доверената мисија.

Доктрината за ангажирање на силите во здржените операции се засновува врз филозофијата, теоријата и практичните искуства од класичното (конвенционалното) војување. Нејзините основи базираат на препознавањето на основните принципи на војната и на поставените основи на здруженото војување. Здружената доктрина произлегува пред сè од единствениот- здружен пристап и изграденото единството во сфаќањето на основните доктирнарни постулати, на прифатениот единствен оперативен концепт и дизајн на ангажирање на силите и интеграцијата и синхронизацијата на вооружените операции по време, место и цел.

Во зависност од природата на операциите, во процесот на генерирање на силите т.е. определување на способности и капацитети на силите кои се ангажираат во претстојната операција, се врши селекција т.е. избор на потребните сили од составот на трите основни видови: копнена војска, морнарица и воздухопловни сили. Покрај овие сили на командантот на здружените сили (КЗС-и) за ангажирање во претстојната операција, во зависност од доверената мисија му стојат на располагање за ангажирање широк спектар на специјални сили (препадни, диверзантски, марински, воено-полициски, ренџери и други сили), а со што всушност се обезбедува извршување на широк спектар на задачи, кои произлегуваат од доверената мисија.

За разлика од терминот ***здружени операции*** кој е фокусиран на интегрирани акции на вооружените сили, терминот ***соединети акции*** (eng. Unified Actions) има пошироко значење.[170] Соединетите акции претставуваат сеопфатен пристап кој што опфаќа синхронизација, координација и интеграција на вооружените операции со активностите со владини и невладини организации, со цел да се постигне единство во заложбите. Целта на соединетите акции е да достигнат ниво на единство во заложбите со надворешните партнери, како што тоа е прикажано на Шема 17.

[170] JP 3-0 (2011), Joint Operations, p.g. I - 8




Шема 17. Соединета акција

Ангажирањето на вооружените сили во здружените операции најчесто произлегува од политичките и вооружени цели поставени од највисоките национални власти на секоја од државите учеснички. Притоа, политичката состојба во државата, и меѓусебните врски и соработката помеѓу сојузниците и состојбата во меѓународното опкружување ќе имаат големо влијание на начинот на употреба на вооружените сили.

Вооружените лидери од земјите контрибутори во воените алијанси мораат да ги нагласат заедничките цели, како и да ја изразат подготвеноста кон заемна поддршка на силите на водечката земја-членка на воената алијанса. Притоа, мораат да се преминат и постојано да се совладуваат пречките кои се јавуваат како последица на јазичните и комуникациските различности, културниот диверзитет, историските анимозитети и различната обученост на мултинационалните партнери, а кои доколку не се води сметка можат да влијаат на појава на помали или поголеми недоразбирања во текот на подготовките за изведувањето на здружената операција и да ја усложнат интеграцијата и синхронизацијата на нивните активности за време на изведување на операцијата.

И покрај преземените задолженија со потпишувањето на пристапните договори при формирањето на здружените сили на националните контигенти-контрибутори, истите поради можните противречности со националните легислативи можат да делуваат ограничувачки и да ги комплицираат мултинационалните операции.

Одлуката за упатување и учество на националните контигенти во здружените операции од меѓународен карактер зависи пред сè, од проценката за начинот на постигнување на политичката цел и цената на евентуалната операција. Проценката мора да ги содржи следните елементи: ангажирани сили, очекувани загуби, можноста за одржување на силите, вкупната цена на чинење на ангажираните сили во операцијата, последици по меѓународните односи, начинот на реетаблирање на нападната држава и многу други прашања. Секако овие проценки мораат да се доведат во контекст на степенот на остварувањето на националните и државните интереси во потенцијалниот судир. Вооружените цели би требало својата конечна референца да ја имаат во пстигнување на победа во сите варијанти н ангажирање на силите. Во некои операции тоа може да биде уништување на противничката волја за понатамошно ангажирање, делумно или целосно уништување на противничката воена способност и постконфликтно градење на мирот или враќање на безбедноста на просторот на националната држава и пошироко, во регионот

## 4.2. Доктрина на здружено војување

### 4.2.1. Основи на здружената доктрина

Доктрина се дефинира како „основни принципи со кои се раководат вооружените сили во акциите за поддршка на целите“. Таа е авторитативна, но истовремено бара проценки во нејзината примена. „Основна цел на доктрината е да ги обезбеди здружените сили со рамка за раководење при изведување на операциите. Ова од причина што овие операции треба да бидат раководени, организирани, изведувани, одржувани и повторно обновени. Таа го опфаќа она што претставува трајно во најдобрата практика, истовремено инкорпорирајќи ги и современите согледувања, но и тоа како овие принципи ќе се применуваат денес и во непосредна иднина. Во однос на релевантноста, таа е динамична и подложена на постојани промени. Таа дава опис за тоа како се ангажираат вооружените сили на сојузот, но и не и за тоа зошто овие сили го прават тоа што го прават, што е всушност предмет на политиката.[171]

[171] AJP-01(D) Allied joint doctrina, 2010, Section I – Introducing Alliance Doctrine, p.g..1-1

Здружената доктрина се занимава со подготовка и водење, односно употреба на вооружените сили во целина или на здружени сили составени од најмалку два вида, повеќе родови и специјалности. Главна задача на здружената доктрина е да обезбеди единство во ангажирањето на здружените сили од различни видови, родови и специјалности, согласно единствениот план за употреба на вооружените сили на интегрираното боиште. Истата треба да биде во функција на поставените цели на здружените сили на воената алијанса и националните цели на секоја од земјите учеснички поединечно, додека крајната цел ја има во остварување на поставените воено-стратегиски, оперативни и тактички цели, содржани во мисијата за нивното ангажирање.

### 4.2.2. Основни задачи и цели на здружената доктрина

Здружената доктрина треба да ја определи оперативната и динамичната рамка за ангажирање и употреба на ВС и притоа да ги оствари следните задачи:

- Одредување на начинот на употреба на ВС, нивото на ангажирање на силите во војна и како да се извојува посакуваната победа, во сите варијанти на ангажирање на силите.
- Да се определи начинот на ангажирањето на ВС во мир, услови на криза и војна.
- Како да се оствари полесна и поквалитетна комуникација помеѓу вооружениот персонал ангажиран во командите и единиците на здружените сили.
- Воспоставување висок меѓусебен професионален однос и култура на однесување.
- Изработка на потребни планови и програми во делот на обуката на персоналот.
- Одредување на општиот правец во модернизацијата на вооружените сили.
- Определување на стандарди за развој, водење и школување на вооружениот персонал.
- Пружање помош на командантот при определување на соодветни препораки за акција и одговор на разни ситуации.

Основна цел на здружената воена доктрина е да им обезбеди на вооружените сили на Алијансата рамка и да ги даде основните насоки во изведување на операциите. Таа го опфаќа она што претставува трајна и најдобра практика во подготовките и водење на војна со инкорпорирање на принципите на војување кои се користат денес и во блиска иднина. Таа е динамична категорија и е подложна на

постојана ревизија. Го опишува начинот како Алијансата треба да ги употреби вооружените сили, но не и да даде одговор на прашањето зошто и кога тие тоа го прават, што е секако предмет на политиката.[172]

Крајна цел на здружената доктрина е остварување на целосно уништување на противникот и тоа во што покус временски период, со уништување на неговата борбена моќ и способност, слабеење на неговиот морал и физичката кохезија и желба за пружање на понатамошен отпор.

Здружената доктрина има концептуален пристап и истата претставува одговор на ангажирањето на силите на противникот во целиот спектар на операции. Ангажирањето на здружените сили ќе зависи пред сè од доверената мисија и извршените проценки за влијанието на факторите на опкружувањето на бојното поле (мисија, непријател, сопствени сили, земјиште и цивили - МЕТТ С -mission, enemy, troops, terrain, time and civilians) и од подготвеноста и компатибилноста на трупите ангажирани во составот на здружените сили.

Како иструменти на моќ на здружените сили и примената на доктрината во ангажирањето на силите на Алијансата можат да се наведат: дипломатијата, економскиот иструмент, иструментот на воената сила и иструментот на цивилните можности.[173]

### 4.2.3. Основни принципи на воената доктрина и ниво на ангажирање

Разбирањето на основните принципи во изведување на заедничките и мултинационални операции е почетната точка во развојот на доктрината. Овие принципи не се апсолутни, и честопати истите привлекуваат големо внимание во однос на нивната важност и значењето.

Во конкрстното опкружување на бојното поле примената на принципите т.е. придавање на поголема или помала важност на некој од принципите ќе зависи пред сè од усвоената доктрина за ангажирање на силите, карактерот на операцијата и од конкретните проценки на факторите на бојното поли ( (МЕЕТ С).

Како основни принципи во изведување на операциите, а кои можат да претставуваат вредносен параметар во однесувањето на здружените сили на Алијансата се: *определувањето на целите, единство на целта, одржување,*

---

[172] AJP-01(D) Allied joint doctrine, 2010, Section II – The Essential Principles of Alliance Doctrine p.g..1-2

[173] Види MCM 41/10 dated 20 July 2010 and NATO StratCom Policy PO(2009)0141.

*концентрација на сила, економија на напор, флексибилност, иницијатива, одржување на морал, изненадување, безбедност, едноставност, мултинационалност.*[174] Како што може да се забележи во однос на поставените принципи, покрај класичните принципи се воведуваат и оние со кои се изразува пред сè единственоста и флексибилноста во агажирањето на силите.

Со определувањето на нивото на ангажирањето на силите, всушност се остваруваат врските помеѓу поставените цели и ангажирањето на силите во операциите. Иако нема јасно поставени граници, сепак, заради подобро разбирање на овие односи и особено во однос на потребата за разјаснување на врските помеѓу стратегиските цели и тактичките ангажирања, тие се поделени во три нивоа и тоа на: стратегиско, оперативно и тактичко ниво на војни. Вооружените опрации од друга страна пак, можат многу полесно да бидат дефинирани како стратегиски, оперативни и тактички врз основа на нивниот придонес кон постигнување на стратешките, оперативните и тактички цели.

Нивото на команда, големината на единиците и компонентите на ангажираните сили, карактеристиките на оружјето и опремата и локацијата на силите претставувааат основни постулати кои се поврзуваат со одредено ниво на војување. Разузнавачките и комуникациските капацитети и системи кои претходно се сметаа како главни компоненти во постоечкиот стратегиски концепт, претставуваат основа во изведувањето на операции во воено ангажирање на силите.

Напредокот на технологијата, информациската поддршка и медиумското известување придонесоа за своевидна компресија во односите помеѓу нивото на ангажираните сили и поставените цели во војната. Нивоата на војување им помага на командантите во подготовките и особено во разбирањето на промените кои настапуваат во т.н. логичен тек на развивањето на операциите, алокација и употреба на ресурсите, доделување на задачи на силите и определувањето на нивото на командни надлежности. Сепак, во светот на револуционерна и неверојатна брза комуникација и можност за остварување на толку посакуваната единство и синергијата во вооружените ангажирања, често не е возможно да се воспостават границите помеѓу трите нивоа: *стратегиско, оперативно и тактичко ново во ангажирањето на силите,*

[174] AJP-01(D) Allied joint doctrine, 2010, Chapter 1, p.g.XI.

*Стратегиското ниво* на војување е ниво на воено ангажирање во кое нацијата како дел од заедицата на народи ја определува својата национална или мултидимензионална стратегија на безбедност со давање на јасни насоки за постигнување на стратегиските цели во војувањето.[175] Со ова стратегијата ги вклучува сите иструменти на националната моќ и, воедно на интегриран и целособразен начин се определува начинот и динамиката на ангажирање на сите расположиви сили во остварувањето на поставените стратетиски цели.




Шема 18. Однос помеѓу стратегијата и оперативната умешност[176]

На *оперативно ниво на војување* ( Шема 19) се определува начинот на употреба на вооружените сили во остварувањето на стратегиската цел преку определување на соодветна организација „оперативен дизајн, оперативен концепт, интеграција на силите, утврдување на начинот на спроведување на кампањи, големи операции и ангажирања.[177]

Во фокусот на ова ниво е оперативната вештина (или умешност) која всушност треба да даде одговор за тоа кога и каде ќе бидат ангажирани вооружените сили за да се изрази одлучувачко влијание врз диспозицијата на силите на непријателот, пред

[175] JP 3-0 Doctrine for joint operations,2010, p.g I -12
[176] Прилагодено од JP 3-0 (2010), Doctrine for joint operations, p.g. I - 13
[177] Исто p.g.1-13

борба и во однос на борбеното ангажирање на силите. Тоа подразбира утврдување на оперативниот распоред на силите и нивната посветеност или подготвеност за ангажирање во вооружени кампањи и големи операции, а со кои се постигнуваат оперативни и стратегиски цели. Без оперативната умешност, водењето на војна би претставувало едноставен збир на тактички ангажирања со „релативна“ пресметлива мерка на успех или неуспех.




Шема 19. Оперативно ниво на здружено војување

Оперативната умешност бара широка визија, способност за предвивување, како и ефикасна заедничка и мултидимензионална соработка. Оперативната умешност не се практикува само од страна на вооружените команданти, туку исто така и од нивните штабни офицери и нивните потчинети команданти. Здружената оперативна умешност особено се фокусира на примената на основните принципи, технички перформанси и остварување на синхронизација во ангажирањето на силите во воздухот, на копното и водените површини и во вселената.

Оперативната умешност бара од командантите да ги препознаат императивите за раководењето со силите и да одговорат на многубројни прашања, како што се на пример:

- Кои се неопходните вооружени, политички, економски, социјални и други услови во зоната за операции кои можат да го гарантираат остварувањето на посакуваната стратегиска цел?
- Кој е редоследот на активности кои би требало да бидат применети за да се постигне остварување на посакуваната цел ?
- Кој е најефикасниот начин на употреба на ресурсите со кои се гарантира успешноста во преземените ангажирања?
- Која е цената на ризикот во ангажирањето на вооружените сили?

Со *тактичкото ниво на војување* се определуваат постапките и начинот на ангажирање на тактичките единици во борба и бој. Тактичките операции се однесуваат на ангажирањата во борбата на поединци и најмали состави како што се групи на војници, екипажите и тимовите на борбените системи и единици во форамција на чета, баталјон до бригада. [178] Ангажманите вклучуваат широк спектар на активности помеѓу спротиставените сили во воздух, на површината на води и под вода и на копно. Бојот претставува множество на комбинирани и истовремено поврзани акции или ангажирања на силите. Во бојот можат да бидат вклучени и сили од повисоко ниво, како што се флоти, армиии, воздушни офанзивни или воздушно-десантни сили, со што може, во одредени услови, одлучно да се влијае на курсот и текот на војната.

### 4.2.4. Оперативен дизајн

Главната операција отпочнува со опертивен дизајн - како идеја која нè води во извршувањето (план, подготовки, извршување и проценки) на операцијата. Оперативниот дизајн, всушност, ја обезбедува концептуалната врска меѓу очекуваната цел, избраните постапки и начинот на реализацијата на мисијата, како и средствата кои се користат за остварување на мисијата. Елементите на оперативниот дизајн претставуваат средства кои му помагаат на командантот во визуелизација на операцијата и истовремено во определувањето на концептот и јасно изразување на неговата намера. Тие му овозможуваат на командантот да ја операционализира мисијата во однос на добиента задача и поставената цел. Влијанието на оперативниот

дизајн се намалува во пониските ешалони на командувањето. Всушност, она што на пример за командантот на копнените сили претставува дефинирана одлучувачка точка, за командантот на баталјонот ќе претставува конкретен објект или цел на теренот.

Елементи на оперативен дизајн се: *крајна цел и вооружени услови, центар на гравитација, одлучувачки точки и цели, линии на операцијата, кулуминациски точки и оперативен досег ( Шема 20), сменливи операции, приближување и одмор, симултани сперации и линерарни и нелинеарни операции и темпо.*




Шема 20. Оперативен досег како елемент на оперативниот дизајн

### 4.2.5. Основни концепти

Концептот на водење на операциите произлегува од замислата и намерите за ангажирање на силите на командантите на здружените сили. Овој концепт ги содржини сите елементи на опкружувањето: простор, време, непријател, сопствени сили и друго. Овие концепти, заедно со принципите на војната и основните постулати за ангажирање на силите во операциите на здружените сили и нивната примена ќе имааат

[178] JP 3-0 Doctrine for joint operations,2001, p.g. 1-3

одлучувачко влијание врз донесувањето на квалитетни проценки и одлуки за ангажирирање на силите во операцииите.

Како основни тактички концепти кои командантите на здружените сили мораат да ги земат во предвид се: *комбинирани родови, одлучувачко ангажирање узништување по делови, крила, маневар, меѓусебна поддршка, операција, помали ангажирања, реконституција, правила на ангажирање, поддршка од далечина, досег на поддршка и тактичка мобилност*[179]

Во доктрината на ангажирањето на силите се остава можност за проширување на содржината на елементите, особено на концептите на тактичко ниво, поради постојаните промени кои се случуваат во однос на новото вооружување, новите доктринарни решенија и општите промени кои настапуваат во опкружувањето na bojnoto pole.

Командантите користат низа *контролни мерки*, кои најчесто се графички контролни мерки ([ema 21) претставени и обележени на карти, олеати и други графички прикази, а кои всушност му овозможуваат на командантот непречено да го следи текот и динамиката на операцијата.

Како минимум графички контролни мерки во операциите на здружените сили би биле: *воздушни коридори и контролни точки, подрачје на операции и граници, длабинско блиско и заднинско подрачје на операциите, подрачје на ангажирање, подрачје на интерес, предна линија на сопствените трупи, линии на контакт, именувана зона на интерес, мерки за контрола на пречки, контролни точки, точки за контакт, критичні зони за сопствените сили, фазни линии, позиции на артилерија, мерки за координација на огнената поддршка, цели на огнената поддршка, патишта и комуникации, одлучувачки цели, поддрачја, реони и зони на собирање на силите.*

---

179 http://www.au.af.mil/au/awc/awcgate/opart/opart_nwc.pdf, датум на пристапување,03.12.2012




Шема 21. Графички контролни мерки претставени со информатичка и софтверска поддршка на воените операции

Именувањето  и бројот на контролните мерки зависи од типот на операцијата, вклученоста на видовите, родовите и специјалностите во изведувањето на операциите, планирањето на операцијата по фази и етапи на изведување, договорените-усвоените графички знаци и симболи кај здружените сили и општото окружување на бојното поле.За жал, содржините и карактерот на трудот не ни дозволуваат поширока елаборација на елементите на оперативниот дизајн, оперативните  концепти и графичките контролни мерки, што секако е предмет на оперативната и тактичката доктрина.

### *4.2.6.Видови  вооружени операции*

Здружените операции можат да се групираат во три групи кои заедно го сочинуваат целиот опсег  на вооружените операции (Шема  22.). Тие групи се:

- воено ангажирање, безбедносна соработка и одвраќање;
- операции за одговор на кризи и операции со ограничена употреба на сила и
- големи операции и кампањи.




Шема 22. Нивоа на вооружени операции[180]

а) Воено ангажирање, безбедносна соработка и одвраќање

Оваа група на здружени операции содржи активности на воено ангажирање и безбеносна соработка, а со кои се воспоставуваат и одржуваат потребните функционални врски и релации со другите земји-членки на воената коалиција, партнерските земји и цивилните власти на земјата-домаќин. Повеќето од овие активности се застапени за цело времетраење на конфликтот и најчесто излегуваат од областите и зоната на борбените операции и ги навестуваат операциите со ограничена употреба на сила или спроведување на операции на повисоко ниво или кампања.[181]

б) Операции за одговор на кризи и операции со ограничена употреба на сила

Ова се операции со помал размер и со ограничено времетраење како што се: справување со демонстрации, нереди и операции за воспоставување на мирот. Овие операции во зависност од условите можат да вклучуваат и изведување на борбени ангажирања. Командантите ги планираат овие операции засебно, истовремено или симултано во рамките на големите операции или кампањи.

[180] Прилагодено од Joint Publication 3-0 (2011), Joint Operations, p.g.. I - 5

в) Големи операции и кампањи

Овие операции се со поголемо времетраење, операции од голем размер, серија на поврзани опративни и тактички активности кои се препознатливи во операции од полн спектар или серии на битки, судири и удари.[182] Можат да бидат водени независно или можат да имаат улога на важна компонента во кампања од повисоко ниво. Кампања е серија на поврзани големи акции.[183] Со големите операции и кампањите можат да се остварат стратегиски и оперативни цели и истите се изведуваат во определен оперативен простор и во определено време.

### 4.2.7. Основни карактеристики на борбените системи во здруженото војување

Борбени системи на бојното поле претставуваат различни практични функции кои што му овозможуваат на командантот да ја претстави и да ја изгради борбената моќ на сопствената единица[184]. Со нивна примена, и во зависност од општите и посебните околности на бојното поле, нивото на единцата и карактерот на операциите, командантите ги интегрираат, синхронизираат и координираат борбените ефекти на единците.

Постојат осум борбени системи на бојното поле[185] и тоа:*командување и контрола, персонална поддршка, разузнувачки активности, маневар, огнена поддршка; противвоздушна одбрана, подвижност и утврдување и борбено-сервисна поддршка.*

Наведените борбените системи имаат различно влијание врз подготовките и изведувањето на операциите, пред сè и во зависност од нивото на единицата, типот и карактерот на операциите и од просторните и временските услови за реализација на мисијата.

Нивото на ангажираноста и типот на операцијата (офанзивна, дефанзивна, операција за одржување на мирот и др.) ќе влијае и на нивото на застапеноста на одредени елементи на оперативните системи, со нивните функции и содржини. Така, во офанзивните операции поголемо значење ќе им се даде на борбените системи на маневрот и огнената поддршка, додека во дефанзивните операции на подвижноста и утврдувањето, противвоздушната одбрана и др.

---

[181] JP3-0 Doctrine for joint operations,2001, p.g.. I - 5
[182] JP 3-0 (2011), Joint Operations, p.g.. I - 5
[183] Исто, p.g.. I - 5
[184] Слободан Цветковиќ „Општа тактика", ЦИНОМ, Скопје, 2000, , стр. 3-1

Кај пониските тактички состави (вод, чета и баталјон), поради малиот број на борбени функции, разбирливо, активностите и влијанието на борбените системи ќе бидат значително помали. За разлика од нив, кај повисоките тактички состави ( бригада и двизија) овој обем нема да биде само поголем туку ќе биде неопходно потребно и многу повисоко ниво на координаци и синхронизација на активностите.

Во однос на потребата за нагласување на важноста на оперативните системи во здруженото војување, во состојба на органиченост на содржината на трудот ќе ги обработам само некои од борбените системи и тоа: *командувањето и контролата; персоналната поддршка, разузнавањето, огнената поддршка и здружената логистичка поддршка.* Ова не значи дека со ова се истканува посебното место и значење на поедини системи во однос на останатите. Во текот на теоретските разгледувања на наброените борбени системи ќе бидат потенцирани и останатите системи кои не се опфатени во насловите. Истовремено нагласувам дека во обработката на карактеристиките на борбените системи во здруженото војување ќе бидат изнесени доктринарните решенија на НАТО Алијансата и Армијата на САД, како нејзина водечката членка. Секако ќе се нагласат и некои специфичности и решенија за системите кај некои други водечки вооружени сили во светот. Ова и од причина што доколку би се правеле компаративни студии за борбените системи помеѓу водечките сили, таквиот пристап би му дал поинакви цели на истражувањата, со ризик за значително зголемување на содржините на трудот.

### 4.2.7.1. Командување и контрола( К2) во здруженото војување.

Командувањето и контролата (К2, анг. C2 - Command and Control) е еден од најзначајните елементи на борбените системи на бојното поле и истиот претставува процес преку кој командантот ги планира, насочува, координира и контролира активностите на штабот и на потчинетите единици во текот на извршувањето на назначената мисија.[186]

---

[185] FM 7-15 The Motorized Infantry Battalion. 06 April 1992, стр. 3
[186] JP 6-0, Joint Communications System, Joint chiefs of staff, 20 March 2006, p.g.. 17

Командувањето и контролата содржат опрема, методи, техники, процедури и пеосналот кој им овозможува на командантите и нивните штабови успешно да раководат со доверените сили во извршувањето на назначената мисија.[187]

Ефикасното командување и контрола директно се поврзани со почитување и спроведување на пропишаните начела и процедури, што значи дека истата претставува практична фукција на сите нивоа на војување. Командувањето и контролата треба да овозможат: успешно планирање (одлучување, пренесување наредби, координација на огнената, борбената и борбено-сервисната поддршка), подготовка на единиците, подигањето и оддржувањето на посакуваното ниво на борбена готовност, со што ќе се гарантира успех во извршувањето на поставените задачи .

Командувањето е процес со кој командантот ја пренесува својата волја и намери врз неговите потчинети. Командувањето ги опфаќа овластувањето и одговорностите на командантот за ангажирање на неговите сили со кои ќе се овозможи извршување на мисијата.

Контролата е процес преку кој командантот, со помош на неговиот штаб, ги организира, насочува и координира активностите на силите кои му се доделени. За да го постигне тоа командантот и неговиот штаб користат стандардизирани процедури во однос на ангажирањето на расположливите опрема и комуникациско-информациските системи (КИС – ICM –Infomration Comunication Sistem). Заедно овие два процеси го сочинуваат системот на командување и контрола кој командантот, неговиот штаб и неговите потчинети го користат за планирање, насочување, координирање и контрола на операциите.

а) Елементи на системот за командување и контрола

Многу често командувањето и контролата (К2- C2- command and control) се сфаќа како одвоена и специјална функција со нејзини посебни методи и речник, опстојувајќи независно од другите функции. Всушност, К2 ги обединува сите останати функции во операцијата, синхронизирајќи ги истите во една поврзана целина.

[187] NATO Standardization Agency (2013). *AAP-6: NATO Glossary of Terms and Definitions of military significance for use in NATO.* p.g.. 2-C-9

Првиот елемент на К2 се **луѓето** –кои бараат информации, донесуваат одлуки, преземаат акција, комуницираат и соработуваат помеѓу себе заради остварување на заедничка цел.

Вториот елемент на системот К2 се **објекти, опрема, комуникации (врски) и процедури**, а кои се од суштинско значење за командантот во однос на процесот на планирање, насочување и контрола на операциите на силите ангажирани во изведување на назначената мисија. Меѓутоа, К2 е повеќе од систем кој се засновува на опрема. Висококвалитетната опрема и напредната технологија не гарантираат ефективно К2. Ефективното К2 започнува со добро обучен и квалификуван персонал, како и ефикасна лидерска филозофија и процедури.

б) Командна одговорност

**Командантот** има исклучиво право да командува со единицата и со сите единици кои му се придодадени за извршување на мисијата. Командантот е одговорен за: правилна работа на командата и на сите потчинети единици, за морално-психолошката состојба, безбедноста, борбената готовност, обученоста, правилната употреба на единиците и постигнување на крајните цели на мисијата.

Врз основа на неподелената одговорност, командантот ја насочува и ја контролира работата на командата и на единиците во подготовките за претстојната задача, донесува одлуки, поставува задачи и бара нивно доследно извршување без разлика на тешкотиите кои се јавуваат во текот на нивната реализација[188].

**Употреба на командувањето** во прв ред се однесува на процесот на планирање и одлучување. Времето и информациите кои се на располагање се главни фактори во овој процес. Командантот издава насоки, наредби и инструкции пред и за време на операциите.

Воспоставувањето на релации за поддршка меѓу компонентите на вооружените сили е од суштинско значење за извршување на поставените задачи. Релациите за поддршка можат да се воспостават меѓу сите функционални и услужни компоненти, а кои што произлегуваат, на пример од потребата за координација на операциите во длабочина на зоната на операцијата.[189]

---

[188] FM 71-2 The Tnk and Mechanized infantry Battalion Tack Force, Headquarters Department of the Army Washington, DC, 27 September 1988, p.g.. 2-4

[189] JP 3-0, Joint Operations, Joint chiefs of staff, 17 September 2006, p.g..68-69




Шема 23. Организациска и командна одговорност во подрачјето на операциите[190]

Улогата на командантот опфаќа определен број на функции и пропишани надлежности, како што се: познавање на намерата на претпоставениот командант; проценка на ситуацијата; донесување одлуки; доделување на мисии; доделување на ресурси; одржување на силите; мотивирање на силите и раководење.

За ефективна реализација на функциите на К2, командантот мора да ја познава состојбата во единиците т.е. да развие функционална врска на надлежности и одговорност помеѓу него и потчинетите единиците ангажирани во извршување на мисијата. Притоа, во делот на способностите на командантот, на самиот врв е поставена способноста на командантот да додели независна мисија, да ја реорганизира формацијата на единцата или да излезе со поставување на нови задачи со кои се гарантира извршувањето на доверената мисија.

Во зависност од големината на единициата и преземените надлежности, командувањето може да биде: стратегиско (целосно) командување; оперативно командување и тактичко командување.




Шема 23. Организациска и командна одговорност во подрачјето на операциите[190]

Улогата на командантот опфаќа определен број на функции и пропишани надлежности, како што се: познавање на намерата на претпоставениот командант; проценка на ситуацијата; донесување одлуки; доделување на мисии; доделување на ресурси; одржување на силите; мотивирање на силите и раководење.

За ефективна реализација на функциите на К2, командантот мора да ја познава состојбата во единиците т.е. да развие функционална врска на надлежности и одговорност помеѓу него и потчинетите единиците ангажирани во извршување на мисијата. Притоа, во делот на способностите на командантот, на самиот врв е поставена способноста на командантот да додели независна мисија, да ја реорганизира формацијата на единцата или да излезе со поставување на нови задачи со кои се гарантира извршувањето на доверената мисија.

Во зависност од големината на единициата и преземените надлежности, командувањето може да биде: стратегиско (целосно) командување; оперативно командување и тактичко командување.

Во делот на планирањето и употребата на здружени сили најчесто се користат четири категории на поими и тоа: *доделени, придодадени, назначени и алоцирани сили (единици и ресурси)*[191]. Доделената единица подразбира дека комадантот има неподелен авторитет врз формациската единица со која командува и во мирновремени услови. Придодадена единица е онаа единица и ресурси кои времено му се ставаат на располагање на командантот, а потоа (по извршување на мисијата или фаза од операцијата) излегуваат од негова надлежност. Назначување подразбира многу краток период на оперативна и тактичка контрола на командантот на здружените сили и најчесто е поврзано со користење на ресурси и поддршка (н.пр. воздушна поддршка, екектронско покривање на просторот и сл.). Алоцирањата се поврзуваат со единици и ресурси за поддршка, како што се на пример дистрибуција и одговорност за планирање на ограничени ресурси, сили за воздушна поддршка, нуклеарно оружје, средства за транспорт и др.

Контролната функција, која претставува нераздвоив сегмент на командувањето исто така, во зависност од големината на единицата и карактерот на елементите и содржината на активностите кои се контролираат, може да биде: оперативна контрола; тактичка контрола; административна контрола и контрола на властите и координација.

Функцијата на штабот на здружената команда е да обезбеди совет и асистенција на командантот како и да обезбеди поддршка на потчинетите команданти. Штабот нема никакви овластувања во делот на издавањето директни наредби до потчинетите единици, туку овластувањата ги добива од командантот и ги употребува во негово име.

Напредокот во значаен дел од научните и особено во применетите области и дисциплини, во иднина ќе влијае и врз подобрување на можностите за вооружените анализи, кои претставуваат заедничка обврска на командантот и штабот на единицата во процесот на военото одлучување. Тоа особено се огледа во следното:[192]

1. Индивидуалните методи за анализа и алатки кои ги користат поединци се сè понапредни и стануваат сè пософистицирани. Примената на математички техники и техниките на автоматската обработка на податоците, скрининзите и современите статистички методи имаат провостепено значење во процесот на военото одлучување.

---

[190] JP 6-0, Joint Communications System, Joint chiefs of staff, 20 March 2006, Figure III-1 Theater Organizational Relationships

[191] JP 5-0, Joint Operation Planining, Joint chiefs of staff, 24 December 2006, I-26

[192] Don M. Snider, *Jointness,Defense Transformation,and the Need for aNew JointWarfare Profession*, , Pdf. 2003, p.g. 23.

2. Напредокот во информатичката технологија, мрежната технологија, софтверските аванси, техниките на соработка, видеоконференциите и др. стануваат корисна алатка во процесот на заедничкото воено одлучување Ова значи вклучување на многубројни физички субјекти на огромни растојанија во еден т.н. виртуелниот простор во заедничко одлучување.

3. Анализите, во однос на поставената мисија, ќе се интегрираат хоризонтално, мултифункционално, по многубројни функции и надлежности, но и по чекори, секвенци со истовремено паралелно процесуирање и дистрибуција на податоци.

4. Визуелизацијата ќе продолжи да се зголемува преку тридимензионални збогатени сценарија и симулации. Споделување на тридимензионалните репрезентации во широк простор на мрежи и интеракции со нив, во реално време ќе им овозможи на аналитичарите и корисниците да дадат реален одговор на поставените прашања од типот „што ако или доколку" и да развиваат нови „веројатни“ сценарија на настани.

5. Документите за анализа ќе бидат подостапни, со тоа што голем дел од информациите ќе се процесуираат во форма на продолжени извештаи и содржани во компакт-дискови и доволно распространети по електронски пат. Некои извештаи ќе станат достапни и на интернет-ВЕБ сајтовите, па дури и на социјалните мрежи, истите ќе станат интерактивни, при што многубројните корисници и читатели ќе можат да влијаат на промената во подмножеството на влезни параметри и ќе придонесат за разбирање на чувствителноста на резултатите на различни претпоставки и сценарија во процесот на одлучување, а кои можат да бидат и клучни во иднината за заедничката воена анализа. Секако, при ова мора да се води сметка за заштитата на тајноста на податоците и сегрегација на информацијиите до крајните корисници.[193]

Квалитетот на анализите и проценките на штабовите во иднина постојано ќе се подобрува, со примена на напредни методи и алатки кои ќе најдат широка примена во процесот на военото планирање, во решавањето на комплесни проблеми поврзани со одлучувањето за ангажирањето на силите и достапните ресурси во Здружените вооружени операции.

Од друга страна пак, заблежливата еволуција во командувањето и контролата во здруженото војување многу често ја надминува критичната маса на стручните занења и техники и начинот на кои тие се применуваат. Ова значи дека подготоквите кои се прават со командниот персонал ангажиран во операциите во здруженото војување

мора да одговорат на потребата од располагање со широко експертско знаење кое ќе биде лесно применето и прилагодливо кон новите концепти, процедури и архитектури на современото војување.

Ова, всушност, го наметнува императивот на постоење на перманентно обучени штабови кои ќе бидат потполно професионално и стручно посветени да одговорат на предизвиците на современото војување.

Од извршените анализи на операциите базирани на ефекти –Effects based operations, и Оперативните мрежни процени-Operational net assessment, во делот на командувањето и контролата на различни нивоа на здруженото војување утврдени се следните недостатоци и тоа: [194]

- претпоставување на ниво на командување со кое не е возможно да се оствари предвидливост во настаните;

- не може до крај правилно да се предвидат реакциите на комплексните борбени системи;

- претпоставува недостижно ниво на познавање на противникот;

- извештаите и диспозитивите во командувањето на сите нивоа се преопширни, описни или богати со неразбирливи технички дескрипции на настани;

- многу малку се нагласуваат хуманите димензии како што се: состојбата со моралот на населението на просторот и непредвидливоста на настаните и импликациите на прекумерна употреба на сила;

- се промовира централизација во командувањето наспроти микроменаџментот со кој треба да се нагласува командувањето со пониските ешалони;

- потреба од испорачување на јасни и навремени насоки за ангажирање на подредените нивоа на командување и

- користење на збунувачка терминологија која наместо разјаснување доведува до состојбата на конфузија во сфаќањето на намерите на претпоставените нивоа на одлучување.

---

[193] Steven M. Biemer and Donald J. O'Brien, *An Approach to Joint Warfare Analysis*, Johns Hopkins apl technical digest, Volume 21, number 2 (2000),p.g. 205-206

[194] US Army Doctrine Update #1, Combined Arms Doctrine Directorate, US Army Combined Arms Center (Fort Leavenworth, Kans.: 24 February 2007); Effects Based Operations Conference, US Marine Corps (Quantico, Va.: 7 September 2005), p.g. 6–9.

За надминување на негативните ефекти на ваквите состоби во системот на К2 се предлагаат следните мерки, и тоа: [195]

- подобро разбирање на историјата и културата на општествата, зголемување на нтеракцијата помеѓу мултинационаните сили од една страна и помеѓу вооружените контигенти и населението на окупираното подрачје, понатаму унапредување на меѓуагенциската соработка и соработката со меѓународните организации, и други фактори во оперативната средина;
- во анализите да се унапреди описот на намерите и концептот на претпоставениот командант, со јасна визуелизација на претстојните настани, со што се создава потребното единство во акциите;
- примена на мрежни аналитички процеси во планирањето, со нужни насочувања на командите на сите нивоа и
- спроведување на периодични проценки на операции за да се утврди напредокот во остварување на крајните цели.

в) Улога на командно-информацискиот систем (КИС) во здруженото војување

Командно-информацискиот систем (КИС) е основна алатка на командантот на здружените сили која служи за собирање, пренос, обработка, заштита и дистрибуирање на информации.

Процесните функции и процедурите кои помагаат во обезбедување на достапноста и пристапноста на информациите во оперативната средина се: здружените мултинационални операции и интегрирачката координација; стратешка агилност; оперативен опсег; тактичка флексибилност; мрежни операции и информатичка супериорност.

КИС кој ги поддржува вооружените сили мора да има можност за брза адаптација, да ја обезбеди навремено потребната информација по нивоа и со потребна широчина, при што информацијата мора да биде заштитена од попречување и искористување и презентирана во корисен формат.

[195] James N. Mattis *USJFCOM Commander's Guidance for Effects-based Operations*, Reprinted with the permission of *Joint Force Quarterly* (JFQ), 51 (4th Quarter2008), p.g.22

Информатичките системи кои го сочинуваат КИС, во принцип, имаат можност за: собирање, обработка, меморирање, пренос, контрола, заштита, распределба и презентација[196].

г) Глобален комуникациско-информатички систем (ГКИС)[197]

Информатичката револуција која е поврзана со зголемување на ширењето на знаења и информации имаше најголемо директно влијание врз економските социјалните, културните и политички активности во сите сфери на живеење.[198] Покрај неподеленото влијание коешто информатичките и комуникациските технологии го имаат врз социо-економскиот развој на сите земји од светската заедница, овие достигнувања имаат ефективно влијание и во воената сфера и тоа пред сè врз новите технологии и вооружувањето и начинот на нивната примена, особено на промените кои настанаа во доктрините на ангажирањето на вооружените сили, а кои настапија особено во делот од развојот на комуникациите, информатичкото и мрежното поврзување.

Мрежното поврзување на здружени сили овозможува прецизни и навремени комуникации, интегрирање на разузнавањето, надбљудувањето и извидувањето, информирањето и целосната прегледност на средствата.

Глобален комуникациско - информатички систем (ГКИС) претставува меѓусебно глобално поврзување, збир на информатички способности, поврзани процеси и персонал за пронаоѓање, обработка, меморирање, пренесување, контролирање и презентирање на информации, по барање на здружените сили и персоналот за поддршка.

ГКИС го сочинуваат шест компоненти и тоа: *воена компонента, глобални апликации, пресметување, комуникации, мрежни операции и информатички менаџмент.*

Комплексноста на здружените операции и конечните ресурси на КИС можат да бараат од КЗС-и да донесе формална одлука и да им назначи обврски на потчинетите команди и истовремено да го прошири опсегот на ГКИС во зоната на операцијата.

[196] JP 6-0, Joint Communications System, Joint chiefs of staff, 20 March 2006, p.g.. 22-23
[197] Исто , p.g.. 33
[198] http://southernlibrarianship.icaap.org/content/v06n01/ogunsola_l01.htm, датум на пристапување,03.12.2012

д) Улогата на моделирањето и симулациите (M&S) во ГКИС

Моделирањето и симулациите (M&S) им овозможуваат на планерите дизајнирање, анализирање и потврда на комуникациските структури и мерење и оценување на протокот на информациите преку различни типови на мрежи (податоци, глас, видео, дигитално и аналогно) и медиуми (сателити, површински, микробранови, безжично, жична линија, фибероптичка и други).

Можностите на M&S се развиени до степен со кој им се овозможува на планерите и развивачите на КИС да го искористат целиот потенцијал на оваа моќна технологија[199]. Резултатите од симулацијата му користат на командантот и на неговиот штаб во извршување на проценки, вооружените игри и предвидувањата т.е. визуелизацијата на бојното поле и оперативниот развој на ситуацијата, а со тоа се влијае и врз факторите со кои се обезбедува целосен успех на единцата[200] во

[199] Воени симулации се рангирани од опсегот на вежби, преку компјутерски симулации и аналитички модели, приближување на реализмот на маневрите па сѐ до апстрактни симулации. Што се однесува до моделирањето познати се како најстари но сѐ уште применливи н. пр. песочниот модел, вежбите на карти и шриоката примена на апликативни компјутерски модели на битки.

[200] Руската Федерација ја реализира здружента вежба на веоните сили т.н. „Восток-2010" од (29 јуни до 8 јули 2010), и во која изврши практична проверка на трупите од Северната област и дел од трупите од Источната (Сибирската) област), **со симулација** која го вклучи и стратегискиот нуклеарен потенцијал (нуклеарниот крстосувач-„Петар Велики" на Северна флота и стратегиските водени проектили-„Москва" од арсеналот на Црноморската флота). Оваа вежба го вклучи и стратегиското ниво на командувањето и истата претставуваше симулација на одговорот на Руската Федерација во услови на судар со конвенционално надмоќен противник. Во оваа вежба се разгледа можноста за одговор на Руската Федерација во случај на загрозување на руската етничка заедница во Калинградската област. (ова сценарио подоцна ќе биде практично спроведено во Руско-грузиската војна). Генералоит Николај Макаров, началник на Генералштабот на Руските вооружени сили, претходно изјави „дека оваа стратешка вежба ќе вклучи симулирани воздушни напади, вклучувајќи и употреба на нуклеарен ракетен напад. Како дел од вежбата, вооружените сили ќе вежбаат испраќање на дополнителни сили во Сибир и Далечниот Исток за да се зајакне постојниот воен контингент во регионот во случај на воен конфликт". Макаров истакна во својата изјава: „Оваа вежба не е насочена против одредена земја или воено-политичка алијанса. Таа има чисто одбранбени природа во осигурувањето на безбедноста и заштита на националните интереси на Руската држава („РИА Новости",Москва, 3 јули), http://en.ria.ru/military_news/20100703/159675596.html;

извршување на доверената мисија. „Поврзувањето на единиците во мрежа




Шема 24. Компоненти на глобалната комуникациска мрежа[201]

[201] JP 6-0, Joint Communications System, Joint chiefs of staff, 20 March 2006,Figure II-1. Global Information Grid Components, II-6

значително ги подобрува можностите за споделување на информации. Ова не значи дека сите единици споделуваат информации меѓу себе за цело времетраење на операциите, но сите оние кои што се вклучени во мрежата имаат можност да споделуваат и им се обезбедува пристап до бараната информација."[202]

Операциите на мрежно поврзување (NETOPS- network operations) овозможуваат интегрирана мрежна прегледност и целосен менаџмент со мрежите, глобалните апликации на сервисите низ целата ГКИС. Прегледноста на мрежата им овозможува на командантите да менаџираат со мрежата исто како со борбениот систем. Ефективните NETOPS најмногу доаѓа до израз кај здружените единици чии операции за разлика од класичните бараат засилена и кохерентна мрежна поддршка.

ѓ) Оперативна структура на мрежните операции

Оперативната структура на мрежните операции (NETOPS) се состои од: ситуациона шема, суштински задачи и командување и контрола (К2).

Ситуационата шема му овозможува на командантот на полесен и поедноставен начин да ја извршува командната фукција, а врз основа на добиените информации од оперативната мрежа и информациите на штабот, сопственото искуство, известувањата и други извори на информации. Кога ќе се соберат потребните информации, тогаш командантот по прв пат ја развива првата опративна слика (визуелизација) на бојното поле. Овој контекст се создава со расчленување на елементите на интеракција од различните фактори во оперативната средина.

Врз ознова на добиените информации, добиената мисија и почетни насоки на командантот, штабот на единицата ја врши проценката и истовремено му предлага на командантот правец на акција т.е. варијанта за ангажирање на сили во извршување на мисијата. По одобрување на најповолниот правец за акција (варијанта за ангажирање) се пристапува кон комплетирање на плановите од одлуката и се планира понатамошниот тек на операцијата. Извршувањето на планот може да се надгледува од сите команданти, земајќи ги предвид достапните информации во времето кога биле развиени правците за акција ( варијантите за ангажирање на силите).

NETOPS дава можност за споделување на ситуационата шема низ ГКИС, како и достапност до мрежата и информациите. Поддршката на ГКИС за добивање на

[202] JP 6-0, Joint Communications System, Joint chiefs of staff, 20 March 2006, p.g.. 57

ситуационата шема се остварува преку интегрирачката можност за прием, споредба и прикажување на функционален поглед на војувалиштето од системите и мрежите (глас, видео и податоци).




Шема 25. Компоненти и сервиси на глобалната комуникациска мрежа[203]

[203] JP 6-0, Joint Communications System, Joint chiefs of staff, 20 March 2006, Figure II-2. Defense Information Systems Network Interface

е) Националната комуникациска мрежа и здруженото војување- NMCS (Nacional military communication system) и Националната комуникациска мрежа на Р. Македонија

Националниот воен команден систем е приоритетен елемент на ГКИС чијашто задача е да му служи на претседателот, министерот за одбрана и штабот на здружената команда при изведување на вежби во рамките на нивните надлежности. NMCS обезбедуваат комуникациски средства со кои претседателот и министерот за одбрана можат да добијат предупредување или разузнавачка информација кои им служат за донесување на правилни и навремени одлуки за ангажирање на силите и обезбедување на редовни и сигурни врски со командантите на националните контигенти. Поради тоа, ГКИС мора да биде репрезентативен, доследен и одржлив систем[204].

Националната комуникациска мрежа на Р. Македонија има значаен удел во вооружениот команден систем на АРМ како составен дел од вооружениот комуникациски систем. Комуникациско информатичкиот систем (КИС) на МО/АРМ има за цел да обезбеди комуникациско-информатичка поддршка за К2 на вооружените сили во мир, во кризни ситуации, при подготовка за војна и во услови на војна. За исполнување на овие барања КИС мора да биде уникатен и интегриран систем на глобално и организациско и функционално ниво. Капацитети со кои располага ГКИС на МО/АРМ се: комуникациски систем, информатички систем, фреквентен менаџмент и систем за заштита.

**Комуникацискиот систем** го сочинуваат: стратегискиот комуникациски систем, ДАТЦ (дигитална автоматска телефонска централа), преносни системи и системи за пренос на податоци (дата преносни системи).

Стратегискиот комуникациски систем претставува врска помеѓу јавната телефонска мрежа (PSTN – Public switched telephone network) и одбранбената телефонска мрежа (DSTN-Defence switched telephone network). Телефонскиот сообраќај се одвива на тој начин што телефонските централи на МО/АРМ се поврзани со најблиските телефонски централи на јавната телефонска мрежа. Таквата поврзаност овозможува непречено функционирање на дигиталната телефонска мрежа на МО/АРМ.

Во случај на исфрлање од функција на јавната телефонска мрежа, одбранбената телефонска мрежа ќе продолжи да функционира благодарение на линковската поврзаност на ДАТЦ (редундантна мрежа).

---

[204] JP 6-0, Joint Communications System, Joint chiefs of staff, 20 March 2006, p.g.. 93

Системот за пренос на податоци е овозможен со воспоставените WAN/LAN мрежи, преку радио-дата мрежите на целата територија на РМ, fax, e-mail и интернет мрежата која е физички одвоена од мрежите за пренос на класифицирани податоци.




Шема 26. Комуникациско - информатичка поддршка на силите во операцијата „Слобода за Ирак“ ( 2003 до 2011) во Ирак

**Информатичкиот систем** во МО/АРМ се заснова на употреба на определена опрема (Cisco, HP, Dell, IBM, Compaq, Lenovo) и користење на специфични апликациони проекти, со цел истиот да овозможи непречено функционирање на К2 во АРМ и воопшто функционирање на вооружениот команден систем.

Главни апликациони проекти во информатичкиот систем се: персонален менаџмент (сите Г/С-1), документ менаџмент (ГШ/МО), логистичко-информатички систем (ЛИС - од 2011), гео-информатички систем (ГИС), систем за планирање, програмирање и буџетирање (ППБС), систем за обука и едукација. Покрај нив, информатичкиот систем овозможува и IP телефонија, Intranet web servis и mail, како и backup преку што е овозможено зачувување на податоците во системот и во случај на настанување на каков било софтверски проблем во системот.

**Системот за заштита** е неопходен за успешно функционирање на КИС поради специфичноста на податоците кои се пренесуваат со овој систем и нивната важност (класифицирани информации). Заштитата на информациите се остварува на тој начин што пристап до класифицираните информации им се доделува само на лица кои претходно имаат добиено овластување за тоа; класифицираните материјали се чуваат во специјални безбедносни зони; контролирање на мрежата; физичката одвоеност на интернет-мрежата и идентификација со usb token.

**Националниот комуникациски систем (NCS- Nacional communication sistem)** обезбедува достапност до телекомуникациската инфраструктура за итна подготвеност на националната безбедност. Националниот комуникациски систем се состои од телекомуникациските средства, одделните учесници во NCS и административна структура.

Сервисните провајдери кои се натпреваруваат меѓусебно во развојот ги усложнуваат средствата потребни за задоволување на телекомуникациските барања на телекомуникациската инфраструктура за итна подготвеност на националната безбедност. Од тие причини е потребно информатичките средства во МО/АРМ постојано да се надградуваат и заменуваат со нови посовремени средства за да се овозможи функционирање на КИС, а со тоа и на вооружениот команден систем.




Шема 27. ДАТЦ за потребите на АРМ

#### 4.3.7.2. Персонална поддршка на здруженото војување

Интегрирана персонална поддршка е една од најважните компоненти во обезбедување на оперативната подготвеност и ефикасно ангажирањето на здружените сили.

Командантот на здружените сили и тимот преку специјалниот директорат или секција за персонал во штабот на здружените сили-J-1 (Manpower and personnal directorate of Join Staf) мораат во секое време да обезбедат пополна на единицата со персонал по категории, пополна на борбените родови, родови за поддршка и критични специјалности.

Како основни принципи на персонална поддршка, а кои произлегуваат пред сѐ од карактерот на мисијата и опкружувањето на ангажирањето на силите, можат да се наведат: *командувањето, централизирање на сите персонални активности,*

*кординирање на персоналот, насочување на персоналниот труд и флексибилност во новонастанатите ситуации.*[205]

Директоратот или секцијата за персонал како дел од штабот на Командата на здружените сили начелно се организира во четири групи и тоа: *група за подготвеност на персоналнот; група за вооружени сили; група за услуги на персоналот и група за менаџирање со човечките ресурси*[206] (види Шема 28).

*Групата за подготовка на персоналот* овозможува изработка на функционални и разработени планови, кои овозможуваат персонален надзор за време на заеднички операции на единиците. Од реализирањето на плановите произлегуваат насоки за заеднички кадровски прашања и понатамошен развој и мобилизација на силите.




Шема 28. Организациска поставеност на Здружената команда по секции[207]

*Групата за воена сила* обезбедува надзор на заедничките вооружени сили и управува со здружените сили со помош на одговорен претставник од државата, во составот на мултинационалнте здружени сили.

---

[205] JP 1-0, Joint Doctrine for Personnel Support to Joint Operations (2006), I-3, Преземено на 26.01.2012 г., http://www.bits.de/NRANEU/others/jp-doctrine/jp1_0(06).pdf.

[206] JP 1-0, Joint Doctrine for Personnel Support to Joint Operations (2006),I-2, Преземено на 26.01.2012 г., http://www.bits.de/NRANEU/others/jp-doctrine/jp1_0(06).pdf.

[207] Прилагодено од Joint Pub 1-0, Join Staff Manpower and Personnel Directorate organizational Chart, Figure 1.

*Групата за услуги на персоналот* управува со внатрешниот персонал (активниот и резервниот состав), цивилните и вооружените членови на здружените сили. Оваа група, исто така доставува административни барања врзани за персоналот вклучен во реализација на мисијата.

*Групата за менаџирање со човечките ресурси* ги разгледува политиките кои се однесуваат на приемот, бенефициите за вооружените лица и особено вооружените ветерани, пензионирањето на вооружениот персонал, начинот на прегрупирање и трансформација, квалитетот на животниот стандард, компензацијата, регрутирањето и задржувањето на силите.

Во рамките на Командата на здружените сили се формираат мултинационални координативни центри, рекреативни центри, центри и институции за религиска поддршка на трупите, центар за развивање на перформансите за известување и цивилно управување со персоналот, центар за евакуација и репатријација и други инструменти со кое се следи состојбата на персоналот и се обезбедува потребното ниво на борбениот морал на здружените сили.

Кога се разгледува влијанието на персоналната поддршка врз остварувањето на крајните цели во ангажирањето на здружените сили во здруженото војување, можеме да кажеме дека тие имаат решавачка улога и тоа поради две причини: *прво во однос на можноста за обезбедување на континуирана пополна на ангажираните сили и второ во однос на неподносливите загуби и нивното влијание на крајниот исход на војните.*

Колку и да е моќно почетното ангажирање на вооружените сили на алијансата или земјата која извршила воена интеервенција во некоја друга земја, во услови на продолжено присуство на окупацискиот простор, кој што понекогаш може да трае десетици па и повеќе години (случајот со Виетнамската војна, воента интервенција во Ирак или денес во Авганистан, ангажирањето на руската армија во Чеченија итн.) се наметнува неопходната потреба од физичка замена т.е. смена на трупите после одреден временски период. Ова е поврзано и со потребата за зголемување на контигентите на готовите сили кои често пати се утростручуваат.[208]

---

[208] На пример, ангажираните сили на американската армија во воената интервенција во составот на НАТО коалициските сили во Ирак (2003-2011) во еден момент беа околу 115.000 војници и старешини. Овие сили мораа со интерконтинентално превезување и транспорт да бидат заменети со нови готови

Во однос на втората причина за влијанието на персоналната поддршка врз здруженото војување т.е. неподносливоста на човековите загуби, ваквата состојба која е најчесто поврзана со продолженото присуство на окупациските сили на просторот на нападнатата држава и истовремено проследено со свртување на домашното и светското јавно мислење против војната, кое понекогаш може да има и крајно погубно влијание врз развојот на настаните и успехот во военитеангажирања за доминантните конвенционални сили во здруженото војување.

Табела 8: Преглед на загуби на силите на САД во Ирак во 2003/2004г.
(Извор: http://www.ask.com/web?q=iraqivictims&qsrc=2871&o=101699&l=dis)




Како што е прикажано на горниот дијаграм (Табела 8), бројот на загинатите и ренатите војници од составот на силите на Армијата на САД, во воената интервенција на НАТО Алијансата врз Ирак (2003/2004) во понатамошниот тек од војната, се многу

сили на секои 6-8 месеци. Истовремено, мораше да биде активиран и трет ешалон, со исто толкав број на трупи со кои паралелно течеа подготовките за смена на вториот контигент. Истражувањата пак, покажуваа дека само 20-30% од војниците од претходнопретходно сменетите сили сакаа повторно да се вратат на територијата на Ирак. Ова значеше дека САД мораа да ја ангажираат скоро половината од своите вооружени сили (околу 500.000 војници и старешини) и тоа од составот на готовите сили.

поголеми и во голема мера ги надминуваат оние од воената кампања со која, во релативно кус временски период се постигна целосен пораз на Армијата на Ирак со рушење на режимот на Садам Хусеин. На крајот од воената интервенција (2011) бројот на загинатите војници ја достигна бројката од 4800 загинати и 31.965 ранети војници и старешини.

Ваквата состојба изразена низ бројки и статистички показатели е уште попоразителна доколку се анализираат на пример, загубите на Армијата на поранешниот Советски Сојуз во ангажирањето во војната во Авганистан ( околу 15.000 војници ) или во Руско-чеченската војна (околу 7000 војници). Поразителен е и фактот дека бројот на ранети и онеспособени војници е најчесто трипати поголем во однос на бројот на загинати војници.

#### 4.3.7.3. Разузнавачка поддршка во здруженото војување

„Спознај се себеси, спознај го непријателот, спознај го теренот, спознај го времето ... и победата нема никогаш да се доведе во прашањ".

( Сун Цу Ву ( 500 година п.н.ера)[209]

Разузнавањето претставува еден од најзначајните елементи од борбените системи на бојното поле, сложена и секогаш инспиративна категорија, која низ историјата на војувањето отсекогаш имала одлучувачко влијание врз донесувањето на квалитетни и издржливи одлуки и остварување на целите на операциите.

Здружçното војување денес и во иднина ја нагласува потребата од зголемена побарувачка за навремени, квалитетни и сигурни информации и пренос на обработените податоци и инфомрации за потребите на системот на командување и контрола (К2). Подобрените можности за искористување на овие податоци и нивно ефектно користење во процесот на донесување на квалителни и брзи одлуки е од исклучително значење.

Карактеристика на системот К2 денес. како процес се карактеризира со добивање на многубројни податоци, но истите често не се поткрепени со богати информации. Ова значи дека е неопходно потребно на секој чекор и во сите услови на изведување на

---

[209] Sun Tzu, Carl Von Clausewitz, Niccol Machiavelli, "*The Complete Art of War*", Wilder publications-Radford, 2008, p.g.3-1

здружени операции да се обезбедат конзистентни, тактички релевантни, точни и навремени информации во поддршка на системот на командување и контрола. Вистински предизвик е не само да се има пристап до различни извори на податоци, но и да се биде во состојба истите овие информации ефикасно да се обработуваат, анализираат и интерпретираат, и на крајот истите на квалитетен начин да се употребат во процесот на военото одлучување. Современата разузнавачко-информатичка технологија им овозможува на командантите на најразлично ниво да изградат систем кој треба да биде побрз, поефикасен и попрецизен од оној на противникот.[210]

Со квалитетни и навремено преземени разузнавачки активности се унапредуваат општите и посебни услови определени со амбиентот на бојното поле, се обезбедува запознавање на командантот и персоналот на Командата на здружените сили со позициите, составот и намерите на непријателот, теренот, временските услови и прашања од цивилен карактер. Разузнавачките операции се изведуваат според претходно изработен и одобрен план за разузнавање со остварување на контрола врз просторот, набљудување и со изведување на операциите, особено во делот на тактичкото разузнавање.[211] Разузнавањето е многу повеќе отколку едноставно собирање на информации Како континуиран процес, тоа вклучува анализа на присобраните информации од сите извори ( од ангажиран персонал, снимки, мерења и забелешки, добиени сигнали и др.)

При спроведувањето на разузнавачките активности можат да се користат сите расположиви средства и ресурси на единиците, со цел да се присоберат точни, навремени и конкретни информации за непријателот, за неговиот распоред, неговите движења, намери и цели на ангажирање. Притоа се користат присобраните податоци од: претпоставената команда, по линија на командување и податоци добиени во соработка со органите за разузнавање на стратегиско, оперативно и тактичко ниво; информации кои се добиени од единиците кои се во непосреден борбен допир со непријателот; информациите добиени од извидувачките органи и состави; информациите присобрани со користење на одредени технички средства; и информации кои се добиени од локалното население.

---

[210]http://oai.dtic.mil/oai/oai?&verb=getRecord&metadataPrefix=html&identifier=ADA458077, датум на пристапување на ден 16.09.2013

[211] FM 7-15 „ The Army universal task list" Headquarters Department of the ArmyWashington, DC, 29 June 2012,Поглавје 2, стр. 2-1

Разузнавачките активности се спроведуваат не само во подрачјето на борбени операции (ПБО) туку и во подрачјето на разузнавачки интерес (ПРИ), а кое подрачје најчесто е многу пошироко од подрачјето за борбени операции (види Шема 29).




Шема 29. Подрачје за борба и подрачје на интерес на здружените сили

Во делот на стратегиското и оперативното разузнавање се користат податоците на разузнавачките служби во системот на национална безбедност на земјите-членки на коалицијата, како и воено разузнавачките служби. „При тоа постапувајќи по барањата на државно-политичкиот врв, разузнавачката служба ја програмира својата дејност (донесува Програма за работа) и остварува конкретни задачи ( предвидени во Планот за работа на Разузнавачката служба и на секоја нејзина организациска единица), која што ги преточува во свој разузнувачки производ, а потоа возвратно го презентира пред државно-политичките структури“.[212] Притоа, секоја разузнавачка служба го следи процесот на присобирање на разузнувачки информации, обработка на информациите сè до добивање на разузнавачки производ и негова обработка (вклучувајќи ја тука и неговата класификација) и на крајот негово презентирање пред корисниците.

Разузнавачките податоци му се доставуваат на командантот и истиот ги користи овие податоци заедно со неговиот штаб во процесот на военото одлучување. Командантот со својот авторитет дава огромен придонес за ефикасноста на разузнавачките активности, а со јасно изразените ставови и намери ги одредува

[212] Томе Батковски „ Разузнавачко-безбедносна контраразузнавачка тактика, Скопје 2008, стр. 125

приоритетите во разузнавањето, го одобрува планот за разузнувачки активности и непосредно влијае врз ангажирањето на разузнавачките единици и системи.

Разузнавачките операции треба да ја обезбедат поддршката на командантите во хиерархиската структура на системот на К2 и тоа како вертикално така и хоризонтално. Идентификацијата на специфичните карактеристики на животната средина и анализа на активностите кои се присутни во неа (непријател, сопствени сили, простор, време, терен и цивилно население), влијаат на нивото и изборот на варијантите (курсот на акцијата) и одлуката на командантот за ангажирањето на силите.[213] Стратегиските разузнавачки операции обезбедуваат континуитет и целосно покривање на ангажирањето на здружените сили. За време на планирањето на кампањи, операциите на ниво на стратегиско и оперативно разузнавање се фокусираат на информации кои му се потребни на КЗС-и за идентификување на центарот на гравитација (ЦГ), избор на варијанти за дејство и податоци за целите од големо значење. За време на изведувањето на операцијата, оперативното разузнавање на КЗС-и му обезбедува релевантни, навремени и точни разузнавачки податоци потребни за комлетирање на кампањата и постивнување на главните цели на операциите.

Нивото на командата, големината на единицата, типот на опремата и составот на силите односно компонентите не се поврзани со конкретно ниво на разузнавачки операции. [214] Националните капацитети како што се на пример разузнавачките или комункациските сателити, вообичаено влегуваат во стратегиски контекст, а ги олеснуваат тактичките операции. И обратно, трупите ангажирани на боиштето можат да дојдат до разузнавачки информации кои може да имаат и стратегиска вредност.

Во многу ситуации различи разузнавачки операции ќе се реализираат истовремено. На приемер, барање за разузнувачки информации со фотографирање на одредени подрачја (IMINT – Imagery Intelligence ) ќе бара планирање и насочување, но нема да има потреба од останатите активности од причина што барањата ќе одат директно во одделот каде се собрани видеозаписи и на тој начин се задоволува барањето. Значајни неанализирани материјали од борбена вредност мораат да бидат достапни во исто време на КЗС-и ( за донесување на одлука) и на аналитичарите (за изработка на проценки).

---

[213] FM 34-130 Inteligence preparation of batlefield, Headquarters Departmenet of the Army, Washington, DC, 8 July 1994, p.g. 2-2.

[214] Мисијата на здружените сили претставува централна точка околу која се организира разузнавачкиот процес.

Разузнавачкото планирање се случува однапред како дел од севкупниот оперативно-планирачки процес. Најверојатните сценарија за загрозување се користат како основа за планирање, при што се одредуваат персонал, опрема и се прецизира разузнавачка архитектура неопходна за општа подршка на ангажираните сили. Кога ќе се случи кризна ситуација, планерите изработуваат оперативна наредба. Разузнавачкиот инпут кон оперативната наредба вклучува ажурирано загрозувачко сценарио и разузнавачки анекси во кои ќе се согледаат географскиот простор и природата на заканите во подрачјето на операциите.

За време на анализа на мисијата, штабот на здружените сили ги идентификува „дупките“ во шемата за непријателот и другите релевантни аспекти на оперативната средини и, истовремено се формулираат разузнавачките потреби (општи и специфични). Сите секции на штабот можат да препорачаат приоритетно разузнавачки барања до командантот (ПРБК), т.е. информациии кои што се неопходни за командантот, односно за потребите на штабот.




Шема 30. Проценка на земјиштето и временските услови и нивното влијание врз текот на операцијата.

Во секој случај секцијата за здружено разузнавање- J-2 (Joint Inteligance) ја има целокупната штабна одговорност за оформување на почетната разузнавачка проценка

на бојното поле (РПБП- Inteligence preparation of batlefield)[215] и за формулирање на предлозите и заклучоците, кои треба да бидат одобрени од страна на командантот. На крајот КЗС-и врз основа на РПБП ги одредува потребите за критични информации. Врз основа на идентификуваните разузнавачки потреби, разузнавачкиот персонал развива специфични прашања познати како основни елементи на информацијата. Дел од потребните информации кои се поврзани и даваат одговор на почетните приоритети за разузнавачка подготовка на бојното поле (ПРПБП- CCPIR Comand critical priority intelligence requirement) се нарекуваат основни елементи на информацијата.

Користејќи ја ПРПБП како основа, разузнавачкиот персонал ги развива најкритичните потребни информации за непријателот и оперативната околина, до кои треба да се дојде во најкраток период, а заради донесување на правилна одлука.

Заради подобро и попрецизно утврдување на разузнавачките потреби, командантот на здружените сили и разузнавачкиот дел од штабот мораат да биде запознаени со статусот и ангажирањето на разузнавачките сили на повисоките, соседните, потчинетите и поддржувачките елементи. Потчинетите единице ќе го прошират разузнувачкиот интерес на подрачјето на операциите, особено во специфичен дел во подрачјето на операциите. Спротивно на тоа, КЗС-и ќе мора да ги приоретизира итните разузнавачки потреби на потчинетите, соседните и подржувачките елементи. Планирањето на процесот на собирање и менџментот со потребите за информации се всушност и главните активности за време на планирањето и насочувањето во ангажирањето на персоналот и ресурсите во разузнувачкиот процес.

Процесот на здружено разузнавање ( Шема 31) обезбедува основа за користење на заедничка терминологија и процедури, и истиот се состои од пет меѓусебно поврзани категории и функции: *планирање и насочување, собирање, процесуирање и експлоатација, анализа и продукција и на крајот дисеминација, интеграција и евалуација и повратна информација*

---

[215] FM 34-130 Inteligence preparation of batlefield, Headquarters Departmenet of the Army, Washington, DC, 8 July 1994, p.g. 2-22. „Разузнавачката проценка на бојното поле –IPB (Inteligence preparation of batlefield ) претставува систематски, постојан процес на анализирање на заканите и животната средина, во одредена географска област. Таа е дизајнирана за поддршка на командите во проценките и донесување на воена одлуки".




Шема 31. Процес на здружено разузнавање

*Планирање на здружена разузнавачка архитектура (ЗРА)* бара рана идентификација и интеграција на оперативните разузнувачки потреби, а кои произлегуваат од релевантните доктринарни, организациони и управувачки функции, со што всушност се врши усогласување за поддршка на мисијата. Воспоставување на проток на информации, навременост, содржина, определувањето на форматите и приоритетите ќе помогнат да се обезбеди техничка спецификација неопходна за ефикасна подршка на КЗС-и. Планирањето на ЗРА мора да овозможи опстанок, заштита и интероперабилност на информациската архитектура која содржи и владини и комерцијални конфигурации.

*Собирањето* опфаќа активности кои се однесуваат на стекнување на податоците потребни за задоволување на потребите определени со планот за собирање на податоци. Менаџментот со собирачките операции вклучува: насочување, распоредување и контрола на специфични собирачки платформи, сензори и HUMINT извори и трасирање на процесирањето. Обврска на менаџментот со собирачките операции е да врши координација преку ангажираните сензори, согласно тактиките и процедурите за нивно користење, со што се обезбедува нивна успешна алокација и вклучување во

извршување на задачата[216]. Собраните разузнавачки информации се дистрибуираат преку соодветни класифицирани медиуми до елементите за процесуирање и експлатација.

*Процесуирање и експлоатација* подразбира дека, собраните сурови податоци се претвораат во форми кои би можеле да бидат користени од страна на командантите на сите нивоа, понатаму, од разузнавачките аналитичари и други корисници. Процесуирање и експлоатација вклучуваат: прва фаза од видео и сликовите материјали, конверзија на податоци и корелација, превод на документи, дешифрирање на врски и др. Процесуирањето и експлоатацијата може да бидат спроведени и од оние субјекти кои ги собрале тие податоци.[217]

*Анализата на целите и продукцијата* ќе зависат од квалитетот на информациите и обработените податоци од разузнавачките објекти или цели. Врз основа на целта на командантот, посакуваните и непосакуваните ефекти, таргетерите започнуваат со процесот на анализи на целите содржани во здружена листа на цели, ограничена листа на цели и листа на забранети цели. Геопросторните побарувања мораат да бидат идентификувани што е можно порано во планирачката фаза. При ова се користат карти, графикони, дигитални продукти и прецизни геодетски координати и други подржувачки графички и детализирани објаснувања потребни за полесно планирање и извршување на мисијата.

*Дисеминација и интеграција на разузнавачките податоци, потреби и процедури.* За достава на собраните податоци до сите субјекти потребни се комуникациски системи кои се во надлежност на Секцијата J-6 ( комуникации и врски). Одредени разузнавачки податоци поврзани со разузнавачките побарувања на потчинетите команди и единици се испраќаат преку комуникациските средства.

Со евалуацијата и повратниот импут разузнавачкиот персонал на сите нивоа врши анализа на придонесот на разузнавачката функција, ги идентификуваат областите каде е потребно подобрување, и доколку е можно веднаш се преземаат мерки за подобрување на капацитетите и приоритетите за собирање на нови разузнавачки информации.

---

[216] JP 2-01, Joint and National Intelligence Support to Military Operations,Joint Chiefs of Staff, 05 January 2012, p.g.II-1, www.dtic.mil/doctrine/new_pubs/jp2_01.pdf

[217] Пример за процесуирање и експлоатација имаме кога техничките параметри (фреквенција, фреквенција на пулсно повторување и широчината на опсегот) се детектираат од страна на системот од електронското разузнавање (ELINT- Electronic Intelligence) кој веднаш ги споредува овие параметри со веќе зададените во неговиот софтвер и го препознава идентитетот на радарот ( вид, припадност и др.).

Колкаво е значењето на оперативното и тактичкото разузнавање во оператиите на здруженото вовјување може да се види од оперативните извештаи и мемоарските записи на директните учесници во вооружените операции.[218] Од нив може да се согледаат отстапките кои се присутни во изведувањето на операциите во однос на претходно предвиденити, недостатоците во доктрините на ангажирањето на силите и одредени специфичности кои се поврзани со настани, а кои се од суштинско значење за развојот на операците во Здруженото војување.

Контраразузнавањето е содржано во оперативните активности на државните контраразузнавачки служби (офанзивни контраразузнавачки служби, ресорни контаразузнавачки служби, територијални конатаразузнавачки служби, цивилни контраразузнавачки служби, воени контраразузнувачки служби, оперативни контраразузнувачки служби и други служби на контраразузнавање), „а кои имаат за цел откривање и спречување на дејствувањето на противничките разузнувачки служби, заштита на сопствените тајни и заштита на одредени објекти и работни места кои што можат да бидат мета на противничките служби....Контраразузнавачкатата заштита подразбира и соодветни тактички потези насочени кон дезинформирање на противничките разузнувачки служби, со што би се довеле во заблуда за нашите активности и истите би ги насочиле во погрешен правец.“[219]

Кога се работи за контраразузнавачките активности во операциите на здруженото војување, особено значење се дава на координацијата на контраразузнавачките активности под кои се подразбира идентификација на моментални и планираните разузнавачки активности, а со кои се обезбедува согледување на физичките и персоналните слабости и капацитети на непријателот, особено во однос на вооружените операции со користење на технички мерки, шпионажа и саботажа и агитација. Со контраразузнавачките активности треба, по потреба да се обезбедат формални врски со земјата домаќин се со цел да се обезбеди подршка во заштитата на персоналот на здружените сили. Во однос на поставената структура потребно е да се

---

[218] James P. Finley „*U.S. Army Intelligence History:* A Sourcebook, U.S. Army Intelligence Center &, Arizona, 1995, Edited by, p.g. 422

„ Операција Пустинска бура беше чудна мешавина на успех и фрустрација за единиците ..Успехот на единиците се базираше на предностите од електронското војување и недостиг на ресурси кај противникот... . Сето ова на крајот доведе до пресврт во делот на доктрина на употреба на силите на бојното поле”.

[219] Томе Батковски „ Разузнавачко безбеноснa контраразузнавачка тактика, Скопје 2008, стр. 143--144

обезбеди целосна координација на контраразузнавачките /(тактички, опеаративни, стратегиски и мултинационални) активности.

За подобро разбирање на разузнавањето како оперативен и борбен систем во здруженото војување, за истиот, според многу политички и воени аналитичари мора да се има изградено посебен доктринарен пристап. Ова од причина што според нив, овој систем се состои од мноштво меѓусебно поврзани, неограничени "системи со нивните подсистеми", а кои би ги опфатиле многубројните сфери на општественото живеење: воената цивилниа, политичкиата, економската, дипломатската и други сфери. На шема 32 е прикажан сиот комплекс на интересни сфери и центри на гравитација во кои разузнавањето и разузнавачкиот интерес мора да ги логира своите потреби, а кои произлегуваат од нараснатите противречности со кои се соочува едно современо општество денес. Сето ова е претставено преку многубројни содржини, во посебни мрежи на јазли (дејности, луѓе, интересни групи ) и линкови (врски помеѓу јазлите ). Значи се работи за еден многу сложен функционален модел преку кој можеме многу лесно да се најдеме во замка на разградба (деконструкција) со неможност да извршиме до крај повторно изградба (конструирње) на еден нов систем.




Шема 32. Врски помеѓу системите и потсистемите во разузнавањето.
(Извор: U.S. Joint Chiefs of Staff, 2011a, p. IV-5, прилагодено Figure IV-2.)

Во оперативното разузнавање, во делот на справувањето со современите безбедносни закани, особено е значајно создавањето на потребна оперативна слика за настапот и интензитетот на акциите кај носителите на заканите од различен карактер. Секако, ваквите акции и активности се плод на работа и ангажирање на бројни служби и агенции на национално, на регионално ниво, па и на глобален план. Ова од едноставна причина што, најчесто, во овој случај се работи за закани со кои се загрозува безбедноста не само на одредени национални заедници туку и на закани со кои се загрозува безбедноста на цели региони, па и светот во целина.

Во однос на потребата да воспоставиме нужна релација помеѓу разузнавањето како оперативна функција и современите безбедносни закани и противречности од друга страна, повторно се соочуваме со влез во дијаграмот на разузнавањето и разузнувачкиот интерес кој што ги опфаќа скоро сите сфери на општественото живеење. На прво место се секако веоните закани, потоа опасносните од вооружените (особено внатрешните) воени конфликти, организираниот криминал, тероризмот (особено глобалниот тероризам и во поново време сајбер-тероризмот), ширењето на оружјето за масовно уништување, деградацијата на животната средина итн.

Разузнавањето претставува клучна алка во справувањето со современите безбедносни закани како што се глобалниот тероризам, организираниот криминал, во борба против ширењето на оружјето за масовно уништување и други закани. Тоа всушност претставува предени ешалон во откривањето на овие опасности и како таков и претходи на секоја оперативна акција која ја преземаат политичките институции и тела на државите и нивните органи и институции, па така и во ангажирање на вооружените сили, доколку истите се вклучуваат во справување со овие закани. Тука, секако не станува збор за военото разузнавање или разузнавањето за воените сили, кое што сепак на крајот треба да резултира со целосното согледување на националната сила на една држава и која што всушност претставува комбинација на воениот, политичкиот, економскиот, географскиот, социјалниот (особено демографскиот) фактор и други фактори во разгледуваното подачје или земја.

Утврдувањето на способноста само на воените сили не може да претставува релевантна и комплетна слика за нејзините стратегиски слабости или способности. Економските ресурси, политичката зрелост, едукацијата, здравјето на нејзините припадници, како и националните цели, исто така се значајни во детерминирањето на

способностите на нацијата во решавањето на состојбите и влијанието со мирни или воени средства.[220]

Притоа е особено важно да се истакне значењето на поврзувањето на националните веоно-разузнавачки служби со разузнавачките служби на политичко-веоните алијанси и градење на врските на овие служби со цивилните разузнавачки служби и структури, при што треба да биде застапена најголема отвореност во размената на разузнавачките информации и остварена целосна координација и кооперативност во однос потребата за добивањето на клучни разузнавачки информации и податоци, потребни на страните во справување со која било од заканите.

Поради ваквата состојба и широкиот разузнавачки интерес во справуањето со современите безбедносни закани денес, покрај разузнавачките служби ( во рамките на нивните организациски структури или надвор од нив), бројни се агенциите, владини тела и други служби кои во своето дејствување покриваат одредени подрачја како што се на пример: истражување и развој на енергијата ( особено атомската енергија)[221], човековото разузнавање (со вклучување на општествената и политичката компонента на разузнавањето), разузнавањето на подрачјето на високите технологии, разузнавањето во делот на пролиферацијата на опасните материи вклучувајќи ги тука и радиоактивните материјали, информациите за националните, регионалните и глобалните терористички мрежи и активности и друго.

Што се однесува до потребата од нагласувањето на значењето на военото разузнавање и тоа особено на стратегиско и оперативно ниво (на ниво на операции и воени кампањи), можеме да кажеме дека успешното воено разузнавање најчесто се поврзува со состојбата на постигнат целосен успех во ангажирањето на вооружените сили во сите поголеми битки, боеви, воени операции или воени кампањи.[222]

---

[220] Методија Дојчиновски „*Современо воено разузнавање*", 2009, Соларис Принт-Скопје, стр.166

[221] Една од таквите агенции е на пример Агенцијата за развој и истражување на атомската енергија (Energy Research Cevelopment Agency- ERDA) во делот на Секретаријатот на САД чија основна задача е врз основа на сознанијата и достигнувањата во странските држави во областа на нуклеарната физика да врши проценки значајни за националната безбедност на САД. ( пошироко види М. Котовчевски „*Разузнавачка заедница на САД*", „Бато-Трејд"- Куманово, Скопје 2007 година).

[222] Можеме да го земеме примерот на ангажирањето на силите на Вермахтот т.е. нацистичка Германија и постигнатото стратегиското и оперативното изненадување во операцијата „Барбароса" при нападот на СССР на ден 22.07.1941 година, или пак цел сет на успешни разузнавачки операции на оперативно ниво во Арапско-израелските војни (1953 до 1973), и на крајот најновите војни во Персискиот Залив (Првата и Втората заливска војна) во делот на оперативните постапки во концентрацијата и деконцентрацијата на силите или пак успешната воената интервенција на вооружените сили на Руската Федерација во Република Грузија итн. Секако, ова отвора ново поглавје и потреба за аналитичко согледување на разузнавачките операции во историјата на здруженото војување, а кое не е предмет на овој труд.

Успешното разузнавање комбинирано со современи и надмоќни вооружени сили е гаранција за брз пораз на противничките вооружени сили, со постигнатиот ефективен удар по силите на противникот во одредени фази од операцијата, со нанесување на ненадоместливи загуби, со што воедно и се менува односот на силите на боиштето или војувалиштето, а преку што всушност се влегува во фаза на постигнување на крајните цели на војната т.е. постигнување на целосен пораз врз противникот.

#### 4.3.7.4. Огнена поддршка на здруженото војување

Огнената поддршка во здруженото војување се дефинира како огнена моќ која се обезбедува со употребата на огнените системи на воздушните, копнените, поморските и силите за специјална намена, а со кои се обезбедува движење, напредување, маневар и контрола врз територијата, населението, воздушниот простор и клучните води. Основите на огнената поддршка во здружените операции произлегуваат од елементите на борбената моќ, принципите на здружените операции и здружените функции.[223] Понатаму таа се дефинира и како оган кој што се остварува со ангажирање на најмалку две компоненти на огнена поддршка заради остварување на посакуваните ефекти, во поддршка на остварувањето на заедничките цели.[224]

Синхронизацијата на огнената поддршка во здружените операции бара координирано дејство на сите елементи на системот за огнена поддршка преку контунуирано планирање, постојано координирање и енергично извршување. Системот за огнена поддршка вклучува одредување на цели, планирање, координација и употреба на системите за огнено дејство кои мора да функционираат колективно за да се обезбеди ефективен оган по време и место, а кое командантот ќе го определи.

Огнената поддршка ги уништува, неутрализира и ги потиснува непријателските сили со што им го оневозможува нивниот маневар на копно, море или во воздушниот простор, и истовремено со ваквите дејства директно го поддржува маневарот на пријателските сили.

---

[223] JP 1-02, Department of DefenseDictionary of Military and Associated Terms, Joint Fire Support. Department of defense USA 15 October 2013, p.g. 147

[224] JP.3-09: Joint chiefs of staff. (2006). Joint Fire Support. Department of defense USA; GL.8

Најоптималното решение со кое би се постигнала ефективната интеграција на огнената поддршка во здружената операција се постигнува со вклучување на сите нејзини елементи во здружениот процес на планирање, со континурано следење и координација на дејствата и со енергичното извршување на планот.

Целта на планирањето на огнената поддршка е да се изнајде најдобрата опција за нејзина интеграција и синхронизација со планот за маневар на командантот. Преку процесот на планирање на фазите во операцијата, командантот го развива својот концепт во кој ги вклучува и огновите. Ефективната здружена огнена поддршка зависи од планирањето и успешното извршување на основни задачи: поддршка на единиците кои се во борбен допир со непријателот; поддршка на концептот на операцијата; координација и синхронизација на огнената поддршка; одржување на огнената поддршка на потребното ниво во текот на операцијата.

Командантот на здружените сили и командантите на компонентите (воздушна, копнена, поморска и специјални сили) со асистенција на своите штабови, ја интегрираат и синхронизираат здружената огнена поддршка во време и простор, со цел зголемување на ефективноста на здружените сили. Командантот на здружените сили ги организира истите врз база на концептот од операцијата (CONOPS–Concept of operation) и обезбедување на потребната подрашка на силите, а со кои се обезбедува извршување на доделената мисија. Организацијата на силите, треба да биде доволно флексибилна во однос на планираните фази во операцијата, за да може брзо да одговори на непредвидените околности и развојот на ситуацијата кои бараат промена на првичниот план. Командантот на здружените сили формира субординирана команда, доделува одговорности, обезбедува соодветно командување и врски во функција на поддршката и одредува инструкции за координација на командантите на компонентите на здружените сили. Командантот на здружените сили раководи со интегрираните компоненти и го синхронизира извршувањето на огнот. Можностите на системите кои ја обезбедуваат огнената моќ можат да бидат ограничени и затоа им се доделуваат одредени приоритети во извршувањето на нивните задачи. Поради ова, командантот на здружените сили и неговиот штаб, внимателно ги планираат ресурсите и побарувањата во здружената операција, обезбедуваат соодветна комбинација од сили и потребни можности за да се постигне целта.[225]

[225] JP.3-09: Joint chiefs of staff. (2006). Joint Fire Support. Department of defense USA; p.g.14

Командантот на здружените сили ги интегрира огнените средства од воздушната, копнената и поморската компонентата во единствено ангажирање на огнените средства на мултинационалните сили. За да се постигне максимален ефект на огновите, потребни се дополнителни и меѓусебно зависни операции на овие компоненти и нивните сили. Ваквите операции вклучуваат планирање, одредување на цели, извршување и проценка од дејството по истите.

Синхронизацијата на дејствата во подрачјето на операции на копнените и поморските сили со дејствата во поширокото здружено подрачје на операции (JOA-Joint operations area) во рамките на војувалиштето е од исклучително значење. Синхронизираноста на здружената огнена поддршка бара координирана интеракцијата на сите елементи на системот на огнена поддршка,темелно и континуирано планирање, агресивна координација и енергични извршување За да се овозможи потребната синхронизација, командантот на здружените сили поставува приоритети кои треба да бидат извршени во рамките на војувалиштето, односно во рамките на здруженото подрачје на операции.

Во текот на планирањето на здружената операција мора да постои детаљна интеграција и координација помеѓу поддржуваната единица и единицата која ја изведува огнената поддршка. Таквата интеграција ѝ овозможува на здружената огнена поддршка дејство по однапред планираните временски ограничени цели (TSTs- Time sensitive targets) и другите непосредни цели кои ќе се појават во текот на борбените дејствија.

Пресекувањето на непријателските линии е акција со која се пренасочува, нарушува или одложува или уништува вооружениот потенцијал на непријателот, пред истиот да биде во состојба ефикасно да го искористи овој потенцијал. Синхронизацијата која се постигнува со интеграција и синхронизација на маневрот и пресекување на непријателските линии им обезбедува на командантите постигнување на ефекти во огнената поддршка кои можат да влијаат на извршувањето на мисијата на оперативно ниво.

Користењето на помошните-неубојните можности на огнените системи, мора да биде интегрирано во операцијата за да произведе синергични резултати. Таквите можности на системите се изразуваат преку следните ефекти: создавање на чадна завеса, лажни позиции и реони на единиците, употребата на капацитетите за воспоставување на лажните врски од кои може да се издвои електронскиот напад (EA

Electronic attack), залажувањето на непријателот, ставањето на неговиот систем за командување и контрола вон функција и попречувањето на неговата работа. Употребата на ваквите капацитети е особено важно кога е ограничена и нецелисходна употребата на борбените единици.

Огнената поддршка во здружените опрации се обезбедува со дејство на авијацијата, ангажирање на хелихоптерите, системите за противоздушна одбрана, артилериските системи на класичната артилерија и огнената поддршка на поморската компонента.[226] *Авијацијата* се истакнува со својата сестраност и способност да пружи огнена поддршка на целото војувалиште и достигнува дострел до посакуваните цели со употреба на прецизно наведувана муниција и ракети. Со ова таа ја нуди ненадминливата предност пред останатите оружени системи. *Хеликоптерите* можат да се ангажираат во различни улоги како органски средства во состав на компонентите на здружените сили, но пред сѐ се користат како маневарска единица на силите вклучени во извршување на мисијата. *Артилериско-ракетните единици,* можат да дејствуваат на поголеми далечини користејќи ракети „земја-земја", „море-земја" и „воздух-земја", против добро заклонети цели од исклучителна важност и да обезбедат огнена поддршка независно од периодот на денот и речиси во сите временски услови. *Артилериските единици на класичната артилерија (цевна артилерија)* се користат против оние цели кои во дадена борбена ситуација е невозможно или нецелисходно да се гаѓаат со други оружени системи. Присуството на артилериските единици од најмалите борбени единици па сѐ до најголемите формициски состави (бригади, дивизии и корпуси) овозможува нејзино ангажирање во сите типови на опрации, и истата претставува главна огнена сила на копнената компонента која бара масовен оган, и со која се нанесуваат големи загуби во жива сила и огнени средства, се уриваат цврсти објекти и се влијае на борбениот морал кај противникот. *Огнената поддршка од поморската компонента* се обезбедува со бродски топови или со ракети и со ангажирање на авијацијата. Основната задача на овој вид огнена поддршка е да им овозможи на поморските единици поддршка при нападните операции, со уништување или

---

[226] Целата историја на војувањето е поврзана со потребата за зголемувањето на огнената моќ на системите за поддршка во вооружените операции. Најголема револуција во системот за поддршка на операциите е остварен со пронаоѓањето на барутот (во четиринаесетиот век), потоа и динамитот, понатаму во појавата на автоматското оружје (крајот на деветнаесеттиот век) и употреба на оклопните орудија и авијацијата (почетокот на дваесеттиот век), за да на крајот ваквиот прогрес се заврши со пронаоѓањето на атомското оружје (1945 година), кое ја обележува можноста за општа светска катаклизма, која би значело крај на постоењето на човековата заедница и планетата Земја.

неутрализирање на непријателските сили, огнените точки и поставените пречки, кои го отежнуваат или попречуваат настапот на бродовите на поморско-десантните сили и копнените сили во крајбрежното подрачје.[227]

Планирањето на огнената поддршка во здружените операции се остварува со помош на двете меѓусебно поврзани целини и тоа: *одредување на целите и проценка од дејството на огнената поддршка.* Процесот на планирање на здружената огнена поддршка ги вклучува следните чекори: *намера и крајна цел на командантот; развој на цели и одредување на нивен приоритет; анализа на постоечките капацитети и можности; одлука на командантот и доделување на задачи; планирање и извршување на задачата; проценка на постигнатите ефекти.*[228]

Здружените огнови и огнената поддршка мора да бидат координирани и синхронизирани низ циклусот на здруженото одредување на целите. Крајниот резултат во одредувањето на целите е интегрирација и синхронизација на огновите во рамките на здружените операции. Одредувањето на целите, исто така го поддржува процесот на поврзување на посакуваните ефекти од огновите со акциите и задачите на здружените сили на ниво на нивните компоненти.

Персоналот од организациските целини кој е вклучен во координација на огнената поддршка во здружените операции, мора да се придржува кон следните императиви: [229]

- планирај предвреме и континуирано!
- осигурај се дека важните информациите за целите постојано кружат!
- разгледај ги опциите за употреба на сите убојни или неубојни средства за напад!
- користи ја најмалата единицата која ќе биде способна да ја изврши потребната огнена поддршка!
- јасно достави го потребното барање со кое би се побарал оган од огнени системи на компонентите на здружените сили!
- искористи ги најефективните средства за пружање на потребната огнена поддршка!
- избегнувај го непотребното дуплирање на огновите и дејствата по целите!
- координирај ги активностите во воздушниот простор!
- обезбеди ја потребната координација!

---

[227] Joint Publication No.3-09: Joint chiefs of staff. (2006), Joint Fire Support. Department of defense USA,p.g. 67
[228] Исто, p.g..48

- заштити ги силите!
- обезбеди флексибилност на огнената поддршка!

Со контролните мерки за огнена поддршка (види Шема 33) се дозволува или се огранучува употребата на огнот на системите за огнена поддршка во одредено подрачје, реон, објект или цел за одредено време или за цело времетраење на операцијата. Инструкциите и локацијата на контролните мерки при извршување на огнената поддршка, се пренесуваат преку електронски пораки или истите се содржани во планот за огнена поддршка, а со кои мораат да бидат запознаени повисоката команда, соседните и поддржуваните единици. Притоа, треба да се разбере дека не е потребно секогаш да се имплементираат сите контролни мерки, туку дека нивната имплементација зависи од конкретната ситуација.




Шема 33: Контролни мерки за огнена поддршка

[229] JP No.3-09: Joint chiefs of staff. (2006), Joint Fire Support. Department of defense USA,.; p.g. XI

( Извор JP 3-09-3: Close Air Support, Joint chiefs of staff. 08 July 2009, Figure III-3. Fire Support Coordination Measures p.g..II-26)

Според прифатените стандарди, во здружените операции, подеднакво како во конвенционалните вооружени операции контролните мерки за координација на огнената поддршка се исти и се делат на: контролни мерки кои дозволуваат извршување на одредени активности, рестриктивни мерки кои ограничуваат извршување на одредени активности, графички мерки и на крајот, административни контролни мерки.

Контролните мерки кои дозволуваат (пермисивни мерки) извршување на активности од доменот на огнената поддршка се: линија за координација на огнот; линија за координација на огнената поддршка; реон за слободен оган; Рестриктивни мерки (со кои се ограничува употребата) при координација на огнената поддршка се: линија на ограничен оган; реон на ограничен оган; реон на забранет оган; област за координација во воздушниот простор.[230]

Со брзиот развој на орудијата и оружени системи кои ја обезбедуваат огнената поддршка и разновидноста на муницијата, а со која се обезбедува висока прецизност на огнот, се отвора прашањето за разрешувањето на вечната дилемата, содржана во синтагмата: „еден проектил – една цел". Ваквиот однос ја наметнува нужната потреба од следење на брзите промени во доктрините на современото војување, потребата за интензивен развој на нови системи за огнена поддршка од кои се бара брзо и потполно уништување на индивидуални цели, со избегнување на можни колатералните загуби кај пријателските сили и особено кај цивилното население.

### 4.3.7.5. Здружена логистичка поддршка

Во разгледувањето на логистичкта доктрина на здружените сили повторно аналитички ќе ги согледаме доктринарните решенија на НАТО Алијансата и концептот на САД за здружена логистичка поддршка. Ова особено што иако НАТО логистичката доктрина примарно е наменета за НАТО силите истата еднакво може да биде применета во рамките на ангажирањето на мултинационалните сили или во рамките на сојузничките здружени сили.

[230] Преземено од NATO Standardization agency. (2011). STANAG 2484, AArtyP-5: NATO Field Artillery tactical doctrine; pg.44

НАТО логистичката доктрина е договорена, прилагодена и применета од страна на земјите кои учествуваат во операциите предводени од НАТО коалицијата, во проширена коалиција со земјите партнери на НАТО, здружените сили со мандант на ОН или ЕУ и други сојузнички сили. Интероперабилноста помеѓу членките на НАТО се темели на НАТО стандардизациските договори, како и други документи и публикации.

Целта на „Сојузничка здружена доктрина за логистика" е да се објасни како се планира, спроведува и вреднува здружената логистика.

Документите се фокусирани, пред сѐ на оперативно ниво. Ги дефинираат и разгледуваат принципите на здружената логистика и истакнуваат одредени заеднички рефлексии кои се битни за имплементација на операциите. Покрај тоа, таа го отсликува сегашниот развој на здружената логистика и ги вклучува насоките на НАТО алијансата за поддршка на земјата домаќин и договарање во подрачјето на операциите. Доктрината е содржана во доктринарни правила, упатства и насоки за конкретни ангажирање на логистичките единици, персоналот и ресурсите, и истата им е достапна на сите членки на Алијансата и на партнерските земји.

Сојузничката здружена доктрина за логистика првенствено е наменета за командантот на здружените сили, командантот на мултинационалните здружени наменски организирани сили, и истата ги содржи основите и принципите и дава конкретни решенија во однос на оганизацијата на силите во делот на искористувањето на логистичките ресурси, распоредување и разместување на силите и ресурсите и логистичкиот персонал, искористувањето на капацитетите на земјата домаќин и начинот на поддршката на силите при извлекување од подрачјето на ангажирање.

Доктрината на логистичката поддршка содржи директиви и насоки за развој, правила и процедури за планирање и имплементација на логистиката, а со која се овозможува „создавање на ефикасна организација на системот за логистичка поддршка, обука и развој на логистички персонал и изградба на неопходната логистичка инфраструктура, како и развој и обезбедување на потребните материјали и услуги"[231]. Доктринарните решенија ги разработуваат улогите, комуникацијата и одговорностите на командите на стратегиско, оперативно и тактичко ниво.

Главна задача на здружената доктрина е да го обезбеди потребното единство во ангажирањето на здружените сили, согласно единствениот план за употреба на

вооружените сили на интегрираното боиште и остварување на воено стратегиски цели, а кои се во функција на одбрана на националните интереси на земјите-членки на Алијансата.

НАТО логистичката доктрина е во функција на преземените обврските на НАТО во однос на колективната одбрана и операциите за одговор на кризи. Истата претставува израз и одговор на промените во структурата на националните сили и потребата за градење на единствен дизајн во извршување на доверената мисија.

Здружената сојузничка логистичка доктрина е применлива за сите НАТО сили кои спроведуваат операции, вклучувајќи ги и оние кои се одвиваат со мандант и во соработка со силите на Обединетите нации, Европската унија и Организацијата за европска безбедност и соработка. Исто така е применлива и за државите кои не се членки на НАТО, но кои земаат активно учество во операциите предводени од НАТО, во делот на решенијата кои ги нудат за логистичкта поддршка и интеграција на овие сили во НАТО алијансата.

а) Улога и одговорности

Мултинационалната логистика бара усогласување и синхронизација во разграничување на одговорностите помеѓу командите на членките на НАТО алијансата, земјата домаќин и земјите кои не се членки на НАТО, во ситуација кога дејствуваат под команда на НАТО.[232]

Способноста за проекција на сили и одржување на борбените способности на силите во целост е зависна од ефективната здружена логистика. Таа се огледа во можностите за одржување на високото ниво на логистичките функции преку интрерграција на националните и мултинационалните способности и можноста за широка интеграција на останатите агенции и субјекти во доменот на логистиката. Ваквата интеграција овозможува одржување на физичките способности, пополнетост со оружје и опрема во секое време и на потребното место, како витален сегмент во поддршка на операциите на здружените сили.[233]

---

[231] Преземено од NATO Standardization agency. (2011). STANAG 2484, AArtyP-5: NATO Field Artillery tactical doctrine, p.g. 2

[232] AJP-4(B), Allied Joint doctrine for logistics p.g..1-2

[233] JP 4-0, Joint Logistics, 18 July 2008, p.g.VII

Интегрирана и синхронизирана логистика во мултинационална средина бара воспоставување на интероперабилен логистички концепт и доктрина, со исто така потполно јасно идентифицирани и интегрирани соодветни логистички процеси, организации, и можности за командување и контрола. Таа сама по себе претставува предизвик, но истовремено како таква овозможува развој на способностите на комanандантот на здружените сили и, потребна слобода на акција. Ова подразбира широк спектар на разгранети можности за координација и кооперација на логистичките функции на меѓународно ниво, во контекст на ангажирањето на капацитетите и ресурсите на силите учеснички во коалицијата.[234]

За развој на целокупен логистички концепт на операциите од особна важност е воспоставување на насоки со кои се нагласуваат одговорностите, планирањето и водењето на мултинационални логистички операции. „Одговорностите може да бидат формулирани во зависност од видот на операција, и исите се предмет на договор помеѓу државите учесници, а со кои се регулира ангажирањање во заедничкиот контигент на здружените сили. Тоа воедно значи дека, онаму каде што е можно да се постигне успех во ангажирањето на силите, треба да се задржи најниското ниво на здружување на логистичките функции. Или општо земено, на оперативно ниво ваквата координација и сихронизација на логистичките функции може да биде застапена и да се врзува за одредена географска област или подрачје на операции. На тактичко ниво пак, елементите за логистичка поддршка повеќе би биле фокусирани на обезбедување на поддршка на функционална основа, на специфични елементите на одредени компоненти на вооружените сили, или пак служби или специјалности."[235]

Државите кои учествуваат во составот на здружените сили ја преземаат целосната одговорност за опремување и обезбедување на своите сили поединечно, или преку договор за заедничка соработка, снабдување со логистички ресурси за поддршка на силите доделени на НАТО алијансата за време на мир, криза и воен конфликт. Ако државите одлучат за вклучување во поддршка на силите преку националниот елемент за поддршка, тогаш тие пристапуваат кон интерконекција со соодветно НАТО-мултинационално логистичко координативно тело.

Државите во обезбедувањето на поддршката на нивните сили мораат секоја од нив поединечно или со кооперативни договори, да осигураат обезбедување на логистички ресурси, кои можат да бидат доделени на НАТО алијансата во мир, криза

---

[234] JP 4-0, Joint Logistics, 18 July 2008, p.g. XIV

и конфликт. Државите истовремено ја задржуваат контролата врз сопствените национални контигенти сè до нивното претпотчинување на коалицијата.[236]

Видот и големината на логистичките сили пресудно ќе влијае врз логистичкиот концепт на операциите и на ограничувањата за пренос на овластувањата врз силите кои учествуваат во операцијата. Ова особено е применливо во изведување на операции кои не се во согласност со член 5 и, каде што државите силно влијаат врз логистичкиот концепт на операциите, и тоа особено во процесот на генерирање на силите.

Пред упатување во операции, државите интензивно се поттикнуваат на договарање и потполно разбирање на основите на мултинационалната логистичка поддршка. Државите треба да го информираат НАТО, доколку ја прифаќаат улога држава-лидер за логистика или земја- специјалист за логистика, или доколку планираат да обезбедат учество во мултинационални интегрирани единици.[237]

Национален елемент за поддршка (НЕП) претставува организација или активност со кои се обезбедува реализација на националната логистичка поддршка, а која е координирана од командантот на здружените сили.

Во секој случај, државите треба, во најголема можна мерка, да ги искористат предностите кои им се нудат во изборот на различни решенија, во делот на мултинационалната логистичка поддршка. Националниот елемент за поддршка може да ги извршува следните функции: реализација или координација на функциите на логистичката поддршка со други држави; координација и известување, по потреба учество во мултинационалниот логистички орган за командување и контрола заради обезбедување на континуитет на вкупните логистички напори и на крајот имплементација на договор за соработка и разбирање со државите кои не учествуваат во операциите со цел, обезбедување на транзитен пристап преку територијата на тие суверени држави.

Државите имаат одговорност за опремување на своите сили и реализација на преземените обврски од поедини или заеднички договори, набавка на потребните логистички средства заради поддршка на силите доделени на НАТО за време на криза, мир или конфликт. Понатаму, државите се одговорни за обезбедување на соодветна поддршка на единиците доделени на НАТО. Тоа го остваруваат со обезбедување на

---

[235] NATO Standardization Agency (2003). *AJP-4 (A): Allied Joint Logistic Doctrine* . Chapter 1, p.g.. 1-6
[236] NATO Standardization Agency (2005). *AJP-4 -9: Models of Mujltinacional Logistic Support* . Chapter 1, p.g.. 1-1
[237] Allied Joint doctrine for logistics AJP-4(B), p.g. 1-3

квалитетна и ефикасна логистичка структура, посебно дизајнирана за потребите на мисијата. Државите ја задржуваат контролата врз своите ресурси сѐ до моментот кога се ослободени од тоа по пат на договорени механизми, како што е пренесувањето на овластувања.

Командантот на здружените сили ја презема контролата врз обезбедувањето на вообичаените средства и тој е одговорен за нивна безбедност, одговорен е за утврдување на логистичките барања во сите фази на операцијата и за координација на логистичкото планирање и поддршка во својата област на одговорност, и е одговорен за развој и објавување на планот за логистичка поддршка на операцијата. Соодветните одговорности исто така треба да му бидат доделени на комадантот на силите од земјите кои не се членки на НАТО. Одговорноста на Командантот на здружените сили исто така се применува и на контингенти на земјите кои не се членки на НАТО, а кои учествуваат во операциите предводени од НАТО.

б) Мултинационална логистика

Мултинационалната логистика е алатка со која, во зависност од оперативните барања и специфичната ситуација, сојузниците може да ја подобрат нивната ефективност.

Секоја од државите кои учествуваат во контингентот на НАТО ги разгледуваат можностите за реализација на мултинационалните договори, бенефициите или проблемите кои произлегуваат и кои можат да бидат во спротивност со нивните национални интереси. Бенефициите и недостатоците кои се појавуваат во мултинационалните организации за поддршка, мораат да бидат јасно дефинирани и разбирливи.[238]

---

[238] AJP-4(B), Allied Joint doctrine for logistics p.g.. 2-5




Шема 34. Концепт на логистичко обезбедување на Здружените сили на механизирана пешадиска бригада (мпбр)

Опции за логистичка поддршка во мултуналните операции во НАТО предводените мисии можат да бидат следните: национална поддршка; национален елемент за поддршка; поддршка на земјата домаќин; обезбедување на ресурси во областа на здруженото војување; договори за заемна поддршка; логистичка водечка нација; земја со специјална улога; мултинационални интегрирани логистички единиците; и логистичка поддршка од трета страна.[239]

[239] NATO Standardization Agency (2003). *AJP-4 (A): Allied Joint Logistic Doctrine* . Chapter 1, p.g.. 1-13

в) Здружена логистика

Во рамките на областите на здружените операции, командантите на компонентите на вооружените сили се одговорни за ефективна логистичка поддршка. Сепак, оваа поддршка не се спроведува целосно со ресурсите од една од компонентите на вооружените сили, туку се разгледува и имплементација на здружената логистика, која се дефинира како "координирана логистичка поддршка на две или повеќе гранки од составот на вооружените сили, а чија основна цел е да се постигне поголема ефикасност и брзина и зголемување на логистички ресурси насочени кон заедничка цел.[240] Како што е прикажано на Шема 34 во рамките на Командата на Здружените сили постои Директорат или Секција за логистика на здружената команда -J-4 (Logistics directorate of a joint staff ) преку кој се пренесуваат надлежностите на командантот на здружените сили во делот со севкупното ракодоводење со логистички функции на единиците, додека пак преку националните елементи за логистичка поддршка -NESP (National Element of Suport) се врши координација на логистичките активности (особено во делот на тактичката контрола-TCN (Tactical Control), во сите фази од извршувањето на мисијата.

г) Интегрирана логистика

Интегрирана логистика се однесува на процесот на усогласување на управувањето на логистичките операции за поддршка, преку оптимизација на логистичките способности кои се достапни на командантот на здружените сили. Целта е да се создаде, поддржи и максимално да се зголеми ефикасноста на интегрираната логистика на заедничките сили способни за постигнување на целта на операцијата и остварување на планираната шема на маневар на силите и да се одржи посакуваното ниво на борбена способност на здружените сили. Интегрираната логистика вклучува единство во командувањето и контролата на логистиката, мултинационален заеднички логистички центар и најширока можна експлоатација на мултинационалните логистички решенија со кои се постигнува зададената оперативната ефикасност.[241]

[240] AJP-4(B), Allied Joint doctrine for logistics p.g. 2-7
[241] Исто, p.g. 2-7

д) Логистичко планирање

Логистичките стандарди и доктрина се клучни елементи за логистичкото планирање. Тие даваат заедничка основа за оперативно планирање на НАТО активностите и националните логистички планови. Тие се средства со кои се осигурува дека националните планови ги поддржуваат НАТО поставените цели и НАТО мисиите. Овие логистички стандарди дополнително ги дефинираат министерските насоки и останатите плански документи.

Државите членки на НАТО алијансата мораат да овозможат поединечно или колективно осигурување на логистичките ресурси за поддршка на силите предвидени за НАТО во мир, во услови на криза и во војна. Планирањето е насочено кон пружање на гаранции дека расположивиот персонал, опрема и другите материјали ќе бидат обезбедени навремено и во доволни количини и квалитет и ќе претставуваат гаранција за извршување на мисијата.[242]

Планирањето се разгледува во две категории: одбранбено и оперативно планирање. Одбранбеното планирање се состои од два плански елементи и тоа: процес на одбранбено планирање за членките НАТО алијансата и процес на планирање и проценка за членките на Партнерството за мир.

ѓ) Концепт на Алијансата за поддршка од земјата домаќин (ПЗД)

Поддршката на земјата домаќин (ПЗД) се состои во цивилна и воена помош која ја обезбедува земјата домаќин во задоволувањето на логистичките потреби на НАТО алијансата и сојузничките сили во мир, итни ситуации, кризи и конфликти. Оваа помош е насочена кон силите кои се лоцирани, оперираат или транзитираат низ територијата на земјата домаќин. Договорите склучени меѓу соодветните органи на земјата домаќин и водечката земја или земјата која ги испраќа контигентие или НАТО, ја даваат основата на таквата помош.

Целта на НАТО концептот за ПЗД е да се обезбеди ефективна, ефикасна и економична поддршка на операциите на здружените сили, со ставање на располагање на потрбните ресурси на земјата домаќин. Овој концепт е во функција на поддршка на Новиот стратегиски концепт на Алијансата (ANSC-Alliance's New Strategic Concept) и

---

[242] AJP-4(B), Allied Joint doctrine for logistics p.g. 3-1

Директивата за воена имплементација на Алијансата (DMIA- Directive for Military Implementation of the Alliance).

Основите на ПЗД се содржани во посебен доктринарен прирачник во AJP-4.5 (Host Nacional Suport), каде се предвидени договорени принципи и политики на земјата домаќин во односите кон НАТО и се пропишани процедури и насоки на вооружените власти на НАТО (NMA- NATO Military Authorities). Составен дел на овој прирачник е и водич до сите земји-членки на НАТО и партнерските земји, а кои се однесуваат на планирањето и извршувањето на преземените обврски и за координацијата и соработката меѓу вооружените власти на НАТО и останатите држави. Ова ја нагласува потребата од флексибилност при планирање на ПЗД, со цел да се задоволат различните потреби на мултинационалните сили, како гаранција за извршување на мисијата.

Обврските на земјата домаќин која ја обезбедува поддршката се поставени врз база на постоечкиот Договор за статусот на силите (SOFAs- Status of Forces Agreements) или други релевантни договори.

Овој документ е применлив во операциите на НАТО, вклучувајќи ги оние кои се изведуваат во соработка со други меѓународни организации како што се Обединетите нации, Организацијата за безбедност и соработка во Европа и Европската унија. Тој е исто така применлив и за земјите кои не се членки на НАТО, а кои учествуваат во операциите предводени од НАТО алијансата.

е) Планирање на логистичка поддршка (ЛП) во АРМ при учество во операции надвор од Република Македонија.

Националните логистички документи и останатата нормативни акти со кои се регулира логистичката поддршка (ЛП) во ангажирањето на вооружените сили на АРМ, при учество во операциите надвор од територијата на Р.Македонија подлежи на ажурирање и промени, во согласност со измените и дополнувањата на нормативите со кои се регулира ЛП во операциите, предводени од соодветна договорна организација, сојуз или коалиција. Начинот на планирањето на ЛП во мисии надвор од РМ се пропишува со посебен документ - Упатство, каде се даваат јасни насоки и се објаснува методологијата за спроведување на логистичкото планирање и реализација на ЛП од

почетокот на подготовките па сè до завршувањето на мисијата, односно до враќањето на единицата во Р. Македонија.[243]

Основни НАТО документи кои го опфаќаат процесот на оперативното логистичко планирање се: Упатство за оперативно планирање (Guidelines for Operational Planning GOP), Функционално упатство за логистичко планирање (Functional Planning Guide Logistic) и Функционално упатство за планирање на движењата и транспортот (Functional Planning Guide Movement & Transport).

Овие документи ја овозможуваат соработката помеѓу националните и мултинационалните штабови и овозможуваат планирање и контрола на логистичките активности во НАТО предводените операции.

Можностите за користење на опциите за ЛП во мултинационални операциите се дефинирани во соодветни логистички публикации (Шема 35) и истите се применуваат




Шема 35. Концепт на логистиката доктрина во АРМ

во согласност со НАТО концептот за ЛП на операциите. Секако на Националнниот концепт за ЛП мора да му соодветствува и Доктрина за ЛП која всушност претставува разработка на содржините изразени во одредени доктринарни упатства, правила и прирачници кои ги користат командите и единиците во делот на обезбедување на

[243] Логистички концепт на АРМ, 21.01.2011 година , стр. 25

имплементацијата на логистичката подршка на силите во здруженото војување.Националната концепција за логистичка поддршка на земјите-членки на НАТО е во функција на обезбедување на континуитет во логистичката поддршка на мултинационалните сили со обезбедување на ресурси (средства) и услуги, а со што се овозможува водење операции од полн спектар, со цел обезбедување на максимално искористување на борбените можности на силите.

Прашањата за ЛП на земјите партнери и контрибутори главно се разликуваат и истие зависат од повеќе фактори како што се: економските можности и ограничувањата на нациите контрибутори и партнери, природата на операцијата и други прашања.

Во однос на финансискиот менаџмент, истиот е во функција на поддршка на процесот на извршување на мисијата на командантот на здружените сили преку две меѓусебно различни но, истовремено и поврзани функции, и тоа: *менаџментот со ресурси и финансиска поддршка.* Менаџментот со ресурси има за цел да обезбеди совети и препораки на командантот на здружените сили, побарување на ресурси, идентификација на извори за финансирање, утврдување на трошоци, воспоставување на надомест и управување со внатрешната контрола. Финансиската поддршка пак, има за цел да обезбеди финансиски совети и препораки, да го поддржи процесот на набавки и да обезбеди ограничена платежна поддршка и исплати. [244]

Со ова се потврдува поединечна хипотеза на третата посебна хипотеза со која се бара од современите вооружени сили претставени преку здружените сили во своето ангажирање да применуваат современи концепти и оперативен дизајн и истовремено да применуваат поинакви стандарди во ангажирањето на вооружените сили, а кои ќе резултираат со брз и ефективен пораз на конвенционалните сили на противникот.

Ова ја наметнува потребата од подетално разгледување на организацијата и видовите на ангажриањето на вооружените сили во современите здружени операции.

---

[244] JP 1-06- Financial Menagement Support in Joint Operations (2008), p.g.I-1




Шема 36. Организација на здружените сили за задача (Joint Task Force -JTF) на мултинационална механизирана пешадиска бригада на здружените сили.

На Шема 36 е прикажана мултинационална механизирана пешадиска бригада на здружените сили која е составена од борбени делови и делови за поддршка и тоа: еден механизиран баталјон од составот на СР Германија, еден механизиран баталјон и логистичка чета од САД, еден механизиран баталјон, чета на воена полиција и инженериска чета од Р. Македонија)[245].

Здружените сили изведуваат операции во **подрачје, сектор, зона, област на здружени операции - JOA (Joint operational Area),** а кое всушност претставува просторно и временски подрачје кое ги опфаќа воздушната, копнената и поморската димензија на просторот, која е определена од страна на претпоставената команда, и во која командантот на здружените сили ја планира и реализира доверената мисија. Ваквите подрачја во операциите на здружените сили во зависност од карактерот на операцијата можат се нарекуваат и како: подрачја на офанзивни или дефанизивни операции, подрачје на здружени-специјални операции, подрачја на заштита на силите, подрачје на амфибиски операции, комуникациски зони и други делови од просторот, а со кои всушност поблиско се определуваат подрачјето за ангажирање на поедини

[245] Ваквата организациска структура најверојатно ќе претставува начелна шема во ангажирање на баталјонската борбена група (ББГ) која, согласно преземените обврски кон НАТО алијансата, како партнерска земја, потребно е да ја имаме подготвено за ангажирање најдоцна до 31.12.2013 годна.

компоненти, родовски единиции и други единици од составот на здружените сили во операциите.

б) Планирање и извршување на мисијата на здружените сили

Во планирањето за извшувањето на мисијата на здружените сили, кога станува збор за силите на НАТО, начелно му претходи доверување на мандат од страна на Советот за безбедност на ОН[246]. Меѓутоа како што знаеме, во вооружените интервенции врз Ирак и Авганистан мандатот на НАТО се спроведува и без одобрение на Советот за безбедност на ОН. „Ваквото ангажирање НАТО алијансата го презема кога ќе процени дека во Советот за безбедност на ОН не постои расположение да се добие консензуален благослов за интервенција, а состојбите станале 'зрели' за неодложна примена на воена сила за нивно неутрализирање, а кои во НАТО доктрините децидно се детерминирани како состојби што ги загрозуваат виталните интереси на демократскиот свет, хуманитарна криза, етничко чистење и слични кризи и состојби. Таков случај беше и случајот на воената разврска на Косовската криза од 24.04 до 10.06.1999 година“.[247]

Клучни елементи во планирањето на мисијата на здружените сили претставуваат изјавата за мисијата, намерата на команданатот и оперативната наредба.

Изјавата за мисијата претставува краток израз (реченица или параграф) кој дава објасување за организациајата на силите за задача и целите на мисијата.

Намерата на командантот претставува јасен и концизен израз на целите на операциите и крајната цел во ангажирањето на силите.

Со оперативната наредба се даваат јасни назнаки и опис на акциите кои ги преземаат здружените сили и организациите за поддршка, со што се постиигнува потполна интеграција, сихронизација и координација во ангажирањето на силите по фази, вклучувајќи ги тука и конкретните задачи на единиците и составите од борбените родови и родови за борбена поддршка и единиците од борбено-сервисната поддршка и

---

[246] На пример со Резолуцијата 816 од април 1995 година донесена од Советот за безбедност на ОН, со која на силите на НАТО, како на меѓународни сили, им се дозволува воено да интервенираат во операцијата насловена како „да се спечи летот“ во вооружениот конфликт на Југословенските простори, а кој што и претставува прв таков практичен мандат

[247] Група на автори: проф. д-р Трајан Гоцевски, проф. д-р Митко Котовчевски, проф. д-р Зоран Нацев и проф. д-р Радко Нечевски „*Дефендологија*“, Куманово 2002, стр. 192.

останатите специјалности[248]. Тоа се всушност директиви, кои се најчесто формално издадени од страна на командантот, а со кои се овозможува ефективно и координирано изведување на доверената мисија на единцата.[249]

Со определување на фазите во извршувањето на мисијата (Шема 37) КЗС-и и неговиот штаб на јасен начин ја определуваат визијата за извршувањето на операцијата во целина, ги дефинираат барањата, потребите, силите, ресурсите, времето, просторот и целите. Во извршувањето на одредени здружени кампањи и операции, најчесто се применува модел кој што се состои од четири фази: *подготовка за упатување во зоната на операции, распоредување на главнината на силите во зоната на операциите, имплементација и повлекување на силите.* Секоја од овие фази опфаќа повеќе потфази со што всушност се определуваат повеќе операции од помал обем, а со кои се остварува извршувањето на мисијата на силите во целина.




Шема 37 . Фази во изведување на здружените операции

Со почетните проценки за ангажирање на силите се земаат предвид сите фактори кои што можат да имаат позитивно или негативно влијание врз текот и резултатите во извршувањето на мисија. Проценките за извршувањето на мисијата започнуваат од моментот на приемот на мисијата, кога командантот и неговиот штаб ги определуваат

[248] Борбени родови се: пешадиските, маринските, оклопните и силите за напад од воздух, додека силите за борбена поддршка се останатите родовски сили на компонентите на ВС (артилерија, инжинерија, врски, артилериско-ракетните системи за ПВО, врски и комуникација, хеликоптерски сили).Сили за борбено-сервисната поддршка ги чинат службите и специјалностите во делот на логистиката.

[249] NATO Standardization Agency (2013). *AAP-6: NATO Glossary of Terms and Definitions of military significance for use in NATO.* p.g.. 2-P-3

факторите кои водат кон прогрес во извршувањето на задачите, во остварувањето на посакуваните ефекти, или во постигнувањето на целите. Крајна цел на извршените проценки е како да се постигне да се изврши потполна изолација на противникот, да се изолираат неговите центри на моќ и да се изврши одвојување на командното тело од силите, елементите за поддршка и инфраструктурата

Со преземањето на иницијативата, всушност КЗС-и настојува да ги искористи предностите на пријателсктите сили во однос на силите на противникот, во постигнување на ефект на шок, деморализираност, со нанесување на неочекувани удари по клучните точки во распоредот на противникот, а со што се постигнува парализираност во одлучувањето и внесува дезорганизација во ангажирањето на силите на противникот.

Ангажирањето на здружените сили во операциајта ќе зависи од карактерот на кампањата (офанзивна кампања, или дефанзивна операција, операција за стабилизација и поддршка и т.н.) На Шема 38 со црвена боја се прикажани борбените ангажирања (директните акции на силите) кое ја достигнува својата кулуминација во третата фаза (доминација) за да потоа ова ангажирање потполно се намалува во однос на интензитетот (фаза на стабилизација и оспособување на цивилните власти, во петтата фаза од операцијата).

Оспособувањето на цивилните власти всушност, настапува како последна фаза во ангажирањето на здружените сили во мисијата, а со која се обележува всушност и постигнувањето на стратегиските и оперативните цели на мисија, и воедно се создаваат услови за повлекување на силите од просторот односно од подрачјето на ангажирање. Ова треба да претставува состојба во која цивилните структури во подрачјето за ангажирање ќе бидат во состојба да ја преземат одговорноста да раководат со вкупната состојба во општеството или заедницата, без при тоа да им е потребна воена или друга помош однадвор. При тоа КЗС-и треба да изврши трансфер на власта од здружените сили на државните власти или други авторитети. (н.пр. набљудувачи на Обединетите нации, мултинационални мировни сили или други организации), со што се обележува и крајот на операцијата. Повлекувањето на здружените сили од подрачјето за ангажирање мора да се реализира плански и да се изврши на начин со кој ќе се овозможи потполно и безбедно искористување на сите капацитети за транспорт и елементите за поддршка на ангажирани сили во извршување на мисијата. Повлекувањето на силите често ќе бара одмор, преземање на дополнителни мерки и активности за освежување на трупите,

и можеби дополнителна обука, пред да дојде до нивно повторно ангажирање во наредни мисии.




Шема 38. Фази во извршување на операцијата[250]

Потребата на Обединетите нации (ОН) за брз одговор на актуелните кризи во земјите во светот, произлегува од постоечките опасности, а со кои се дестабилизира внатрешната состојба во одредени земји ( тероризам, бунтовништво, масовни нереди со кршење на човекови права, бегалски кризи, расни, верски и други немири), со можност ваквите состојби многу брзо да се пренесат или да имаат негативно влијание во поширок географки регион. Поради тоа, ОН најчесто организираат здружени сили кои, во рамките на доверениот мандат се ангажираат во извршување на мисии како одговор на кризи или во операции со ограничена примена на воена сила.

Операциите како одговор на кризи или операции со ограничена примена на воена сила се вообичаено со ограничено времетраење и со ограничено ниво во ангажирање

---

[250] JP 5-0, Joint Operation Planining, Joint chiefs of staff, 24 December 2006, Прилагодена FigureIV, Notioanl Operational Plan Phases IV-34

на вооружените сили, во однос на постигнувањето на крајните цели на мисијата во одредена земја или одредено подрачје во светот. Овие операции можат да се изведуваат самостојно или да претставуваат дел од поширока, покомплексна здружена операција, или кампања. Операциите како одговор на кризи или операции со ограничена примена на воена сила вообичаено вклучуваат: *операции за евакуација на цивилно население, мировни операции, операции за пружање на хуманитарна помош, операции за обнова на една земја, ограничени офанзивни опрации, противтерористички и противбунтовнички операции, дефанзивни операции и операции за подршка на цивилното население.*

*Офанзивни операции* се решавачки вид на борбени операции, со кои единиците изведуваат напад од фронтот, страните и задднината, по сите елементи на борбениот распоред на непријателот. Со комбинација на оган и движење, смели и брзи удари, единиците навлегуваат во непријателскиот распоред, ги разбиваат, уништуваат или заробуваат непријателските сили и заземаат одредени позиции и објекти[251].

Одбраната претставува вид борбено дејство со кое единиците со оган, маневар, запречување и изведување на противнапад му нанесуваат поголеми загуби на непријателот, особено на неговите главни сили, со цел да го неутрализираат, уништат и да го задржат во просторот во кој ја изведуваат одбраната и да создадат услови за изведување на други видови борбени дејства.[252]

Со одбранбените операции успешно се спротивставува на нападот на противникот, се одолговлекува нападот на противникот, се чуваат силите, или се создаваат услови за преземање на офанзивни операции.[253]

*Помошни операции* се таков вид на операции и оперативно-тактички постапки со кои се унапредува и засилува ангажирањето на силите во главните операции, кампањи и со кои се постигнува потполна доминација на силите на просторот на војувалиштето.[254]

Во помошни операции спаѓаат: доведување, концетрација и оперативен развој на силите, смена на ангажираните сили, поврзување, премин преку линии, ретроградни операции и извлекување на силите.

---

[251] Општа такатика, С. Цветковиќ, ЦИНОМ, Скопје, 2000, стр. 4-1
[252] Слободан Цветковиќ „ *Општа Тактика*", ЦИНОМ Скопје, 2000, стр. 5-1
[253] FM 3-90 „Tactics", Basics of defensive operations, 04 July 2001. Part III, p.g..237
[254] Исто, p.g..354

Како пример ќе наведеме дека помошните операции во Првата заливска војна 1990 година во просторот на Персискиот Залив траеја цели 6 месеци додека офанзивната кампања траеше само 36 дена. Или уште порано во операцијата „Искрцување во Нормандија во 1944 година", помошните операции во делот на привлекување, подготовка и оперативниот развој на силите на просторот на Велика Британија траеја повеќе од една година.[255]

Особено значајно е да се подвлече дека во овие операции настанува преклопување на многубројни функции на бојното поле: командувањето, стратегиското и оперативно разузнавање, персоналната поддршка и особено цивилно-воената соработка и логистичката поддршка на трупите.

## 5.2. Операции на НАТО надвор од членот 5 од Повелбата за негово формирање.

Потребата за НАТО алијансата да биде способна да одговори на кризи надвор од членот 5 од основачкиот документ т.е. Повелбата за неговото фомриарање и концептот на Договорот за „колективна одбрана", за првпат е нагласена во Стратегискиот концепт на Алијансата во 1991 година и повторно во 1999 година за време на Самитот во Вашнгтон во САД. Овој самит официјално ја признава потребата за вклучување на НАТО во иднина, во операции за одговор на кризи надвор од членот 5, вклучувајќи го и учеството во мисии за ефективна превенција од конфликт. Воената мисија на Алијансата во операции за одговор на кризи надвор од членот 5 е фокусирана на обезбедување на ефективен менаџмент со криза во случај кога состојбите со кризата не претставуваат директна закана на земјите-членки на НАТО или состојба со кои се нарушува нивниот територијален интегрите. Во спротивно, јасно би било дека ќе се повикаат на членот 5 за „колективна одбрана".

Членот 5 од Повелбата на основачкиот документ на НАТО алијансата гласи: „Страните се согласија дека вооружениот напад против било која од земјите членки поединечно или повеќето земји во Европа или Северна Америка ќе се смета како напад на сите земји членки, и според тоа се договорија доколку се случи таков вооружен напад секоја од нив, применувајќи го правото на индивидуална или колективна самоодбрана, како што е дадено во Член 51 од Повелбата на Обединетите нации, се обвзуват да и помогнат на страната или на страните кои се нападнати преку преземање,

---

[255] http://www.nationalarchives.gov.uk/battles/dday/, преземено на 23 03 2013 г.

поединечно и во соработка со другите страни, соодветни активности, вклучувајќи и употреба на вооружени сили заради возобновување и одржување на безбедноста во северноатлантската област. За секој вооружен напад и мерки преземени како резултат на истиот, веднаш да биде известен Советот за безбедност. Таквите мерки ќе бидат сопрени кога Советот за безбедност ќе ги преземе мерките кои што се неопходни за возобновување и одржување на меѓународниот мир и безбедност“[256]. Ова е познато и како „колективна одбрана“.

Менаџмент со криза претставува „преземени координирани акции кои треба да ги деактивираат кризите, да ја спречат нивната ескалација во вооружен конфликт и да ги задржат судирите кои се на прагот на пројавување“[257].

Менаџментот со криза е една од фундаменталните задачи за безбедноста на НАТО алијансата. Со него се предвидува подеднакво вклучување на вооружени и невооружени мерки како одговор на закана, независно дали се работи на закани на национално ниво или на закани со кои се загрозува меѓународната безбедност[258].

Улогата на НАТО во менаџментот со криза оди подалеку од вооружените операции, со вклучување на пример во операции за заштита на населението од природни, технолошки или хуманитарни катастрофи. Кризата ефективно може да биде од политичка, воена или хуманитарна природа, и како последица на политички или вооружен конфликт, технолошки инциденти или природни катастрофи.

### *5.2.1. Историски осврт на операциите на НАТО алијансата надвор од членот 5*

Некои автори појавата на учеството на НАТО алијансата во операциите од надвор од членот 5 од Повелбата за неговото формирање ја поврзуваат со завршувањето на периодот на Студената војна додека пак, други нивната појава ја согледуваат многу порано, дури и на почетокот на дваесеттиот век. Со рушењето на Берлинскиот ѕид, распаѓањето на Советскиот Сојуз и исчезнувањето на Варшавскиот договор, во еуфоричната 1989 година, спонтано започнува и дебатата околу оправданоста на натамошното постоење на нејзиниот пандан, НАТО алијансата. Всушност, дебатата околу натамошното постоење на НАТО, по Студената војна ќе згасне уште пред истата да се развие. Меѓутоа, во интелектуалните кругови духовите веќе беа поделени меѓу оние што беа за и оние што беа против натамошното постоење

---

256 NATO *Прирачник за НАТО*. Brussels, (2001). p.g. 594.

257 AAP-6: *NATO Glossary of Terms and Definitions of military significance for use in NATO*. p.g. 2-C-19

258 NATO *Crisis management*. (2011). г. http://www.nato.int, преземено на 23 јануари 2012 г.

на НАТО. Оние што ја оспоруваа Алијансата настојуваа да ја претстават како стерилна, надмината и неспособна да ја осигура евроатлантската безбедносна архитектура. Со исчезнувањето на заканата која доведе до нејзината креација, НАТО ја загуби причината за своето постоење. За другите токму успехот на Алијансата го оправдува нејзиното натамаошно постоење. Натократите, од своја страна, свесни дека институцијата создадена во 1949 година не можеше повеќе да функционира на ист начин на прагот на 21-от век, најавија широки внатрешни и надворешни реформи на Алијансата. На внатрешен план, таа требаше да се преструктуира во полза на поголема функционалност, а на надворешен план да го промовира принципот на отворени врати кон новосоздадените европски демократии. Во суштина, САД сметаат дека Алијансата треба да одговори на глобализацијата и зголемената заемна зависност во светот и да создаде едно ново НАТО за новите предизвици и за новиот поствоен период, карактеристичен со спроведување на се повеќе и повеќе операции, кои спаѓаат во категоријата на операции од невоен карактер[259].

Веднаш по распаѓањето на Советскиот Сојуз ( 1992 година) државите членки на сојузот повторно се стекнаа со полна независност, но за жал, ваквата независност беше проследена со низа внатрешни противречности ( класни противречности и раслојувања меѓу населението, тензии со продолжено насилство од минатото на етничка, религиозна па и племенска основа). Започнаа вооружените конфликти и вооружени интервенции, а кои произлегоа од нерешените територијални прашања помеѓу некои земји од задкарпатскот регион и облеженото економско присуство на Руската Федерација во ова подрачје. Понатаму, распадот на поранешна Југославија (Социјалистичка Федеративна Република Југославија–СФРЈ) во 1992 година беше обележано со ангажирање на меѓународната заедница преку ОН, ЕУ, ОБСЕ и постепено вклучување на НАТО алијансата. Вклучувањето на НАТО алијансата беше со доверен мандат и во функција на поддршка на напорите на Обединетите нации за ставање крај на внатрешните непријателства кои ескалираа во крвава граѓанска војна, особено на територијата на Хрватска и Босна и Херцеговина. Вклучувањето на НАТО беше со изведување на низа воздушни и поморски операции, спроведување на економските санкции и ембарга за вооружување и обезбедување на забранети зони за летање, како и обезбедување т.е. имплементација на мировниот план на Обединетите нации на ова

---

[259] Нано Ружин, *НАТО пред новите предизвици и перспективите на Република Македонија*, Скопје 2005, стр. 6

подрачје. Мерките се покажаа неадекватни за да се стави крај на војната. Во август 1995 година, по насилставата во одредени зони, после бомбардирањето на одредени сигурни зони на Обединетите нации и земање на заложници, земјите членки на НАТО донесоа неколку одлуки кои резултираа со воена интервенција во поддршка на напорите на Обединетите нации, а со кои требаше да се стави крај на војната во Босна и Херцеговина. Двонеделната воздушна кампања против силите на Босанските Срби беше започната од НАТО, а во наредните неколку месеци уште неколку вооружени акции беа преземени по барање на командантите на силите на Обединетите нации. Овие акции го означија патот за потпишување на Дејтонскиот мировен договор на 14 декември 1995 година". Алијансата веднаш започна да работи на распоредување на мировните сили во земјата, во согласност со мандатот на Обединетите нации, давајќи му на НАТО одговорност за имплементација на мировниот договор од воен аспект.[260]

Ова беше прв пат кога НАТО алијансата беше инволвирана во операции за одговор на кризи надвор од членот 5. „Научената лекција во Босна и Херцеговина, најверојатно влијаеја врз Северноатланската алијанса подоцна, многу побрзо да интервенира во Косово (во 1999 година). Имено, после состојбата со скоро ,'едногодишното етничко чистење" ,НАТО алијансата ќе ја донесе се чини најконтраверзната одлука во својата историја, да интервенира без посредување на Организацијата на Обединетите нации. Конфликтот ќе биде прекинат на идентичен начин како и во Босна и Херцеговина. Разликата е во тоа што воздушната кампања во Косово траеше 78 дена или пет недели повеќе отколку што беше тоа случајот во Босна и Херцеговина. Потоа следуваа други вакви операции – во Авганстан, во земјите од Медитеранот, западниот брег на Африка, во поддршка на Африканската унија како и во Република Македонија".[261]

Но, за да стане парадоксот уште поголем некои воени и политичките аналитичари на стратегиите за безбедност на НАТО алијансата, оценуваат дека овие операции, во иднина ќе претставуваат најчесто застапениот предизвик за вооружените сили во однос на целосниот спектар на нивото ангажирање. Ова од причина што ваквите операции обично вклучуваат различни тактички дејства насочени кон постигнување на зададените оперативни цели и стратегиската цел, што од друга страна пак, ги принудува командантите да прават своевиден линк помеѓу вооружениот и

---

[260] NATO *Crisis management*, (2011). . http://www.nato.int, преземено на 23 јануари 2012 г

[261] Синиша Даскаловски, Годишен зборник,УКИМ 2009, „ *Војникот носител на мирот*",У Д К: 355.121, стр. 344

невооруженито настап во ангажирањето на силите, иститe се принудени да ги бараат врските помеѓу вооружената сила и невоените субјекти и агенции во зоните или подрачјата на ангажирање кое повторно води кон изместувања. Се јавува како јасно назначен проблем на различното сфаќање на доверените мисии на контигентите на здружените мултинационални сили. Исто така, присутна е и состојба кога командантите најчесто ќе бидат приморани да работат во рамките на помалку посакуваните командни структури, често диктирани од страна на Организацијата на Обединетите нации и други меѓународни договорни организации, со што на НАТО Алијансата и го одземаат нејзиниот конститутивен агенс, и со што на крајот се доведува во прашање дури и неговото постоење како договорна политичко-воена организацијa или воена алијанса.

### 5.2.2. Спектар на операции на НАТО алијансата

Врз основа на новоизградениот пристап во ангажирањето на силите на НАТО алијансата, овие сили мораа да бидат подготвени и оспособени за преземање и изведување на *операции од полн спектар*. Овој спектар на ангажирања се движи од пружање поддршка за ангажирања во операции од хуманитаретн каратер, вклучување и одговор на конфликти и на крајот, доколку мисијата тоа го бара и вооружени ангажирања.[262]

Како и да е, овие операции ќе бидат изведени во контекст на спектарот на конфликти – Шема 39 (војна, поддршка на мирот, против-бунтовничка борба и воено присуство во мирно време, со искористување на основните вооружени активности)[263].

[262] NATO Standardization Agency (2010). *AJP-01(D): Allied Joint Doctrine*. p.g.. x.
[263] NATO Standardization Agency (2009). *AJP-3.2: Allied Joint Doctrine for Land Operations*. p.g.. xiv




Шема 39. Спектар на конфликт[264]

Спектарот на конфликт е основа за сите операции. Тој го претставува „целиот опсег на нивоата на насилство од стабилен мир па сè до општа војна“[265]. Овој спектар го става нивото на насилство на растечката скала од стабилен мир до војна. Нивоата на насилство можат да отскокнат од една точка на спектарот на друга. На пример, нестабилниот мир може да премине во војна, или војната може да заврши ненадејно со нестабилен мир.

Рамнотежата на активностите ќе влијае директно на типот на кампањата, од причина што секоја воена операција, во одреден момент ќе содржи елементи на офанзивни, дефанзивни, како и активности за стабилизација и поддршка. Различни кампањи бараат различен пристап и различни сили, како и различна рамнотежа на тактичките активности.

---

[264] Преземено и прилагодено од NATO Standardization Agency (2010). *ATP-3.2.1.1: Guidance for the Conduct of Tactical Stability Activities and Tasks*. Chapter 1, p.g.. 1-2

[265] NATO Standardization Agency (2009). AJP-3.2: *Allied Joint Doctrine for Land Operations*, Lexicon, p.g.. Lexicon-20




Шема 40. Врска помеѓу операција и тактички активности[266]

Операциите за одговор на кризи ги покриваат сите вооружени операции изведени од страна на НАТО во ситуации на ангажирање на силите надвор од членот 5 од Договорот. Со овие операции најчесто се поддржува мировниот процес во зоната на конфликтот и затоа се познати и како операции за поддршка на мирот. Како пример за учеството на НАТО во ваков вид операции е учеството НАТО алијансата во вооружениот конфликт на Балканот и Авганистан, како и напорите за борба против пиратството на брегот на Африка. Операциите за одговор на кризи надвор од членот 5 вклучуваат „мултифункционални операции кои се надвор од членот 5 и придонесуваат за спречување на конфликти, резолуции, и менаџмент на кризи[267] во достигнувањето

[266] Преземено и прилагодено од NATO Standardization Agency (2010). *ATP-3.2.1.1: Guidance for the Conduct of Tactical Stability Activities and Tasks*. Chapter 1, p.g.. 1-3

[267] Кога се споменуваат операциите за менаџмент со криза често се мисли на мировните операции, меѓутоа има разни типови на операции за менаџмент со криза. Сите тие имаат одредени цели и мандати, кои се многу важни да се знаат со цел да се разбере влијанието, ограничувањата и обликот на една операција.

на декларираните цели на Алијансата“[268] или служат во хуманитарни цели. Основната разлика помеѓу операциите од член 5 и операциите надвор од член 5 е тоа што нема формална обврска за учество на членките на НАТО во овие операции.

Операциите за одговор на криза надвор од членот 5 можат да бидат ограничени во целите, средствата, зоната и времето, во зависност од посакуваната крајна цел. Меѓутоа, како што кажавме и порано, овие операции можат да вклучат и офанзивни, дефанзивни, како и активности за стабилизација и поддршка. Во зависност од ситуацијата, операциите за одговор на кризи надвор од членот 5 можат да бидат сложени и интензивни, исто како и операциите од членот 5, и особено за време на операциите за засилување и поддршка во ангажирањето на силите.

Операциите за одговор на кризи надвор од членот 5 вклучуваат учество на НАТО алијансата во извршувањето на операции од целиот спектар. Кон учеството се пристапува по одлука на Северноатлантскиот совет (North Atlantic Council – NAC). Овие операции можат да бидат изведувани од страна на НАТО во кој било дел од светот, надвор од териториајата на земјите-членки т.е. дефинираната зона за операции на Алијансата.

Тие можат да бидат изведени само под политичка контрола и стратегиска директива од Советот на НАТО. Истите можат да бидат изведувани само од НАТО членките, или во соработка со други меѓународни организации или земја домаќин која е членка на НАТО. Организацијата на обединетите нации (ООН), Европската унија (ЕУ) и Организацијата за безбедност и соработка на Европа (ОБСЕ) се организации кои се занимаваат со безбедносни прашања и имаат политичка, економска, културна и воена врска со земјите членки на НАТО[269]. НАТО може да се ангажира и во области каде се вклучени и други меѓународни организации (и тоа организации со регионален мандат како што е Африканската унија или некои карактеристични организации како што се на пример Меѓународниот комитет на Црвениот крст или Црвената полумесечина и други организации).

[268] NATO Standardization Agency (2010). *AJP-3.4(A): Allied joint Doctrine for Non-Article 5 Crisis Response Operations*. Lexcion, p.g.. LEX-5

[269] Исто, p.g.. 1-1.

### *5.2.3. Видови операции за одговор на кризи надвор од член 5 од Повелбата на НАТО алијансата*

Вооружените сили можат да бидат ангажирани во различни операциите за одговор на кризи надвор од членот 5. Северноатлантскиот совет може да се согласи и да раководи со ваквите операции или, истите може да бидат изведени во билатерален или мултилатерален контекст. Военото ангажирање во овие операции може да биде во опсег од *поддршка на хуманитарни операции или природни катастрофи, па сè до наметнување на санкции или ембарга, изведување на противбунтовнички операции и на крајот, во диреknто воено ангажирање на силите на НАТО*

Во продолжение накратко ќе ги објасниме видовите операции за одговор на кризи надвор од членот 5, според застапента поделба на овие операции од НАТО.[270]

#### *5.2.3.1. Операција за поддршка на мирот*

Операциите за поддршка на мирот претставуваат „операции во кои непристрасно се користат дипломатските, цивилните и вооружените средства, во согласност со целите и принципите на Повелбата на Обединетите нации, а со кои се овозможува враќање или одржување на мирот",[271]

Според Марк Гоулдинт, во однос на мандатот кој што се смета за основен критериум, постојат шест операции за зачувување на мирот, и тоа: [272]

1. Превентивно распоредување на силите на Обдинетите нации, и тоа пред избувнувањето на вооружениот судир, по барање на една од спротивставените страни и тоа само на нејзина територија. Пример за таква операција беше УНПРЕДЕП ( United Nations Preventive Deployment) во Република Македонија.

2. Традиционално интерпозициско (меѓу) распоредување на мировните сили кои создаваат услов за успех на политички преговори. Мировните сили го надгледуваат прекиниот на огнот, ги разделуваат судрените страни, известуваат за повреди, но не се вмешуваат во спорот и многу внимаваат за непристрасноста. Интерпозициските мировни сили можат да бидат вооружени набљудувачки сили, вооружени интерпозициски сили или, пак, комбинирани структури на сили.

---

[270] Исто, Chapter 3, p.g.. 3-1 to 3-17.

[271] NATO Standardization Agency (2011). *AAP-6: NATO Glossary of Terms and Definitions of military significance for use in NATO.* p.g.. 2-P-3

3. Операции за остварување на склучени мировни или општи спогодби меѓу спротивставените страни. Мировните сили извршуваат задачи како што се почитување на примирјето, почитување на човековите права, разоружување на скараните страни, складирање и уништување на оружје, формирање и оспособување на нови вооружени сили, надзор врз полициските единици. Вообичаено таквите операции се можни со предно обезбедување на согласност на сите постојани членки на Советот за безбедност на Обединетите нациии. Мировните сили можат да ги казнуваат можните прекршители на спогодбите.

4. Операции на заштита на хуманитарна помош за време на вооружените судири. Станува збор за нов тип на операции кои предвидуваат примена на воена сила за заштита на конвои или за обезбедување на поделба на хуманитарна помош.

5. Операција за стабилизација на општите услови во една земја и за воспоставување на државноста. Мировните сили имаат широк спектар на задачи – од хуманитарна помош и создавање на услови за прекин на огнот до разоружување на единици, постигнување на политички компромис помеѓу скараните страни, изградба на политички структури, заживување на стопанството и другите инфраструктурни системи. Во тие операции можна е поширока примена на сила (таа одлука е во соглсност со глава 7 од Повелбата на Обединетите нации).

6. Операции за спречување прекршување на договори во спорот. Операциите предвидуваат примена на принуда, при што судрените страни однапред постигнуваат договор, според кој мировните сили на Обединетите нациии можат да применуваат сила против било која страна која би го кршела примирјето или, пак, договорот како таков. И кај овие операции станува збор за примена на сила која значително ги надминува самоодбранбените намени и со тоа ги надминува и намените на традиционалните операции за зачувување на мирот. Според SIPRI (Stocholm Internacional Peace Reaserch Institute), Yearbook 2012, Armament, Disarmanents and international security, во 2011 година се изведени вкупно 52 мировни операции (Шема 41), а најголем број на мировни мисии се забележани во 2008 година. Во однос на контрибуторите, највисоко учество е на НАТО алијансата (вкупно 137 463 кадри или 52 отсто од вкупниот број) и истите, главно се распоредени во операции во составот на Меѓународните безбедносни сили за помош (ИСАФ) во Авганистан.

---

[272] Г. Марак, *The evolution of United Nations Peacekeeping. International Affairs* , 1993,*p.g.* 69




Шема 41. Број на мировни операции во периодот од 2001-2010

( Извор: SIPRI (Stocholm Internacional Peace Reaserch Institute), Yearbook 2012, Armament, Disarmanents and international security, p.g.6)

Што се однесува до доверениот мандат за изведување на мировни операции (Шема 42) и учеството на персоналот во операциите за поддршка на мирот, најголем број и тоа 26 операции се доверени на НАТО алијансата, 20 операции на ОН со определен мандат на водечка земја во реогионот и останатите 6 операции на некоја друга воена коалиција.




Шема 42. Учество на персоналот во операциите за поддршка на мирот

(Извор: SIPRI (Stocholm Internacional Peace Reaserch Institute), Yearbook 2012, Armament, Disarmanents and international security, p.g.6)

Најголем број од операциите за поддршка на мирот (Шема 43) се изведени во подрачјето на Средниот Исток (16 операции) и Европа (15 операции), потоа во Азија и Океанија (8 операции ) и во Америка ( 2 операции).




Шема 43. Локација на перосналот по региони во светот

(Извор: SIPRI (Stocholm Internacional Peace Reaserch Institute), Yearbook 2012, Armament, Disarmanents and international security, p.g. 7)

Во зависност од типот на постоечката криза, интензитетот на спорот т.е. конфликтот и неговото движење, понатаму бројот на вклучените учесници (внатрешни кризи и надворешни кризи) нивото на ескалација на кризата т.е. примената на инструменти, операциите за поддршка на мирот според Нато алијансата, се делат на: *операции за превенција на конфликти, наметнување на мирот и одржување на мирот, создавање на мир, градење на мир и хуманитарна помош* (види Шема 44). [273]

[273] AJP 3-4.1 - Peace Support Operations NATO. (2001), p.g. 2-3




Шема 44. Конфликти и спектар на операции за поддршка на мирот. [274]

Според ООН, операциите за поддршка на мирот се делат на операции за *превенција на конфликт, создавање на мир, наметнување на мир, зачувување на мир и градење на мир.* Накратко ќе направиме осврт на операциите за поддршка на мирот според оваа поделба, со напомена дека врз база на направените проценки за циклусот на конфликтот ќе се определи карактерот на оперциите за поддршка на мирот и секако со тоа и мандатот на меѓународните сили во операциите за поддршка на мирот.

[274] Pearson Peacekeeping Centre. Преработено од Conflict analysis.pdf. Figure 3. Conflict and the spectrum of peace operations, преземено на 12 март 2014 г.




Шема 45.- „Агенда за мир“, Бутрос Гали од 1992 година[275]

*Превенција на конфликт* е „операција за поддршка на мирот која се спроведува со ангажирање на дополнителни дипломатски, цивилни, и кога е неопходно и вооружени средства, со цел да се следат и идентификуваат причините на конфликтот и да се преземе навремена акција за спречување на појавување, ескалација или продолжување на судири“. Активностите за превенција на конфликт начелно се спроведувани во согласност со принципите на Глава VI[276] од Повелбата на Обединетите нации. Активностите може да вклучат: дипломатски, економски или информациски иницијативи; процес на реформирање на безбедносниот сектор во земјата и да се направи одговорен на демократската контрола; распоредување на силите планирани да спречат ескалирање до вооружен конфликт. Други активности во

[275] United Nations. Преземено на 13.02.2012 година. http://www.un.org/. Поопширно види на http://www.un.org/Docs/SG/agpeace.html.

[276] Повелбата на Обединетите нации е „Мирно решавање на споровите, Глава VI “.

превенцијата на конфликт може да вклучат вооружени информативни мисии, консултации, предупредувања, инспекции и следење (мониторинг).[277]

*Создавање на мир* е „операција за поддршка на мирот, спроведена после почнување на конфликт, со која се обезбедува прекин на огнот или мирно решавање на споровите. Ова првенствено вклучува поддржана дипломатска акција, а кога е неопходно, и со директно или индиректно користење на вооружените средства“[278]. Овие операции ги покриваат дипломатските активности спроведени по започнување на конфликтот со цел воспоставување на прекин на огнот и постигнување на брзо и мирно решавање на конфликтот. Тие може да вклучат обезбедување на добри услуги, посредување, помирување, такви акции како што се дипломатски притисок, изолација, санкции и други операции наредени од Северноатлантскиот совет.[279] Создавањето на мирот е најчесто со дипломатски средства, но можна е и директна или индиректна воената поддршка.[280]

*Наметнување на мир* е „операција за поддршка на мирот спроведена за да го одржи прекинот на огнот или мировниот договор каде нивото на одобрување и согласност е несигурна додека пак и заканата од нарушување на мировниот договор е висока. Силите за поддршка на мирот мораат да бидат способни за примена на веродостојна принудена сила, при што овие сили мораат да бидат непристрасни во почитувањето на мерките за прекин на огнот или на договорот за склучениот мир.[281]“. Овие операции начелно се изведуваат врз основа на принципите на Глава VII[282] од Повелбата на Обединетите нации. За време на спроведувањето на овие операции, врската меѓу вооружените и политичките цели мора да биде екстермно блиска.

---

[277] Вооружените активности ќе бидат прилагодени за исполнување на политичките и развојните барања, но во начело ќе бидат поделени во следните категории: рано предупредување, извидување, обука и реформа на безбедносниот сектор и превентивно распоредување.

[278] NATO Standardization Agency (2011). *AAP-6: NATO Glossary of Terms and Definitions of military significance for use in NATO.* p.g.. 2-P-3

[279] Исто, p.g. 2-7.

[280] Како централно прашање кое се поставува во подготоовката на силите за ангажирање во мировните операции претставува определување на посакуваното ниво на борбена готовност на силите. Здружениот штаб ја дефинира готовноста на силите како „способност на силите, единиците и вооружените системи и нивната опрема да бидат употребени без непотребни одложувања во извршување на доверена мисија. Најчесто при проценките на готовноста на силите за ангажирање во претстојните опрации се земаат предвид четири подрачја и тоа: достапноста на подготвен персонал, квалитетот и опременоста на вооружувањето, способноста за сервисирање на единиците и нивото на професионалната обученост на ангажираните сили... За поширока елабoрарица на нивото на готовноста на силите види: Antonia H. Chayes and George T. Raach, „*Peace Operations, Developing an American Strategy*„, National Denense Univesity Press, Washington, DC, p.g..68

[281] Исто,p.g. 2-P-2

[282] Глава VII од Повелбата на Обединетите нации е „Акција за почитување на закани за мирот, непочитување на мирот и акти на агресија“.

*Зачувување на мир* е „операција за поддршка на мирот која следи по постигнатиот договор или прекин на огнот, кога има изградено толерантна средина и каде нивото на одобрување и согласност е високо, а заканата од нарушувањето е ниско, употребата на сила од страна на силите за поддршка на мирот е нормална и е ограничена на самоодбрана.

Како значајни фактори во успехот на операциите за зачувување на мирот се наведуваат: соодветен политички контекст; постојана и сеопфатна политичка, дипломатска, воена и финансиска поддршка на операцијата; репрезентативност на силите; јасен мандат; соработка со страните во спорот; вештина и осетливост при раководењето со силите и наметнување на надворешни желби и решенија.[283]

Дополнителна категоризација на операции за зачувување на мирот, според карактерот и функциите (различни по квалитет и квантитет) на мисиите се делат на:[284]

- *мисија на ниво на воена сила.* Тоа вклучува употреба на вооружени сили, цивилна полиција и цивили;
- *набљудувачка мисија.* Таа се состои од вооружени офицери, но понекогаш вклучува и цивилни лица за извршување на набљудувачка или верификациска мисија;
- *мултидимензионална мисија.* Таа е на ниво на вооружени сили , кои по потреба можат да вклучат цивилна компонента.

*Градење на мир* е „операција за поддршка на мирот со ангажирање на дополнителни дипломатски, цивилни, а кога е неопходно и вооружени средства за решавање на основните причини за конфликтот и задоволување на долгорочните потреби на луѓето. Потребна е посветеност на долготраен процес и истовремено може да се работи на изведување на други видови операции за поддршка на мирот“.[285] Градењето на мир ги вклучува процесите кои ги поддржуваат политичките, економските, социјалните и вооружените мерки кои тежнеат кон зајакнување на политичкиот договор во конфликтот.[286]

Значајно е да се истакне и стојалиштето на Руската доктрина во однос на задачите на Вооружените сили на Руската Федерација за ангажирање во мировните операции. Како основни задачи се истакунуваат: определување на армијата во однос на страните

---

[283] Марина Митреска, *Превентивна дипломатија и мировни операции*, Филозофски факултет Скопје, 2010, стр. 98

[284] Исто, стр. 99

[285] NATO Standardization Agency (2011). *AAP-6: NATO Glossary of Terms and Definitions of military significance for use in NATO*. p.g.. 2-P-2

[286] NATO Standardization Agency (2001). *AJP-3.4.1: Peace Support Operations*. Chapter 2, p.g.. 2-7

во конфликот; создавање на услови за распоредување на хуманитарната помош и помош на цивилното население и негова евакуација од зоните на судирот; вклучување во конфликтот заради исполнување на поставените цели и спроведување на санкции кои се усвоени од страна на меѓународната организација и создавање на основни предуслови за политичко решавање на конфликтот.[287] Ивршувањето на мисиите се доверува на Вооружените сили на Руската Федерација со ограничено ангажирање на останатите трупи, на полициски единици и други ентитети, доколку за тоа постои потреба. Овие сили, поради природата на нивното непосредно ангажирање, во својата обука се користат со специјални програми. Притоа, Руската Федерација ја пружа логистичката и техничка помош, потребата за обука, подготовки, планирање и оперативно командување и контрола со Руските контигенти, во согласност со пропишаните стандарди и процедури усвоени од страна на Обединетите нации, ОБСЕ, ЦИС.

Во Организацијата на Обединетите нации воспоставении се четири начини за покренување на одлука за извршување на мировна операција.

- Првиот начин: на барање на земја-членка на Советот на безбедност на Обединетите нации;
- Вториот начин: на барање на генералниот секретар;
- Третиот начин: на барање на некоја земја-членка на Организацијата на Обединетите нации; и
- Четвртиот начин: на барање на земја-учесничка во спорот.[288]

Мировните операции под водство на силите на ОН зависат од мисија до мисија, но во основа се темелат на следните процедури[289]: прво е назначување на специјален преставник на ОН за одредена земја или кризен регион; второ, назначување на тим на ОН за извидување; трето, се определува период за консултации, четврто, следува Извештај на генералниот секретар, петто, поднесување на неформално барање за меѓународна поддршка до ОН, шесто, мултиларни и билателарни средби, седмо,

---

[287] Draft Russian Military Doctrine', translation by BBC Worldwide Monitoring, 11 October 1999; original source: 'Krasnaya Zvezda', Moscow 9 October 1999, pp. 4-4, at 2.26 http://www.fas.org/nuke/guide/russia/doctrine/991009.htm, преземено на ден 08.11.2013

[288288] М.Митреска, *Превентивна дипломатија и мировни операции*, Филоѕофкси факултет Скопје, 2010, стр. 160.

[289] За поширoко запознавање со чекорите и процедурите на мировните операции може да се види во С. Славевски, *Национална безбедност иа Република Македонија и евроатлантските интеграции*, Диги-принт-Скопје, 2003, стр. 40-41.

носење на Резолуција на ОН и осмо, поднесување (по можност) на формално барање до државите членки учеснички во мировната мисија.

Мандатот на силите ангажирани во опарациите за поддршка на мирот е содржан во одлуката на соодветни тела на политичко-воени алијанси на кои им се доверува мандатот во кој треба да се нагласат разликите на овој тип на операции во однос на воено ангажирање. Ваквата дистинкција на настап секако повеќе се однесува на дефинирање на посакуваната крајна политичка цел отколку на ангажирањето на силиите во воена кампања со која се постигнува воена победа над противникот. Поради карактерот на мировните оперции активното учество на страните инволвирани во операцијата (вклучувајќи ја и земјата во која се спроведува операцијата) во формулирањето на крајната политичка цел, има централно значење за успехот на операцијата. Од друга страна пак, во услови кога операцијата за поддршка на мирот се движи во правец на војна, потребно е да се вклучат страните во дијалогот со кој ќе се влијае на намалување на интензитетот на кризата, или пак во услови кога не постои можност за целосни консултации се поставуваат соодветните стратегиски цели и крајната политичка цел и тоа без консултации со некои од страните во конфликтот.

### *5.2.3.2. Борба против нерегуларни активности*

Како нерегуларни активности се дефинираат „ употреба или закана од употреба на сила од страна на нерегуларните сили, групи или поединци, често идеолошки или криминално мотивирани, чија крајна цел е да се спречат промените во општеството наметнати од страна на одредени државни власти.[290]

Борбите против нерегулани активности имаат за цел да се елиминира или ослаби авторитетот на владата или влијанието која таа го трпи однадвор, со користење на примарно асиметрични методи. Терминот нерегуларни активности се дефинира како „користење или закана со сила од страна на нерегуларни сили, групи или поединци, најчесто се мотивирани идеолошки или криминално и чија цел е да дејствуваат или спречат промена како предизвик на управувањето и властите“.[291]

---

[290] Терминот ирегуларно-нерегуларно војување (анг. Irregular warfare-IW) еволуирало од напорите да се дефинираат оние конфликти кои се манифестираат со насилни и ненасилни (контрадикторни) акции, а кои вообичаено не подразбираат традиционален судир и конфронтации на воена сила. (Irregular Warfare, Air Force Doctrine Document 3-2, 15 March 2013, pg. 6)

[291] NATO Standardization Agency (2011). *AJP-3.4.4: Allied Joint Doctrine for Counterinsurgency – COIN.* Lexicon, p.g.. Lexicon-4

Клучните разлики помеѓу ирегуларното и конвенционалното-традиционалното војување се однесува пред сè на односот на субјектите во конфликтот и особено во однос кон населението. На пример, додека традиционалното или конвенционалното војување се однесува кон населението како кон периферијата на конфликтот, ирегуларното војување смета на населението како на централен параметар на конфликтот.

### *5.2.3.3. Бунт и противбунтовнички активности*

*Бунтот* се дефинира како „дејствување на организирана, често идеолошки мотивирана група или движење кое настојува да предизвика или спречи политички промени, најчесто кај владините власти во регионот, и сето ова фокусирано кон убедување и принудување на населението да ги прифати целите со примена на насилство и субверзија“.[292] Овие активности не се ограничени со регионални или национални граници и можат да бидат локални, национални, интернационални или дури и меѓународни (глобален бунт) по својата природа.[293]

*Противбунтовничката борба* пак, се дефинира како „збир на политички, економски, социјални, вооружени, законски, цивилни и психолошки активности со цел да се уништи бунтот или востанието (Шема 46).[294]

И двете и бунтовничките и противбунтовничките активности применуваат различни методи и тактики. Овие вклучуваат политички, воени, економски, социјални, информации и инфраструктурни активности, со цел да се постигнат поставените цели и оствари поволен исход во ангажирањето. Во однос на вака широкиот спектар на активности, сепак политички активности имаат многу поголемо значење во однос на останатите, и тоа особено во делот на добивањето на поддршката и согласност на населението. Од таму, нужната потреба за остварување на целосна политичка поддршка на населението и јавноста кòја треба да биде содржана во политичката резолуција за проблемот. Доколку се гледа низ призмата на бунтовничките активности, овие активности најверојатно никогаш нема да бидат сфатени како неутрални, бидејќи со овие активности се делегитимира владата и нејзините мерки. Од друга страна пак,

---

[292] Исто, p.g.. Lexicon-4
[293] Исто, Chapter 3, p.g.. 3-2
[294] Исто, Chapter 3, p.g.. 3-18

воспоставување на единство во напорите и целите се од суштинко значење за мноштвото на актери вклучени во противбунтовничките активности.




Шема 46. Природа на противбунтовничката борба[295]

Во однос на инволвираноста на воените сили во противбунтовничките активности, најчесто овие активности се спроведуваат во операции т.е. истовремено, додека пак други операции се спроведуваат во секвенци (фази), а кои најчесто подразбираат офанзивни-дефанзивни активности, во комбинација со останати операци од невоен карактер. Рамнотежата помеѓу планираните видови воени активности најчесто се изразува во воени кампањи кои покрај борбените активности најчестои ги вклучуваат и операциите за стабилизација и пасивизација на просторот. Задачите за стабилизација во противбунтовничките операции мораат да бидат планирани пред почетокот на секоја кампања, од причина што истите претставуваат неизбежна фаза, и тоа најчесто во релативно раната фаза на секоја кампања, додека пак, постигнувањето на целосен успех во овие операци често бара повеќе време.

### *5.2.3.4. Тероризам*

Тероризмот се дефинира како „незаконска или заканувачка употреба на сила или насилство против поединци или имот со намера да се присилат или заплашат влади или општества за постигнување на политички, религиозни или идеолошки цели".[296] Во зависност од тоа која тактика ја употребуваат терористите, ефектите врз општеството може да бидат помали или поголеми. Употребата на оружјето од страна на терористите може да биде од индивидуални убиства и/или атентати, па до употреба на оружја за масовно уништување (eng. Weapons of Mass Destruction-WMD).[297] Борбата против тероризамот се состои од антитероризам и противтероризам.[298]

Планирањето на активностите, посебно планирањето на активностите во рамките на планираните терористички организации се врши многу грижливо, филигрански прецизно, стрпливо, детаљно и студиозно, идентично како што се спроведува и планирањето на исклучително сложените воени операрии. Деталите во планирањето на терористичките операции се многу поизразени отколку кај воените операции.[299]

*Антитероризам* се дефинира како „примена на сите одбранбени и превентивни мерки преземени со цел да се намали ранливоста на силите, поединците и имотот од акти на тероризам".[300] Овие мерки вклучуваат заштитни и заплашувачки мерки со цел да се спречи напад или да се намалат ефектите од терористичките акции. Одбранбените мерки се наменети за намалување на ранливоста на силите, поединци и имотот од терористички акти. Покрај тоа, овие мерки вклучуваат и лични обезбедувања и одбранбени мерки за заштита на вооружените членови, персонал од висок ризик, цивили, членови на фамилии, капацитети, информации и опрема. Превентивните мерки ги поддржуваат напорите за заштита на силите.[301] Како предизвик за силите е

---

[295] Преземено и прилагодено од NATO Standardization Agency (2011). *AJP-3.4.4: Allied Joint Doctrine for Counterinsurgency – COIN.* p.g.. 3-2 & p.g.. 3-19.

[296] NATO Standardization Agency (2011). *AAP-6: NATO Glossary of Terms and Definitions of military significance for use in NATO.* p.g.. 2-T-5

[297] Според НАТО терминологијата, оружје за масовно уништување претставува оружје што има способност на уништување со висок степен и би било користено на начин да ги уништи луѓето, инфраструктурата или останати ресурси од поголемо значење.

[298] North Atlantic Military Committee. *MC 0472: NATO Military Concept for Defense Against Terrorism*

[299] Митко Котовчевски, *Современ тероризам,* Македонска цивилизација-Скопје, 2003, стр. 270

[300] NATO Standardization Agency (2011). *AAP-6: NATO Glossary of Terms and Definitions of military significance for use in NATO.* p.g.. 2-A-16

[301] Поопширно за овие мерки и севкупниот напор за заштита на силите во: NATO Standardization Agency (2007). *AJP-3.14: Allied Joint Doctrine for Force Protection.*

создавање на ефективно заштитни мерки со што би се намалила веројатноста за успешни терористички напади против инсталациите, силите, поединци и имотот. Основите на програмите на антитероризам вклучуваат обука и одбранбени мерки кои претставуваат рамнотежата помеѓу посакуваната заштита, мисијата и расположивата инфраструктура, луѓе и средства.

Антитероризмот како веона операција на силите е застапен во сите видови воени операции. Командантите ги преземаат безбедносните мерки потребни за остварување на мисијата за заштита на силите против тероризмот.

Типичните антитерористички активности кои ги преземаат воените сили вклучуваат:

- координација во спроведување на законите со локалните власти;
- добро позиционирање и утврдување;
- преземање на акции за физичко обезбедување и спречување на неавторизиран пристап до објектите;
- преземање на акции за физичко обезбедување со што ќе се спречи кражба на оружје, муниција, лични карти и други материјали;
- воспоставување на процедури за движење, големина на конвои, избегнување на рутина, интеракција со земјата домаќин, разни ограничувања на персоналот кој не е на должност;
- обезбедување на заштита од оружје за масовно уништување.

*Контратероризмот* се дефинира како „сите офанзивни мерки преземени со цел да се неутрализира тероризамот пред и после извршените непријателските активности“.[302] Овие мерки ги вклучуваат оние активности кои се оправдани за одбрана на поединци, како и мерките за задржување кои ги преземаат вооружените сили или цивилните организации.

Вообичаено, овие операции бараат специјално обучен кадар оспособен за брза и ефикасна акција.

За да се поразат постоечките терористички групи, акциите на контратероризмот ги влучуваат следниве основни задачи:

- идентификување и изолирање на терористички организации на сите нивоа;
- нарушување на инфраструктура за поддршка;

---

[302] NATO Standardization Agency (2011). *AAP-6: NATO Glossary of Terms and Definitions of military significance for use in NATO.* p.g.. 2-C-18

- дискредитирање на идеологијата или на причините за извршување акти на тероризам;
- уништување на нивните мрежи и лидерство.[303]

Пример за борба против тероризмот е операцијата *"Enduring Freedom"* во Авганистан.

### *5.2.3.5. Криминални активности*

Криминалните активности се присутни во оние држави каде владата и управувањето се слаби и подразбираат лична добивка непопречена од властите. Може да коегзистира задно со други типови на нерегуларни (незаконски) активности. Секако, во овој случај се работи за организиран криминал и теоризам.

Во оваа прилика нема да ги елаборираме типовите на криминално однесување на ниво на општествена заедница како што се: туристички криминалитет, политички криминалитет, сообраќајна деликвенција, професионален криминалитет, малолетничка деликвенција и други. Вклучувањето на вооружените сили најчесто е поврзано со стопанскиот криминалитет, и тоа во делот на транзитот на стоки и услуги ( во услови на воведени трговски ембарага) и особено во оневозможување на пиратството (како што беше случајот на брегот на Африка од страна на сомалиските пирати). Посебно поглавје на криминални активности во последно време му припаѓа на шверцот на опасни материи, особено на „нуклеарни материјали".Тој подразбира шверцување на нуклеарни материјали, пренамена на технологиите за оружје, пренамена на технологиите за збогатување (издвојување и прочистување на конктретен изотоп) на одреден елемент.[304]

Ваквите кримилани активности ги поттикнуваат нуклеарните закани и појавата на т.н. нуклеарен тероризам, а со кој можат да се доведат во опасност цели урбани заедници, индустриски капацитети и важни инфраструктурни објекти, со секако несогледиви несогледиви последици по човековата заедница.

---

[303] Report by the National War College Student Task Force: Combating Terrorism in a Globalized World, National War College, May 2002, pg.21

[304] М. Котовчевски, „*Национална безбедност*", Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски",Скопје, 2013, стр.299.

### *5.2.3.6. Поддршка на цивилните власти*

Поддршката на цивилните власти ги вклучува сите оние вооружени активности кои даваат привремена поддршка со користење на средства на цивилните заедници или власти, кога е тоа дозволено со закон. Категориите на поддршка вклучуваат воена асистенција на цивилните власти и поддршка на операциите за хуманитарна помош. Поддршката на цивилните власти се врши преку:[305]

– воена асистенција на цивилните власти (Military Assistance to Civil Authorities), која поддршка подразбира вклучување на воената поддршка на цивилните власти во заштита на граѓанските права на населението, економско заздравување и воена асистенција при цивилни немири;

– поддршка на операции за хуманитарна помош;

– пружање помош во услови на глобални катастрофи;

– поддршка на раселени цивили, која опфаќа асистенција за внатрешно раселени лица и бегалци;

– безбедносни мисии кои вклучуваат формирање и одржување на условите за обезбедување на хуманитарната помош од страна на организации од светската заедница за помош, при штовооружените сили можат да бидат побарани за асистенција при обезбедување на складиштењето на храна, пружање медицински услуги, за заштита на конвои, опрема, и сл.;

– техничка асистенција и поддршка, особено во логистиката, комуникациите и инженерството;

– менаџмен со последица,односно „акции преземени за да се одржат или обноват основните животни и егсистенцијални функции и обезбеди менаџирање и намалување на проблемите кои се настанати како последица од големи несреќи и катастрофи, вклучувајќи природни, вештачки или терористички инциденти";

– инженерството, што се состои во пружање на техничка помош во изградба на објекти и обезбедување на основни услови за преживување на населението, после граѓанските војни со големи последици или природни катастрофи ( поплави, земјотреси итн.).

---

[305] NATO Standardization Agency (2011). *AAP-6: NATO Glossary of Terms and Definitions of military significance for use in NATO.* p.g.. 2-S-6

– пребарување и спасување, кое се состои во пружање на техничка асистенција и помош со „користење на авион, возило, подморница, стручни тимови за спасување и опрема за пребарување и спасување на персонал од несреќи на копно или вода".

Во спроведувањето на операциите за поддршка на цивилните власти, покрај дипломатскиот консензус на договорната организација под чиј мандат се ангажираат силите, потребно е највисоко ниво на согласност и соработка на земјата на која ѝ се пружа бараната помош.

### *5.2.3.7. Операција за евакуација на невооружени лица*

Операцијата за евакуација на невооружени лица се дефинира како операција спроведена со цел да се преместат на беезбедно мето одредени невооружени лица загрозени во некоја странска земја.

Мултинационалните операции за евакуација на невооружени лица вообичаено вклучува дипломатски иницијативи покренати од повеќе држави, а на која најчесто им предходи барање на земјата домаќен група на држави во погодениот регион. Следи детално оперативно планирање, со проекти за воспоставување на органи и параметри кои вклучуваат политички цели, земји учеснички или контрибутори и тајминг.

Примарна цел во ангажирањето на мултинационалните сили во невоена евакуација е да извршат евакуација на цивилите од загрозените подрачја или да придонесат во изработка на привремени засолништа на лица во погоденото-загрозеното подрачје, а со кое се овозможува потребниот инженеринг и преживување на населението.

Подготовките и ангажирањето на мултинационалните сили во операциите за невоена евакуација вообичаено се поделени во четири фази и тоа: операции за подготовка на силите, претходни операции, операции за евакуација и на крајот, опрации за повлекување или прераспоредување на силите на нови позиции.

Операциите за евакуација може да се спроведуваат како вовед на борбените операции или пошироки воени кампањи. Во текот на овие операции непосредна закана може да настапи од страна од непријателски сили како последица на општо беззаконие или пак, поради нарушени услови за живот на локалното население. Правилните проценки за заканите кои можат да настапат во однос на планирата операција е клучниот момент во планирањето на операциите за евакуација.

### *5.2.3.8. Операција за извлекување*

Операција за извлекување се дефинира „како преместувањето на сили од непријателска или потенцијална непријателска област.“[306] Може да ја опишеме и како мисија каде вооружените сили вршат покривање или пружаат асистенција во повлекувањето од мисии на здружените сили од кризен регион.

Во однос на големината на операциите за извлекување на воен персонал, тие се движат од операции на извлекување на поединци и припадници на тимови од загрозени подрачја, па сè до операции кои попримаат карактер на воени кампањи. Во овој контекст значајни се поуките и искуствата од спроведувањето на операции за евакуација на воените сили во Виетнамската војна (во 1973 година) и особено поучна за историјата на здруженото војување е операцијата за извлекување на сојуничките сили кај Денкерк (1940 година), на почетокот на Втората светска војна.[307]

### *5.2.3.9. Санкции и ембарга*

Во поширока смисла, спроведувањето на санкциите и ембаргата има за цел да се присили една нација-држава да го почитува меѓународното право или да се придржува кон резолуцијата на ОН. Ембарго значи „забрана или ограничување на влез или излез на стоки, лица и услуги во /или од држави преку море, воздух или копно“.[308] Ефикасноста на секое ембарго може да се препознае на среднорочен или долгорочен период. Познати се повеќе видови забрани и ембарга како што се:[309]

- Забрана за поморски операции, која се дефинира како „операција спроведена со цел да се изврши забрана на поморските движења на определени лица или материјали во одредена географска зона“.[310]

- Зона на забранети летови е „исклучена воздушна зона одредена од тело за санкционирање за забрана на одредени активности во одредена географска зона или

---

[306] Исто, p.g.. 2-E-8

[307] Операцијата за извлекување на сојузничките сили од пристаништето Денкеркт на белгискиот брег започнала на 4 јуни 1940 и истата траела вкупно девет дена. Ова претставува една од најголемите и најуспешни операции на извлекување на воени сили ( вкупно 338.000 воен персонал беа опкружени на брегот, од страна на моќните сили на Вермахтот), која во историјата на војувањето сè уште не е надмината во однос на обемот и капацитетот на вклучените поморски воени и други сили во оваа операција. Истовремено ова се смета за една од најголемите грешки во операциите на Вермахтот на почетокот на Втората светска војна. (http://www.history.com/this-day-in-history/dunkirk-evacuation-ends)

[308] NATO Standardization Agency (2010). *AJP-3.4(A): Allied joint Doctrine for Non-Article 5 Crisis Response Operations.* Chapter 3, p.g.. 3-15

[309] United Nations (1982). *Convention on the Law of the Sea.* Part VII, Section 1, Article 87, p.g. 57.

подрачје“[311]. Со други зборови тоа е зона каде се забранети летовите на авионите, освен ако за тоа немаат соодветно одобрување.

- Слободата на операциите за навигација и прелет се спроведуваат за да се демонстрираат меѓународните права за навигација на море и во воздух. Слободата на навигација, според меѓународното право е суверено право. Отвореното море е слободно за користење од страна на сите држави без разлика дали излегуваат на море или не, а се извршува под условите пропишани во Конвенцијата на Обединетите нации за правото на море. Покрај другото таа се состои во слобода за навигација и слобода за прелет.

Здружените воени сили применуваат ембарга кои според обемот и зафатеноста на просоторот како и времетраењето на овие опрации попримаат карактер на сложени кампањи.[312] Поради тоа овие операции кои во најново време се вршат исклучиво со доверен мандат на ОН кон одредена земја, бараат вложување на големи напори во однос на подготовка на силите, претходните операции, извежбани сценарија на ограничени воени акции, операции на прераспоредување на силите во однос на потребата за блокада на поморските и копнените линии кон загрозените подрачја и друго.

### *5.2.3.10. Противгерилски операции*

Овој тип на ангажирање на вооружените сили со ограничена примена на сила, од спектарот на т.н. „неконвенционално војување“, кое во историјата на војувањето е застапено во долг временски период (веќе неколку векови наназад) има потреба од попродлабочено проучување. Поради карактерот и масовноста на ова движење, особено поради специфочноста во ангажирањето на силите, истото се нарекува и

[310] NATO Standardization Agency (2011). *AAP-6: NATO Glossary of Terms and Definitions of military significance for use in NATO.* p.g.. 2-M-3

[311] NATO Standardization Agency (2010). *AJP-3.4(A): Allied joint Doctrine for Non-Article 5 Crisis Response Operations.* Lexcion, p.g.. LEX-5

[312] НАТО спроведе воени операции на ембаргото за оружје во близина на брегот на Либија, помеѓу 23 март и 31 октомври, 2011 врз основа на резолуциите на ОН 1970 ( 26 март 2011) 1 и 1973 ( 17 март2011). Поморската операција на ембарго наречена наречена Операција „Единствен штит“ (ang *Unified Protector)* вклучуваше зона на забранети летови во воздушниот простор над Либија и контрола на поморскиот транспорт. Истата беше спроведена со цел да се спречи режимот на Гадафи во мерките на репресија врз цивилното население во одредени населени области. На крајот од операцијата во октомври 2011, поморски сили на НАТО извршиле проверка на 3110 бродови, додека на вкупно единаесет бродови им беше одбиен транзит до или од либиските пристаништа (UN-Mandated Maritime Arms Embargo Operations in Operation Unified Protector, за подобро согледување на операцијата види http://www.reuters.com/article/2011/03/22/us-libya-nato-idUSTRE72L4JZ20110322).

герилско војување и во овој труд ќе биде направена попродлабочена анализа на овие операции.

Герилското војување е форма на ирегуларно војување, во кое мала група на борци, вклучувајќи ги тука и „вооружени цивили“ со користење на тактички постапки и акции како што се заседи, саботажа, рации и други вооружени постапки, со напади врз осетливи цели, применувајќи изненадување и вонредна мобилност, настојуваат да остварат доминација врз побројни, но и помалку мобилни конвенционални вооружени сили, им нанесуваат значајни загуби и веднаш после тоа се повлекуваат од местото на ангажирањето.[313]

Терминот „guerrilla“, на шпански јазик значи „мала војна“ и истиот потекнува од осумнаесеттиот век за со него да се опише концептот на акциите кој што ги применувале вооружените припадници на шпанскиот народ во судир со Наполеновата војска на Ибериският Полуостров во граничните предели кон Франција.

Основите на герилската тактика и техники на настап најпрво ги наоѓаме кај познатиот кинески стратег од 5 век п.н.е Сун Цу Ву, во неговата книга „Вештина на војувањето“ кој, според мислењето на голем број воени експерти од обласата на војувањето, ги поставува основите на герилското војување. Овие ставови според Сун Цу Ву би биле соддржани во следниот техники на настап на силите, и тоа: [314]

- Ако непријателот е осигуран од сите аспекти, тогаш биди подготвен за негов напад!
- Доколку непријателот е супериорен, тогаш избегни го!
- Ако непријателот поседува колеричен темперамент, тогаш пробај да го иритираш, за да стане арогантен и да згреши во своите постапки!
- Ако непријателот се одмора, тогаш постојано вознемирувај го!
- Ако непријателските сили се компактни тогаш раздвој ги!
- Нападни го непријателот таму каде што не е подготвен и таму каде што најмалку те очекува!

Герилското војување низ историјата на вооруженото спротивставување, претставува мноту моќен почетен концепт и техника на настап, особено во народноослободителните и револуционерни движења во дваесеттиот век (Кина, поранешна Југославија и други земји) или во борбата на народите за национално ослободување водени против колонијализмот ( африканските и азиските народи),

---

[313] http://www.scribd.com/doc/142328200/Guerrilla-Warfare,

особено ако се земе предвид дека герилското војување во понатамошната фаза транзитира кон општонароден бунт или востание, за на крајот да претставува основа за изградба на конвенционалните вооружени сили на една држава

Во XX век настануваат најголемите промени, пред сè во тактиката на герилското војување и негово поврзување со востаничките, националослободителните и револуционарните активности на големи групи на народи. Во оваа група на народи истакнато место му припаѓа на кинескиот народ, кој што под водство на комунистичкиот лидер Мао Це Тунг во 1927 година ја започна 22-годишната т.н. „селанска револуција на Кинескиот народ". Важноста на анализата на герилското војување во овој период е пред сè во начинот на кој што Мао Це Тунг го трансформира герилското војување во средство со кое ќе ја присвојува државната власт во Кина. Притоа е значајно да се рагледаат низата прашања на герилското војување како што се оние за „долготрајноста на војната", „користењето на подрачјата на базирање на герилата", „герилската тактика", „поддршката на народот", „регуларноста на акциите"и „политичката контрола".[315]

За време на Втората светска војна герилското војување било применето и од страна на партизаните во Југославија на чело со Јосип Броз-Тито, кои подоцна прераснуваат во востанички движења и на крајот со формираат регуларни трупи кои ќе успеат да воспостават контрола не најголемиот дел од територијата на поранешна Југославија, и која на крајот завршува со формирање на заеднички фронт со „Црвената армија", со што, всушност, доаѓа и до целосно ослободување на територијата.

Народот на Куба, предводен од комунистичката идеологија и под водство на познатиот лидер Фидел Кастро и Ернесто Че Гевара во 1956 со примена на герилско војување ја соборува власта на диктаторот Фулгенсио Батиста во 1959 година. Матрицата на вака извојуваната победа на кубанските герилци ќе стане основа и водилка за тпочнување на револуции и рурални востанија низ цела Јужна Америка, Африка, Азија и Средниот Исток.

Од наведените примери можеме да забележиме дека низ целата историја на развојот на светската заедница на народи, и особено во периодот после Втората светска војна (1939-1945 година), а потоа и во период на Студената војна и после овој период, техниките и тактитките на герилското војување успешно се применуваат кај голем број народи и бунтовнички организации. Борбата на виетнамскиот народ, борбата на Алжир

---

[314] Sun Tzu, Art of War, PDF verzija, стр. 4

против француските колонијани сили,[316] „Тамилските тигри" во цивилната војна на Шри Ланка, во Советско – авганистанската војна, ИРА под раководство на Мајкл Колинс за време на Ирската војна за ослободување, Арапско – израелскиот конфликт, Турско – курдскиот конфликт, војната во Чеченија, вооружените акции на Талибанците во Ирак и во Авганистан итн. Со ова, всушност, уште еднаш се нагласува огромното значење кое што низ историјата на војувањето му припаѓа на герилското војување, како една од најзначајните форми на вооружено спротивставување на припадниците на, пред сè одредени етнички и национални заедници, во судир со конвенционалните сили на противникот Вредноста која и е припишана, од страна на различни автори на врската помеѓу времето, просторот и легитимноста и поддршката создаваат супстанционални варијации во теоријата за ирегуларно војување.[317]

Влијанијата кои што споменатите фактори ја имаат врз герилата, како и врз нејзините можности за успех при изведувањето на операциииите, се менуваат од ситуација во ситуација. Внимателните анализи од страна на командирите и нивните штабови на секој од овие фактори, претставува неопходен чекор во определувањето на карактеристиките, силните и слаби страни на герилата.

Герилското војување на Талибанците денес предводени од моќната глобална терористичка организација „Ал Каеда", се изгради врз стекнатите искуства обележени со герилските акции на талибанските сили во судир со советската армија која изврши воената интервенција во Авганистан (1979-1986). Трупите на тогашната Советска армија во судир со силите на Муџахедините претрпеа неподносливи загуби, а повлекувањето од судирот беше обележан со низата внатрешни промени кои во овој период се случуваа во тогашниот Советски Сојуз. Многу е значајно да се забележи дека во овој период Муџахедините кои се јавија како носители на вооруженото спротивставување беа максимално потпомогнати со оружје од страна на САД.

---

[315] Ј. Елис *„Герила кроз стољека"*, Алфа, Загреб, 1979, стр. 121

[316] Bernard Droz and Evelyne Lever, *Histoire de la guerre d'Algerie (1954-1962)*, revised edition (Paris: Editions du Seuil, 1982), p.g. 134. „ФЛН (Algerian National Liberation Front '-FLN) имаше развиено добро интегрирани подземна мрежа во Алжир, преку која нејзините оперативци организираа терористички напади на многубројни цели. Оваа мрежа се покажа брутално ефикасна. Од ноември 1954 до мај 1957 година, ФЛН презеде бројни терористички акции во кои се убиени 6.350 муслимани и 1.035 европски граѓани со престој во Алжир. Ефектот подоцна, со уште позастрашувачки последици се повтори и во Американско-виетнамската војна. Целта беше да се внесе страв кај населението и воедно да се поткопа довербата во надлежност на марионетската влада, особено во нејзиниот капацитет да ги заштити своите граѓани. "

Ваквата состојба продолжи со бунтовниците во Ирак во НАТО воената интервенција врз оваа зема и денес во Авганистан.

[317] Џејмс Д. Кирас, *Стратегија на современиот свет, Неприавилно војување, тероризам и бунтови* , Магор Скопје 2009,стр.23

Денес, после дванаесет години од воената интервенција на Здружените сили на НАТО алијансата врз Авганистан ( од 2001 година до денес) истите тие Муџахедини потпомогнати од Талибаните, од самиот почеток на интервеција водат успешни герилски операции кои прераснувааат во герилски бунт и востание. Овие герилски сили ја прилагодуваат својата стратегија со примена на поинакви тактики и техники, кои по многу нешта внесуваат новини во историјата на герилското војување. Измените во стратегијата на настап и изведување на герилските операции се огледа во следното:

- соединување на герилските акции со мирновременото однесување на локалното население;
- начело на мрежно организирање на герилските акции, кое не значи отстапување од препознаените принципи и техники на војување од претходниот период;
- максимална безбедност на ангажираните герилските сили, при што жртвите се сведени на минимум;
- настојувањата на герилските сили да изградат сопствена и претпазлива платформа на политички настап, која ќе се оствари по заминувањето на окупациските сили од Авганистан.

Ваквата состојба на настап на герилските сили секако бара промена или прилагодување во стратегијата на противгерилските операции кои денес ги водат Здружените сили, предводени од моќната НАТО алијанса во Авганистан.

Во однос на достапната литература низ енциклопедијата на записи за *противгерилските операции* се среќаваат различни дефиниции Па така, во американската воена литература се среќава дефиниција за тоа дека: „герилски сили претставуваат нерегуларни групи, составени претежно од автохтон персонал, организирани паралено со вооружените сили кои се обучуват за изведувањена на вооружени и паравооружени операции, а герилското војување се дефинира како вооружени и паравооружени операции изведувани во територијата запоседната од страна на непријателот, претежно од страна на автохтони сили“[318]. Од таму, „против герилските операции се дефинираат како операции и активности кои ги изведуваат вооружените сили, парамилитарни или невооружени агенции против герилските сили. “[319]

---

[318] JP 1-02, Department of DefenseDictionary of Military and Associated Terms, Joint Fire Support. Department of defense USA 15 October 2013, p.g..143

[319] JP 1-02, Department of DefenseDictionary of Military and Associated Terms, Joint Fire Support. Department of defense USA 15 October 2013, p.g..77

Противгерилските операции се дефинираат и како офанзивни и дефанзивни операции кои се насочени,главно, против побунетите борци. [320] Противгерилските операции се операции кои се фокусирани на војувањето против вооружениот дел на бунтувништвото. Но, исто така и политичкиот дел, односно политичката димензија на противбунтовништвото -COIN (Counter-insegency operations) е важен за долгорочните планирања, особено поради фактот дека противгерилските операции се значаен елемент во заштитата и воедно во придобивањето на поддршката на населението на окупираното подрачје.[321]




Шема бр.47: Дел од одлучувачките точки (decisive points)[322] за време на противгерилските операции во т.н. операција „ Анаконда“ која се изведе на почеоткот на март 2002 г. во Авганистан.

---

[320] JP 3-24, Counterinsurgency, 22 November 2013, p.g.. XI

[321] Исто, I-14

[322] Одлучувачка точка(decisive point) најчесто претставуа објект. Таа не е центар на гравитација туку претставува клуч во нападот и заштитата на центарот на гравитацијата, AJP, OperationalArt, str. 28

Противгерилските операции се дефинираат и како офанзивни и дефанзивни операции кои се насочени,главно, против побунетите борци. [320] Противгерилските операции се операции кои се фокусирани на војувањето против вооружениот дел на бунтувништвото. Но, исто така и политичкиот дел, односно политичката димензија на противбунтовништвото -COIN (Counter-insegency operations) е важен за долгорочните планирања, особено поради фактот дека противгерилските операции се значаен елемент во заштитата и воедно во придобивањето на поддршката на населението на окупираното подрачје.[321]




Шема бр.47: Дел од одлучувачките точки (decisive points)[322] за време на противгерилските операции во т.н. операција „ Анаконда" која се изведе на почеоткот на март 2002 г. во Авганистан.

---

[320] JP 3-24, Counterinsurgency, 22 November 2013, p.g.. XI
[321] Исто, I-14
[322] Одлучувачка точка(decisive point) најчесто претставува објект. Таа не е центар на гравитација туку претставува клуч во нападот и заштитата на центарот на гравитацијата, AJP, OperationalArt, str. 28

Примарната грижа при планирањето на противгерилските операции е во ефектот кои операциите ќе го имаат врз населението. Командантите мораат да се обидат да ја придобијат активната поддршка на населението. Во најмала рака, противгерилските активности мора да ги елиминираат одредените инцидентни ситуации кои што герилските сили може да ги постигнат со изведувањето на психолошки операции.

Тактичките противгерилски операции се изведуваат за да се намали заканата од герилските сили или нејзините активности во реонот, како и да се обезбеди поволна средина за развој на програмите на власта. Овие цели се комплетирани кога герилската закана е намалена, внатрешниот развој е започнат и тогаш кога причините за незадоволството кое го покренало бунтовничкото движење ќе почне да се намалува. Со ова постапка герилските сили се лишуваат и од поддршката на населението и од причината за борба.[323]

Борбените единици најчесто се ангажираат за изведувањето на тактички операции, но поради природата на противгерилскито војување, во одредени ситуации би се применувале и операции на повисоко ниво на ангажирање. Командирските упатства за противгерилски операции се подетални и посеопфатни отколку упатствата за конвенционалните операции.

Во подготовката и изведувањето на противгерилките операции мора да се води сметка за избраниот концепт на операции, цивилно-воената соработка и особено за медиумската поддршка, изборот на моделите за војување во судирот со бунтовничките сили, нивото и карактерот на психолошките операции и операциите за информирање, логистичката поддршка и други аспекти на операциите.

На крајот, начинот на водењето на притивгерилските операции мора да се базира на ставовите содржани во постоечките доктрини, примена на современите оперативни системи за борбена и особено информатичка поддршка и секако, научените лекции од борбени операции против герилските сили, во минатото.

---

[323] FM 90-8,„ *Tactics*" (1986) p.g.. 3-2

### *5.2.4. Изведување на операции за одговор на кризи надвор од членот 5 од Повелбата на НАТО алијансата.*

Менаџментот со криза е една од суштинските задачи на највисоките политички и командни структури на НАТО алијансата. Сите одлуки се донесуваат од Северно-атлантскиот совет, како највисоко тело на Алијансата. Одлуките се донесуваат со консензус на сите земји-членки на НАТО. Овој процес често знае да инволвира и земји кои не се членки на НАТО, особено оние кои изразиле желба да учествуваат во операциите. Одлуките за ангажирање на „партнерски земји" и други земји од меѓународната заедница ги донесува Северноатлантскиот совет.

НАТО алијансата во своето постоење, се досега, покажува способност да изврши навремена и правилна проценка на потенцијалните состојби со актуелните кризни ситуации во светот. Како што кризата се шири, така НАТО моментално ја прави проценката на ситуацијата и развива одговор врз основа на процесот на менаџирање со криза, кој се состои од пет фази (Шема 47). Овој процес е дизајниран на таков начин за да му дозволи првично на релевантниот штаб и комитетите во НАТО да ја координираат нивната работа и да му овозможи на Советот на НАТО содржајна расправа за состојбата и да извлече почетни заклучоци за состојбата со конфликтот во одредена земја или загрозени регион. Исто така, му се дозволува на врховниот командант на сојузничките сили за Европа (The Supreme Allied Commander Europe - SACEUR) да ги преземе потребните мерки за воено планирање[324]. Фазите на процесот се следните ( види Шема 48):

**Фаза 1.** Оваа фаза ги опфаќа индикациите и предупредувањата дадени од НАТО разузнавачкиот и предупредувачкиот систем или од сојузничка земја или земјата партнер. Притоа, има 4 можности кои Советот може да ги избере и тоа:

– да одлучи дека нема потреба од понатамошни разгледувања;

– да го насочи НАТО на будност и доставување на повеќе информации за Советот;

– да одлучи дека нема потреба од понатамошни разгледувања;

– да ја разгледа можноста за дипломатски, политички и претпазливи одговори, вклучувајќи итен цивилен одговор и, земајќи ги во предвид соодветни вооружени

---

[324] NATO (2011. may 10). *NATO's assessment of a crisis and development of response strategies.* http://www.nato.int/cps/en/SID-656CC458-77FAA000/natolive/official_texts_75565.htm,преземено на 27.02. 2013 г.

импликации, да одлучи да иницира целосна проценка на кризната ситуација и, да продолжи со фазите 2 и 3.




Шема 48. Процес на менаџмент со криза

**Фаза 2 и 3.** Советот им дава задача на релевантните политички и вооружени комитети за започнување на проценка на кризата и им дава насоки за развивањето на кризата, и секако за импликациите по безбедноста на Алијансата. Ова е т.н. процес на политичко-воена проценка. Во оваа фаза, Советот исто така му дава задача на врховниот командант на сојузничките сили за Европа да развива стратегија за одговор врз основа на резултатите од процесот Советот може да одбере една од опциите за одговор со давање на формални политички насоки[325] на вооружените власти на

[325] Овој документ се вика Директива за започнување на Северноатлантскиот совет (eng. NAC Initiating Directive – NID)

НАТО[326] за спроведување на оперативно планирање. Оваа одлука води кон Фаза 4, но како и да е, процесот сè уште не опфаќа одлука од НАТО за преземање на воена акција. Секако, сега сите можности се на маса, како што се политичките, дипломатските и цивилните мерки кои можат да бидат иницирани од страна на Советот на НАТО.

**Фаза 4 (Планирање).** Врховниот командант на сојузничките сили – Европа (SACEUR) во оваа фаза развива Концепт на операции (eng. Concept of Operations-CONOPS), а последователно и Оперативен план (eng. Operations Plan-OPLAN) и ги доставува до Вооружениот комитет за прифаќање и, до Северноатлантскиот совет за разгледување и одобрување. Тогаш, за да се изврши распоредување на силите, потребно е Советот да даде формално одобрување за извршување на Оперативниот план.[327] Ова ńе води во Фазата 5 од процесот.

**Фаза 5 (Извршување).** Низ оваа фаза НАТО ја извршува мисијата и спроведува регуларни проценки на операцијата со цел да го води процесот кон посакуваната крајна цел и да ги оцени вооружените способностите и структурата на силите.[328]

Ваквиот циклус во планирањето за ангажирање на вооружените сили во невооружени операции, најчесто подлежи на истите процедури и во останатите водечки национални држави и силите на политичко-вооружените сојузи или алијанси. На почетокот, т.е. во почетната фаза од проценките се вклучени највисоки политички и вооружени тела и комисии, додека одлуката за нивно ангажирање е во надлежност на највисоките политички и државни институции (собрание, влада или владини комисии, здружени комитети или сектретаријати), кои го определуваат времетраењето на мандатот и мисијата на здружените сили.

## 5.3 Придонес на Република Македонија во здружените операции за поддршка на мирот

Придонесот на Република Македонија во здружените операции и особено во операциите за поддршка на мирот мора да биде посматран во контекст на

---

[326] Вооружените власти на НАТО ги сочинуваат Вооружениот комитет, претставуван од началниците на здружените штабови и двете стратегиски команди, Врховен штаб на сојузничките сили – Европа (Supreme Headquarters Allied Powers Europe-SHAPE) и Врховниот штаб на сојузничкиот командантот за трансформација (Supreme Allied Commander Transformation-SACT), поддржани од Меѓународниот воен штаб (International Military Staff-IMS) во Командата на НАТО

[327] Овој документ се вика Директива за извршување на Северноатлантскиот совет (eng. NAC Execution Directive – NED)

зајакнувањето на практичните безбедносни врски на Р.Македонија и НАТО алијансата, преку конкретни програми и активно учество на силите на АРМ во контигентите предводени од земјите-членки на Алијансата.

Доколку сакаме да се осврнеме на историскиот развој и генезата на партиципацијата со сили на Р. Македонија во здружените опарации предводени од НАТО алијансата мораме да дадеме кус осврт на програмата „Партнерство за мир“ во која Р. Македонија пристапи како полноправна членка на 15.11.1995 година.

Програмата т.е. иницијативата на „Партнерство за мир“(ПзМ) претставуваше, всушност, отворена покана до земјите кои што партиципираа во Северноатланскиот совет за соработка и другите земји на тогашната Конференција за европска безбедност и соработка (КЕБС), а сегашната Организација за безбедност и соработка (ОБСЕ) да им се приклучат на државите-членки на НАТО во една поширока програма за практична соработка, со цел зајакнување на капацитетите за учество во мировни операции, за спроведување на хуманитарни задачи и на операции од областа на кризниот менаџмент. Намерата беше да се зајакне стабилноста и безбедноста во Европа, но и ПзМ да одигра важна улога во еволутивниот процес на вклучување на нови членки на НАТО. Сите земји што изразија подготвеност за приклучување кон иницијативата ПзМ, најнапред беа поканети да потишат Рамковен документ во кој се содржани основните принципи врз кои се темели ПзМ. Со потпишувањето на договорот, државата ги презема обврските кои што произлегуваат од него, а главно се однесуваат на изградба на демократско општество, на почитувањето на принципите на ООН и основните принципи на Универзалната декларација за човековите права и друго.[329]

Република Македонија (географски, историски, културно, политички, економски) припаѓа на Евроатлантскиот регион и нејзината безбедност е неделива од безбедноста на НАТО, на Европа и на Регионот. Поаѓајќи од принципот на неделивост, Република Македонија, во рамките на своите можности, контрибуира во напорите на меѓународната заедница за заштита на светскиот мир и безбедност.

Од 2002 година Република Македонија почна да придонесува како активен извозник на безбедноста со учество во меѓународни операции. Придонесот на Република Македонија кон глобалната безбедност, мир и стабилност првенствено се

---

[328] Моментално, мисиите во Авганистан и Косово се наоѓаат во фаза 5.

[329] З.Нацев и Д.Петревски, *АРМ кон НАТО концептуален приод и организационен развој,* Филозофки факултет Скопје, 2010 година, стр. 47

гледа во вложувањето на сопствените безбедносни способности и капацитети за заедничките вредности и интереси.

До денес, околу 3000 припадници на АРМ служеле заедно (рамо до рамо) со војниците на земјите-членки на Алијансата во меѓународните операции. Првиот придонес на Република Македонија надвор од нејзините граници започна во 2002 година во рамките на НАТО-предводената мисија ИСАФ во Авганистан. Република Македонија потоа го прошири својот придонес преку учество во мисијата „Слобода за Ирак" (од јуни 2003г. до декември 2008г.), во воената операција на Европската унија во БиХ, АЛТЕА (од јули 2006г.), и во мисијата на Обединетите нации УНИФИЛ во Либан (од мај 2007г.). Дополнително, Република Македонија (од јули 2007г.) обезбедува постојана поддршка за НАТО-предводената мисија КФОР на Косово.[330]

| МИСИЈА | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ИСАФ | 21+21 | 75+75 | 131+131 | 136+136 | 160+172 | 163+79+163 | 163+166 | 162+168 | 2122 |
| | 42 | 150 | 262 | 272 | 332 | 405 | 329 | 330 | |
| Слобода за Ирак | 35+35 | 54+53 | 46+50 | 81+82 | / | / | / | / | 436 |
| | 70 | 107 | 96 | 163 | | | | | |
| АЛТЕА | / | | 42+32 | 12+12 | 12+12 | 12+12 | 12+12 | 10+10 | 211 |
| | | 21 | 74 | 24 | 24 | 24 | 24 | 20 | |
| УНИФИЛ | / | / | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 1 | 6 |
| КФОР | / | / | Во центарот се вработени вкупно 13 лица | | | | | | 13 |
| ВКУПНО | 112 | 278 | 446 | 460 | 357 | 430 | 354 | 351 | 2788 |

Шема 49. Придонес на Р.Македонија во меѓународни операции. 331

Република Македонија од мај 2007 година го започна својот придонес и кон ефективниот мултилатерализам, преку учеството со еден штабен офицер во мисијата предводена од Организацијата на Обединетите нации УНИФИЛ во Либан. Намерите на Република Македонија за поддршка на глобалниот мир во иднина се задржување на

[330] Исто, стр. 9
[331] Бела книга на одбраната за 2012 година, стр. 10

принципот на учество во максимум три помали операции, без разлика дали тие се водени од ООН, од НАТО, од ЕУ или од ОБСЕ.

Придонесот на Република Македонија во меѓународните операции претставува конкретна потврда за успешноста на реформите во одбраната и за цврстите стратегиски определби на државата за членство во НАТО и во Европската унија. Потврда за придонесот од досегашното учество во меѓународни мисии се и 1900 припадници на АРМ, одликувани и наградувани со разни медали за храброст и професионалност.

Со Среднорочниот план за развој на одбраната 2012-2017 предвидени се следните амбиции проекции за учество во меѓународни операции:

– продолжување на учеството во мисијата на НАТО - „ISAF" до 2014 година и давање на придонес и поддршка на авганистанските безбедносни сили по 2014 година;

– ЕУ/БГ 2012 година со 150 персонал во една ротација во втората половина на 2012 година;

– учество во операции предводени од ЕУ;

– учество во мисии предводени од ООН.

Почнувајќи од втората половина на 2012 година Република Мкаедонија дава активно учество во ЕУБГ 2012/2 и активно го следи натамошниот оперативен развој на европските одбранбени сили како комплеметарни способности и капацитети на земјите-членки на двете евроатлантски организации.

Република Македонија продолжува активно да ги следи реформите на Алијансата и имплементацијата на новиот стратегиски концепт на НАТО, како и Европската безбедносна и одбранбена политика, особено во однос на развојот на партнерствата, градењето на интероперативните способности и можноста за справување и одговор на постојните и идни закани и успешно завршување и безбедносна транзиција на НАТО и ЕУ водените мисии (особено ИСАФ, КФОР и Алтеа). Македонија континуирано работи на јакнењето на стратешкото партнерство со САД и развивање на сестрани партнерски односи со земјите-членки на ЕУ и на НАТО.

Република Македонија како членка на ОБСЕ пристапи и кон договорите од областа на контрола на вооружувањето „Виенски документ 1994" и „Виенски документ 2011". За спроведување на преземените обврски МО формираше Центар за контрола на вооружувањето и воспостави блиска билатерална и регионална соработка со повеќе држави-потписнички на договорите. Во наредниот период се планира пристапување

кон прилагодениот договор „CFE – Конвенционално вооружување на Европа“ и „Отворено небо“, како и обука на персонал за спроведување на наведените договори.[332]

Република Македонија продолжува активно да учествува во СЕДМ-процесот како поширок формат за одбранбена соработка во Југоисточна Европа, посветен на промоцијата на мирот, стабилноста и безбедноста на Регионот. СЕЕБРИГ е највидливиот проект во тој процес каде на чело на Командата во периодот 2011-2013 именуваше командант на мултинационалната бригада од Југоисточна Европа (SEEBRIG). Во рамките на СЕДМ процесот Република Македонија претседаваше со проектот „Counter-Proliferation, Border Security and Counter Terrorism (CBSC)“[333]




Шема 50. Проекции за идниот можен придонес во меѓународни мисии[334]

Во делот на подготовките на контигентите и трупите за ангажирање во мисиигте под мандат на ОН, и особено во состав на НАТО-алијансата и партнерските сили, се воведуваат нови модули и методи во обуката. Притоа, особено внимание се посветува на примена на различни оперативни техники и тактики и процедури, особено во делот на дополнителните задачи и задачите во областа на заштитата на силите што зависи, пред сè од доверената мисија.

Оперативната подготовеност на силите (Шема 51) се проверува преку евалуацијата на програмите за борбена обука и дополнителна обука, а која се врши на национално ниво и на ниво на НАТО-тимовите за евалуација. Досегашните оценувања за

[332] Исто, стр. 11
[333] Исто стр. 13

подготвеноста на силите на АРМ и оценката за нивното ангажирање во извршување на мисиите се на највисоко рамниште.




Шема 51. Оперативна подготвеност на силите на АРМ за учество во мисии.

---

[334] Бела книга на одбраната за 2012 година, стр. 13

# 6. АНАЛИЗА НА КОНВЕНЦИОНАЛНИОТ ПРИСТАП НА ПРИМЕНА НА ВОЕНАТА СИЛА ВО СОВРЕМЕНОТО ВОЈУВАЊЕ

Потребата за аналитичко согледување на конвенционалниот настап на вооружените сили во современото (здружено војување) произлегува од потребата за пронаоѓање на новини во стратегиските основи и димензии на војувањето, согледување на стратегија за ангажирање на силите или трансформација на здружениото војување и, секако, нагласените промени на полето на веоната доктрина особено во делот на ангажирање на вооружените сили на оперативно и на тактичко рамниште. Во оваа прилика ќе ги разгледаме: операциите во Сомалија, НАТО-вооружените интервенции во Ирак и Авганистан, НАТО-воената интервенција во СР Југославија, ангажирањето на вооружените сили во Руско-чеченската војна и интервенцијата на Руската Федерација во Република Грузија.

## 6.1. Операции во Сомалија

Кризата во Сомалија во текот на изминатите две децении, по својот карактер, природата и развојот на настаните, особено во делот на вклучувањето на меѓународната заедница во решавањето на низа прашања (интервенција во делот на воспоставување на државна валст и контрола на територијата и хуманитарни мисии), постојано се менува. Кризата, во овој период мутираше од граѓанска војна во 1980-тите, преку колапсот кој го доживеа државата проследен со внатрешните судири помеѓу различни фракции, судири помеѓу клановите кон крајот на 1990-тите години и трите интервенција на ОН во деведесеттите години на минатиот век.[335]

Во меѓувреме, промените кои настанаа во меѓународна средина, од крајот на Студената војна па сè до денес имаа директно влијание врз внатрешните односи во оваа земја. Операциите кои меѓонародната заедница со доверен мандат или без мандат на НАТО алијансата ги поведе во т.н. „глобална војна против тероризмот“, имаа директно влијание врз внатрешните состојби, особено на политичкиот живот и

[335] http://africajournalismtheworld.com/tag/somali-conflict/, преземено на 03 08 2013 г.

социјалните прилики не само во оваа земја туку и на поширокиот простор. Како забележителна карактеристика останува силното религиско и политичкото влијание кое на овој простор го имаше и сè уште го има исламскиот религиски фундаментализам и мрежната терористичка организација на „Ал Каеда“.

Колапсот на сомалиската држава е последица на комбинација од внатрешни и надворешни фактори.[336] Надворешните влијанија пред сè резултат на наследените економски, политички и социјални противречности кои останаа по завршувањето на периодот на европската колонијализација, при што сомалискиот народ беше поделен во пет држави, додека погрешната политика во периодот на Студената војна водеше кон обновување на внатршни вооружени судири кои својата кулуминација ја достигнаа со војните кои оваа сиромашна африканска држава ги водеше со соседната држава Етиопија.

Како најтежок период во историјата на оваа држава се смета периодот на граѓанската војна во периодот од 1988 до 1992 година кога Националното движење на Сомалија кое беше формирано во 1982 година ја привлече поддршката на кланот Исаак во бунтот кој што подоцна ескалираше и кој што поприма димензии на граѓанска војна во 1988 година. Постоечката влада одговори со жесток напад врз кланот Исаак, при што загинаа околу 50.000 луѓе, истоврмено принудувајќи околу 650.000 од населението да избега во соседната држава Етиопија. Сомалијците го користат зборот burbur (катастрофа) за да се опише периодот од декември 1991 до март 1992 година, кога земјата беше растргната во внатрешни борбени судири на кланови и фракции кои, во настојување за остварување на контрола врз населените места и особено на урбаните средини ја опустошуваат земјата. Во четиримесечните борби околу главниот град Могадишу, само во 1991 и 1992 година загинаа околу 25.000 лица, 1,5 милиони луѓе ја напуштаат земјата, а бројот на внатрешно раселени ја достигна бројката од најмалку 2 милиони лица[337]. Во вакво опкружување пропратено со сушниот период, внатрешните меѓуклановски борби и уништувањето на социјалната и економската

---

[336] http://www.c-r.org/accord-article/endless-war-brief-history-somali-conflict, преземено на 03 08 2013 г.

[337] http://www.bbc.co.uk/somali/, преземено на 03 08 2013 г.

инфраструктура, предизвикан е глад со катастрофални размери во кои животот го загубија околу 250.000 лица.[338]

Надворешни одговори на ваквиот колапс во Сомалија беше задоцнет, бидејќи во овој период вниманието на меѓународната заедница беше свртено кон војните во Перисискиот Залив и граѓанските војни во поранешна Југославија. Владата во Џибути во перидот јуни - јули 1991 година се обиде, но за жал безуспешно да издејствува договор за помирување и воспоставување на државна контрола на територијата, и ја повика ООН за помош. Меѓутоа ООН својот дипломатски ангажман го започна на почетокот на 1992 година, кога во Могадишу беше договорен прекин на непријателствата меѓу двете главни завојувани страни. Со резолуција на Советот за безбедност на ОН бр. 814, на 3 декември 1992 година, едногласно беше одобрено ангажирање на мировни сили на Обединетите нации. Оваа резолуција ги овласти ОН да ги преземат следните активности:[339]

(а) асистирање во обезбедување на помош и економска рехабилитација;

(б) помош за реинтеграција на бегалците и раселените лица;

(в) помош за постигнување напредок во политичкото помирување преку широко учество на сите сектори во сомалиското општество и повторно воспоставување на регионалните и државните институции и државна администрација на целата земја;

(г) помош за повтороно формирање на сомалиската полиција;

(д) помош за развој на кохерентна програма за отстранување на мини;

(ѓ) развивање на програма за јавно информирање како поддршка на активностите на ОН во Сомалија;

(е) создавање услови за почнување со процесот на политичко помирување.

Со формирањето на заедничките сили на ОН (UNITAF- United Task Force), всушност НАТО алијансата по прв пат од нејзиното постоење, со мандат од ОН и беше доверена мисија за обезбедување на внатрешна безбедност и хуманитарна помош, насочени кон стабилизирање на ситуацијата. Составот на овие

---

[338] http://www.polgeonow.com/2013/05/somalia-war-map-al-shabaab-2013.html,преземено на 03 08 2013 г.

[339] Елизабет М. Кусенс и Четан Кумар со Карин Верместер *„Градење на мир како политика“*,превод на македонски јазик од АРС Ламина, ДОО, 2011, стр. 64

мултинационални сили беше околу 30.000 војници, при што главнината на силите беше од составот на Армијата на САД.

Преземањето на мисијта на ОН со доверен мандат на НАТО силите и особено нагласеното присуството на вооружените сили, некои од милициите и клановските формации кои сè уште се натпреваруваа за власт, во оваа држава го толкуваа како закана за нивните цели да воспостават потполна контрола на просторот. Како резултат на тоа, дојде до судир во главниот град на Сомалија во Могадишу меѓу локалните вооружени лица и мировниците. Како значаен настан кој што ќе значи потполно свртување на американската политика во однос на ангажирањето во контигентите во мировните операции, ќе се случи со битката за Могадишу во 1993 година, а која што претставува *неуспешна операција од страна на американските војници за апсење на фракцискиот лидер Адид.*

**Битката за Могадишу** (повеќе позната во американската јавност како „Black Hawk Down“, а кај Сомалијците како „Денот на Ренџерс“), беше дел од операцијата која е изведена помеѓу 3 и 4 октомври 1993 година во Могадишу во Сомалија, помеѓу силите на САД од една страна и сомалиските припадници на милицијата и вооружени групи лојални на самопрогласениот претседател Мохамед Фара Адид. Во оваа операција ќе учествуваат најелитните сили на американските ренџери познати како Оперативен одред-Делта (1 SFOD-D). Во нивниот обид за апсење на лидерот Мохамед Фара Адид, кратко време по почнувањето на нападот срушени се два хеликоптери на американската армија од страна на сомалиската милиција и вооружени цивилни борци. Следната спасувачка операција требаше да обезбеди враќање на екипажите на двата хеликоптери. Борбата резултира со 18 загинати американски војници, 80 ранети и еден заробен пилот на хеликоптер. [340]

Како резултатат на оваа неуспешна мисија и медиумската кампања (со сликите на мртвите војници кои се влечат по улиците на Могадишу), како и притисокот кое ја изврши американската јавност врз државната администрација, дојде до целосно повлекување на Армијата на САД од оваа мисија. Следуваше повлекување и на останатите контигенти од составот на мисијата (UNITAF- United Task Force), за на

---

[340] http://www.quickiwiki.com/en/Battle_of_Mogadishu_(1993), преземено на 13 08 2013 г.

крајот, до 3 март 1995 година, да се повлечат од земјата целосно и сите војници на ОН. Поради тоа оваа мисија на здружените сили се смета за неуспешна.[341]

Подоцна, од страна на ОН беа спроведени уште две успешни мисии, а со кои согласно Поглавје VII од Повелбата на Обединетите Нации беше обезбедена хуманитрна помош во оваа земја.

Од средината на деведесеттите години на минатиот век, со помош на Еритреја, во јужниот дел на Сомалија се зајакнува влијанието на исламистичките групи обединети во т.н. Собрание на исламистичките судови, која оддржува врски со „Ал Каеда". Влегувањето на војската на Етиопија во судир на страната на преодната влада доведува до потиснување на етиопските исламисти и распад на Собранието на исламските судови на повеќе групи како што се „Ал-Шабааб" и !Низбул Ислам". На иницијатива на Арапската лига, Организацијата за африканско единство и ОН, повторно беше започнат процес на национално помирување во Сомалија во 1997 година со средбите на дваесетина завојувани групи во Египетскиот главен град Каиро. На Самиотот со т.н. „Каирска декларација" се предвиде избор на национална влада и обновување на централната власт. На конференцијата одржана во Џибути во октомври 2000 година, а која ги собра лидерите на клановите и важни политички личности на Сомалија, за прерседател е избран Абдулкасим Салат Хасан. Со ова земјата, после десетина години на политичка разединетост. го добива првиот претседател кој го поддржува поголемиот дел од фракциите, што претставува прв и најсериозен обид за обнова на централната власт после неколкуте преземени мисии на ОН.[342]

Според многубројни аналитичари, неуспехот на мисијата на ОН во воената интервенција се должи на лошиот или погрешен пристап во примената на воената сила која излезе од мандатот на пружање поддршка и хуманитарна асистенција и поддршка на цивилните фактори во институциите, понатаму во однос на

[341] http://www.irinnews.org/report/95886/somalia-one-million-return-to-mogadishu, преземено на 13 08 2013 г.

[342] http://www.hrvatski-vojnik.hr/hrvatski-vojnik/3812012/podlistak.asp, Gradjanski ratovi u Somaliji 1945-2011, преземено на 15 08 2013 г.

задржувањето на непристрасноста во односите помеѓу клановите и фракциите и нивното демобилизирање. [343]

Како заклучок може да се каже дека забележаното присуство на вооружените сили со доверениот мандат од ОН на НАТО силите, во состојба кога не е постигната целосна согласност за ангажирање на овие трупи со локалните сомалиски фракции и милиции беше катастрофална по извршувањето на мисијата. Ова особено се однесува на состојбите на нерешени противречности кои се поврзани со внатрешни вооружени судири, присуство на вооружени формации (на државната војска и разните фракции), а кои не се согласни со присуството и ангажирањето на конвенционалните здружените сили и нивниот мандат за пасивизирање на просторот на една држава.

## 6.2. Операции во Ирак

Војната во Ирак, која е исто така позната и како „Втора војна во Заливот"[344] е всушност, друго име за кампањата на НАТО коалициските сили која започна на 20 март 2003 година со инвазија врз Ирак од страна на мултинационалните сили, предводени од САД и силите на Велика Британија.

Со Резолуцијата 1441[345], усвоена од Советот за безбеднаст на ОН, на ден 08 ноември 2002 година со 15 гласови „за" и ниту еден глас против, ОН и официјално оценија дека режимот на Садам Хусеин, тогашниот претседател на Ирак, е одговорен за неисполнување на условите од бројните претхони резолуции, а особено во делот со кој требаше да им се овозможи на инспекторите за оружје непречен, безусловен и слободен пристап до сите објекти кои би можеле да произведат и складираат оружје за масовно уништување. Резулуцијата повторно го истакна предупредупредувањето дека Ирак „ќе се соочи со сериозни последици поради континуираното неизвршување на договорените обврски " и упати барање до Багдад без какво било одлагање да им овозможи пристап на Комисијата за мониторинг, на инспекторите на ОН ( UNMOVIC) и на Меѓународната агенција за

[343] Елизабет М. Кусенс и Четан Кумар со Карин Верместер *„Градење на мир како политика,,* превод на македонски јазик од АРС Ламина, ДОО, 2011, стр. 82

[344] http://www.historyguy.com/21st_century_wars.html#.UkfUS9KBli0

[345] www.un.org/depts/unmovic/documents/1441.pdf, преземено на 15 08 2013 г.

атомска енергија (IAEA)[346] до подрачјата и објектите кои треба да претставуваат цели на инспекцискиот надзор.

Комисијата на ОН за мониторинг, верификација и инспекција -United Nations Monitoring, Verification and Inspection Commission (UNMOVIC) при нејзиниот инспекциски надзор не пронајде никакви докази за тоа дека Ирак поседува оружје за масовно уништување. Меѓутоа, тогашниот главен инспектор на ОН за оружје Ханс Блих, го советуваше Советот на ОН за потполна соработка и продолжувањето на истрагите со што би се потврдило дека Ирак сепак поседува оружје за масовно уништување.

Во понатамошниот период од спроведувањето на инспекциите, не беше утврдено поседување на оружје за масовно уништување, иако групите за инспектирање утврдија дека Ирак поседувал програми за производство на нуклеарно, хемиско и биолошко оружје. Пронајдени беа и остатоци на хемиски агенси кои биле користени од страна на режимот на Садам Хусеин, но во периодот пред 1991 година.

Други причини кои се наведуваат за почнувањето на инвазијата врз Ирак беа во давањето на финансиска поддршка од страна на ирачките власти на семејствата на палестинските бомбаши-самоубијци, понатаму податоците за нарушувањето на човековите права во Ирак и диктаторскиот карактер на владеењето на режимот на претседателот Садам Хусеин. На оваа војна ѝ претходеше Првата војна во Заливот, а за која директен повод беше Инвазијата на Ирак врз Кувајт во 1990 годнина. Во ова војна НАТО коалициските сили, со доверен мандат на ОН, после шестмесечна концентрација на оперативната основица на просторот на Саудиска Арабија во многу кус период им нанесова целосен пораз на конвенционалните сили на ИРАК, при што истите беа приморани на повлекување од територијата на Кувајт.[347] *Првата заливска војна, според анализите на многубројни теоретичари на модерното војување, претставуваа конечен израз на целосна супремација на конвенционалнот пристап на примена на сила од т.н. „трета генерација на војни" т.е. „blitzkrieg" (мослкавична војна).*

---

[346] Hodge.C .Carl, *Atlanticizm for a New Century> The Rise, Triumph, and Decline of NATO*,Pearson Education Inc. 2005, p.g..94

[347] http://history.state.gov/departmenthistory/short-history/firstgulfwar, преземено на 15 08 2013 г.

Следи инвазијата врз Ирак која завршува со потполно уништување на конвенционалните сили на ирачката држава, окупација на Ирак и фаќање, а после тоа судење и убиство на поранешниот претседател на Ирак Садам Хусеин, кое е извршено после донесената смртна казна од страна на новоформираниот режим на ирачките власти.

Настапува период на насилства кои се проследени со напади врз силите на коалицијата, со појава на востанички и герилски активности проследени со остри граѓански судири помеѓу мнозинството сунитско население и малцинското население на Шиити и, секако на крајот до стапување на сцена на Ал – Каеда, како меѓународна терористичка организација.

Со доаѓањето на чело на американската администрација на новиот председател на САД, Барак Обама и неговите најави за повлекувањето на американските вооружени сили од Ирак, започна процесот на повлекувањето на силите на НАТО коалицијата (2011), со истовремено интензивирање на напорите за изградба и јакнење на новоформираните државни вооружени и полициски сили на Ирак, а со кои всушност би се обезбедило преземањето на одговорноста за безбедноста на земјата од страна на ирачките власти.[348]

Она што за нас е од особена важност е истражувањето за методите, моделите и организираните форми на спротивставување кои најдоа примена за време на окупацијата на Ирак, а со кои се збогатува арсеналот на познатите форми на спротивставување и асиметрични закани од нов вид, како и соочување со противниците од четвртата генерација на војни.

Прво, би можеле да кажеме дека не постојат претходно познати методи, модели, форми и начини на спротивставување од спектарот на четвртата генерација на војни, а кои не најдоа своја примена во делот на спротивставувањето на окупациските трупи од страна на герилските, терористичките, бунтовничките или други политички и религиозни фракции и групи. Тука се и низа активности кои припаѓаат во сферата на дипломатските, политичките, културните, економските и други активности кои се применети како одговор во спротивставувањето на

---

[348] http://www.whitehouse.gov/iraq, преземено на 15 08 2013 г.

окупациските трупи во напорите за градење на мирот и враќањето на довербата во новоформираните власти во ова земја. Она што сепак претставува новина во однос на досега познатите форми и методи на спротивставувања, помеѓу останатите, би можеле да ги наведеме:

1. Манифестации на нови герилски тактики на вооружено спротивставување (митралески, ракетни напади на конвои и вооружени објекти, нападите на бомбаши-самоубијци, поставувањето на импровизираните мински средства, автомобили бомби, напади од блиско растојание пред се автоматско оружје и рачни ракетни фрлачи, саботажи на нафтени полиња, саботажи врз изворите за снабдување со вода и струја и напади на останатата инфраструктура која е неопходна за живот на населението).

2. Развој на меѓународната терористичка организиација „Ал Каеда“, со прераснување на оваа организација во најголема меѓународна мрежна организација која ширеше страв и ужас не само на територијата на Ирак, туку, која според нивото на терористички акции и закани прерасна во најголем непријател за националните интереси на САД и Западниот свет воопшто.

3. Една од најважните одлики на оваа војна претставува и нужната дистинкција која окупациските сили, пред сè САД мораа да ја направат во однос на нарушувањето на човековите права, во постапките со вооружените заробеници и бунтовници, со нечовечкиот третман на лица во затворите. Ваквите постапки ќе наидат на силна медиумска осуда со кои се напаѓа однесувањето на коалициските сили во кампањата.

4. Должината на присуството на коалициските сили во една земја на окупирано подрачје, кое после Виетнам и Авганистан претставува најголемо и најдолго воено присуство, особено на силите на САД.

Како посебна карактеристика на оваа воена интервенција е што НАТО алијансата интервенира надвор од територијата на членките сојузнички ( надвор од членот 5, согласно Повелбата за формирањето на НАТО), и второ, што не беше постигната целосна согласност туку напротив имаше остро противење на некои земји-членки на НАТО (Франција, Германија и други земји ) како и на некои од

постојаните членки на Советот за безбедност при ОН ( Русија и Кина) за ангажирањето.

Во однос на ефективноста на воената сила која е покажана во почетокот од воената кампања од страна на НАТО коалициските сили, оваа воена интервенција претставува својевиден врв во ефикасноста на современото конвенционалнно војување после Втората светска војна. Ова, всушност, го потврдуваат и резултатите на потполно уништената државна војска т.е. конвенционалните сили на ирачката армија, додека пак, загубите на страна на НАТО коалициските сили беа незначителни.[349]

Денес, после повлекувањето на силите на НАТО коалицијата од територијата на Ирак и етаблирањето на органите на државнта власт, вклучувајќи ја тука ирачката војска и полиција, во тек е изградба на правните институции и институциите на државата со кои ќе се гарантираат човековите права во оваа земја во поставувањето на основите за стабилен економски развој и просперитет на државата.

## 6.3. Операции во Авганистан

После терористичките напади врз САД на 11 септрември 2001 година, светот навлезе во нова фаза во историјата на меѓународните односи, чија основна карактеристика ќе претставува настојувањето на меѓународната заедница да се справи со новите безбедносни закани на XXI век (тероризмот, исламскиот фундаментализам и пролиферацијата на оружје за масовно уништување). „Промената на концептот за одржување на меѓународната безбедност по овие напади ќе има големо влијание врз редефинирањето на трансатлантските односи во рамките на НАТО алијансата".[350]

[349] Како резултат на оваа воена интервенција, од март 2003 до крајот на 2011 година се загубени вкупно 162 000 човечки животи на ирачката страна, од кои 114 000 цивилно население (79%). Од вкупниот број убиени 3900 лица се деца и лица на возраст под 18 години. Овие бројки ја прикажуваат сета бруталност и негативните ефекти на воената интервенција. Секако, во периодот после окупацијата, а како последица на користење на оружје со осиромашен ураниум и деградација на природната околина се проценува дека ваквата состојба, во иднина, ќе има трајни последици врз 4 милиони население на Ирак (извор http://usliberals.about.com/od/homelandsecurit1/a/IraqNumbers.htm, преземено на 15 06 2013 г).

[350] Рина Киркова, „Иднината на НАТО, Редефинирање на трансатлантското сојузништво", Аутопринт Т.А. Скопје, 2010 година, стр.107.

За да ја преземе интервенцијата, НАТО алијансата, со директна интервенција надвор од територијата на земјите-членки на Алијансата, мораше да се изврши интервенција на Стратегискиот концепт за ангажирање на силите, а кој што всушност имаше за цел да изврши прилагодување на политичките и вооружените структури на НАТО за интервенција со сила надвор од членот 5 од Повелбата за нејзино ангажирање. По прв пат беше прифатен концептот на Комбинирани здружени сили за задача или CJTTF (Combind Joint Task Force), кои во иднина првенствено ќе бидат инволвирани во нетипични вооружени операции, во операции за спречување на конфликти, во хуманитрни операции кај поголеми катастрофи и во операции за создавање на мирот.[351]

Во однос на ангажирањето на персоналот на НАТО се предвидуваат три типа на CJTTF, и тоа :

- CJTTF составени исклучиво од сили на НАТО-односно во овие сили можеа да земат учество само полноправните членки на Алијансата;
- НАТО плус CJTTF – можеа да учествуваат сите заинтересирани сили од Алијансата и членки на програмата „Партнерство за мир";
- CJTTF предводени од ЗЕУ- земјите-членки на Западноевропската унија који што може да ги користат средствата на НАТО и командниот кадар во своите независни акции.

Во војната во Авганистан се вклучени силите на НАТО коалицијата (со повторно отсуство на клучни членки на коалицијата како што се Франција, Италија и Шпанија), предводени од САД и Велика Британија. Воената кампања започна на 7 октомври 2001 година, под името „Операција за конечно ослободување -Operation Enduring Freedom (OEF). Оваа воена операција имаше една единствена цел, соборување на талибанскиот режим и уништување на терористичкото движење на „Ал Каеда", со нејзиниот лидер Осама бин Ладен.[352]

Карактерот на овој воен конфликт, кој што прераснува во отворена и сурова војна против „Ал Каеда" и нејзините Талибани, денес е препознатлива во низата противбунтовнички акции на силите на коалицијата. Иако нејзиниот идеен творец и

---

[351] Hodge.C .Carl, Atlanticizm for a New Century> The Rise, Triumph, and Decline of NATO,Pearson Education Inc. 2005, p.g..161

водач на глобалната теорирстичка мрежа, Осама бин Ладен беше убиен во акцијата на специјалните сили на ВС на САД ( во април 2011 година), карактерот на оваа терористичка организација и нејзиното мрежно организирање ќе опстојува многу подолго отколку што очекуваа нејзините противници.

Во првата фаза од воената операција на НАТО коалиционите сили, доаѓа до брз пораз на авганистанската армија и рушење на талибанскиот државен режим, со цел да се искоренат влијанијата и поддршката што ја има „Ал Каеда" во користењето на авганистанската територија како база за терористичките активности на оваа организација.

Во втората фаза од операцијата, а по воспоставувањето на државната администрација на новоизбраниот претседател на Авганистан, Карзаи, се менува карактерот на војната, со насочувањето на напорите кон загушување на герилските и бунтовничките движења. Во овој период целта на бунтовниците не е во директно спротивставување на Меѓународните безбедносни сили - International Security Assistance Force (ISAF), туку да се помешаат со домашното население и притоа да го свртат вниманието на светската јавност со терористички акции и жртвите како последица на користењето на импровизирани експлозивни направи и мини и во акциите на бомбаши-самоубијци.

За да се разберат моменталните состојби во Авганистан, потребно е да дадеме кус историски осврт на создавањето на „Ал Каеда" и на основните принципи на организираноста, како и на ангажирањето на оваа терористичка организација, која според капацитеот и геометријата на активностите прераснува во глобално бунтовничко движење.[353]

**Создавање на глобалното бунтовничко движење „Ал Каеда"**

„Ал Каеда" претставува актуелниот израз за современиот тероризам, меѓународна терористичка мрежа на т.н. тврдо – милитантно крило на „радикалниот ислам" која што настојува пред сè, со обединување на меѓународните терористички мрежи, на глобално ниво да поведе „света војна" против „неверниците" во останатиот дел од светот. Тоа е организација која ги поставува актуелните разлики

---

[352] http://www.freeworldacademy.com/globalleader/afghanistan.htm, преземено на 15 06 2013 г.

помеѓу класичниот меѓународен тероризам со кој светот се соочуваше за време пред и кратко по завршувањето на Студената војна, понатаму во периодот на деведесеттите години од минатиот век и она што денес се случува на овој план со меѓународните терористички мрежи. Меѓу многубројните коментари за причините за успехот во ширењето на „Ал Каеда„ е и арапската интерпретација за западната поддршка на Израел за сметка на арапскиот и муслимански свет.

„Ал Каеда„ во однос на начинот на ангажирњато ги споделува карактеристиките на двете традиционални герилски и терористички движења. Таа, во однос на организацијата е многу поголема и помасовна организација одтрадиционалните терористички групи, особено ако се смета дека нејзината мрежа на подружници-организации ја вклучува и „Јема Исмаилија" во Југоисточна Азија, „Салафистичка група за проповед и борба" во Алжир, „Исламско движење на Узбекистан-Islamic Movement of Uzbekistan (IMU) " во Централна Азија и египетската „Исламски џихад".[354]

Намерата на оние кои го практикуваат современиот тероризам е да вовлечат што поголем дел од цивилното население во остварувањето на својата цел, пред сè со користење на постојани закани од употреба на оружје за масовно уништување.

Во тој контекст, обидите за доаѓање до високо збогатен урануим, кој што се користи за правење на нуклеарни бомби и експериментите со биолошки и хемиски супстанци во Авганистан ја потврдуваат сериозноста на заканата од современиот тероризам на „Ал Каеда“.

Од претходно изнесеното станува јасно зошто и на каков начин „Ал Каеда“ успеа да создаде глобална мрежа и да ги насочи дејствијата на локалните-регионални бунтовнички движења за свои цели. Интересот за криминален профит, посебно изразен во Чеченија на пример, зема сериозен замав и во Узбекистан, Пакистан и она што во име на каузата беше применувано и на Косово, како дополнителен катализатор на севкупниот процес.

---

[353]http://oilprice.com/Geopolitics/Middle-East/Afghan-War-A-Subset-Of-U.S.-Efforts-To-Secure-Central-Asian-Energy-Riches.html, преземено на 15. 06. 2013 г.

[354] Brian M. Jenkins, "The Organizational Men: Anatomy of a Terrorist Attack," in *How Did This Happen?: Terrorism and the New War,* edited by James F. Hoge, Jr., and Gideon Rose (New York: Public Affairs, 2001): 8; and Chantal de Jonge Oudraat, "Combating Terrorism,"*The Washington Quarterly*, vol. 26, no. 4 (Autumn 2003), p.g. 165.

Досегашното присуство на НАТО коалициските сили и нејзините партненри на воен план, беше обележано во три насоки: првата сè уште актуелната борбата со Талибанците кои го контролираат поголемиот дел од територијата на земјата, особено нејзиниот југоисточен дел, втората цел е успешно завршена со убиството на водачот на „Ал Каеда“, Осама бин Ладен и трето, реетаблирање на државните институции во Авганистан, поради најавата за повелкување на силите на НАТО од оваа земја кон крајот на 2014 година. Бројни се вооружените акции против бунтовничките сили кои ги изведуваа комбинираните сили на коалицијата и силите на владејачкиот режим на Карзаи како што се: операциите во Кабул, Мазар и Шариф, Кундуз, Кала и Јанџи, Кандахар и во други простори ширум Авганистан.[355]

Понатамошните активности се движат во насока кон воспоставување на поволни општествени прилики (социјални, економски, политички и вооружени) на теренот и во земјата во целина, а кои би ја гарантирале и можноста од повлекување на силите на коалицијата од оваа земја.

Ова војна ја покажа од една страна сета политичка разединетост која владее во ООН и тоа особено помеѓу постојаните членки на Советот на безбедност, во однос на доверувањето на мандатот на НАТО алијансата и отворената решителност на светската заедница за примена на воена моќ во судирот со глобалниот тероризам. При оваа воена интервенција не беше обезбедено и целосно политичко единство однатре во НАТО алијансата. Понатаму, карактерот на воената кампања отстапи од класичниот конвенционален настап на сила, во кој во однос на операциите во Ирак (2003) имаме отстапувања од директниот конвенционален судир на државни војски на НАТО алијансата од една страна, и државната војска на Авганистан од друга страна. Продолженото присуство во ангажирањето на силите, воедно претставува и најдолго воено ангажирање на една воена алијанса после Втората светска војна.

## 6.4. Ангажирање на вооружените сили во Руско-чеченската војна

Руско-чеченската војна е препознатлива по двете војни и тоа Првата чеченска војна (1994-1996) и Втората чеченска војна (1999-2000).[356] Оваа војна е позната

[355] http://aan-afghanistan.com/index.asp?id=3339, датум на пристапување 15 07 2013 г.
[356] http://www.chechnyawar.com/, датум на пристапување 15 07 2013 г.

уште и како војна која по своите димензии претставува најголема урбана војна која е водена после Втората светска војна, при што од страна на руската армија е применет целосен спектар на конвенционална воена моќ. Истовремено, основна карактеристична на оваа војна е и во примената на широкиот спектар на асиметрични закани, конфликти со низок интензитет, но и состојба на недоволно медиумско покривање на просторот на операциите.

Заднината на овој судир го наоѓаме во историските противречности кои произлегуваат од рускиот хегемонизам, од една страна и борбата за независност на чеченскиот народ од друга страна. Распадот на СССР во ( декември 1991) година и прогласувањето на независноста на Руската Федерација е воедно и период на независноста на најголемиот дел од поранешните републики, членки на федерацијата ( СССР).[357] Овој историски датум беше дочекан и како надеж и можност за здобивање со државен статус и независност на голем број автономни единици кои претходно беа во составот на поранешната Руска Социјалистичка Република. Но, при овие барања не се земени предвид националните и политичките и особено економските интереси на Руската Федерација на овие простори, посебно интересот за одржување и контролата врз нафтата како стратешка суровина. Контролата над оваа стратешка суровина во овој дел од регионот денес, всушност се покажува како многу значаен фактор за брзиот, стабилен и изразено динамичен развој на руската економија.

Првата чеченска војна започнува во декември 1994 година со почетна кампања на Руските федерални сили и истата кулуминира со Битката за Грозни во 1995 година[358]. При тоа, Руските федерални сили и покрај надмоќноста што ја имаат со конвенционалните сили, и особено во оклопната компоненета, воздушната супериорност и специјалните сили претрпуваат огромни загуби во судирот со герилските сили на чеченскиот народ во планинскиот појас, поголемите урбани средини на Чеченија и особено во главната престолнина Грозни. Од оваа војна Русија се повлекува како поразена сила со загуби кои, според некои проценки достигнуваат од 3.500 до 5.000 војници, додека на чеченска страна оваа бројка

---

[357] http://www.colorado.edu/conflict/full_text_search/AllCRCDocs/95-5.htm, датум на пристапување 15 07 2013 г.

достигнува околу 5.000 убиени вооружени лица. Но, цената на војната ќе ја плати Чеченија, со огромните и неподносливи загуби помеѓу цивилиото население и потполно срушена инфраструктура низ целата земја. Се проценува дека загубите кај населението изнесуваат од 50.000 до 100.000 лица, додека бројот на раселени лица ја надминува бројката од 500.000 лица.

Судирот се завршува со потпишување на Договор за примирје, со кој од руска страна се гарантира автономниот статус на Чеченија, но без остварување на контрола на трите витални државни функции: економијата, одбраната и надворешната политика.

Втората чеченска војна, која е уште позната и како Војна во Северен Кавказ започнува со инвазијата од страна на Руските федерални вооружени сили на 26 август 1999 година. Повод за оваа интервенција е инвазијата на чеченските сили во соседниот Дагестан, при што се доведени во прашање руските економски и геостратегиски интереси на овој простор. Оваа воена кампања завршува со прогласување на независна Чеченска Република Ичкерија и со враќање под контрола на Руската Федерација на комплетната територија на Чеченија. Како посебна карактеристика на оваа војна е привлекување на голем број следбеници на „Ал Каеда“ и муџахедини од соседните и далечните муслимански земји.[359]

Периодот од завршување на Втората чеченска војна па сè до денес е обележан со повремени герилски акции и многу жесток воен одговор на Руските федерални трупи, особено во северниот дел од земјата.

Во делот на применетата воена доктрина на руските вооружени сили во воената интервенција во Чеченија, таа, за жал, во ништо не се разликуваше од онаа која петнаесет години претходно ја применија вооружените сили на Советскиот Сојуз со воента интервенција во Авганистан. Целите во Чеченија беа речиси исти како оние во Авганистан: воспоставување на имплантанти на про-руски (про-советски) влади и воспоставување на политички и државен апарат кој ќе ја гарантира доминацијата во овие држави. Советскиот Сојуз не успеа да добие „мала војна” додека пак, големата светска воена сила не успеа да ја порази Чеченија. Единствени разлики помеѓу

---

[358] http://www.gfbv.it/3dossier/cecenia/cecen-en.html, датум на пристапување 15 07 2013 г.

вооружените интервенции во Авганистан и Чеченија беа во тоа што прво, во меѓувреме настанаа огромни промени на меѓународниот систем (од биполарен во униполарен систем) и второ дека на Руската Федерација ѝ беше потребно време да се потврди со воено-стратешките параметри кои, во состојба на геополитичка трансформација која ја доживеа поранешниот Советски Сојуз вообичаено можеа да траат најмалку 5-10 години.[360]

Како заклучок за класичниот начин на ангажирање на руските вооружени сили во здруженото војување, можеме да кажеме дека руската армија во овој период, особено во периодот на Првата чеченска војна употребува класично концентрирање на сили и искористување на нивната борбена моќ на мал простор, кое што пак во судир со добро опремените бунтовнички и герилски сили се покажува погубно за нејзиното ангажирање. Истовремено, противничката страна која е изложена на жестоки удари на конвенционалните сили ризикува да претрпи катастрофални загуби ( проследено со многубројни жртви кај цивилното население, рушење на инфраструктурата и речиси целосен егзодус на чеченскиот народ). Научените лекции и искуства во ангажирањето на здружените сили на руската амија ќе доведат до промени во воената доктрина, која што подоцна беше потврдена со ефективно ангажирање на нејзините вооружени сили во Руско-грузискиот судир во 2008 година.

## 6.5. Интервенцијата на НАТО во Сојузна Република Југославија

НАТО-интервенцијата врз Сојузна Република Југославија (СРЈ), или уште позната како воена кампања на НАТО алијансата „Операција благородна потковица "[361]претставува НАТО – воена операција против СРЈ, која е реализирана за време на Косовската војна во 1999 година. Операцијата започнува со воздушни бомбардирања од 21 март и трае сè до 11 јуни 1999 година.

---

[359] http://www.hrw.org/reports/2008/russia0608/russia0608web.pdf, датум на пристапување 15 07 2013 г.

[360] Robert M. Cassidy „*Russia in Afghanistan and Chechnya: Military Strategic Culture and the Paradoxes of Asymmetric conflict*,, Strategic Studies Institute U.S. Army, February 2003, p.g.2

[361] http://www.wsws.org/en/articles/1999/05/stat-m24.html, датум на пристапување 19 07 2013 г.

Целта на НАТО-операцијата беше содржана во Прогласт на Состанокот на Советот на НАТО, кој е одржан во командата на НАТО на 12 април 1999 година и тоа:[362]

- запирање на воената акција и ставање крај на насилствата и репресиите на Косово;
- повлекување на српските вооружени и паравооружени трупи и полициски сили од Косово;
- воспоставување на меѓународно воено присуство на Косово;
- безусловно и сигурно враќање на бегалците и на сите раселени лица на Косово;
- воспоставување на политичка рамка на договорот за Косово, во духот на Рамбуе, и во согласност со меѓународното право и Повелбата на ООН.

Воената интервенција на НАТО–сојузничките сили е изведена со интензивни бомбардирања во воздушна кампања со дејство против воената и цивилната инфраструктура, по целата територијата на СРЈ.[363] Копнените сили не се користени од причини што НАТО настојуваше да, согласно стратешката воена доктирна, да ги достигне поставените цели на кампањата со длабоки удари врз територијата на СРЈ од воздух и од акваторија, со што ќе ги сочува своите сили од непотребни загуби. Со користење на крстосувачки проектили од голем дострел кои се лансирани од флотните состави во Јадранското Море, беа нанесени неподносливи загуби со дејство по стратегиските цели по воената и цивилната инфраструктурата, како што се: производствени капацитети, мостови на големи реки ( Дунав и Сава), радиопредајни центри, објекти за наводнување и други објекти. Под удар ќе се најдат и стратегиските сили на одбраната и вооружените инсталации на СРЈ, особено оние во Белград и Приштина.

Претходно, и во текот на воената кампања, околу 850.000 луѓе, население пред сè од албанско етничко потекло и околу 150.000 српско население од Косово се насочуваат во збегови кон соседните земји (од тоа околу 230.000 луѓе во Р.

---

[362]http://www.search.ask.com/web?o=10148&l=dis&tpr=6&q=NATO+ACCLAMATION+11.JUNE+1999. датум на пристапување 19 07 2013 г.

[363] http://law.case.edu/war-crimes-research-portal/links.asp?id=50,датум на пристапување 19. 07. 2013 г.

Македонија). Поради состојбата со егзодусот, пред сè на албанското население, после завршувањето на војната подигната е оптужба за „злосторство против човештвото", против тогашниот претседател на СРЈ (сега веќе починатиот Слободан Милошевиќ) и останати преставници од политичката и воената власт на СРЈ. [364]

Војната се завршува со потполно исполнување на условите кои беа поставени од почетокот на НАТО –кампањата и со повлекување на српската војска и полициските структури од Косово.

Забележани се поделени мислењата за НАТО-интервенција, на тогашните официјални лица од дипломатијата и НАТО алијансата, особено кај Европските партнерски земји. Така на пример, според тогашниот германски министер за надворешни работи, Јошка Фишер, причините за НАТО бомбардирањата се во „бегалската криза која е предизвикана од последиците од воената кампања на српската војска во Косово". Организацијата за човекови права при ООН беше убедена во исправноста на акцијата која беше предизвикана, „за да се запре етничкото чистење кое го презеде претседателот на СРЈ, Слободан Милошевиќ". Додека пак, Американската асоцијација за напредни и научни истражувања ја истакнува главната причина за вооружениот одговор на НАТО, „во спречување на егзодусот на реката бегалци и раселени лица од Косово".

Како елементи кои би можеле да претставуваат придонес кон здруженото војување и од друга страна во доменот на новите облици на војување, би можеле да ги истакнеме: [365]

- силна медимска кампања за извршените масакри, реки на бегалци и прогонети лица кои требаа да остават впечаток кај светската јавност за репресијата и никонтролирано злосторство на српските вооружени и паравони трупи на Косово;
- противењето на некои од постојаните членки на Советот на ООН ( на почетокот Русија и Кина не ја дадоа согласноста) за изведување на кампањата;
- формирање на вооружени структури на етничките Албанци, на територијата на Албанија, кои требаше да го претставуваат почетниот ешалон во копнената

---

[364] http://www.metafuture .org/articlesbycolleagues/IvanaMilojevic/peaceserbiakosovo.htm, датум на пристапување 23. 03. 2013 г.

[365] http://slavicnet.com/sokolac/sokolac_kosovo_rat_forum.html, датум на пристапување 23. 03. 2013 г.

операција на НАТО ( т.н. Косовски заштитен корпус[366]), а која требаше да уследи по завршувањето на кампањата на воздушните бомбардирања;

- масовните убиства, масакри над невино население. Иако овие бројки во текот на кампањата беа предимензионирани (се зборуваше за преку 100.000 убиени лица), вистинските податоци говорат за вкупно погинати 2108 лица, додека бројот на исчезнатите лица достигнува повеќе од 11.000 лица.

Оваа војна по прв пат се води во Југоисточна Европа со директно воено ангажирање на НАТО коалициските сили во ефективна воена кампања, при што се ставаат под удар, покрај веоните сили и веоната инфраструктура на СР Југославија и најголемиот дал на инфраструктурни капацитети (стопански, сообраќајни, дипломатски и други објекти) на државата.

## 6.6. Интервенција на Руската Федерација во Република Грузија

За да одговориме на прашањето за генезата на веоната интервенција на Вооружените сили на Руската Федерација во Република Грузија мораме да дадеме кус историскиот осврт на политичките односи помеѓу овие две, денес независни држави.

Република Грузија беше во составот на поранешниот СССР од 1921 година (после воената интервенција на Црвената армија) како дел од транскавкаските Републики (Дагестан, Киргистан, Азербеџан и Ерменија), додека од 1936 година во својот состав ги вклучува и двете автономни територии Јужна Осетија и Абхазија

---

[366] John Pettifer „*The Kosovo Protection Corps in tranzition*, Conflict Studies Research Centre ISBN 1-904423-41-8 July 2003, p.g. 3. ,,The **Kosovo Liberation Army** (abbreviated **KLA**; на албански јазик: *Ushtria Çlirimtare e Kosovës—UÇK*) претставуваше воена формација формирана во крајните деведесетти години на минатиот век на територијта на Република Албанија, а под покровителство на САД и НАТО алијансата во подготовките за вооружените операции врз СРЈ. До март 1999 година (пред почетокот на воената кампања на СРЈ) таа брои околу 18.000 борци и овие сили требаше да го претставуваат предниот ешалон на борбените трупи на НАТО алијансата, во случај на копнена инвазија на Косово од Албанија, а до која не дојде. Според една неодамнешна германска студија, по завршувањето на воената кампања врз СРЈ поголемиот дел од овие сили се демобилизирани, помеѓу 3000 и 4000 се вклучени во Косовскиот заштитен корпус (The **Kosovo Protection Corps** на албански јазик *Trupat e Mbrojtjes së Kosovës*), а кој е дефиниран како цивилна безбедносна институција активна во перидот од 1999 до 2009). Дел од овие сили се придружуваат на новата Косовска полициска служба".

Сегашната состојба во Република Косово кажува дека припадниците на поранешниот Косовски заштитен корпус треба да ја претставуваат базата од која би се изградила идната војска на Рупублика Косово.

(региони  во северниот и централниот дел на Грузија, а кои се претежно населени со руско мнозинско население).

Слабеење на СССР влијае на засилување на националистичките аспирации кај Грузијците и Осетијците, така што веќе во ноември 1989 година Врховниот совет на автономниот регион на Јужна Осетија побара обединување со Северна Осетија (простор кој што се наоѓа во Руската Федерација). Но, само еден ден подоцна грузискиот парламент ја укинува секоја форма на автономија на Јужна Осетија, што ќе предизвика понатамошна ескалација и заострување на меѓуетничките односи, кои што, особено ќе се нарушат со стекнувањето на независноста на Грузија (1991 година).

Во текот на 1992 година избувнуваат голем број насилни инциденти и вооружени судири во текот на кои се нападнати населени места и училишта во Јужна Осетија и во Абхазија. Сето ова кулминира со граѓанска војна во Грузија во овие две покраини со огромен број на жртви и настрадано население (црниот биланс на конфликтот изнесува околу 20. 000 загинати лица од сите страни, и меѓу 60.000 и 100.000 бегалци кои бегаат кон областите на Северна Осетија или во Грузија (во зависност од етничката припадност). По недвосмислениот одговор на официјална Москва, која се става во заштита на руското население во автономните региони Јужна Осетија и Абхазија, Владата во Грузија се согласува за прекин на огнот и интервенцијата со вооружени и полициски сили и истовремено се согласува да се откаже од планираните санкции против Јужна Осетија. Со постигнатиот договор се формираат руски и грузиски мировните сили кои требаше да претставуваат тампон-зона помеѓу бунтовничките области и остатокот од Грузија. Очекувањата за зајакнато потпирање на Владата на Грузија на Руската Федерација, особено во областа на економските односи[367] се движат во спротивен правец од очекуваното. Грузиската влада предводена од Едуард Шеварнадзе наместо кон Руската Федерација побара стратегиски партнери во европските земји, САД и НАТО. Ова ќе доведе до заострување на билатералните руско-грузиски односи. Ова особено,

---

[367] Геостратешката положба на Грузија овозможува речиси целосна контрола врз гасоводната трансферзала од Баку преку Црното Море и двете грузиски пристаништа - Сухуми и Батуми, опремени со најмодерни капацитети за претовар на нафта во овој дел од крајбрежјето на Црното Море.

ако се земе предвид и грузиската геостратешка положба, која се наоѓа во центарот на Транскавкаскиот регион, особено нестабилен регион со силни сепаратистички движења и актуелни вооружени конфликти (Чеченија, Ингушетија и Дагестан). Истовремено, проценките на руското политичко раководство е дека со јакнењето на влијанието на Руската Федерација во Грузија ќе се обезбеди безбедноста и контролата врз јужната граница, а со тоа ефективно ќе се попречи движењето на чеченските бунтовниците преку Ингушетија, Дагестан и Грузија кон Руската Федерација.

Тензиите ескалираат во средината на септември 2002 година, кога десетици чеченски бунтовници ја минуваат границата и влегуваат од Грузија, на околу пет километри во длабочина на руската територија. Оваа група, секако веднаш е ликвидирана од страна на руските безбедносни сили. По тој повод, претседателот на Руската Федерација, Путин експлицитно изјавува дека „доколку грузиските власти не се во состојба да ги неутрализираат бунтовничките бази на сопствената територија тогаш тоа ќе го направат руските безбедносни сили со напади врз терористички бази на грузиска територија“ (лист „Известия“ од 20.9.2002). Се разбира, веднаш следува одговор од страна на Грузија, во кој претседателот Шеварнадзе изјавува дека ова е всушност „објава на војна“ од страна на Руската Федерација и истовремено започнува широка дипломатска кампања со основна намера да го интернационализира меѓудржавниот спор. Сепак, кризата е надмината со зголемена соработка и со склучување на договор меѓу двете влади за контрола на претпоставените бази на бунтовниците на грузиска територија и заедничко патролирање во граничната област.

Нови тензии избувнуваат со одобрување на официјален Тбилиси на воздушните летови на НАТО-извидувачките авиони „Авакс“ над грузискиот воздушен простор. Оваа одлука руското воено-политички раководството ја смета за груба провокација, тврдејќи дека ваквите летови ќе се користат првенствено за извидување на просторот на Руската Федерација. Ваквите односи се заострени со доаѓањето на власт на новиот грузиски претседател Сакашвили, кој веднаш по стапувањето на должност, побара затворање на двете преостанати руски бази на грузиска територија.

Истовремено, грузиската влада објави зајакнување на воената соработка и побара воена помош во опремувањето на грузиските вооружени сили од страна на САД. Република Грузија започнува и интензивни подготовки за укинување на автономниот статус на Јужна Осетија и Абхазија, кое што всушност, ќе значи и почеток на интервенцијата на Руската Федерација врз Грузија.[368]

Воената интервеницијa на Руската Федерација е предизвиката од преземените вооружените операции на грузиските вооружени сили на 7 август 2008 година со помалку или повеќе поврзани тактички операции по целата должина на демаркационата линија кон Јужна Осетија. Операциите се проследени со интензивни и целосни (недискриминирани) артилериски и ракетни напади врз Јужна Осетија и главниот град Шинвали, со истовремено ангажирање на група елитни единици (командоси), кои имаа за цел да обезбедат контрола врз стратешки важниот тунел (Роки-тунел) со кој требаше да се спречи интервенција на копнените сили на Руската Федерација. Грузиските операции предизвикуваат речиси веднаш одговор од руските вооружени сили, кои на почетокот со многу мали сили во првиот ешалон, а потоа во наредните денови со вклучување на две воздушно-десантни бригади, со блокади на грузиското пристаниште и со селективно бомбардирање и вооружени инсталации на грузиската територија ќе предизвикаат брз и потполн пораз на грузиските вооружени сили.[369]

Во такви околности, на 12 август 2008 година, во состојба кога руските сили ја окупираа целата територија на сепаратистичките провинции Абхазија и Јужна Осетија, грузискиот претседател Михаил Сакашвили, со посредување на францускиот претседател Саркози го потпиша договорот за прекин на огнот, со што се стави и крај на оваа кратка но интензивна Руско-грузиска војна.

Искуствата кои беа извлечени од руската воена интервенција во Република Грузија се однесуваат на карактерот на операциите на здружените сили кои руските

---

[368] http://www.proconservative.net/PCVol10Is208AveryNewEnergyWar.shtml, датум на пристапување 23 03 2013 г.

[369] Грузиските вооружени сили беа оставени без никаква воздухопловна поддршка, со потполно уништен систем за противоздушна одбрана, додека воената морнарица беше потполно блокирана на брегот на Црното Море. Според руски извори, 30-35% од вооружените ефективи се уништени во првите 24 часа од вооружениот судир, а ваквата состојба води кон констатација за единствен пример за потполно и систематско уништен разоружан и поразен противник, што не е евидентирано од крајот на Втората светска војна.

вооружени сили ги изведоа по начелата на конвенционалните војни на дваесеттиот век. Со овој судир истовремено може да се каже дека се побиваат тврдењата на бројните теоретичари кои се со мислење дека на конвенционалните војни дефинитивно местото им е во историјата и дека сите идни војни ќе се водат во рамките и по препознатливите но и некогаш не и до крај дефинирани форми на асиметрично војување. Уште повеќе, руската воена интервенција донесе уште една новина во употребата на оружје на конвенционално посилниот противник. Имено, руските активности за систематско уништување на грузиската воена инфраструктура и воена техника продолжија и по потпишувањето на Договорот за прекин на огнот, така што до средината на август целосно беа уништени грузиските вооружени бази во Гори и Сенаки и морнаричката база во Поти. Истовремено, ова претставуваше и потврда и круна на темелните разузнавачки подготовки кои се вршени во долг временски период од страна на Руската воена разузнавачка служба, во однос на препознавањето на стратегиските центри на гравитација и одлучувачките точки и посакуваните ефекти кои требаше да се остварат на грузиската територија, а кои имаа одлучувачко значење за конечниот успех во операциајата на руските вооружени сили.[370]

Набргу по завршувањето на Руско-грузискиот конфликт, во септември 2008 претседателот Медведев ја даде првата изјава која се однесуваше на потребата од модернизирање на системите на оружје на руските вооружени сили, како и идните реформи на организациските структури и персонал. Овие реформи наидоа на поддршка од тогашниот прв заменик-премиер Сергеј Иванов, министерот за одбрана Серѓуков и началникот на Генералштабот генерал Николај Макаров. Овие

[370] Без разлика на успешноста во ангажирањето на руските вооружените сили во воената интервенција во Грузија, беа забележени критички осврти во однос на нејзиното ангажирање „Грузискиот конфликт јасно ги покажа недостатоците во способностите на руските вооружени сили. Голем дел од оружјето на Русија беше застарено, што се огледаше во операциите кои беа спроведени на традиционален начин со масовна артилерија и технологија која заостанува во однос на високософистицираната воена технологија на Западот. По конфликтот, Кремаљ заклучи дека војската треба да го достигне нивото на опременост во согласносст (повторно) со статусот на Русија како важен и моќен воен чинител на меѓународната арена. Така, беа најавени амбициозни набавки и опремувања кои ке ги следат вооружените реформи во 2008 и 2009 година и истите им претходеа на новите Стратегиски концепт и новата Воена доктрина на Руската Федерација од 2010 година. Stephen J. Blank. Russian Military politicsand Russia's 2010 defense doctrine, *Doctrinal Consequences of the Georgian Conflict of August 2008.*, March 2011.p.g.29

промени се однесуваа на реструктуирање на вооружените сили и тоа во дел од силите во т.н. експедициони сили, составени од добро опремени и добро обучени војници, со можност за развој на стратешките капацитети на копно, и нивно брзо пренесување по воздушен и поморски пат далеку од руската територија. Главните цели на плановите на реорганизација беа содржани во следните чекори:

- подигање на борбената готовност на вооружените сили со бришење на единиците од ниво на дивизија и полк преку создавање на постојано подготвени единици од бригаден состав;

- во однос на структурата на војската, во 2008 година се предвиде само 20 проценти од вооружените единици да се во состојба на постојана готовност. Поврзано со ова беше и тоа дека бројот на вооружени единици треба да се намали од 1890 во 2008 на само 172 единици во 2012 година. Овие автономно модуларни бригади би биле способен за вршење на операции независно од другите единици;

- се предвидуваше да се зголеми проекцијата на моќмоќта и брзо распоредување на силите. За таа цел се предвиде формирање на воздухопловни бригади во сите вооружени области;

- во делот на реформите со персоналот се пристапи кон намалување на бројот на високи офицери и зголемување на бројот на помлади офицери и професионални војници. Намерата беше да се стави крај на разликите и преоптовареноста на армијата со офицери во споредба со подофицери и војници (до догаш офицерите пополнуваа помеѓу една третина до половина од руските вооружени сили ).

Ваквите реформи, според направените проценки требаше значително да влијаат на подигање на состојбата со борбената готовност на руските вооружени сили.[371]

**Во однос на посочените примери на ангажирањео на здружените сили во вооружените и невооружените операции**, можеме да заклучиме дека не секогаш ангажирањето на здружените вооружени сили е успешно. Ова особено, доколку

---

[371]Stephen J. Blank. Russian Military politicsand Russia's 2010 defense doctrine ,*Doctrinal Consequences of the Georgian Conflict of August 2008.*, March 2011.p.g.32

претходно не е постигната целосна согласност со државните власти или не е остварен целосен договор со локалните власти за ангажирање на здружените сили, со доверен мандат од ОН. Како пример е посочена неуспешната мисија во ангажирање на здружените сили во Сомалија, во која во операции од невоен карактер т.е. мировни мисии се спроведуваат тактички акции од воен карактер, додека неуспехот на овие операции има големи стратегиски импликации и последици и води кон повлекување на водечката сила ( САД) од мисијата и на крајот, кон целосен неуспех на мисијата.

Во останатите операции супериорните здружени вооружени сили, иако на почетокот на кампањата во судирот со конвенционалните државни сили остваруваат многу брз пораз (во вооружени кампањи кои траат од неколку дена до неколку недели), сепак во понатамошниот тек од операцијата т.е. во делот на спроведувањето на окупациската власт, овие високо опремени вооружените сили (освен во Руско-грузиската војна) се судруваат со вооружените остатоци на пропаднатата држава (терористички групи, герилски или востанички формации) и некои други „неконвенционални" противници, кои ќе ги принудат овие сили на продолжено присуство на овој простор. Истовемено, **се поставува и централното прашање** т.е. како да се постигне излез ( повлекување-извлекување) на здружените вооружени сили од земјата. Овој период може да трае цела деценија ( како што беше случајот со Ирак) или уште подолго (како што е случај денес со Авганистан).

Ангажирањето на здружените сили во вооружените кампањи е обележано и со преземање на реформи кои ја менуваат во целост конфигурацијата на воената сила (како што беше случај со реформите на руските вооружени сили), со цел да се подигне нивото на експедиционите способности на здружените вооружени сили за интервенција надвор од државната територија.

Претходните анализи водат кон потврда на третата посебна хипотеза, за тоа дека современото војување претставено преку здруженото војување и примената на воената сила во современите свет, претставува понекогаш и „единствено" и крајно средство во решавање на современите безбедносни противречности. Ова води кон потврда и на трите посебни хипотези од третата хипотеза. Здружените сили со остварената синергија во ангажирањето на националните сили на земјите-членки на

политичко-воените алијанси и национални земји партнери, со примена на соодветен оперативен концепт и оперативен дизајн во ангажирањето на силите и примена на современи тактики, техники и процедури постигнуваат целосно уништување на конвенционалните сили на противникот. Покрај целосното уништување на конвенционалните сили на противничката страна, овие сили ја уништуваат и економската и државно-институционалната инфраструктура на нападнатата држава, при што ризикуваат да бидат вовлечени во долготраен период на окупација на просторот и истовремено со неможност да ја напуштат територијата на нападнатата држава. И уште повеќе, во состојба на судир со противниците од т.н. четврта генерација на војни ризикуваат да излезат од ваквите ангажирања како поразени сили.

Ова води кон потврда и на поединечните хипотези од четвртата посебна хипотеза, со кои се нагласува потребата за тоа дека здружените сили мораат да применуваат такви стандарди, модули и принципи и истовремено да внесат такви измени во конвенционалниот пристап на примена на вона сила во современото војување, со кои ќе го скратат времето на своето присуство, ќе влијаат на намалувањето на загубите, а со тоа ќе го скратат периодот на вооружените ангажирања. Ова подразбира подготвеност на овие сили за ангажирање во широк спектар на операции и примена на доктрини на настап кои сè повеќе ќе отстапуваат од конвенционалните офанзивни доктрини и агресивен настап на силите на просторот. Причинните за ваквата состојба се огледаат во тоа што изразувањето на воената моќ во операциите во здруженото војување често излегува од рамките на дозволеното и потребното, предизвикува оправдан револт кај домашното население и особено на осуда на светската јавност. И уште повеќе, поради опасноста од судир со „противници од поинаков вид“ и продолжувањето со ангажирањето на здружените сили на просторот на нападнатата држава, мора веднаш да се пристапи кон подигнување на нивото на економската, политичко-институционалната и воената инфраструктура на нападната држава, а со што се обезбедува побрзо повлекување на силите од окупацискиот простор.

# 7. СТРАТЕГИСКИ КОНЦЕПТИ И ДОКТРИНИ НА АНГАЖИРАЊЕ НА СИЛИТЕ И ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ЗДРУЖЕНОТО ВОЈУВАЊЕ

Во однос на потребата за попродлабочена анализа на ангажирање на здружените сили во современото војување, во продолжение на трудот ќе извршам аналитичко согледување на ставовите содржани во најновите стратегиски концепти и воени доктрини на одредени држави и политичко-веони коалиции и тоа на: Националната безбедносна стратегија и Воената доктрина на Руската Федерација, Националниот концепт на безбедноста и Воената доктрина на Република Франција, Националниот концепт на безбедноста и Воената доктрина на Република Словенија, Стратегискиот концепт на безбедноста и Воената доктрина на израелската армија и Стратегијата на употреба на здружените сили и Воената доктрина на САД. Кога станува збор за САД, кои се и водечка членка на најмоќната политичко-воена алијанса денес во светот т.е. на НАТО алијансата, ќе бидат опфатени основните ставови содржани во Здружената визија 2020 година (Joint Vision 2020) и Визијата на Министерството за одбрана на САД, во делот кој што се однесува на промените во здруженото војување. Понатаму, ќе остварам согледување и увид во основите на новиот Стратегиски концепт на НАТО алијансата, особено во однос на ангажирање на здружените сили.

На крајот, во неколку црти ќе се обидам да изнесам предлози за измена на Стратегијата на настап на АРМ за учество во операциите во здруженото војување.

## 7.1. Национална безбедносна стратегија и Воената доктрина на Руската Федерација

Новата безбедносна агенда која ѝ претходеше на Националната безбедносна стратегија (2009 година) и новата Воена доктрина (2010 година) на Руската Федерација, претходно беше содржана во ставовите кои беа официјално изнесени од страна на претседателот на Руската Федерација, Димитриј Медведев во јуни 2008

година. Овие ставови, всушност, претставуваа одговор на новото безбедносно опкружување во Европа и истите се однесуваа на контрола на оружјето, управување со конфликти и градење доверба помеѓу народите.[372]

Иако, според некои политички и вооружени аналитичари ваквите ставови беа неконзистентни и контрадикторни, па дури и лицемерни (ако се земе предвид воената интервенција на Руската Федерација во Република Грузија во претходната 2008 година, што беше проследено со еднострано признавање на независноста на Абхазија и Јужна Осетија), сепак ваквите ставови и чести настапи на високите политички и вооружени претставници на Руската Федерација ја отворија платформата на новата Национална безбедносна стратегија и новата Воена доктрина на Руската Федерација.

Во однос на стратегиските интереси, во новата Национална безбедносна Стратегија на Руската Федерација се наведуваат:[373]

- создавање на регионални воено-политички интеграции под сопствен „патронат" на просторот на Средна Азија;
- развој на сојузништво со Кина и Индија, како и засилено воено-политичко ангажирање на азискиот простор;
- експанзија на светскиот пазар со конкурентни производи (деривати од нафта и вооружување);
- консолидација и дефинирање на сферите на влијание на европскиот простор.

---

[372] На годишната конференција на ОБСЕ во јуни 2009 во својот говор Сергеј Лавров (министер за одбрана на Руската Федерација) во делот на унапредување на безбедноста на европскиот континент нагласи четири главни „блока" на предлози и тоа: 1. Афирмација на правно обврзувачка форма на принципите за градење на односите помеѓу државите и обезбедување на единствена интерпретација, особено во однос на неприфатливоста за употреба на сила или настапување со закани против територијалниот интегритет или политичката независност на страните од договорот; 2. Воспоставување на основните принципи и мерки за градење на доверба и утврдување на режим за контрола на оружјето, како и дефининирање на статусот на „значителни борбени сили"; 3. Воспоставување на јасни правила за решавање на конфликти, утврдување на начинот на водење на преговори и единствен пристап кон превенција и мирно решавање на кризи и 4. Утврдување на јасни аранжмани за соработка меѓу државите и организации со цел да се спротивстави на новите закани и предизвици. Russian Foreign and Security Policy—A Strategic Overhaul?, by Andrew Monaghan, Panorama_2-2010_SecurityPolitics_Monaghan, p.g. 91-92.

[373] КемоЃозо и Никола Клетников „Нова структура на ВС на Русија и приспособување кон современите облици на загрозување, Списание „Штит", јуни 2012, стр. 38

На петти февруари 2010 година Рускиот претседател Медведев ја одобри долго очекуваната нова Воена доктрина на Руската Федерација.

Текстот на новата воена доктрина започнува со генерална дескрипција на состојбата на меѓународната безбедност. Во неа се наведува дека, иако на прв поглед безбедносните закани се далеку од претходните проценки за можноста од започнување на „големи војни“, сепак, проценките за загрозување на националната безбедност на Руската Федерација се чини, станува уште позаострени. Притоа, се наведуваат вкупно единаесет надворешни безбедносни закани, од кои пет се однесуваат на заканите кои доаѓаат директно од НАТО алијансата и САД. На прво место се наведува опасноста од директните вооружени интервенции во одредени региони во светот, во кои се вклучени водечките земји-членки на НАТО алијансата, предводени од САД и Велика Британија, при што воедно, на најдиректен начин, се кршат одредбите на меѓународното воено право и со тоа НАТО алијансата излегува од рамките на одредбите содржани во Повелбата за нејзиното формирање (од 1949 година). Притоа, овие интервенции не се со доверен мандат или одобрување на Советот за безбедност на ООН, во кој Руската Федерација како постојана членка може да го користи правото на „вето“. Како втора закана за безбедноста на Руската Федерација се наведува експанзијата на НАТО алијансата кон источноевропските земји (поранешни членки на Варшавскиот пакт), што де факто значи приближување на НАТО алијансата кон западните граници на Руската Федерација. Туа, посебно се нагласува забележителното воено присуство со отворањето на вооружени бази на НАТО во Бугарија и Романија и Полска и намерите за отворање на нови бази и воено присуство во останатите држави од Централна Азија. Следната безбедносна закана, која доаѓа директно од САД, се однесува на зголемувањето на бројот на стратешките ракетни системи и „милитаризацијата“ на вселената. Се нагласува загриженоста за изразеното заостанување на руската воена технологија, што имаше влијание и на повлекувањето на САД од договорите за противбалистичките проектили (ABM treaty) од 2002 година и ратификација на

претходнот Договор за ограничување на конвенционалното оружје во Европа од 1999 година.[374]

Во останати закани по безбедноста на Руската Федерација се наведуваат маневрите и мобилизираноста на вооружените сили на јужната граница кон Руската Федерација, внатрешните вооружени конфликти и противречности во соседните независни држави, како што се оние во Грузија и централноазиските држави и влијанието на недржавните актери и ентитети од Северноавкаскиот регион.

Воената доктрина на Руската Федерација од 2010 година, за прв пат има потесна рамка по содржина во однос на претходно донесената Национална безбедносна стратегија на Руската Федерација (2009 година), а во која наместо на вооружените аспекти на безбедноста, нагласокот се става на безбедносните закани кои произлегуваат од невооружените ризици и делот кој што му припаѓа на социо-економското подрачје на руското општество.

Во новата Воена доктрина на Руската Федерација ацентот се става на можностите за отворање на многубројни перспективи за меѓународна воена соработка. Ова е содржано во делот во кој се нагласуваат заедничките безбедности закани за Руската Федерација, кои таа ги споделува со Западниот свет. Тие се однесуваат на т.н.„замрзнати конфликти“ на просторите на поранешните земји-членки на Источниот блок, понатаму, на меѓународниот тероризмот, можноста за прелевање на вооружените судири од земјите со т.н. нефункционални демократии (како што на пример се во Ирак и Авганистан) и, на крајот, опасноста од ширењето на оружјето за масовно уништување. Се нагласуваат можностите и подготвеноста на Руската Федерација за соработка во делот на редукцијата на конвенционалното оружје на просторот на Европа, ракетната одбрана и пошироко, учество на вооружените сили на Руската Федерација во мировните мисии.

Во оваа доктрина особен акцент се дава на снижувањето на прагот на употребата на нуклеарно оружје (претходно содржана во Воената доктрина од 1993 година). Во изјавата на Николај Петрушев, секретарот на Советот за безбедност на Руската

---

[374] За одредбите на овој Договор види подетаљно во „Treaty on Conventional Armed Forces in Europe, http://www.osce.org/library/14087

Федерација од 14 мај 2008 година стои дека „Руската Федерација го задржува правото на употреба на нуклеарно оружје во услови на конвенционален воен судир, во војна од локален или регионален карактер. Понатаму се вели дека „ваквата веројатност за употреба на нуклеарно оружје ќе зависи од проценките за намерите на противникот, при што не се исклучува и превентивен удар во услови на локален конфликт“.[375] Ваквата состојба на снижување на прагот на употребата на нуклеарното оружје претставува своевидно отстапување од ставовите содржани во претходните доктрини, во кои употребата на нуклеарното оружје се предвидуваше во т.н. „критична фаза“. Сега посегнувањето кон употреба на нуклеарно оружје се раководи од прашањето на „загрозување на основните вредности на Руската Федерација“, вклучувајќи ја тука и одбраната на државниот интегритет и суверенитет на нејзината територија.

Како клучен момент во одредбите содржани во Веоната доктрина на Руската Федерација е во изразената подготвеност за распоредување на руски здружени вооружени сили надвор од територијата на Руската Федерација. Ваквите одредби на Воената доктрина се доведуваат во врска со измените во правната лелислатива од предходната 2009 година. Во минатото, ваквата можност беше разгледувана единствено во случај како одговор на непосреден напад или во спротивставување на непосреден напад врз руска територија. Со новата доктрина ангажирањето на вооружените сили на Руската Федерација е предвидено и со доверен мандат на друга договорна организација како што на пример се ЕУ, ОБСЕ или пак на Сојузот на независни држави- СНД (CIS)[376]. Со ова всушност, со закон се одобри претходната практика на распоредување на вооружени сили на Руската Федерација надвор од нејзината територија. И уште повеќе, со ова се даде правна основа за упатување на вооружени сили на Руската Федерација заради заштита на слободата и правата на руските граѓани надвор од нејзината територија, во услови на внатрешен воен конфликт. На ваквиот став и претходеше и „оправданата воена интервенција“ врз Република Грузија (Руско-грузиската војна од 7 до 12 август 2008 година), а со

---

[375] Russia Military Doctrine until 2020, Margarette Klein, SWP comment, May 2010, p.g.3

[376] Сојуз на независни држави- Commonwealth of Independent States. (На 21.декември 1991 година на иницијатива на Руската Федерација, Белорусија и Украина беше потпишан Договор за заедничка

која требаше да се заштити рускoто население во двата региони кои се составен дел на република Грузија т.е. во Абхазија и Јужна Осетија.

Што се однесува до плановите за реорганизација, трансформација и развој на руските вооружени сили, кои ги навестува новата воена доктрина, врз основа на следењето на службените извештаи и изјавите на актуелниот министерот за одбрана Сергеј Шоигу и Дмитриј Рогозин, заменик-премиер задолжен за одбранбената индустрија, овие навестувања изгледаат навистина импресивни. До 2020 година, руската армија ќе биде реорганизирана во лесно распоредливи единици од бригаден состав (околу 170 бригади), и истие овие сили ќе бидат опремени со најмалку 70 проценти оружје и опрема од нова генерација. Ако сè оди според плановите, руските вооружени сили до 2020 година ќе бројат еден милион персонал во активна служба, опремени со 2300 нови тенкови, со околу 1200 нови хеликоптери и авиони, со нови 50 површински бродови и 28 подморници и со 100 нови сателити. Ова се прави со цел да се унапредат борбените способности, комуникациите, командувањето и контролата на руската армија. Во таа смисла, Руската Федерација планира за исполнување на овие барања, во оваа деценија да потроши околу 755 милијарди американски долари.[377] .

Од извршената анализа на Воената доктрина на Руската Федерација можеме да заклучиме дека, иако оваа доктрина се произнесува со својот „одбранбен карактер", таа отворено вклучува превентивна воена акција (вклучувајќи тука и употреба на нуклеарно оружје), и истата според тоа има офанзивен карактер. Во содржините на воената доктрина , до крај и на јасен начин се објаснети и нагласени со бројки, импресивни вооружени реформи во Руската Федерација. Во овој документ има многубројни позиции кои ја третираат подготвеноста, како и барања за мобилизација на цивилната и воена индустрија. Притоа, може да се насетат притивречностите во ставовите на реформистите и противниците на брзата и длабока трансформација на руските вооружени сили. Истовремено, во неа не се до крај и експлицитно поставени основните доктринарни ставови за ангажирање на руските вооружени

---

воена соработка помеѓу деветте поранешни советски републики и тоа: Русија, Белорусија, Украина, Киргистан, Таџикистан, Туркменистан, Азербејџан, Ерменија и Молдавија.

[377] Russia's Military Is Back, *nationalinterest.org/commentary/russias-military-back-9181*Oct 4, 2013,p.g.1, датум на пристапување 14.11.2013

сили на оперативно и тактичко рамниште во вооружените операции и операциите од невоен карактер во здруженото војување.

Ангажирањето на руските вооружени сили во операциите во здружено војување, базираат на анализите извршени од ангажирањето на НАТО коалициските сили во Првата и Втората војна во Заливот, во операциите „Пустински штит" (Desert Shield) и „Пустинска бура" (Desert Storm), понатаму од воената интервенција во Авганистан и од сопствените искуства, особено од вооружените ангажирања во Руско-чеченската војна и воената интервенција во Грузија.

Сепак, најзначајни се искуствата кои се поврзуваат со анализите од ангажирањето на НАТО коалициските сили во Првата војна во Заливот (1990). Во таа смисла, Н. П. Клокотов, началникот на Центрот за стратегиски истражувања при Генералштабната воена академија на Руската Федерација, во изјавата дадена во мај 1992 година вели: „ Јас би сакал да истакнам дека војната во Персискиот Залив беше земена како стандард во проучувањето на можните војни на стратешко ниво".[378] Притоа, Клокотов посебна забелешка му дава на претседателот Садам Хусеин за непреземањето на „превентивен напад" за време на концентрацијата на мултинационалните сили на веоно-стратегиската и операциска основица по должината т.е. околу ирачката територија и тоа конкретно, на просторот на Саудиска Арабија, Кувајт и во Персискиот Залив.

Во однос на извлечените искуства од ангажирањето на руските вооружени сили во Руско-чеченската војна (особено во Првата војна од 1994-1996 година), овие искуства водат кон отстапки во однос на претходниот симетричен настап и висока концентрација на конвенционални вооружени сили во судир со инфериорните конвенционални сили и асиметричниот настап на противникот.

Војната во Грузија (2008 година) од друга страна пак, ја потврдува во целост потребата од одржување на високото ниво на оперативни и разузнувачки способности на руските вооружени сили и високо ниво на технолошка и техничка супериорност во евентуален судир со послабиот конвенционален противник.

---

[378] Не постои сомнеж дека руската воена мисла извлекува големи поуки од проучувањето на двете заливски војни. Отворени се многу специфични прашања за тактиките, перформансите,

## 7.2. Национален концепт на безбедноста и Воената доктрина на Република Франција

Националниот концепт на безбедноста и основите на Воената доктрина на Република Франција најдобро можат да се препознаат преку согледување на основните содржини на „Белата книга на одбраната и националната безбедност“ (Le Livre blanc sur la défense et la sécurité nationale) [379] која беше службено објавена од страна на претседателот на Република Франција, Франсоа Холанд (François Hollande) на 29 април, 2013. Како што нагласува актуелниот француски претседател, при нејзината јавна презентација .... „Европа се движи кон економска и финансиска интеграција, но по цена на тешка јавни расходи ... САД се подготвуваат да стават крај на еднодецениските воен ангажман и да постават приоритети во контекст на преуредување на своите јавни финансии. Новите регионални и светски сили, вклучувајќи ги тука и Кина и Индија, со силниот економски раст и преструктуирањето на нивните економии го отворија процесот на задоволувањето на потребите на новата средна класа. Конечно, арапскиот свет влезе во една нова фаза полна со надеж, но, исто така и со ризици, како што се актуелната хуманитарна катастрофа која се случува со сириската граѓанска војна. Во исто време, претходно утврдените закани:тероризам, сајбер заканите, ширењето на нуклеарното оружје, пандемиите итн., се зголемија. Потребата од меѓународна координација како ефикасен одговор на овие закани, од ден на ден е сè поизразена. Ова за Франција не претставува изненадување. Нејзината економија, нејзините идеи, нејзиниот јазик, нејзините дипломатски и воени способности поврзани со нејзиното постојано место во Советот за безбедност на Обединетите нации, Франција ја чини особено ангажирана на меѓународната сцена, во согласност со нејзините стратешки интереси и вредности. Нејзиниот ангажман како земја е во тесна соработка со европските

употребата на вооружените сили, особено на самонаведуваните веоните проектили и примената на електронските мерки на противелектронска заштита.

[379] Le Livre blanc 2013 rendu public, Mise à jour : 15/07/2013, page 1, Белата книга на одбраната ги определува основните стратешки насока на националната безбедноста политика на Република Франција за следните пет години (2014-2019) и ќе послужи како основа за идни вооружени планирања file:///C:/Documents%20and%20Settings/andre/Desktop/Francuska%20voena%20doktrina/Livre%20blanc%202013.htm, датум на пристапување 15.11.2013 година.

партнери и нејзините сојузници, иако Франција го задржува своето право на посебност. „Белата книга“ се фокусира на три приоритети во одбранбена стратегија: *заштита, одвраќање, одговор.* Тие меѓусебно се надополнуваат и истите се неделиви. Ние мора да се грижиме за заштита на француските интереси.....да го задржиме кредибилитетот на нуклеарното одвраќање и воедно и нашата способност да преземаме иницијативи и ангажирања, во согласност со нашите интереси и оние на меѓународната заедница... „Белата книга“ се одразува на развојот на нашата одбрана, со сите буџетски ограничувања за кои сме длабоко свесни и со кои сме целосно запознаени. Сето ова мора да се развива во корист на автономна и реактивна проекција на способности, врз основа на добро опремени, оспособени и информирани вооружени сили. Тие треба да бидат во можност на решително ангажирање во области каде што заканите се најголеми и со кои се загрозуваат нашите интереси и интересите на нашите партнери и сојузници. Тие воедно демонстрираат дека Франција е подготвена да ја преземе својата одговорност, како што тоа го прави денес во Мали[380].... „Белата книга“ на одбраната и националната безбедност, поради трајните интереси на Република Франција треба да се преточи во посветеност на сите вооружени лица на разузнавачките служби, полицијата, жандармеријата, дипломати и владини претставници, волонтери, но исто така и на обичните граѓани и на сите субјекти на националната безбедност и одбраната.[381]

Од горенаведеното може да се заклучи дека Република Франција како европска земја е посветена на европското сојузништво и НАТО алијансата[382] и дека активно и

---

[380] Француската армија изведе успешна операција против теорористите на AQMI (Al-Qaeda of Islamic Magrehb - Ал-Каеда од Исламскиот Магреб, во содејство со државните вооружени сили на Мали, во периодот од 9 февруари до 1 март 2013, http://www.liveleak.com/view?i=344_1362344300, датум на пристапување 18.11.2013 година.

[381] Поздравен говор на претседателот на Република Франција, Франсоа Холанд (François Hollande) на ден 29 април, 2013 file:///C:/Documents%20and%20Settings/andre/Desktop/Francuska%20voena%20doktrina/Livre%20blanc%202013.htm, датум на пристапување 15.11.2011 година.

[382] Франција како една од основачите на НАТО алијансата ја напушти воената структура на НАТО во 1966 година во знак на протест поради американската доминација во Атлантската алијанса. И после повеќе од 40 години подоцна, американското влијание врз европската безбедност останува камен на сопнување во француско-американските односи. На Самитот на НАТО алијансата во Букурешт во 2008 година, таа повторно се приклучува кон НАТО, иако формално гледано таа никогаш го нема напуштено стратегиското партнертство со САД. http://www.worldpoliticsreview.com/articles/1986/france-wants-to-join-nato-to-ease-the-way-for-european-defense, датум на пристапување 13.11.2013 година.

крајно посветено работи на промоција и заштита на нејзините национални интереси во Европа и во светот. Истовремено, „Белата книга на одбраната и националната безбедност“ ги потенцира трајните вредности и интереси на Република Франција, ја нагласува и потребата од изградба на конзистентен, самодоволен и респектабилен систем на одбрана и ги наведува обврските на субјектита на безбедноста и одбраната и воедно бара нужна посветеност во нивното ангажирање.

Француската безбедносна и одбранбена стратегија ја поставува како основна цел заштитата на националните и државни интереси на Република Франција во земјата и во светот. Француската влада ги дефинира овие интереси на три нивоа, и тоа како: *витални интереси на Републиката, стратегиски интереси и интереси на проекција на моќ.* Како витални интереси на Република Франција се потенцираат: заштитата на националнитео интегритет и безбедноста на воздушниот и акваторијалниот простор и заштита на нејзините внатрешни интереси и интереси насекаде во светот. Стратегиските интереси се содржани во интересот за зачувување на мирот и безбедноста во Европа и на нејзината периферија, во заштита на интересите на Медитеранот и на територијалните подрачја значајни за промоција на економските интереси на Франција во светот. И на крајот, проекцијата на моќта произлегува од нејзиното влијание во светот. Како постојана членка во Советот за безбедност на ОН и како моќна нуклеарна сила.

НАТО алијансата останува за Франција и денес (не само како што беше тоа случај во периодот на Студената војна) значаен мултиплеер во ангажирањето на евроатлантските сили надвор од Европа, но и како гарант на мирот во Централна Европа. Франција ги презема сите чекори во одбрана на нејзините интереси во рамките на ОН или во рамките на НАТО, па дури и со примена на воена моќ, доколку тоа го смета за неопходно. Француските сили земаат активно учество во мултинационалните операции во рамките на мисиите доверени на НАТО алијансата или од Европската унија (ЕУ) или во ад-хок групи, главно на просторот на Европа, но и во Медитеранскиот басен, или пак на јужниото крило на Европа.[383]

---

[383] Shaun Gregory, *French Defence Policy into theTwenty-First Century*, London: Macmillan Press Ltd., 2000, p. 95.

Во однос на развојот на стратегијата на Република Франција, таа еволуира од стратегија на нуклеарно одвраќање, во периодот од 1974 сè до 1994 година, од кога акцентот се става на зголемувањето на вкупните капацитети за ангажирање и одговор со ангажирање на конвенционални сили. Денес, оваа стратегија бара конвергенција помеѓу петте главни функции и тоа: *одржување на високо ниво на готовност, застрашување, заштита, превенција и одговор.* И како што се нагласува „за да се постигнат целите на стратегијата потребна е соодветна доктрина, вклучувајќи ја тука и воената доктрина која треба да го рационализира користењето на базата на државните ресурси во подготовките и ангажирањето на вооружените сили, но исто така и во изнаоѓање на соодветниот одговор во ангажриањето на локалните власти, претпријатијата и институциите каде што се одлучува за користењето на стратешките ресурси: како што се енергија, комуникации, здравствени услуги, храна, итн.[384]

Во однос на стратегиските приоритети покрај подготвеноста за одговор на вооружени закани, се нагласува и подготвеноста за одговор на останати закани и ризици. Така, на скалата на приоритети кои го одредуваат нивото и интензитетот на обврските се наведуваат:[385]

- заштитата на земјата и на француските државјани и обезбедување на континуитет на основните функции на нацијата;
- придонес во безбедноста на партнерите и сојузницицнебте во обезбедување на европската безбедносност и заштита на интересите на северноатлантските сојузници т.е. НАТО алијансата;
- обезбедување, заедно со партнерите и сојузницицините на безбедносниот пристап кон Европа;
- учество во стабилизирање на приликите на Блискиот Исток и во Персискиот Залив;
- придонес за мирот во светот.

Превенцијата е првиот чекор во спроведувањето на стратегијата и доктрината за одбрана. Проекција и акција се основа на моделот и тактиката во ангажирање на

---

[384] Defencse et Securite Nationale, Chapitre 4 - Les priorités stratégiques, 2013,page 70
[385] Исто, page 43

француските вооружени сили. Како основа треба да претставува високото ниво на оперативна подготвеност и здружувањетио на силите на сите нивоа на ангажирање на национално и на ниво на коалиционите сили, со НАТО алијансата, со способност за брзо распоредување на силите во Европа и надвор од Европа, како и способност да се обезбеди брзо распоредување и долгорочна поддршка за заеднички сили кои можат брзо да ја наметнат својата супериорност во оперативното подрачје.[386]

Вооружените сили на Репубика Франција се составени од копнена војска, воено воздухопловство, воена моранарица и жандармерија. Во нејзиниот состав ја има и Француската легија на странци, како посебни експедициони сили кои се ангажираат во подрачјата на интерес на Франција, насекаде во светот.

Француската воена доктрина е заснована на концептите на национална независност, нуклеарно одвраќање и воена самодоволност. Франција како членка на НАТО алијасната игра неподелена улога и дава активно и силна партиципација во составот на коалициските сили, во мировните мисии во Африка, Блискиот Исток и на Балканот, при што често ја презема и водечката улога во овие операции. Франција презема големи напори во реконструкција на својата армија, со цел да развие професионални вооружени сили, со можност за брзо распоредување и полесно прилагодување за извршување на здружени мисии надвор од територијата на Франција. Клучните елементи за реструктуирање вклучуваат: намалување на персоналот, бројот на вооружените бази низ светот, рационализација на опремата и вооружувањето и реформи во индустријата за вооружување и опрема.

---

[386] Француската армија во неодамнешниот период и моментално е ангажирана во изведување на повеќе операции на здруженото војување насекаде низ светот и тоа: во мисија на борба против терористичките групи во Мали во 2013 година; во операцијата во Брегот на Слоновата Коска - Operation Licorne in Côte d'Ivoire (под мандат на ОН); во составот на силите на Обединетите нации во мисија за стабилизација во Хаити; во составот на меѓународните безбедносни сили за помош во Авганистан (под мандат на ОН ), во составот на силите на Обединетите нации во Либан; во воена интервенција во Либија во 2011 година и други операции. Вкупно, во овој момент има околу 36.000 француски војници распоредени на странски територии.

## 7.3. Национален концепт на безбедноста и Воената доктрина на Израел

Доколку сакаме да го разбереме Националниот концепт на безбедноста и израелската воена доктрина, можеме многу лесно да се најдеме затекнати во состојба на недоволно или пак дури и погрешно разбирање на состојбите. Ова особено и доколку прашањата за безбедноста на израелската држава ги поврземе со изјавите дадени од страна на високи политички или воени преставници и тоа особено пред или после одредени значајни безбедноста настани, војни или вооружени интервенции.

Израелскиот концепт на безбедноста се засновува врз голем број експлицитни претпоставки. Првата претпоставака е во реалната состојба на опкруженоста на Израел со соседните арапските земји и со тешкото историско искуство од војните водени во минатото.[387] Втората претпоставка е содржана во проценките за безбедноста, особено во однос на неможноста на Ираел да обезбеди во доволен број работоспособно население и нужноста да ја задоволува оваа потреба од соседните арапски земји. Ваквата состојба, подолг временски период влијае врз начиниот на контрола на граничните подрачја и има силно влијание врз севкупната безбедносна состојба во Израел. Третата претпоставка, но воедно и како предизвик е содржана во состојбата со големиот број на емигранти од „еврејско потекло”, а кои се враќаат во „својата татковина” со сите културни разлики, како и разликите во општествени норми на однесување и со тоа особено нагласената нужна потреба од нивна целосна интеграција во израелското општество. Ова подеднакво се однесува на развивањето и градењето на чувство за обврските кон израелската држава, но и во однос на севкупното однесување на населението кон потесното и поширокото безбедносно опкружување.

---

[387] Вкупно се водите пет војни и тоа Првата арапско-израелска војна 1948-1949, Втората арапско-израелска војна 1956; Третата арапско-израелска војна 1967 (шестдневна војна), Арапско-израелска војна 1972-1973, Војната за Јом Кипур и последната со напад врз Либанон во 2006 година. Во сите овие војни Израел води одбранбена војна, но со офанзивна доктрина на израелската армија. После секоја војна скоро секогаш доаѓа до целосно повлекување на армиските сили што претставува своевиден преседан во историјата на војувањето. Ова на крај и отсекогаш повторно го води Израел во ризик од повторена војна, па дури и таков ризик со кој се доведува во прашање и постоењето на Израел како држава. Повеќе види во http://www.science.co.il/Arab-Israeli-conflict.asp




Шема 52. Однос помеѓу арапските земји и израелската држава.
(Извор: http://www.science.co.il/Arab-Israeli-conflict.asp)

Како посебно важно прашање, а кое во подолг временски период (поточно од формирањето на еврејската држава во 1948 година) има и огромно значење и влијание на Националниот концепт на безбедноста е во нерешеното прашање со палестинскиот народ за формирање на сопствена држава. Всушност, иако најголема концентрација на палестинскиот народ е на територијата на Западниот Брег и во појасот Газа, Голан и во градот Ерусалим (види Шема 53), за израелската држава формирањето на палестинска држава со седиште во Ерусалим кој што е воедно и државен и административен центар на Израел е крајно неприфатливо. Ваквата состојба на исклучивост, особено бруталноста во настапот на безбедносните сили на Израел во справувањето со терористичките акции на палестинското ослободително движење веќе половина век наназад и секогаш одново и денеска секојдневно го навлекуваат гневот на нејзините арапски соседи, кои со ова всушност ја изразуваат целосната солидарност со нивните арапски браќа т.е. со палестинскиот народ и неговите заложби за формирање на сопствена држава.




Шема 53. Населеноста на палестинскиот народ (со жолта боја) во територијата и надвор од границите на израелската држава.

(Извор:http://www.infoplease.com/world/countries/israel-palestine-conflict/history-since-2000.html)

Како особена константа во развојот на Нациналниот концепт на безбедноста и нејзиното влијание кое го има врз Воената доктрина е состојбата со стратегиското партнерство[388] и постојаната помош која  пристигнува на израелската држава од САД, и тоа од периодот од нејзиното формирање (1949 година) па сè до денес. Доколку сакаме да извршиме увид во тоа колкава е таа помош во минатото и денес и

[388] Во прилог на ова зборува фактот дека само 11 минути по своето назаначување, претседателот на САД Хари Труман ја призна независноста на израелската држава (1948 годин), со што всушност и го изрази високо ниво на интерес на САД за развој и споделување на заедничките вредности со оваа држава, особено во застапување на безбедносните интереси на САД во овој дел од светот. Израел според многу политички и воени аналитичари претставува камен-темелник на американската безбедносна политика на Блискиот Исток. Покрај постојаната воена помош и широкиот простор на развој на економски интереси на САД кон овој простор во најново време остануваат напорите за мирно разрешување на спорот со Либанон и унапредување на мировниот процес и создавање на палестинска држава.

кои се причините поради кои оваа помош се остварува, ова согледување би се движело во следната насока: [389]

- Од 1985 година, финансиската помош на САД на Израел, во континуитет изнесува од 3 до 5 милијарди долари годишно, вклучувајќи ги тука и грантовите. Од тоа речиси 75% од финансиските средства се користат за купување на американскато вооружување и воена опрема. Притоа треба да се земе предвид и широко развиената меѓусебната соработка на овие две држави во воената област, како што се ракетната одбрана, заеднички истражувачки и развојни програми, изведување на големи воени вежби и размена на разузнавачки податоци.
- Постојана економска помош која го задржува својот континуитет се до 2008 година, одкога оваа помош значително се намалува, пред сè поради светската финансиска криза и проценките на САД за високото ниво на развиеност на израелската држава.

Како клучен елемент во стратегијата за националната одбрана, а кога станува збор за потребата за воспоставување и зачувување на безбедноста на Израел, најголем дел од политички и воени аналитичари ја нагласуваат потребата за „одбрана на границите“.[390] Ова подеднакво се однесува на контролата на граничната линија на копно и контрола на територијалните води во Средоземното Море. Израел се чувствува опколен не само од непријателски држави, туку пред сè, од бројни непријателски милитантни армии кои се под команда и контрола на централни државни авторитети и власти. Како најеклатантен пример се наведува органзацијата „Хезболах“, која од политичко движење за национално ослободување се разви во вистинска автономна армија способна за извршување на вооружени ангажмани[391]. Истото ова се однесува и на движењето „Хамас“ и „Египетското муслиманско братство“, како и други движења.

---

[389] American Military Aid to Israel, p.g. 1, www.israelactionnetwork.org, преземено на ден 15.11. 2013 година.

[390] O. Mattera „The Perception of Territory as an Element of Security in Israel: A Point of View on the Defence Barrier, YEAR II – NR 1 *CEMISS QUARTERLY* SPRING 2004, p.g.8

[391] Kulick, Amir December *The Next War with Hizbollah, Hizbollah's Military Doctrine in Practice* 2007, p.g.2. Нараснатите вооружени способности на ова движење доведе до воена интервенција на Израел врз Либанон во јули 2006 година во операцијата „Grapes of Wrath" – „Зрна на гневот“. Оваа операција настана како последица на постојаните бомбардирањеа на израелските градови во

Потребата за постојан развој на вооружените способности на израелската армија произлегува од компаративните студии и согледувања за воените способности на Израел во однос на соседните арапски земји. При ова се нагласува потребата од подготвеноста на израелските вооружени сили кои мораат секогаш да бидат подготвени за судир со најмалку две соседни арапски земји.

Од бројните компаративни анализи (како што е прикажано на Графиконот на Табела 9) за состојбата на воените способности на израелската армија, изразена во бројки, во однос на нејзините арапски соседи, се наметнува иманентната потреба од непрекинат развој на способностите и тоа во однос на квалитативното ниво на опременоста, обученоста, особено во однос на докрината на употребата на вооружени сили, а кои мораат секогаш да бидат на страна на израелските вооружени сили. Поради тоа, денес, а според оценките на највисоките светски воени аналитичари во континуитет од неколку децении наназад, обученоста на израелската армија е на толкаво високо ниво, кое според одредени параметри е многу тешко да се достигне од која било друга армија во светот.

Табела бр. 9. Вооружените сили на Израел во однос на нејзините соседи во периодот од 1973-2010 година (изразено во број на војници во илјада бројни единици).
(Ивор: Adapted by Antony H. Cordesman and Aram Nerguizian from IISS, The Military Balance, versus editions. Some data odjusted or estimated by the author.Conventional Realities and Asymmetric Challenges,June 29,2010, Figure 3: Total Arab-Israely Military Manpowe: 1973-2010,p.g.7 )-

| | 1973 | 1985 | 1991 | 1997 | 2000 | 2004 | 2006 | 2008 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Либан** | 14.25 | 17.4 | 21.8 | 48.9 | 67.9 | 72.1 | 72.1 | 56 | 59.1 |
| **Јордан** | 69.25 | 70.3 | 82.25 | 98.65 | 104 | 100.5 | 100.5 | 100.5 | 100.5 |
| **Израел** | 77 | 142 | 141 | 175 | 173.5 | 168 | 168.3 | 176.5 | 176.5 |
| **Сирија** | 100 | 402.5 | 404 | 421 | 316 | 296.8 | 307.6 | 292.6 | 325 |
| **Египет** | 325 | 445 | 450 | 440 | 450 | 450 | 468.5 | 468.5 | 468.5 |

---

граничниот појас со Либанон. „Оперативната доктрина на движењето „Хезболах“ почива на претпоставката дека израелското општество е премногу слабо и неспособно да го апсорбира големиот број на жртви. „Хезболах“ веруваше дека оваа слабост ќе доведе до повлекување на израелските вооружени сили од зоната на безбедност воспоставена во мај 2000 година, како што беше кажано од страна на Насралах во неговиот победнички говор на 26 мај 2000 година во Бин Јабил, каде што тој во однос на силата на израелското општество и израелската војска изјави дека тие се како „пајакова мрежа, која ќе се растури со првиот удар на ветрот“.

Кога станува збор за израелската воена доктрина, таа во континуитет се потпира врз три клучни столба и тоа: високо ниво на воено-технолошка и техничка опременост на вооружените сили, високо ниво на борбена готовност и способност за брз одговор, вклучувајки го тука и „превентивниот напад"[392] и трето високо ниво на подготвеност на силите за специјални операции (особно оние за борба против тероризмот). Воедно, треба да се има во предвид и тоа дека Израел е една од седумте признаени нуклеарни сили во светот. Нуклеарното оружје[393] потекнува од крајот на седумдесетите години, од времето на блоковските спротивставувања помеѓу двете светски сили на САД и СССР кога вкупно, кога околу 100 нуклеарни боеви глави од Американско потекло беа инсталирани во Израел како одбрана од ракетен нуклеарен напад на СССР.

Актуелната воена доктрина на Израел ги задржува основните ставови содржани во претходните воени доктрини и се повикува на искуствата од вооружените ангажирања во борба против соседните арапски држави, со посебен нагласок на развивање на потребата на одржување на постојана готовност на конвенционалните сили и особено специјалниите сили. Се потенцира значителното намалување на составот на вооружените сили (особено на офицерскиот кор) и делот од готовите сили, со цел да се олесни тековниот буџетски дефицит.[394] Израел, ако ниедна друга

---

[392] Како што е случај и со САД, така и Израел, иако во ниеден документ (концепт, доктрина, стратегија или насоки) не го потенцира правото на „превентивен напад", ова правило во делот на стратегиската употеба на вооружените сили го практикува од почетокот на нејзиното постоење. Ваквата состојба пред сè се базира на искуствата од минатите војни и состојбата се геостратегиската позиција и постојаните закани кои се насочени кон Израел од страна на арапските соседи. За пошироко разгледување на оваа проблематика може да се види во: UNIQUENESS AND DESTINATION, *supra* note 9, at 210-11; Yizhak GREENBERG, DEFENSE BUDGET AND MILITARY POWER: THE CASE OF ISRAEL, 1957-1987 45-47 (Tel Aviv, Ministry of Defense Publications, 1997); David Tal, *Weapons without Influence: British Arms Supply Policy and the Egyptian-Czech Arms Deal, 1945-55*, 34 J. IMPERIAL & COMMONWEALTH HIST. 369 (2006).

[393] Израел нема „отворена нуклеарна доктрина", и истата најчесто ја доведува во корелација со инсистирање на целосна забрана за присуство на нуклеарно оружје во регионот. Наместо тоа, таа ја следи т.н. политиката на „нуклеарна непроѕирност" – што од една страна значи дека видно поседува нуклеарно оружје, додека пак од друга страна истовремено го негира неговото постоење. Ова воедно му овозможи на Израел да ги ужива придобивките на нуклеарна сила и да го користи нулеарното оружје како „детерант", и истовремено да го применува принципот на „casus belli", што значи и целосна определеност за користење на нуклеарното оружје како крајно средство т.е. доколку се доведе во прашање постоењето на израелската држава како таква. (http://www.fas.org/nuke/guide/israel/doctrine/.)

[394] Според The Wall Street Journal во еден неодамнешен напис со наслов, „Израел ја подготвува армијата заради соочувањето со нови ризици"- „Israel to revamp Army for new Risks" се истакнува::„Промените се дел од предлогот со кој израелската влада ќе излезе пред парламентарното

армија во светот, во делот на ангажирање на силите во здружените операции, одржува највисоко ниво на подготвеност на силите (особено на силите на военото воздухопловство и специјалните сили). Нагласени се и намалувањата на контигентите на резервните сили поради тековниот буџетски дефицит и нужните преструктуирање на израелската армија.

Во однос на придонесот кон доктрината на здруженото војување можеме да кажеме дека израелската армија, како ниедна национална армија во светот, се одликува во континуитет со високо ниво на стратегиски и оперативни способности на готовите сили. Вооружените сили се веќе половина век наназад постојано опремени со најмодерно вооружување, со највисоко ниво на интеграција во борбеното ангажирање на сите видови, родови и специјалности. Ваквото високо ниво на опременост и борбена подготвеност на израелската армија претставува всушност одговор на постојаните воени закани кои доаѓаат од нејзините побројни арапски соседи. Поголемиот дел од нив, за жал, сè уште ја немаат признато израелската држава, додека пак, некои од нив дури и го негираат правото на нејзиното постоење, па дури и изразуваат отворени закани (како што е на пример Иранската Република ) за целосно уништување на „еврејската држава". Поради ваквиот непомирлив став кон „израелската држава" од страна на нејзините соседи оваа држава и во иднина го задржува правото на примена на принципот на „превентивен напад", и секако одржување на високото ниво на оперативни способности на израелските вооружени сили.

---

собрание во наредните месеци, а со кој се предвидува намалување на вооружениот буџет за 830 милиони долари за наредната 2014 година. Владата на Израел мораше да се справи со неочекувано голем буџетски дефицит во 2013 година предизвикан од прекумерно трошење и пониски приходи од даноците. Војската се најде под притисок од јавноста и израелските државни институции, пред сè и поради со години зголемената потрошувачка за потребите за одбраната. Според вооружените аналитичари, овие промени ќе се движат во следните насоки: подготовките на армијата ќе се фокусираат на борба против заканите кои доаѓаат од герилските сили и тоа пред сè од од организации како што се „Хезболах" и „Хамас", во конфликти познати како асиметрична војна. Нестабилноста во Египет и Сирија ја налага потребата од зајакнување на контролата врз границата, особено по должината на Синајската Пустина и Голанската Висорамнина и другите погранични региони, со цел да се спречи снабдувањето на терористичките групи и оневозможат нивните напади. Израел, исто така, ќе се фокусира на сајбер-војната и соочување со својот актуелен противник Иран кој што постојано се заканува со одмазда, вклучувајќи ја тука и програмата за производство на нуклеарно оружје со кое се заканува и со целосно уништување на Израел. http://online.wsj.com/news/articles/SB10001424127887324425204578599953517340808, July 11, 2013 7:30 p.m. ET, датум на пристапување 15.11.2013 година

## 7.4. Национален концепт на безбедноста и Воената доктрина на Република Словенија

Резолуцијата за Стратегијата за националната безбедност на Република Словенија (Resolucija o strategiji nacionalne varnosti Republide Slovenije)[395] претставува основен документ со кој се обезбедува развој и се даваат генерални насоки на подрачјето на безбедноста. Во Резолуцијата се дефинираат националните интереси и националните цели на безбедносната политика на Република Словенија, се врши анализа на безбедоносното опкружување и се дефинираат изворите на закани и ризици по безбедноста и се определува во целост, системот и организациските решенија во однос на функционирањето на државата на планот на обезбедување на националната безбедност.

Како што се наведува во Резолуцијата „основите на националната безбедност на Р. Словенија се засновуваат врз уставот на Р. Словенија, почитувањето на човековите права и фундаменталните слободи, како и врз демократијата и принципите на владеењето на правото. Исто така, се наведува дека ..... истата се засновува на меѓународните закони и меѓународните права, како и на преземените обврски од страна на Р.Словенија во однос на потпишаните меѓународни договори. Како основни национални интереси на Р. Словенија се наведуваат: заштитата на независноста и слободата и територијалниот интегритет и заштита на националниот идентитет, култура и посебноста на словенската нација, и тоа подеднакво на внатрешен план, во рамките на меѓународно признатите граници и кон надвор, во светот“.[396]

Во однос на геополитичката и геостратешката позиција на Р. Словенија, се нагласува дека таа како континентална и поморска земја и средноевропска земја треба да се потпира врз општествените, економските, културните и други предности во однос на оваа позиција. Исто така, се истакнуваат предностите кои Р. Словенија

---

[395] Resolucija o strategiji nacionalne varnosti Republide Slovenije (Резолуцијата за националната безбедност на Република Словенија) е објавена со Uradni list Republice Slovenije, а е donesena na so Odluka na Drzavni Zbor na seji dne 26.marca 2010 godine.

[396] Resolucija o strategiji nacionalne varnosti Republide Slovenije, Ljubljana, 2010, стр. 4

ги има како членка на Европската унија и НАТО алијансата.[397] При ова се нагласува дека е особено позитивно влијанието на членството во НАТО врз јакнењето на политичката стабилност и безбедноста на национално ниво и пошироко во реогионот на Централна Европа.

Во делот на проценките за позицијата на Република Словенија во однос на меѓународното безбедносно опкружување се истакнуваат влијанието на настанатите промените на глобален план, како во однос на комплексноста на овие промени, така и во однос на непредвидливоста на дел од заканите со кои се загрозуваат националните држави и заедници, просторот на Европа и светот во целина. „Идните промени во безбедносното опкружување покрај оние во делот на вооружените закани, ќе се однесуваат пред сè на климатските промени, недостигот на стратешките ресурси за задоволување на човековите потреби на светската заедница, безбедносни предизвици кои произлегуваат од непримерените состојби со демографските, економските и социјалните трендови на развој во светот и по региони, неконтролираната трговија со недозволиви материјали и стоки, со сè понагласените разлики помеѓу богатите и сиромашните, постоење на кризни подрачја, новите форми на конфликти и различните ефекти која ја има глобализацијата во светот“.[398]

Во однос на оценките за влијанието на кризните подрачја. се нагласува влијанието на конфликтите со низок интензитет, појавата на нестаболноста во т.н. „пропаднати држави“, порастот на организираниот криминал и посебно, на опасноста од конфликти настанати како последица на кршењето на човековите права и основни слободи, како и опасностите од најновите миграциони движења во светот. Истовремено, се потенцира дека „поради позицијата и големината на просторот на државата, многу е слабо влијанието на ваквите негативни состојби врз Р. Словенија. Таа во основа, треба да е свртена кон нејзиното поблиско опкружување како централноевропска земја, но со големо влијание на состојбите

---

[397] Интересна студија на Iztok Prezelj „*Ogrozavanje nacionalne varnosti Repbulike Slovenije in vklucevawe v NATO*“, Teorija i praksa, Izvirni znanstveni clanek 2002, во која тој врши анализа на националната безбедност на Р. Словенија по влезот во НАТО, преку националните документи кои се однесуваат на безбедноста, понатаму преку испитувањето на националното јавно мислење и со нагласување на индикаторите на загрозувањето на безбедноста, во однос на настанаите промени во безбедносното опкружување со членството во НАТО.

кои доаѓаат од просторот на Југозападна Европа и особено со земјите од т.н. Западен Балкан од каде призлегуваат опасности како што се: организиран криминал, корупција, илегална миграција и трговија со луѓе, оружје, дрога и тероризам“.[399]

Кога станува збор за вооружените закани во оваа Стратегија стои:„Вооружените закани во иднина ќе настапат со форми на нестабилности на локално и регионално ниво, со можност за нивно брзо ширење, со што ќе се загрозува мирот и стабилноста во малите земји. Веројатноста за асиметрични војни ќе го заземе местото на класичните војни, и тоа пред сè со војни и вооружените конфликти со низок интензитет во кризните подрачја. Во однос на досега познатите подрачја на закани кои доаѓаа од копно, воздух и море идните закани ќе го вклучат и сајбер просторот и други витални подрачја на општественото живееење“. [400]

Интересни се студиите за различните можности за загрозување на Р. Словенија: „Економски, политички и етнички проблеми во општествата во транзиција претставуваат главна грижа во напорите да се изгради побезбедна и обединета Европа, но се разбира ова не се и единствените безбедносни проблеми со кои се соочуваат европски земји “. Поради ваквите состојби, од страна на одредени политички кругови и особено научни институции во Р. Словенија, и покрај членството во НАТО алијансата и членството во останатите безбедносни структури, се заговара и „статус на неутралност и одбранбена самодоволност, вклучување во меѓународни организации и можност за остварување на двострани сојузништва и со други држави“.[401]

Кога станува збор за Воената доктрина на Р. Словенија, таа е дефинирана како „воен документ со кој се обезбедува основата за организацијата и функционирањето на словенечките вооружени сили. Тоа е, исто така, фундаментален документ од кој се изведени основните доктринарни поставки, прифатени принципи за организација и функционирање на словенечките вооружените сили во областа на воената одбрана на земјата и спроведување на други задачи содржани во

---

[398] Resolucija o strategiji nacionalne varnosti Republide Slovenije, Ljubljana, 2010, стр. 9
[399] Исто, стр. 13
[400] Исто, стр. 18

Стратегијата за национална одбрана на Република Словенија. Доктрината ја поддржува транзицијата на словенечката вооружените сили во периодот на трансформација, и истата бара нови начини на размислување како одговор на идните реформи на армијата и одговор на новите предизвици и закани.[402]

Воената доктрина на Република Словенија се базира врз Резолуцијата за Националната стратегија на Република Словенија за безбедност (Службен весник на РС, бр 56 /01) и Стратегијата за одбрана на Република Словенија ( Влада на РС, бр. 820-00/2001-1 20 12 2001), Воената доктрина го зема предвид развојот на целите на словенечката вооружени сили и Долгорочната програма за развој и опремување на словенечките вооружените сили. Воената доктрина произлегува од Стратешкиот концепт на НАТО алијансата и усвоените принципи за организацијата и функционирањето на вооружените сили, а кои произлегуваат од здружената доктрина на сојузничките сили.

Во Воената доктрина се разработуваат одговорите и поставките за ангажирање на словенечките вооружени сили во делот на военото ангажирање, понатаму како одговор и учество во разрешување на вооружените конфликти и кризи и во поддршка и имплементација на Стратегискиот концепт на НАТО алијансата.

Кога станува збор за војната и вооружените конфликти се вели дека е „ многу мала веројатноста на загрозување на Р. Словенија денес и во иднина со војна и вооружени конфликти. Постои спектар на кризни подрачја, регионални безбедносни закани и ризици и конфликти со низок интензитет кои претставуваат закана за безбедноста и стабилноста на пошироката меѓународна заедница. Република Словенија како членка на Европската унија, НАТО и други меѓународни организации се соочува со бројни надворешни нестабилности и ја изразува подготвеноста за одговор, вклучувајки го тука и военото ангажирање во географски оддалечени кризни региони.[403]

---

[401] C:\Users\mile.petrevski\Desktop\NS Slovenija\Različne možnosti zagotavljanja nacionalne varnosti.htm, датум на пристапување 12.12.2013.

[402] Vojaška doktrina Republice Sloevnije, Poveljstvo za doktrino, razvoj,izobraževanje in usposabljanje, 2006, стр.7

[403] Vojaška doktrina Republice Sloevnije, Poveljstvo za doktrino, razvoj,izobraževanje in usposabljanje, 2006, стр.12

Во понатамошниот дел од текстот на Воената доктрина се разработуваат основите на борбената моќ на словеенечката армија, оперативниот дизајн, принципите на војната, моралната компонента (особено во делот на мотивацијата, лидерството и управувањето со физичката компонента на сила), прашања за опремувањето на армијата, потребата за одржливост на армијата како одговор на потребата за достигнување на зададените перформанси на словенската армија во делот на колективната безбедност и особено во делот на учеството во заедничките мисии на НАТО алијансата. Понатаму, се обработува организациската структура на словенечката армија[404], нивото на готовност на вооружените сили и на крајот, надлежностите во делот на раководењето и командувањето со армијата.

Како заклучок, можеме да кажеме дека основите на Словенечкиот концепт за национална безбедност во целост произлегуваат од состојбата и извршените проценките за новите безбедносни закани, од позицијата на Словенија како централноевропска земја, и земја-членка на ЕУ и НАТО алијанската. Се потенцира влијанието кое врз оваа земја доаѓа од јужноевропските земји и особено од земјите од т.н. Западен Балкан. Стратегија ја нагласува потребата од учество на Р. Словенија во колективните системи на безбедност, во ЕУ, НАТО алијансата и другите договорни организации. Го нагласува широкиот концепт на безбедноста и потребата од вклучување на пошироките безбедносните структури од општеството, како одговор на заканите на национално ниво, и пред сè во вооружени конфликти и загрозување на безбедносната средина на регионално и глобално ниво. Во делот на воената доктрина се потенцира малата веројатност за воено ангажирање на словенечката војска кои би настанале како последица на директни вооружени загрозувања врз Р. Словенија. Но истовремено, во продолжение се дава широка согласност за почитување на основните доктринарни начела на војувањето, поддршка на Стратегискиот концепт и подготвеност за ангажирање на словенечката војска во заеднички мисии со НАТО алијансата.

[404] Во однос на организациската структура, словенечката амрија ги има сите три просторни компоненти на сила и специјални сили и е организирана во борбени сили и сили за одржување и територијални сили.

## 7.5. Стратегија на употребата на здружените сили и Воената доктрина на САД

Најдобро согледување и целосна перцепција во однос на развојот на стратегијата на употреба на здружените сили во операциите од здруженото војување би можеле да направиме со остварување на увид во ставовите содржани во Здружена визија 2020 година (Joint Vision 2020) на армијата на САД и Визијата на Министерството за одбрана на САД за промените во здруженото војување.

### *7.5. 1. Здружена визија ( Joint Vision) на САД за 2020 година*

Здружената визија 2020 се темели на основните ставови содржани во предходната Здружената визија 2010, нагласувајќи ја притоа, пред сè потребата од постојаната и континуираната трансформација на американските вооружени сили. Примарната цел на овие сили, како што се нагласува „ е и ќе биде да се борат и да победат во војните во кои е застапен интересот на нацијата''. Крајната цел на трансформацијата опишана во овој документ е во креирање, создавање на сили кои ќе бидат доминантни низ целиот спектар на вооружени операции-убедливи во мир, одлучни во војна и надмоќни во сите други форми на конфликт. До 2020 година, како што се нагласува, американската нација ќе се соочи со широк опсег на интереси, можности и предизвици кои ќе бараат војската да ги добија војните, но истовремено и да придонесува за мирот. Глобалните интереси и одговорности на САД се долготрајни и не постои показател што би им се заканил на овие интереси и интересите на нивните сојузници. Стратегиските концепти на одлучувачка сила, проектирање на моќ, прекуморско присуство и стратегиска агилност и ќе продолжат да ги управуваат и раководат севкупните напори за исполнувањето на обврските кои произлегуват од соочувањето со новите предизвици во иднина. Оваа визија ги опишува трансформациите за тие нови способности кои се во тек. Како што е објаснето во Здружената визија 2020 „изразените можности за доминантен маневар, прецизно ангажирање, фокусирана логистика и полна димензионална заштита на

силите (Шема 54), како што беше всушност и случај со Здружената визија 2010, се од планетарен карактер и остануваат со својата важност и понатаму“.[405]




Шема 54. Новиот оперативен концепт на доминантен маневар, прецизно ангажирање, фокусирана логистика и целосна заштита на трупите.

(Извор: Joint Vision 2020, America’s Military: Preparing for Tomorrow, прилагодено 23. 03. 2013 г.)

Опишувајќи ги овие способности, визијата обезбедува вектор на широка и опсежна програма на вежби и експерименти кои се вршат од страна на борбените команди и сервиси за обезбедување на потребата за постојана еволуција на здружените сили. Како што се нагласува, врз основа на имплементираната програма за заедничка визија многубројни способности ќе бидат оперативни пред

405 http://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_56626.htm Стратегискиот концепт претставува официјален документ, со кој се изразуваат трајните цели на постоењето на НАТО алијансата и основите на безбедносните задачи. Тој, исто така ги содржи одговорите на централните прашања во однос на новите закани по безбедносното опкружување во кое е можно ангажирање на веоните сили и ефективи на САД и на НАТО алијансата.

2020 година, додека други ќе продолжат да се истражуваат и развиваат низ вежби и експерименти.

Општиот фокус на оваа визија е целосна доминација со сила во изведување на операции од полн спектар. Притоа, особено се нагласува важноста на развојот на доктрината, организациите, обуката и образованието и ефективното искористување на воената технологија. Еволуцијата и развојот на овие елементи во следниве две децении ќе биде под влијание на два фактора. Прво, постојаниот развој и пролиферација на информатичките технологии кои битно ќе влијаат на карактерот и изведувањето на вооружените операции. Овие промени во информатичката средина ја прават информацијата супериорна и клуч за трансформација на оперативните способности на заедничките сили. Второ, вооружените сили на САД ќе продолжат да се потпираат на доминантните способноста во однос на интелектуалните и технолошките иновации.

Целосната визија за способностите во 2020, како што е претставено погоре, ќе се темели на стратегиските предности во однос на обученоста на персоналот, високото ниво на опременост, новите доктрини на настап во судир со новите асиметрични закани и судир со противниците од новата генерација на војни.

### *7.5.2. Визија на Министерството за одбрана на САД за промените во здруженото војување*

„Наша цел не е само да се бориме и да извојуваме победи во војна, туку и да се обидеме да спречиме војни. За да го сториме тоа, ние треба да пронајдеме начин да влијаеме врз донесувачите на одлуки на потенцијалните непријатели, да ги одвратиме не само од користење на постоечкото оружје, туку доколку е тоа можно да ги одвратиме од градење на нови вооружени способности“.

Обраќање на секретарот за одбрана на САД на Колеџот за национална одбрана,јануари 31, 2002.

Во овој дел накусо ќе ги изнесеме ставовите содржани во најновата Стратегија за настап и воена трансфомрација (Military Transformation: A Strategic Approach) на НАТО алијансата. Ќе ги нагласиме содржините кои се однесуваат општо за промените на основите во здруженото војување, понатаму за начинот на

изведувањето на операциите во здруженото војување и на крајот, основите на концептот за предно одвраќање и мрежно-центричното војување.

а) Општо за промените во основите на здруженото војување.

Во однос на промените на основите, т.е. на трансформацијата на здруженото војување (Шема 55), ќе истакнеме дека со овие промени се започнува на стратешко ниво и истите се раководени од промените настанати во Националната безбедносна стратегија на САД.. Промените потоа продолжуваат со трансфомрација на националната одбранбена стратегија и воената стратегија, при што ова подразбира и промени во здружената визија како нејзин составен дел. Понатаму следат промени во структурата на здружените сили и концептот на здружените операции и оперативните можности на здружените сили. Здружената визија подразбира свртување во делот на применетата доктрина кон мрежно-центричното војување и ефективно базирани концепти и можности. Паралелно на овој процес му кореспондира процес на експериментирање т.е. проверка на спроводливоста на решенијата содржани во поедини стратегии.




Шема 55. Воена трансформација-Стратетија за концепти и можности.

(Извор: Military Transformation: A Strategic Approach, Figure 1. Military Transformation – Strategy to Concepts to Capabilities, прилагодено 23. 01. 2013 г.)

На крајот, Концептот за ангажирање на здружените сили ќе се фокусира на развој и стекнување на заеднички борбени способности, на развој на доктрината за обука, лидерство и образование, аквизиција на материјалните средства, персонал и објекти.

Трансформацијата и модернизацијата бараат воспоставување на рамнотежа и добри корпоративни решенија и иновации. Тоа е областа на еволутивни промени каде што една организација се обидува да добие подобри решенија во однос на дотогаш постоечките. Притоа, како што е прикажано на Шема 56, оваа стратегија се состои од најмалку три различни делови. Прво, тоа се серија на мали чекори на планот на подобрување на можностите на силите. Вториот чекор е на средно ниво со решенија и акции кои се во тек, при што се врши и евалуација на способностите. Трета група на чекори се содржани во промените кои треба да настапат во делот на политиката на планирањето за одбрана и ангажирање на силите и во делот на надлежностите, а кои подразбираат и нови доктринарни правила на однесување, креирање на сили и нова доктрина за водење на здружените операции.




Шема 56. Корпоративна стратегија на иновации

(Извор: Military Transformation: A Strategic Approach, Figure 2. A Corporate Strategy for Innovation, прилагодено 21 01 2013 г.)

Промените кои настапуваат во здружените концепти на војување подразбираат одговор на поставените оперативни цели со нужни потреби за трансформација и, од друга страна истите зависат од можностите ( технологии, процеси, организација и персонал) на националната заедница ( види Шема 57).




Шема 57. Процес на воена трансформација

(Извор: Military Transformation: A Strategic Approach, Figure 3. Military Transformation Process, прилагодено 23. 01. 2013 г.)

„Мрежно-центрична војна“ [406] обезбедува остварување на компаративна предност (види Шема 58) и истата се однесува на комбинација на нови тактики, техники и технологии кои бараат мрежно ангажирање и поврзување на силите на бојното поле, со што се креираат зголемена борбени способности на трупите и обезбедува предност во однос на противникот. Таа нуди нова концептуална рамка

со која се врши правилно назначување на вооружени мисии, операции, како и организации, дисеминација на податоците од разузнавачката проценка на бојното поле. Ова истовремено значи и зголемени можности во процесот на военото одлучување, во ангажирањето на силите кое се постигнува со комуникациско и мрежно поврзување на сложените системи на вооружување. Со ова му се овозможува на командант успешно да го анализира просторот на ангажираните сили, да доаѓа брзо до критични информации за бојното поле и да ги искористи борбените способности на силите за дејсво од воздух, копно и водените површини, со задавање на силни и ефективни удари по силите на противникот.




Шема 58. Мрежна компаративна предност.

(Извор: Military Transformation: Figure 4, The Networked Competitive Advantage, прилагодено 23. 01.2013 г.

[406] http://www.afcea.org/content/?q=node/43 датум на пристапување 23 01 2013 г.

Трансформацијата мора да биде фокусирана на новите стратешки и оперативни предизвици и можноста за одговор на овие предизвици... На крајот од првата декада на 21 век, армијата на САД е соочена со потребата од промени, како одговор на стратегиските потреби и како одговор и обезбедување на националната безбедност на стратегиско, оперативно и техничко ниво.[407]

Целта на воената трансформација на вооружените сили на армијата на САД е во одржување или подобрување на способностите како одговор на непредвидливите и потенцијално непропорционалните промени на безбедносната средина на стратегиско ниво.

Притоа, мора да се пронајдат одговорите за т.н. предно одвраќање и тоа во првата група во изведување на мисии на единиците со одредени цели и тоа: за заштита на критичните бази, проекции на сили и сили за поддршка на операциите и за пронаоѓање на реоните на базирање и засолнување на силите на непријателот. Во првата група на цели спаѓааат: употреба на информатичка технологија, обезбедување на безбедност на информациските системи и подобрување на просторните можности.

Идните противници ќе имаат голем број на нови средства кои ќе претставуваат закана за САД, подеднакво на нејзината територија или надвор од неа. Ова ќе вклучува: нови форми на тероризмот, напредно оружје за масовно уништување, закани од доменот на електронското и информациското војување и напади врз критична инфраструктура.

б) Операции

Основата на современите здружени операции треба да се фокусира на зајакнување на заедничките операции, преку развој на заеднички оперативни концепти и архитектури и извршување на други важни здружени иницијативи, со постигнување на интероперабилност во однос на поставените цели. Тие треба да бидат доволно јасно поставени за да се овозможи нивна идентификација и

---

407 Suzanne C. Nielsen, An Army transformed> the u.s. army'post Vietnam recovery and dinamick of change in military organization, september 2010, p.g. III

приоретизирање на барањата во однос на програмата за трансфомрација, но исто така мора да бидат и доволно флексибилни за да можат да ги апсорбираат новите идеи.

Овој структурен модел уште повеќе треба да одговори на целиот спектар на операции во здруженото војување: од пружање на гаранција за националната (домашната) безбедност па сè до подготвеност за изведување на борбените операции, операциите за стабилност и операциите за стратешко одвраќање ( види Шема 59).




Шема 59. Здружени концепти

(Извор: Military Transformation: A Strategic Approach, Figure7, Joint Operations Concepts, прилагодено 24. 01. 2013 г.)

в) Концепт на предно одвраќање ( “concept of deter forward.”) и мрежно-центрично војување.

Концептот на предно одвраќање (Шема 58) пред сè е поврзан со размислувањата и ставовите на политичките и вооружените лидери за диспозицијата на силите на САД, а со цел да се обезбеди постојано присуство и да се преземат одредени ангажирања и операции на силите, со кои треба да се постигне брз пораз врз противникот. Ваквото ниво на подготвеност на силите ќе претставува и значително подобрување на способноста за управување со стратешкото опружување во иднина.

Како прв приоритет во концептот на предното одвраќање (Шема 60) е обезбедување на самодоволност на силите во функција на одвраќање т.е да се обезбеди и неопходно борбено ангажирање како гаранција за победа врз противникот без засилување. Доколу овие сили не се во состојба со мирновремената диспозиција да ги одвратат силите на противникот од намерата за акција, тогаш се применува резолуција на воена сили, која во услови на користење на конвенционални сили се поврзува со брзината со која силите ќе бидат распоредена во критичното подрачје или област. Но, овој пристап може да биде осуден на неуспех, при што може да се случи борбените функции и резултатите да зависат од почетното ангажирање и одговорот на силите директно ангажирани во вооружениот конфликт. Ова значи дека здружените сили мораат да бидат доволно брзи во проценките на почетните услови и истовремено да го задржат чекорот или да бидат побрзи во ефикасниот одговор, во однос на противниците.

Ова неодминливо го поставува графиконот на одговор на заканите во кои на едната страна од оската е правецот на акција, а на другата е интензитетот во реакцијата со готовите (предните) сили. Како составни компоненти на ангажирањето на силите се: брзината на распоредување, брзината на ангажирање на здружените сили за задача и брзината во одржувањето на виталните функции во одржувањето на силите на просторот.




Шема 60. Предно одвраќање, промена во почетните услови

(Извор: Military Transformation: A Strategic Approach, Figure 9. Deter Forward, Alter the Initial Conditions, прилагодено 24. 01. 2013 г.)

Мрежно- центричните операции (Шема 61) во доменот на здруженото војување се однесуваат на спектарот на употреба на сили во која се застапени трите генерички компоненти на сила и опкружување: подготвени сили, широкиот опсег на примена на информации и можноста за ангажирање на силите во широк спектар на операции. Ова, од своја страна е поврзано со предностите кои се подразбираат во процесот на донесувањето на одлуки, во обезбедување на физички врвно обучени сили за задачи и предноста во информатичката област во изведувањето на операциите.




Шема 61. Војување во информатичка ера. Подрачја ( области ) на конфликт

(Извор: Military Transformation: A Strategic Approach, Information Age Warfare . . . Domains of Conflict, прилагодено 24. 01. 2013 г)

Од претходно изнесеното, а во врска со ставовите наречени како Визија на Министерството за одбрана на САД во однос на промените во здруженото војување можеме да заклучиме дека истите подразбираат низа доследности во делот на почитувањето на основите на Стратегијата за национална безбедност на САД и Стратегијата за одбраната на САД. Ова значи дека трансформаците мораат да бидат фокусирани на новите стратешки и оперативни предизвици и можноста за одговор на нови закани по националната безбедност на САД. Истите нужно го поставуваат императивот на примената на концептот на предно одвракање и мрежно центричното војување, со почитување на значењето на почетните услови и промените на овие услови во понатамошниот тек од здруженото војување.

## 7.6. Новиот стратегиски концепт на НАТО алијансата

Потреба од нагласување на Новиот стратегиски концепт на НАТО алијансата, произлегува од ставот дека оваа политичко - воена организација зазема централно и неподелено место, како гарант на евроатлантската и светската безбедност. Понатаму НАТО алијансата, почнувајќи од воената интервенција во Босна и Херцеговина (1995), а подоцна во Авганистан (2001), излезе од рамките на колективниот одговор, содржани во членот 5 од Повелбата за нејзиното основање и усвои нов Стратегиски концепт за ангажирање на силите, кој што подразбира изведување на борбени мисии и кампањи, операции за поддршка и враќање на мирот и асистенција во одстранување на последиците од катастрофи од големи размери, надвор од територијата на земјите-членки на Алијансата. Исто така, во повеќе наврати ОН, во состојба кога мораа да одговорат со ангажирање на меѓународни подготвени вооружени сили, им доверуваа мандат на НАТО-силите. Ваквото согледување и нагласувањето на овој нов концепт е и во функција на настојувањата на Р.Македонија да стане полноправна членка на НАТО алијансата, да ја усвои тактичката и оперативна доктрина во ангажирањето на силите и да изврши потполна интеграција на нејзините сили во делот на заедничкото ангажирање на силите, под мандат на НАТО алијансата.

Стратегискиот концепт на „паметна одбрана" (Smart defence) кој за првпат беше преставен на Самитот на НАТО во Лисабон (2010) внесе темелни промени во дотогашниот Стратегиски концепт на НАТО. Со овој Концепт, всушност, на пиедестал на заедничките иницијативи и потфати се издигнаа економските потреби, кои на членките на НАТО алијансата им овозможија да се решат од непотребните трошоци за одбрана. Претставувајќи го новиот концепт на одбрана, генералниот секретар на НАТО, Андерс Фог Расмунсен на овој самит нагласи дека „се работи за пристап во расходите за одбраната во време на тешка економска криза. Интегрираниот систем за одбрана во повеќе држави обезбедува поголема безбедност со многу помалку пари, но со заедначка работа и со поголема флексибилност"... Паметната одбрана се применува во области кои се клучни за НАТО, како што се: балистички проектили за одбрана, надзорот и разузнавањето,

одржувањето на подготвеноста, на обуката на силите за подготовка и ефикасно ангажирање и за заштита на силите.[408]

Новиот стратегиски концепт на НАТО, прво ја нагласува посветеноста на НАТО во однос на светската безбедност и како одговор на новите закани за безбедноста од планетарен карактер. НАТО го утврдува новиот концепт на „активна и предна одбрана" која подразбира понагласена улога на Алијансата во однос на градењето на светската безбедност. Понатаму, јасно го ограничува завршувањето на мандатот на силите на НАТО во мисијата ИСАФ (во која покрај членките на НАТО учествуваат и 22 партнерски земји). Овој самит утврди и план за имплементација и транзицијата т.е. предавање на надлежностите од ангажираните сили во мисијата ИСАФ врз авганистанските вооружени и полициски сили, до крајот на 2014 година.

Во однос на предната одбрана, покрај потребата од засилено ангажирање и присуство на капацитетите на НАТО во светот, лидерите се согласија да формираат ракетен одбранбен систем[409] со кој ќе се обезбеди покривање на територијата на сите земји-членки на НАТО во Европа, како и на САД и Канада. Предложениот систем кој што беше предмет на расправа на претходно одржаниот самит на НАТО и Русија, беше целосно поддржан од тогашниот претседател на Руската Федерација (Д. Медведев). Истовремено, што е и особено значајно, тој ја нагласи подготвеноста за поинтензивна соработка со Алијансата во врска со ова прашање. На овој самит беше нагласена и потребата за одржување на конвенционалните сили, но исто така и на нуклеарните сили и потребата за градење на противракетен штит на просторот на Европа, како одговор на непредвидливите противречности и закани со кои се соочува современиот свет. Како главна закана за безбедноста е посочен глобалниот тероризам и заштита од асиметричните закани и особено од сајбер-тероризмот, кои што не познаваат граници.

---

[408] http://www.nato.int/cps/en/natolive/78125.htm, датум на пристапување 23 01 2013 г.

[409] „Целта на ракетниот одбранбен капацитет на НАТО е да се обезбеди целосна покриеност и заштита на територија на европскиот простор и НАТО, врз основа на принципите на неделивост на сојузничката безбедност и солидарноста, споделување на заеднички ризици и оптоварувања, како и разумни предизвици, имајќи го притоа предвид нивото на заканите. Противракетната одбрана базира на техничката изводливост и е во согласност со најновите заеднички проценката на заканите прифатени од страна на Алијансата." "Lisbon Summit Declaration, November 20, 2010, Media Backgrounde_en. Pdf. P.g. 1

Подоцна беа усвоени и нужни промени во Стратегискиот концепт на НАТО, а кои произлегоа од заклучоците од Самитот на земјите-членки на НАТО алијансата, кој што се одржа во Чикаго во 2010 година. На овој самит беше заземен јасен став во однос на новите проценки на современите безбедносни закани во светот, и истовремено беше јасно нагласена новата активна улога на НАТО како гарант на светската безбедност. Всушност, ова беше самит со кој требаше да се имплементират одлуките на претходниот самит во Лисабон и да се даде јасен сигнал за почетна акција.

Во промоцијата на евроатлантската безбедност особено место се дава на градењето на широката мрежа на партнерство со земјите-членки на „Партнерството за мир" и пошироко со организациите за безбедност како што се ОН, ЕУ, ОБСЕ и други меѓународни и регионални организации.

Што се однесува до промените во пристапот на НАТО кон земјите од т.н. Западен Балкан, накрато може да се зклучи дека НАТО се обврзува да посвети внимание во довршување на започнатите мисии на просторот и на понатамошното проширување на НАТО со нови земји-членки. Ова може да се заклучи од изнесениот став во Декларацијата во кој стои: „Го поздравуваме напредокот кај Косовските безбедносни сили и Косовската полиција под контрола на НАТО. Земајќи ги предвид подобрување на полето на безбедноста на Косово, КФОР ќе се движи во насока на редукција на вооружени и полициски сили, кои ќе бидат флексибилни и со кои ќе се спречат безредија"... Понатаму, „НАТО го поздравува подобрувањето на односите со Србија, за која членството во НАТО е целосно отворено".... и „НАТО останува со ставот за целосна поддршка за полноправно членство во НАТО на Босна и Херцеговина и Македонија."[410]

Новиот стратегиски концепт на НАТО е недвосмислено поткрепен со потребата од обезбедување на широк политички форум, со стандардизиран воен сегмент подготвен да се носи со новите безбедносни предизвици. Генерално земено, по однос на ова прашање земјите-членки се поделија во три групи: во првата група се земјите кои целосно го поддржуваат традиционалниот пристап на НАТО; земји кои

---

[410]Петар Шимиќ „*Балканска агенда, после самита у Лисабону*", „Време", октомври 2010, http://www.vreme.com/cms/view.php?id=963644&print=yes

се согласуваат околу потребата за промена и група на земји кои немаат генерален став и кои одлуката околу потребите би ја донеле во согласност со инхерентните интереси кои тие ги имаат. Од двата правци на дејство, а во согласност и со ставот по ова прашање на нашите соседи, произлегува дека Република Македонија би имала најголема корист доколку би ја прифатила опцијата која ја заговара САД.[411] Искуствата на АРМ, за реформите во безбедносниот сектор и подготвеноста за нови проекти се адутите преку кои Македонија може да го бара својот пат во доменот на безбедноста и обезбедување на полноправно членство во НАТО.

## 7.7. Предлог на стратегија за изменет настап на АРМ за учество во операциите во здруженото војување

Секоја современа држава во остварувањето на условите за независност и заштитата на територијалниот интегритет има потреба од организација на сопствен модел на систем за одбрана и безбедност. Оттаму, „Република Македонија соочена со присуство на безбедносни закани од конвенционално, неконвенционално и асиметрично потекло, како и потребата за обезбедување на колективното членство, нужно мора да ги детектира, процени и евалуира сите видови безбедносни закани и ризици, а исто така и да одговори на стандардите поставени од колективните системи за безбедност и одбрана. Значи, Република Македонија мора да изгради современ систем за безбедност и одбрана кој што ќе биде поддржан со релевантна легислатива, теоретски и концепциски издржан, но и практично остварлив во рамките на институциите за безбедност и одбрана“.[412]

Од извршените безбедносни проценки од највисоките политички и државни тела и институции во областа на безбедноста и одбраната (Претседател на Р. Македонија, Собрание на РМ и Комисијата за безбедност и одбрана, проценките извршени од страна на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни

---

[411] Методиј Хаџи Јанев „ Од другата страна на традицијата: *Суштина на потребата од новиот концепт на НАТО и можноста на Република Македонија*“ , „Современа македонска одбрана“ бр.21, април 2011, стр. 20

работи и други политички и извршни тела во дражавата), дадени се јасни насоки и согледување на вкупната безбедносна состојба во државата и состојбата во нејзиното поблиско и пошироко опкружување. „Стратегијата на националната безбедност претставува основа за изработка на планови и програми за развој на АРМ, полицијата, цивилната одбрана и други сегменти. Но таа е и рамка за спроведување на политиката на национална безбедност преку практично дејствување на државните органи и институции на надворешен и на внатрешен план. Политиката на национална безбедност е иструмент за реализирање на стратегијата на национална безбедност и одбрана."[413]

Стратегиските определби на македноската држава се темелат на неколку начела. Така, во речиси сите стратегиски прирачници се детерминирани како *основни претпоставки на стратегиското мислење*. Од нив зависи правилниот избор на средствата, силите и методите кои треба да овозможат реализирање на стратегиските цели во дадени услови, простор и време. Тие претпоставки се: рационалност, реализам, мир и безбедност и стратегиска проекција на идните состојби. Детерминантите на македонската стратегиска мисла и практика се: (1) македонските државни и национални интереси и (2) целите за поддршка на македонските интереси, а од тие содржини произлегува моќ и истите се проектираат во нивната глобална димензија и суштиско значење.[414]

Промените во Стратегијата на ангажирање на силите на АРМ во здруженото војување произлегуваат од промените во законската (правната) легислатива од која произлегува Националната безбедносна и одбранбена политика (Уставот на Република Македонија, Законот за одбрана, Законот за служба во Армијата), како и клучните стратегиски документи донесени од страна на државното раководство на Република Македонија. Овие промени во Стратегијата ги даваат рамките и насоките

---

[412] Жанет Ристоска, „*Промени во системот на национална безбедност и одбрана на Република Македонија како резултат на новиот вид безбедносни закони*", „Современа македонска одбрана" бр.12, декември 2005, стр. 43

[413] Зоран Нацев и Тони Петрески, „*Стратегиски проекции на Р. Македонија во надворешната и безбедносната политика*, Европа 93- Кочани 2013, стр.16

[414] Група на автори: порф. д-р Трајан Гоцевски, проф. д-р Митко Котовчевски, проф. д-р Зоран Нацев и проф. д-р Радко Нечевски „*Дефендологија*", Куманово 2002, стр. 319.

за нејзиното спроведување. Истите се содржани во следните правни и институционални акти: [415]

- Националната концепција за безбедност и одбрана од 2003;[416]
- Стратегијата за одбрана од 2010;[417]
- Закон за одбрана на РМ;[418]
- Долгорочниот план за развој на одбраната:2011-2020;[419]
- Годишната национална програма за членство на Р. Македонија во НАТО за 2011-2012.

Особено е значајно да се нагласат определбите и оценките содржани во Стратегијата за одбрана на Р. Македонија во која во чл. 4 се вели[420] „.Република Македонија не се соочува со директна конвенционална закана по националната безбедност, но истата не може да се исклучи. Состојбите и процесите во поширокото и поблиското опкружување ја соочуваат со современите безбедносни закани и

---

[415] „Со Годишната национална програма за членство на Р. Македонија во НАТО за 2011-2012 се нотирани активностите кои треба да се преземат, согласно партнерски обврски за членство во НАТО". Годишната национална програма за членство на Р. Македонија во НАТО за 2011-2012, Скопје, септември 2011, стр. 3.

Во доменот на надворешната безбедносна политика значајна е да се истакнат ставовите содржани во Стратешкиот план од 2013 до 2015 година на Министерството за надворешни работи на РМ, Скопје, јануари, 2013 година.

[416] Националната концепција за безбедност и одбрана „е основен документ на Република Македонија во областа на безбедноста и одбраната. Концепцијата за национална безбедност и одбрана е заснована врз проценката за меѓународното опкружување и положбата на Република Македонија, загрозувањата на нејзината безбедност и врз таа основа усогласени цели и насоки за водење на националната безбедносна политика", Национална концепција за безбедност и одбрана. Скопје, 2003 г. стр. 4

[417] „Стратегијата за одбрана на Република Македонија е документ кој дава стратегиски насоки за развојот и функционирањетона системот за одбрана на Република Македонија", Стратегија на одбрана на РМ, вовед, „Службен весник на РМ" бр.10, март 2010.

[418] Законот за одбрана на РМ претставува највисок законски акт кој што ги регулира правата и должностите на граѓаните во одбрана, надлежности на органите на државната власт и ангажирањето на Армијата на Р. Македонија (АРМ), обврските на трговските друштва, јавни претпријатија, установи и служби на органите на локалната самоуправа во областа на одбраната, планирањето, финансирањето, инспекцискиот надзор, прекршоците и казнените одредби. Закон за одбрана, „Службен весник на РМ" бр. 185 од 30.12.2011 година.

[419] Долгорочниот план за развој на одбраната:2011-2020г претставува „сеопфатен план кој ги определува главните процеси и активности за зајакнување на институционалните капацитети на Министерството за одбрана (МО) и развој на вооружените способности на Армијата на Република Македонија (АРМ). Долгорочниот план обезбедува единство во напорите на МО и АРМ за систематски развој на одбраната и усогласување на лимитираните ресурси со клучните развојни приоритети". Долгорочниот план за развој на одбраната:2011-2020г,Скопје, јануари 2011 година,стр. 3

[420] Стратегија на одбрана на РМ, „Службен весник на РМ" бр.10 од 1 март 2010, дел II Безбедносно опкружување,стр. 4

ризици". Понатаму во членот 5 продолжува: „Република Македонија се соочува со следните видови закани и ризици по националната безбедност:

- тероризмот, со кој се загрозуваат мирот, безбедноста, интересите на земјата и на светот, а претставува и реална закана за персоналот распореден во меѓународни мисии;
- транснационалниот организиран криминал во сите форми, корупција и злоупотреба на стратегиските материјали и технологии со двојна намена;
- пролиферација и употреба на оружје за масовно уништување претставува закана на глобално ниво со најголеми последици и штетни ефекти;
- регионални конфликти и кризи;
- манифестации на радикален национализам и екстремизам;
- етничка и верска нетрпеливост;
- поседување големи количини нелегално мало и лесно оружје и муниција;
- недозволени активности на странски разузнавачки служби;
- компјутерски криминал и загрозување на информатичките системи и технологии;
- природни непогоди и техничко–технолошки (индустриски) несреќи од поголем обем;
- епидемии;
- деградација и уништување на животната средина и на еколошките потенцијали;
- внатрешни економско-социјални проблеми, економски криминал, сиромаштија и невработеност.

Во делот на стратегиските мисии стои „Во поддршка на националната безбедност, системот за одбрана на Република Македонија ги дефинира следните стратегиски мисии:[421]

- одбрана и заштита на територијалниот интегритет и независноста на Република Македонија;
- учество во колективната самоодбрана на НАТО;

[421] Стратегија на одбрана на РМ, „Службен весник на РМ" бр.10 од 1.март 2010, дел III Стратегиски мисии на системот за одбрана, стр.5, член. 1

- придонес во операции во целокупниот спектар на мисии на ООН, на НАТО и на ЕУ;

- заштита на пошироките интереси на Република Македонија.

Со ова всушност, покрај примарната задачата на системот на одбрана за подготовка и одбрана, т.е. одбрана и заштита на територијалниот интегритет и независноста на Република Македонија, веднаш после тоа се определува и подготвеноста за учество во колективната самоодбрана на НАТО и придонес во операции во целокупниот спектар на мисии на ООН, на НАТО и на ЕУ, како и заштита на пошироките интереси на Република Македонија. Ова воедно значи дека и АРМ како вооружена сила, останува на својата примарна задача „Армијата се организира, подготвува и оспособува за водење на вооружена борба, борбени и други дејствија, за остварување на својата уставна функција за одбрана на Р. Македонија.[422], но истовремено и треба многу брзо да излезе од рамките на оваа задача „во случај на кризна состојба[423] АРМ ќе ги поддржува силите на полицијата и државните институции и ќе им дава помош при природни катастрофи и епидемии, техничко-технолошки и други опасности и кризни состојби"[424].

Понатаму во Стратегијата за одбрана во делот на развојот на нови вооружени и оперативни способнонсти на АРМ, се нагласува дека приоритет ќе се даде на следните области:[425]

- набљудување и противвоздушна заштита на националниот воздушен простор и поврзување со интегрираниот систем на НАТО за противвоздушна одбрана;

- учество во меѓународните аранжмани (мултилатерални, регионални и билатерални) за патролирање во националниот воздушен простор;

---

[422] Закон за одбрана, „Службен весник на РМ" бр. 185 од 30.12.2011 година, Глава IV, Заеднички одредби, член 23.

[423] Закон за управување со кризи 2005 и Упатство за начинот за учество на дел од АРМ во кризна состојба, 2006 год.

[424] Стратегија на одбрана на РМ, „Службен весник на РМ" бр.10 од 1 март 2010, дел III Стратегиски мисии на системот за одбрана, стр.5, член. 2

[425] Стратегија на одбрана на РМ, Службен весннник на РМ бр.10 од 1 март 2010, дел VI Преструктурирање на АРМ, стр. 95, член. 3

- поддршка на полицијата и на другите државни институции при заштитата на критичната национална инфраструктура и поддршка во справувањето со последиците во случај на терористички напад;

- поддршка на државните институции во случај на природни катастрофи и епидемии, техничко-технолошки и други опасности и кризни состојби;

- брзо распоредување на кредибилни сили во мултинационални здружени операции предводени од НАТО, далеку од националната територија или во операции за колективна самоодбрана на НАТО;

- ефективна команда и контрола согласно барањата на Концептот на НАТО за мрежно поврзани и заштитени комуникациски и информатички способности;

- ефиктивно воено разузнавање и извидување за поддршка на експедициските операции на АРМ;

- логистичка одржливост на распоредените национални контингенти, за вклучување во мултинационална логистика;

- медицинска поддршка на распоредените контингенти со Улога 2 (Role 2);

- опстанок и заштита на силите во услови на блиска борба и закани од хемиско, биолошко, радиоактивно и нуклеарно оружје;

- одбрана на силите од импровизирани експлозивни направи;

- извршување на операции во комплексни географски и климатски услови, вклучувајќи и екстремно топли и суви услови;

- операции во урбана средина;

- обука на сите единици, особено на распоредливите способности, според заедничката доктрина на НАТО и процедурите поврзани со команда и контрола и здружените и комбинираните копнени операции;

- развој на способности за цивилно-воена соработка (CIMIC способности);

- придонес во целиот спектар на операции за поддршка на мирот, предводени од ООН, од НАТО, од ЕУ или од пријателски коалиции;

- придонес во вооружените структури на НАТО;

- мултилатерална и билатерална одбранбена соработка.

Ова значи дека се многу јасни насоките кои се однесуваат на АРМ во делот на подготовките и развојот на оперативните способности, а кои се јасно нагласени кон

земање учество во меѓународните аранжмани... и брзо распоредување на кредибилни сили во мултинационални здружени операции предводени од НАТО, далеку од националната територија или во операции за колективна самоодбрана на НАТО и, на крајот , во поддршка на државните институции во случај на природни катастрофи и епидемии, техничко-технолошки и други опасности и кризни состојби. Со ова уште еднаш е нагласен поширокиот спектар на закани и безбедносни предизвици во кои и АРМ го дава својот придонес како национална воена сила.

Ваквите определби, всушност, даваат јасен сигнал за потребите од промени во Стратегијата за подготовка на силите на АРМ при што е потребно уште еднаш да се нагласи уставната задача на АРМ и задачите кои произлегуваат од Законот за одбрана на РМ, во кој, покрај одбраната на Република Македнoја (како основна задача), е нагласено дека АРМ извршува и други две задачи и тоа: задачите во областа на цивилната одбрана и извршување на задачите во делот на колективната одбрана, а кое што всушност подразбира вклучување на АРМ во операциите на заеднички безбедносни структури со мандант на ОН и тоа во меѓународни вооружени сили предводени од ОН или со доверен мандант од ОН во НАТО алијансата, во здружените сили под мандат на ЕУ или ОБСЕ и други колективни системи и организации за колективната безбедност.

Исто така, имајќи ги предвид претстојните одбранбени реформи, долгогодишното учество во меѓународни операции, како и развојот на вооружените капацитети и способности на Армијата, оваа Стратегија мора да биде компатибилна со ставовите содржани во новиот Стратегиски концепт на НАТО алијансата за т.н. „паметна одбрана" и зголемена вредносна-ефективност во подготовките и динамиката на модерницацијата на АРМ како одговор на мисиите во здруженото ангажирање

Во делот на подготовеноста и ангажираноста на силите, новата стратегија на подготовка на АРМ треба да се базира на научените лекции од досегашното ангажирање на силите на АРМ во здружените мисии и да понуди нови тактички доктринарни решенија кои ќе бидат во согласност со оние кои ги применува НАТО алијансата. Заради тоа, потребно е да се засилат напори за усвојување на нови доктринарни правила и упатства и стандардно-оперативни процедури, при што

секако, мора да се води сметка за големината, структурата и борбените можности на нашите вооружени сили.

Имајќи ги предвид последните збиднувања на теренот и извршените детаљни анализи, а во врска со подготовката, упатувањето и ангажирањето на контигенти на Армијата на Република Македонија (АРМ) во НАТО – предводени мисии и особено нивното ангажирање во генеричките мисии против глобалниот тероризам во Ирак и во Авганистан, извлечени се поуки кои упатуваат во две насоки: *прво* во однос на неопходните промени во концептот на подготовките на контигентите, и *второ* во низата поуки, искуства и научени лекции во врска со организацијата на нашите состави и нивнота ангажирање во мисиите.

Извлечените поуки говорат за постоење на вакуум на односот помеѓу стратешките насоки и нивното преточување во оперативни задачи. Овој вакуум е последица на разликите кои постојат во класичните перцепции за војувањето, во свеста кај воените планери и лидери и реалноста со која се среќаваат трупите во дадената оперативната средина. Излезот е пронајден во планирање на кампањи, со што всушност, треба да се обезбеди имплементација на инструментите на моќ во однос на оперативната вештина и тактика т.е. нејзино спроведување преку вооружени и невооружени операции на теренот.

Во практиката станува евидентно дека вооружените операции кои се изведуваат без планирање на кампањи т.е. изведување на операции во континуитет, можат да постигнат само краткорочни цели. Ваквиот вид планирање добива на значење во состојба кога конвенционалните сили се судруваат со претходно познати облици и форми на ирегуларaното војување, или во серии на акции во противбунтовничките операции.

Што се однесува до вториот дел, т.е. во однос на поуките за промените во организацијата на нашите состави и нивната ангажираност во вооружените кампањи, особено значење добија ангажираноста на нашите контигенти кои што се претставени преку лесните пешадиски состави т.е. промените кои се однесуваат на новиот пристап во примената на тактичките доктрини во ангажирањата на лесната пешадија.

Во однос на политичките аспирации на Република Македонија за полноправно членство во НАТО алијансата, идните команданти кои учествуваат во меѓународните мисии, независно дали тие се под мандат на Советот за безбедност, или пак, станува збор за операции кои се израз на „коалиција на волјата', мора да имаат посебно развиен настап со кој ќе се обезбеди безбедност и заштита на силите во операциите на справувањето со современите безбедносни закани. Таа реална перцепција мора да опфати правилно разбирање на структурата на целиот спектар на активности, разбирање на колажот од култури, стремежи и интереси на просторот на ангажирање и конечно, во правилниот избор на тактики и техники кои се користат на оперативно и на тактичко рамниште.

**Во однос на претходните анализи** на стратегиските концепти и вооружени доктрини содржани во оваа глава, а која е насловена со „Стратегиски концепти и доктрини на ангажирање на силите и трансформација на здруженото војување " можеме да го кажеме следното:

1. Промените во политиките на националните влади или политичките-веони коалиции имаат исклучително важно значење во трансформацијата на националните концепти за безбедност. особено во доктрините за ангажирањето на вооружените сили во здруженото војување.

2. Промените во националните стратегии често се движат од состојба на радикален настап, со примена на т.н. стратегии за „предно одвраќање" или пак, стратегии на т.н. „преемптивен напад", па сè до помалку радикални и поеластични стратегии, во кои покрај одговорот на вооружените закани, одговорот содржан во овие стратегии се насочува и кон останатите невооружени закани, особено во борбата против глобалниот теороризам, асиметричните закани и потребата за одговор на невооружените закани како што се хуманитарните или еколошки катастрофи и други предизвици, а со кои денес се соочува современиот свет.

3. Воената доктрина, особено Здружената воена доктрина која произлегува од настанатите промени во националните стратегии мора да гради изменет настап во делот на подготовките и ангажирањето на силите во здруженото војување, а чие обележје е содржано во редизајнираниот простор на борбените системи на бојното

поле, со нов оперативен концепт и оперативен дизајн и градење на нови структурни модели и оперативни тактики и техники во ангажирањето на вооружените сили во здруженото војување.

4. Изразена е потребата од воспоставување на нужно дијалетичко единство во примената на воената моќ и промените кои настапуваат во безбедносните опкружувања на национално и регионално ниво и воошто во светот, а кои што имаат и одлучувачко влијание врз изборот на конзистентна и спроведлива стратегија и доктрина за ангажирање на силите во здруженото војување.

5. Кога станува збор за промените во Стратегијата за изменетиот настап АРМ во здруженото војување, а со кои воедно се обезбедува целосообразен придонес во подготвеноста на системот за одбрна на РМ за учество во мисиите на ЕУ, ОН, ОБСЕ, мисии на НАТО алијансата и други меѓународни организации, потребно е прво, да се следат основните ставови содржани во клучни документи од областа на одбраната на Р. Македонија, но истовремено и политиките на националните влади на водечките членки на воените алијанси, особено ставовите на политичките-веони коалиции, а кои се однесуваат на новините во стратегиските концепти и воените доктрини во здруженото војување. Редизајнираните содржини на овие клучни документи мораат да произлезат од бројните компаративни студии и аналитички согледувања, а кои ќе ги вршат одговорни државни органи (владини тела, комисии, институти и други стручни органи), вклучувајќи ги тука и експертите од областа на безбедноста и одбраната.

# 8. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Современите безбедносни закани со кои се соочува светот денес го надминуваат познатото ниво на конвенционални закани во кои како доминантна категорија беше разгледувана воената моќ и начинот на нејзината примена.

Новите закани со кои се загрозува безбедноста на националните држави и заедници и со кои се загрозува регионалната безбедност и светската безбедност во целина, во прв ред се однесуваат на новите асиметрични закани, терористичките закани, новите појави на верскиот екстремизам и нетрпеливоста во т.н. „судир помеѓу цивилизациите", новите технологии во делот на стратешките комуникации, политиките и структурните процеси во развојот на поедини земји и региони, опасностите од пролиферацијата и посегнување по употреба на оружје за масовно уништување и други закани.

Во решавањето на овие противречности, за жал, многу често се посегнува кон примена на воена сила, која како специфична смртоносна сила, како дисјунктивна категорија ја одвојува од политичките, економските и други проспекции и перспективи во решавањето на проблемите на човековата заедница.

И кога веќе еднаш се посегнува кон примена на воена сила и убиствена моќ која се мултиплицира со нараснатата моќ на современото оружје, технологиите и системите за нејзино користење, ефектите се застрашувачки и со трајни последици по луѓето, средината и опкружувањето воопшто.

Карактерот на војните и вооружените конфликти денес ја покажува сета надмоќност во ангажирањето на доминантните конвенционални сили од составот, пред сè, на политичко-воените сојузи или воени алијанси, а кои се предводени од најразвиените и најмоќни земји во светот, воедно земји-лидери на овие политичко-воени сојузи.

„Новите војни се водат со ист манир како што се претставени, преку вооружени симулации и јавни дисимулации, преку надзор, во реално време и телевизиски прилози во живо. Виртуелноста ги поништува растојанијата меѓу тука и таму, блиску и далеку, факт и фикција. Како резултат на тоа, боиштето е сега глобално и

инклузивно, надминувајќи ги претходните граници меѓу военото и граѓанското, борец и неборец, учесник и набљудувач.[426]

Судејќи според искуствата од последните две децении, како што наведува Мартин Ван Кревелд во своето дело *Трансформација на војната* (а кое дело според многу аналитичари на војната претставува најрадикално повторно толкување на вооружениот конфликт по Клаузевиц) „визиите за војување на долги растојанија, компјутеризирано и високотехнолошко, а кое е мошно омилено во технолошкиот комплекс, веројатно никогаш нема да се оствари. Вооружените конфликти ќе ги водат луѓе на земјата, а не некои роботи од вселената....нивниот нормален *mise en scene* ќе бидат сложени опкружувања, без разлика дали тие опкружувања се природни или уште посложени, создадени од човекот. Тоа ќе бидат војни на направи за прислушкување, на автомобили-бомби, војни на луѓе кои се убиваат гради в гради, како и војни на жени кои ги користат своите чанти за да носат експлозиви и дрога. Таквите војна ќе бидат подолготрајни, крвави и ужасни војни."[427]

Во војните во кои доаѓа до директен судир помеѓу моќните конвенционални сили на национални држави или политичко-воените сојузи или воени алијанси, најчесто доаѓа до потполно уништување на конвенционалните сили на инфериорниот противникот на бојното поле. Притоа, за жал, најчесто се уништува и економската, политичката и институциионалната инфраструктура на нападнатата држава. И тогаш, во услови на продолжено присуство на окупираното подрачје на просторот на нападната држава, истите овие моќни воени сили се судираат со т.н. неконвенционални противници кои применуваат цел спектар на вооружени и невооружени форми на спротивставување. Во ваква ситуација најмоќните воени сили се принудени да изведуваат поинакви ангажирања и да водат „војни од поинаков вид", т.е. „војни против недржавни противници". Во овие војни, воените операции попримаат поинаков карактер, губејќи ја воинственоста и високата динамика во ангажирањето на силите, а операциите кои се изведуваат излегуваат од познатиот спектар на вооружени операции или кампањи.

---

[426] Преземено од „Управување и отпор во светската политика", Дејвид Кембел „ *Културно управување и пикторијански отпор: размислување за сликовниот приказ на војната*" превод од англиски Магор-Скопје, 2009, стр. 71.

Здруженото војување, под кое се подразбира ангажирање на вооружените сили на земјите-членки на одредена политичко-воена групација или воена алијанса, и второто значење, со кое се изразува нејзината оперативност и ефикасност како „синергија на борбената моќ", која се обезбедува со ангажирањето на различните видови, родови и специјалности, се обидува да го пронајде одговорот во однос на изменетата природа и карактерот на војната, со примена на нови концепти и стратегии и оперативни техники и тактики во ангажирањето на силите. Значи, здруженото војување се обидува, всушност, да пронајде „modus vivendi" и да обезбеди нужен спој или синтеза помеѓу контролираната примена на современото оружје и неговата убиствена моќ и примена на останатите форми на настап т.е. примена на тактики, техники и процедури, а со кои ќе одговори на бројните предизвици во судир со т.н. „неконвеционалните противници" или „противници од поинаков вид" и со кои всушност, ќе го обезбеди крајниот успех во исполнувањето на мисијата и уште повеќе во постигнување на крајните цели на војната.

Во опремувањето пак, на современите вооружени сили сè повеќе се јавува контраверзност во однос на примената на современото вооружување, а која што пред сè произлегува од цената на чинење на современите вооружени системи. Цените на модерното оружје се движат од неколку десетина до повеќе од стотина милиони долари (колку што изнесува на пример и цената на еден „Стелт" бомбардер или цената на еден носач на авиони кој што може да достигне цена и до пет милијарди долари).[428] Истовремено, парадоксот станува уште поголем, доколку се знае дека најчесто, во моментот кога оружјето се воведува во употреба истото тоа оружје станува прескапо за користење или ги надминува неговите генерички т.е. убиствени можности, што, на крајот значи и слабеење на интересот за производство не ваквите оперативни системи. Излезот се бара во малиот број на

[427] Мартин В. Кревелд „ Трансформација на војната" превод од англиски Табернакул 2009, стр.216

[428] Можноста за опремување со ваквите системи на средноразвиените и малите земји е скоро никаква или просто речено невозможна. На пример, буџетот за војската во Р. Македонија во 2012 изнесуваше 126 милиони американски долари, а кои беа планирани за тројна намена: опремување, обука и плати за професионалниот состав. Со целиот овој буџет едвај да можеше да се купат два современ авиони-ловци (Ф-16), при што не е земена предвид базната мрежа за одржување и наведување на вака сложените борбени системи.

произведени оперативни едииници и системи или во примена на современи симулатори, а со кои се настојува да се намали ценатa на обуката со овие системи.

Новите стратегии за изменет настап во ангажирање на современите (здружени) воени сили мораат да се базираат на комплементарни анализи во кои како појдовна основа ќе се земат настанатите промени во националните безбедносни стратегии и доктрини на водечките земји на политичко-вооружените сојузи или воени алијанси. Притоа, мора да се имаат предвид интересните сфери на центрите на економската и воена моќ во светот, промените кои настануваат со новите технологии за производство и примена на современите вооружени системи, понатаму проценките за новите закани со кои се загрозуваат безбедноста на националните држави и се загрозува регионалната безбедност и безбедноста на светот во целина.

Современата доктрина на здруженото војување од друга страна пак, го наметнува императивот на потполна интеграција на националните вооружени сили со оние на земјите-членки на одредени политичко-воени сојузи или воени алијанси, со можноста за искористување на расположивите ресурси, постигнување на единствен оперативен и графички и информациски дизајн на бојното поле и максимално искористување на ефектите на борбените системи на бојното поле (командувањето и контролата, разузнавањето и информатичката поддршка, маневар со силите, целосна борбена и борбено-сервисна и логистичка поддршка). Притоа, мора да се одговори и на императивот за постигнување на целосна подготвеност на вооружените сили за изведување на операции од полн спектор во кои покрај офанзивно-дефанзивните операции значајно место ќе им припадне и на операциите за поддршка на мирот, операциите за стабилизација на просторот на ангажирањето на силите. Само на тој начин здружените вооружени сили можат да ги остварат поставените цели на воената кампања и истовременото ќе можат да го напуштат подрачјето на ангажирање како победници. Во спротивно, овие сили ризикуваат и покрај брзата победа извојувана во ефективна воена кампања врз конвеционалните сили на противникот на нападнатата држава на почетокот од војната, во понатамошниот тек од своето продолжено присуство на просторот, во судирот со остатоците на конвенционалните сили, герилски и востанички и други сили на противникот, да излезат од војната како поразени сили т.е. да ја загубат војната.

Од извршените анализи на конвенционалниот настап во ангажирањето на здружените вооружени сили во современите воени операции и операции од невоен карактер, можеме да заклучиме дека не секогаш овие ангажирања се успешни. Ова особено доколку претходно не е постигната целосна согласност за ангажирањето на силите во рамките и помеѓу државите членки на Алијансата ( тоа најчесто се случува доколку овие сили излегуваат од мандатот т.е. од политичкиот договор или повелба за нивното формирање и ангажирање), или пак, уште поважно, доколку за нивното ангажирање не е обозбеден доверен мандат од ОН, ЕУ, ОБСЕ или друга договорна политичка организација на регионално и светско ниво. Ангажирањето на здружените сили е дотолку посложено, покомплексно и понеизвесно на просторот на нападната држава доколку овие сили ја немаат добиено согласноста и наклонетоста (довербата) на локалните власти на „новата држава" во т.н. „окупациски" или „постокупациски период". Во овој случај, каков што беше случајот на пр. со воената интервенција на здружените сили со добиен мандат на ОН во Сомалија, тактичките акции од воен карактер ќе имаат големи стратешки импликации и последици, со можност да предизвикаат состојба на целосен неуспех на мисијата, па дури и да предизвикаат целосно повлекување на надмоќните вооружени сили од мисијата. Во некои пак други операции (операциите во Ирак, Авганистан и др.) здружените сили, иако на почетокот на вооружените кампањи (во судирот со конвенционалните државни сили) се максимално успешни и остваруваат многу брз пораз врз противникот (во офанзивните вооружени кампањи кои траат од неколку дена до неколку недели), истите овие сили во делот на спроведувањето на окупациската власт се судруваат со вооружените остатоци на пропаднатата држава ( терористички групи, герилски или востанички формации) и со некои други „неконвенционални" противници, а кои ќе ги принудат овие сили на продолженио присуство на просторот на нападнатата држава.

Измените во стратегискиот настап и концептот во ангажирањето на здружените вооружени сили во современите воени операции и операции од невоен карактер, во иднина треба да се бараат во делот на планирање на кампањи т.е. изведување на операции во континуитет, во разработка на познати облици и форми на настап во

судир со противниците од т.н. четврта генерација на војни и одговор на низата нови асиметричните закани и нови форми на ирегуларно војување. Решенијата треба да се бараат и во промената на настап и постигнување на високо ниво на координација и синергија на борбената моќ помеѓу видовите, родовите и специјалностите, во операциите пред сè на на тактичко ниво и изведување на операции во специфични услови и опкружувања.

Но, и покрај превземените активности за изменет стратегиски настап и концепт во ангажриањето на вооружените (здружените) сили во современите операции, ваквиот настап, сам по себе никогаш не може да ја гарантира „победата" во војната. Ова, од едноставна причина што проблемите со кои се соочуваат одредени национални заедници, региони и светот во целина (освен во одредени состојби), не можат успешно да се решават со примена на вооружена сила или најмалку земено, примената на вооружена сила во никој случај не може да претставува трајно решение за проблемите. Од друга страна пак, постојаните потреба од промени и прилагодувања во стратегиите за изменет настап во ангажирањето на вооружените сили во современото војување засигурно ќе претставува постојана и силна провокација, пред сè за сите воини и практикувачи на војната, воените аналитичари, полемолози, мислители и учени од подрачјето на воените и системските науки, како предизвик за решавање на загатката за изборот на најправилниот, најцелосообразен и најефикасен начин во ангажирање на вооружените сили во современото војување и, посебно **во здруженото војување**.

# БИБЛИОГРАФИЈА

## ЛИТЕРАТУРА


1. Bernard Droz and Evelyne Lever, *Histoire de la guerre d'Algerie (1954-1962)*, revised edition (Paris: Editions du Seuil, 1982.
2. Carl von Clausewitz. *On War*. (Princeton, NJ: Princeton University Press, 1976
3. Col.John B. Alexander ( U.S. Army) *„Vinning the war", Advanced Weaponss, Strategies, and concept for the post -9/11 Word,* St, Martin Press,2003.
4. George Liska: *Nations in Alliance. The Limits of Interdependence*, paperback edition, Baltimore, (1968)
5. Hammes, Thomas X. *The Sling and the Stone: On War in the 21st. Century*. Zenith Press, 2004. ISBN: 0760320594.
   Islands,1983.
6. John Gooch, 'Introduction: military doctrine and military history', in J. Gooch, ed., *The origins of contemporary doctrine*, occasional paper 30 (Camberley, Surrey: Strategic and Combat Studies Institute, Sept. 1997).
7. John Pettifer *„The Kosovo Protection Corps in tranzition*, Conflict Studies Research Centre.
8. Josef Schröfl, " *Political Asymmetries in the Era of Globalization: The Asymmetric Security*", Frankfurt, M. ; New York : Lang, 2007.
9. Lyudmila Zaitseva, *Organized Crime, Terrorism and Nuclear Trafficking Strategic Insights*, Volume VI, Issue 5 (August 2007),
10. Mao Tse-Tung, *On Protracted Warfare*, Peking: Foreign Language Press, 1967
11. Michel Xauard „ *Causes of Wars*" by Gurnsey, So. Std, Guernsey, Shannel Islands,1983
12. Michel Wieviorka, "*Defining and ImplementingForeign Policy*: the US Experience in Anti-Terrorism,"in *The 1988–1989 Annual on Terrorism,*ed. Yonah Alexander and H Foxman (Dordrecht:Kluwer Academic Publishers, 1990), 71–201; cf. alsoMichel Wieviorka, "France Faced with Terrorism,"*Terrorism* 14.
13. Paoli Letizia (2002), *The Paradoxes of Organized Crime*, Vol.37, No-1
14. Rafaele Lefevre Ashes of Hama: *„The Perilous History of Syria's Muslim Brotherhood*", od, Published October 1st 2013 by Oxford University Press Publication
15. Samuel P. Huntington *„The Clash of Civilizations"*, American Enterprise Institute,1992.
16. Sloan, R. Stanley, *NATO, the EU, and the Atlantic Community, rowman&littlefield publishers*, USA, 2005.
17. Steven Best, Anthony J. Nocella, "*Terrorists or freedom fighters?: reflections on the liberation of animals*", New York, 2004.
18. Steven Metz and Douglas V. Johnson II, *Asymmetry and U.S. Military* Strategy: Definition, Background, Strategic Concepts, Carlisle Barracks, PA: Strategic Studies Institute, U.S. Army War College, 2001
19. Sun Tzu, Carl Von Clausewitz, Niccol Machiavelli, "*The Complete Art of War*", Wilder publications-Radford, 2008.

20. William S. Lind *Understadning Fourth Generation War* , 2001
21. Адријан Гелке, *Новата ера на тероризмот и меѓународниот политички систем*, превод „Магор" Скопје 2009.
22. Бранислав Маигушка, „*Управување и отпор во светската политики*", (Governance and Resistance in World Politics, British International Studies Asociation 2003). превод од англиски Магор-Скопје, 2009.
23. Бари Бузон „*Луѓе, dr`avi i strav*", преведено од англиски Академски печат, Скопје, 2010.
24. Георгиевски П., *Методологија на истражување на општествените појави,* Филозофски факултет, Балкански центар за проучување на мирот, Скопје, 1998.
25. Глен Х. Снајдер, *Политика на алијансите*, преведено од англсики, Академиски печат-Скопје, 2009.
26. Трајан Гоцевски „*Современи тенденции во одбраната*" Македонска ризница" Куманово 1997.
27. Трајан Гоцевски „*Република Македонија на патот кон евроатланските структури*" Перспективите на Република Македонија на патот кон НАТО и ЕУ (2006).
28. Група автори., *Војната во Македонија во 2001 година*, Матица Македонска, Скопје, 2006.
29. Група автори: О.Бакревски, Д. Триван, С. Митевски, „*Корпорациски безбедносни системи*".Комора на РМ за обезбедување на имоти и лица,Скопје 2012.
30. Група на автори: порф. д-р Тони Гоцевски, проф. д-р Митко Котовчевски, проф. д-р Зоран Нацев и проф. д-р Радко Нечевски „*Дефендологија*", Куманово 2002.
31. Дејвид Кембел „ *Културно управување и пикторијански отпор: размислување за сликовниот приказ на војната*" превод од англиски Магор-Скопје, 2009
32. Давид Родин „*Војна и самоодбрана*", преведено од англиски Магор Скопје, 2009
33. Елизабет М. Кусенс и Четан Кумар со Карин Верместер „*Градење на мир како политика*,,превод на македонски јазик од АРС Ламина, ДОО, 2011.
34. Зоран Нацев и Тони Петрески, „*Стратегиски проекции на Р. Македонија во надворешната и безбедносната политика,* Европа 93- Кочани 2013.
35. Зоран Нацев, "*Надворешно-политичките приоритети на Република Македонија*" Перспективите на Република Македонија на патот кон НАТО и ЕУ (2006).
36. Јохн Елис „*Герила кроз стољека*", Алфа, Загреб, 1979, стр. 121.
37. Кајзер Гинтер, (1996), *Криминологија*, Александрија, Скопје Хју, Питер, *Поим за глобална безбедност*, Табернакул, Скопје, 2009.
38. Клаузевиц Карл Фон.„*За Војната*", Поглавје I, превод од англиски, Магор Скопје 2009.
39. Стојан Кузев„ *Стратегија за одбрана*", Југореклам, 2001.
40. Марина Митреска, *Превентивна дипломатија и мировни операции*, Филозофски факултет Скопје, 2010,
41. Мартин Ховард „ *Causes of Wars*" by Gurnsey, So. Std, Guernsey, Shannel
42. Мартин В. Кревелд, *Трансформација на војната,* превод од англиски, Табернакул, 2009.
43. Методиј Хаџи-Јанев, *Детективска тактика и тактички борбени тактики за детективи*, 2012.

44. Методија Дојчиновски „*Современо воено разузнавање*", Соларис Принт-Скопје, 2009
45. Митко Котовчевски, *Национална безбедност на Република Македонија*, Македонска цивилизација, Скопје, 2000.
46. Митко Котовчевски, „*Национална безбедност*" Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски",Скопје, 2013
47. Митко Котовчевски, *Современ тероризам*, Македонска цивилизација-Скопје, 2003.
48. Митко Котовчевски „*Борба против тероризмот*",Македонска цивилизација 2004
49. Митко Котовчевски „*Разузнавачка заедница на САД*", „Бато-Трејд"- Куманово, Скопје 2007.
50. Одри К. Кронин „ *Извори на модерниот теоризам*", Напад на тероризмот, извори на грандиозна стратегија, Нампрес, 2003.
51. Одри К. Кронинг и Џемс М. Лудс *Напад на теоризмот, елементи на грандиозна стратегија*, . Дејвид Ц. Репопорт „Четири бранови на модерниот тероризам", Нампрес 2009.
52. Питер Хју, *Поим за глобална безбедност*, превод од англиски, Табернакул, 2009.
53. Рина Киркова, *Иднината на НАТО Редефинирање на трансатлантското сојузништво*, НУБ „Св. Климент Охридстки"2012.
54. Стоан Славевски,„*За идентитетот на современата македонска нација*", Стеда Графика-Скопје, 2013.
55. Слободан Димишковски „ *Војна, војска и политика,* Глобус, Скопје, 1994.
56. Слободан Цветковиќ „*Општа тактика*",ЦИНОМ-Скопје, 2000.
57. Стивен М. Волт, *Потекло на сојузите*, превод од англиски, Табернакул, 2009.
58. Т.Батковски,, *Разузнавачко-безбеносна контраразузнавачка тактика,* Скопје 2008,
59. Томе Милески „ *Еколошка безбедност, одржлив развој-одржлива безбедност*, Универзитет Св. Кирил и Методиј" Филозофски факултет, 2011.
60. Улрих Бек „*Ризично друштво*", Белград: Филип Вишниќ, 2001.
61. Џејмс Д. Кирас *Стратегија на современиот свет, Неправилно војување, тероризам и бунтови* , Магор Скопје 2009
62. Џемс Брасет и Ричард Хихот., *Градејќи нормативна и димензија на глобално државно уредување*" превод од англиски Магор-Скопје, 2009.
63. Џон Бејлис и Марк Смит„*Стратегија на современиот свет*", Контрола на оружјето за масовно уништување, Нампрес 2009.
64. Џон Бејлис, Џејмс Вирц, Колин Греј и Елиот Коен: *Стратегија на современтиот свет*, превод од англиски, Нампрес, 2009.


## Нормативни акти и закони:


1. Council of the European Union,"*Fight Against Terrorism, Updated List,* "May3, 2002.
2. MC 326/1: NATO Rules of Engagement, North Atlantic Military Committee (2003).
3. MC 0472 NATO *Crisis management*. (2011), http://www.nato.int
4. NATO Military Concept for Defence Against Terrorism, http://www.nato.int/ims/docu/terrorism.htm.

5. SIPRI (Stocholm Internacional Peace Reaserch Institute), Yearbook 2012, Armament, Disarmanents and international security.
6. Security Stdies for the 21 th Century, by Sylttz H. Richard, Godson Roy, Quester H. George Dulles.
7. TC 7-98-1 Stability and Support Operations Training Support Package.05 June 1997.
8. Treaty on Conventional Armed Forces in Europe, http://www.osce.org/library/14087
9. U.S. Army Intelligence History: A Sourcebook, U.S. Army Intelligence Center &, Arizona, 1995, Edited by James P. Finley
10. United Nations. http://www.un.org/. и http://www.un.org/Docs/SG/agpeace.html.
11. United Nations (1982).*Conventionon the Law of the Sea*. Part VII,Section 1,Article 87.
12. United Nations. http://www.un.org/. http://www.un.org/Docs/SG/agpeace.html.
13. United Nations (1982). *Convention on the Law of the Sea*. Article 87
14. Uradni list Republice Slovenije, Odluka na Drzavni Zbor na seji dne 26.marca 2010 godine
15. Бела книга за одбрана на Република Македонија, Министерство за одбрана, Скопје, 2012.
16. Годишна национална програма за членство во НАТО 2011/2012.Скопје, септември 2011.
17. Директива за започнување на Северноатлантскиот совет (eng. NAC Initiating Directive – NID).
18. Долгорочен план за развој на одбраната 2011-2020, Скопје, јануари 2011.
19. Закон за одбрана, Службен весник на РМ бр. 185 од 30.12.2011 година
20. Закон за управување со кризи 2005 и Упатство за начинот за учество на дел од АРМ во кризна состојба, 2006 год.
21. Логистички концепт на АРМ, 2011.
22. Национална концепција за безбедност и одбрана на Република Македонија, Собрание на Република Македонија, Скопје, 2003.
23. Повелбата на Обединетите нации е „Мирно решавање на споровите",1991.
24. Прирачник за НАТО, Брисел, (2001).
25. Стратегиски одбранбен преглед-политичка рамка, Влада на Република Македонија, Скопје, 2003.
26. Устав на Република Македонија („Службен весник на РМ" бр. 52/91 и 1/92).

## НАТО - воени публикации:

1. FM 3-90 Tactics. 04 July 2001.
2. FM 7-05 The Motorized Infantry Battalion. 06 April 1992.
3. FM 7-15 „The Army universal task list" Headquarters Department of the ArmyWashington, DC, 29 June 2012
4. FM 71-2 The Tnk and Mechanized infantry Battalion Tack Force, Headquarters Department of the Army Washington, DC, 27 September 1988
5. FM 100-40, Tactics,Revized Initial Draft, 2007
6. JP 1-0, Joint Doctrine for Personnel Support to Joint Operations, 2006.
7. JP 1-02, Department of DefenseDictionary of Military and Associated Terms, Joint Fire Support. Department of defense USA 15 October 2013

8. JP 1-06, Financial Management In Support of Joint Operations.
9. JP 2-0, Inteligence Support to Joint Operations.
10. JP 2-01, Joint and National Intelligence Support to Military Operations,Joint Chiefs of Staff, 05 January 2012,
11. JP 2-01.3, Joint Intelligence Preparation of Operational Environment.
12. JP 3-0 Doctrine for joint operations,2010
13. JP 3-09: Joint chiefs of staff. (2006). Joint Fire Support. Department of defense USA
14. JP 3-05.1, Joint Special OperationsTask Force Operations (JOTF)
15. JP 3-09-3: Close Air Support. Joint chiefs of staff. 08 July 2009,
16. JP 3-24, Counterinsurgency, 22 November 2013
17. JP 5-0, Joint Operation Planining, Joint chiefs of staff, 24 December 2006
18. JP 6-0, Joint Communications System, Joint chiefs of staff, 20 March 2006
19. AAP-6: NATO Glossary of Terms and Definitions of military significance for use in NATO, NATO Standardization Agency (2011).
20. AJP-01 (D): Allied Joint Doctrine, NATO Standardization Agency (2010).
21. AJP-3 (2007), Allied Joint Doctrine for Joint Operations.
22. AJP-3.4(A): Allied joint Doctrine for Non-Article 5 Crisis Response Operations.
23. AJP-3.4.1: Peace Support Operations, NATO Standardization Agency (2001).
24. AJP-3.4.2: Allied Joint Doctrine for Non-Combatant Evacuation Operations.
25. AJP-3.4.4: Allied Joint Doctrine for Counterinsurgency – COIN NATO Standardization Agency (2011).
26. AJP -4-0, Joint Logistics, 18 July 2008
27. AJP-4(B), Allied Joint doctrine for logistics, July 2008
28. Joint Vision 2020, America's Military: Preparing for Tomorrow.
29. NATO Standardization Agency (2001). AJP-3.4.1: Peace Support Operations.
30. NATO Standardization Agency (2003). AJP-4 (A): Allied Joint Logistic Doctrine,.
31. NATO Standardization Agency (2005). AJP-4 -9: Models of Mujltinacional Logistic *Support*.
32. NATO Standardization Agency (2007). AJP-3.14: Allied Joint Doctrine for Force Protection.
33. NATO Standardization Agency (2009). AJP-3.2: Allied Joint Doctrine for Land Operations.
34. NATO Standardization Agency (2010). AJP-01(D): Allied Joint Doctrine.
35. NATO Standardization Agency (2010). AJP-3.4(A): Allied joint Doctrine for Non-Article 5 Crisis Response Operations. Lexcion.
36. NATO Standardization Agency (2010). ATP-3.2.1.1: Guidance for the Conduct of Tactical Stability Activities and Tasks.
37. NATO Standardization Agency (2011). AJP-3.4.4: Allied Joint Doctrine for Counterinsurgency – COIN.
38. NATO Standardization Agency (2013). AAP-6: NATO Glossary of Terms and Definitions of military significance for use in NATO
39. North Atlantic Military Committee. MC 0472: NATO Military Concept for Defense Against Terrorism.

## Доктринарна литература и публикации надвор од земјите членки на НАТО


1. Antonia H. Chayes and George T. Raach, „*Peace Operations, Developing an American Strategy*,, National Denense Univesity Press, Washington, DC
2. Col. Gen. Valery Manilov (deputy chief of the Russian General Staff) to NTV television on 5 February 2000, in 'Russia adopts a new military doctrine'; The Seattle Times, 6 February 2000, at 'Draft Russian Military Doctrine', translation by BBC Worldwide Monitoring, 11 October 1999; original source: 'Krasnaya Zvezda', Moscow9,October 1999. http://www.fas.org/nuke/guide/russia/doctrine/991009.htm.
3. Defencse et Securite Nationale, Chapitre 4 - Les priorités stratégiques, 2013
4. Draft Russian Military Doctrine', translation by BBC Worldwide Monitoring, 11 October 1999; original source:'Krasnaya Zvezda' Moscow 9 October 1999, pp. 3-4, at 2.18 http://www.fas.org/nuke/guide/russia/doctrine/991009.htm.
5. Le Livre blanc 2013 rendu public, Mise à jour : 15/07/2013
6. O. Mattera „The Perception of Territory as an Element of Security in Israel: A Point of View on the Defence Barrier, YEAR II – NR 1 *CEMISS QUARTERLY* SPRING 2004
7. Russian Foreign and Security Policy—A Strategic Overhaul?, by Andrew Monaghan, Panorama_2-2010_SecurityPolitics_Monaghan
8. Russia Military Doctrine until 2020, Margarette Klein, SWP comment, May 2010
9. Tthe Soviet Army: Operations and Tactics, *FM 100-2-1, HeadquartersDepartment of the Army Washington, DC, 16 July 1984
10. Stephen J. Blank. Russian Military politicsand Russia's 2010 defense doctrine *Doctrinal Consequences of the Georgian Conflict of August 2008*., March 2011
11. Scott, William F., 'Soviet Military Doctrine: Continuity or Change?', in William C. Green and Theodore Karasik, 'Gorbachev and His Generals', Oxford 1990 (Westview Press).
12. Sokov, Nikolai, 'Overview: An Assessment of the Draft Russian Military Doctrine', Center for Nonproliferation Studies, at http://cns.miis.edu/pubs/reports/sokov.htm.
13. Vojaška doktrina Republike Slovenije, Poveljstvo za doktrino, razvoj,izobraževanje in usposabljanje, 2006.


## Интернет и ВЕБ-страници


1. http://www.globalissues.org/issue/245/war-on-terror
2. http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_17120.htm
3. http://regionalpowers.com/?
4. http://www.brill.com/publications/history-warfare
5. http://www.morm.gov.mk/morm/mk/ARM.html.
6. http://www.cfr.org/international-peace-and-security/preventive-priorities-survey-threats-america-face-2012/p26718
7. http://en. org/wiki/List_of_ongoing_military_conflicts,
8. http://www.fact-index.com/w/wa/war.html#First generation warfare

9. http://www.fact-index.com/w/wa/war.html#Second generation warfare
10. http://www.fact-index.com/w/wa/war.html#Third generation warfare
11. http://www.fact-index.com/w/wa/war.html#Fourth generation warfare
12. http://confusionism.wordpress.com/2010/10/17/fifth-generation-warfare-features/
13. http://www.fzf.ukim.edu.mk/pdf/odb/kotovcevski/Kotovcevski,%20M.%20-%20Pan%20bunt.pdf
14. http://www.ask.com/web?q=iraqivictims&qsrc=2871&o=101699&l=dis
15. http://globalguerrillas.typepad.com/globalguerrillas/2006/10/the_changing_fa.html
16. htp://www,thestategistorg/archives/2006/6the_architect_o.html, стр,2
17. http://www.military.com/NewContent/0,13190,Lind_020304,00.html
18. http://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_49755.htm
http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_17120.htm
19. http: www,Jura.uni-frankfurt.de>INPE/links.htm
20. http://www.cfr.org/international-peace-and-security/preventive-priorities-survey-threats-america-face-2012/p26718
21. http://daccess-dds-ny.un.org/doc/UNDOC/GEN/N01/557/43/PDF/N0155743.pdf?OpenElement
22. http://www.fzf.ukim.edu.mk/pdf/odb/kotovcevski/Kotovcevski,%20M.%20-%20Pan%20bunt.pdf
23. http://merln.ndu.edu/whitepapers/Russia2010_English.pdf
24. http://www.google.com/imgres?imgurl=http://upload.wikimedia.org/wikipedia/commons/7/72/Kilcullen3Pillars.png&imgrefurl
25. http://www.boredofstudies.org/wiki/index.php?title=Types_of_International_Crime_%26_Sources_ofLaw_for_International_Crimes&printable=yes
26. http://www.anthroserbia.org/Content/PDF/Articles/81bee395451043138814la30ac51012c.pdf
27. http://www.ask.com/web?q=iraqivictims&qsrc=2871&o=101699&l=dis
28. http://globalguerrillas.typepad.com/globalguerrillas/2006/10/the_changing_fa.html
29. http://www.scribd.com/doc/142328200/Guerrilla-Warfare
30. http://www.au.af.mil/au/awc/awcgate/opart/opart_nwc.pdf
31. http://www.military.com/NewContent/0,13190,Lind_020304,00.html
32. http://www.nationalarchives.gov.uk/battles/dday/
33. http://africajournalismtheworld.com/tag/somali-conflict/
34. http://www.c-r.org/accord-article/endless-war-brief-history-somali-conflict
35. http://www.bbc.co.uk/somali/
36. http://www.polgeonow.com/2013/05/somalia-war-map-al-shabaab-2013.html
37. http://www.quickiwiki.com/en/Battle_of_Mogadishu_(1993)
38. http://www.irinnews.org/report/95886/somalia-one-million-return-to-mogadishu
39. http://www.hrvatski-vojnik.hr/hrvatski-vojnik/3812012/podlistak.asp, Gradjanski ratovi u Somaliji 1945-2011,
40. http://aan-afghanistan.com/index.asp?id=3339
41. http://www.proconservative.net/PCVol10Is208AveryNewEnergyWar.shtml
42. www.un.org/depts/unmovic/documents/1441.pdf
43. http://history.state.gov/departmenthistory/short-history/firstgulfwar
44. http://www.historyguy.com/21st_century_wars.html#.UkfUS9KBli0
45. http://www.whitehouse.gov/iraq
46. www.iraqbodycount.org/analusis/numbers/2011/ ( January 2012

47. http://oilprice.com/Geopolitics/Middle-East/Afghan-War-A-Subset-Of-U.S.-Efforts-To-Secure-Central-Asian-Energy-Riches.html
48. http://www.freeworldacademy.com/globalleader/afghanistan.htm
49. http://usliberals.about.com/od/homelandsecurit1/a/IraqNumbers.htm
50. http://www.colorado.edu/conflict/full_text_search/AllCRCDocs/95-5.htm
51. http://www.gfbv.it/3dossier/cecenia/cecen-en.html
52. http://www.hrw.org/reports/2008/russia0608/russia0608web.pdf
53. http://www.wsws.org/en/articles/1999/05/stat-m24.html
54. http://www.search.ask.com/web?o=10148&l=dis&tpr=6&q=NATO+ACCLAMATION+11.JUNE+1999.
55. http://law.case.edu/war-crimes-research-portal/links.asp?id=50
56. http://www.metafuture.org/articlesbycolleagues/IvanaMilojevic/peaceserbiakosovo.hm
57. http://slavicnet.com/sokolac/sokolac_kosovo_rat_forum.html
58. http://www.nato.int/cps/en/natolive/topics_56626.htm
59. http://www.cisco.com/web/strategy/docs/gov/defense_Network-Centric.pdf
60. http://www.nato.int/cps/en/natolive/78125.htm
61. http://www.history.com/this-day-in-history/the-warsaw-pact-is-formed
62. http://southernlibrarianship.icaap.org/content/v06n01/ogunsola_l01.htm
63. http://oai.dtic.mil/oai/oai?&verb=getRecord&metadataPrefix=html&identifier=ADA4
64. http://oai.acoresman@gmail.com .
65. http://www.worldpoliticsreview.com/articles/1986/france-wants-to-join-nato-to-ease-the-way-for-european-defense,
66. http://www.historylearningsite.co.uk/blitzkrieg.htm
67. http://en.ria.ru/military_news/20100703/159675596.htm
68. http://www.statisticbrain.com/u-s-war-death-statistics/
69. http://www.infoplease.com/timelines/militaryoperations.html
70. http://www.au.af.mil/au/awc/awcgate/opart/opart_nwc.pdf
71. http://www.ritholtz.com/blog/2013/04/us-military-spending-vs-world/
72. http://armscontrolcenter.org/issues/securityspending/articles/2012_topline_global_defense_spending
73. http://www.rand.org/content/dam/rand/pubs/testimonies/2008/RAND_CT314.pdf,
74. http://www.nationalarchives.gov.uk/battles/dday/
75. http://history.state.gov/departmenthistory/short-history/firstgulfwar
76. www.israelactionnetwork.org
77. http://www.science.co.il/Arab-Israeli-conflict.asp
78. http://www.fas.org/nuke/guide/israel/doctrine
79. http://www.cisco.com/web/strategy/docs/gov/defense_Network-Centric.pdf,
80. http://online.wsj.com/news/articles/SB10001424127887324425204578599953517340808, July 11, 2013 7:30 p.m. ET
81. http://www.liveleak.com/view?i=344_1362344300
82. file:///C:/Documents%20and%20Settings/andre/Desktop/Francuska%20voena%20doktrina/Livre%20blanc%202013.htm
83. C:\Users\mile.petrevski\Desktop\NS Slovenija\Različne možnosti zagotavljanja nacionalne varnosti.htm,
84. http://www.radstats.org.uk/no069/article3.htm
85. http://www.csa.com/discoveryguides/tsunami/overview.php
86. http://edition.cnn.com/2014/03/18/politics/us-ukraine/

## Останати пубикации


1. Antony H. Cordesman and Aram Nerguizian from IISS, The Military Balance, versus editions. Some data odjusted or estimated by the author.Conventional Realities and Asymmetric Challenges, June 29,2010
2. Brian M. Jenkins, "The Organizational Men: Anatomy of a Terrorist Attack," in *How Did This Happen?: Terrorism and the New War,*edited by James F. Hoge, Jr., and Gideon Rose (New York: Public Affairs, 2001): 8; and Chantal de Jonge Oudraat, "Combating Terrorism,"*The Washington Quarterly*, vol. 26, no. 4 (Autumn 2003), p.g. 165.
3. Ahmed Mousalli , *Discourses of Human Rights and Plurarìstics Democracy, Al-Manar Television (Beirut),* September 22, 2006.
4. Airland battle doctrine, By Mark R. Schwartz, *Modern War 6 | jul–aug 2013,*
5. *Combating Terrorism in a Globalise World,* Report by the National War College Task Force on Combating Terrorism, National War College, May 2002.
6. Carl Osgood, „*Obama Announces His 'New' Imperial War Doctrine,,* , January 13, 2012. EIR International.
7. Dr. Chet Richards J. Addams & Partners, Inc. *Evolution of Modern Conflict, Fourth GenerationWarfare,*Excerpt From:*Dear Mr. & Ms. 1RP:Welcome to the 21st Century.*
8. Hodge.C .Carl, *Atlanticizm for a New Century> The Rise, Triumph, and Decline of NATO,*Pearson Education.
9. Iztok Prezelj „*Ogrozavanje nacionalne varnosti Repbulike Slovenije in vklucevawe v NATO*", Teorija i praksa, Izvirni znanstveni clanek 2002
10. James P. Finley „*U.S. Army Intelligence History:* A Sourcebook, U.S. Army Intelligence Center &, Arizona, 1995, Edited
11. Don M. Snider, *Jointness,Defense Transformation,and the Need for aNew JointWarfare Profession,* , Pdf. 2003.
12. Philip G. Cerny, "*Globalization and the Changing Logic of Collective Action,*" International Organization, Vol. 49, no. 4 (Autumn 1995)
13. James N. Mattis *USJFCOM Commander's Guidance for Effects-based Operations,* Reprinted with the permission of*Joint Force Quarterly* (JFQ), 51 (4th Quarter2008),
14. Kulick, Amir December *The Next War with Hizbollah, Hizbollah's Military Doctrine in Practice* 2007.
15. Military Transformation: A New Strategic Approach, Military transformation of U.S. Armed Forces in the 21 first century.
16. Marine Corps Gazette in 1989, "*The Changing Face of War: Into the Fourth Generation.*"
17. O. Mattera „*The Perception of Territory as an Element of Security in Israel: A Point of View on the Defence Barrier,* YEAR II – NR 1 *CEMISS QUARTERLY* SPRING 2004.
18. Paoli Letizia ,*The Paradoxes of Organized Crime*, (2002), Vol.37, No-1
19. Report of the Secretary-General on the work of the Organization, Official Record of the fifty-fifth session of the General Ammembly, Supplement No.1 (A/55/1) of 30, August 2000.

20. Robert M. Cassidy „*Russia in Afghanistan and Chechnya: Military Strategic Culture and the Paradoxes of Asymmetric conflict*,, Strategic Studies Institute U.S. Army, February 2003.
21. R. G. Haycock, The Poyal military college of Canada, *www.caans-acaen.ca/Journal/issues_online/Issue...i.../HAYCOCK.pdf*
22. Russia's Military Is Back, *nationalinterest.org/commentary/russias-military-back-9181*Oct 4, 2013
23. Shaun Gregory, *French Defence Policy into theTwenty-First Century*, London: Macmillan PressLtd., 2000, p. 95.
24. S. Bronfeld, '*Fighting outnumbered: the impact of the Yom Kippur War on the U.S. Army*', Journal of MilitaryHistory 71: 2, April 2007
25. „*Terrorism in Context*", Pennsylvania State University, 2005
26. Theodore B. Taylo r, *Proliferation of Nuclear Weapons*, 2003.
27. Thomas X. Hammes, *Insurgency: Modern Warfare Evolves into a Fourth Generation*, Institute for National Strategic Studies National Defense University No. 214 January 2005
28. US Army Doctrine Update #1, Combined Arms Doctrine Directorate, US Army Combined Arms Center(Fort Leavenworth, Kans.: 24 February 2007); Effects Based Operations Conference, US Marine Corps (Quantico, Va.: 7 September 2005.
29. Благоја Марковски „Балкански форум за безбедност " *Безбедноста во процесот на танзиција*" Современа македонска одбрана, бр. 15, јуни 2007.
30. Ванчо Кенков „Филозофски факултет, Институт за одбранбени и мировни студии- Скопје, „*Новите технологии и нивната примена во современите војни*", Современа македонска одбрана бр. 15.
31. Ванчо Кенков, Годишен зборник,УКИМ 2009, „ *Наука, техника и современо војување* ",УДК: 355.4: 001.89, 623:004
32. Горан Зенделовски „*Дијапазонот на воената моќ во услови на современата глобализација*"Годишен Зборник 2009, УДК: 355.01:304-027.511
33. Кемо Ѓозо и Никола Клетников „*Нова структура на ВС на Русија и приспособување кон современите облици на загрозување*, Списание „Штит", Јуни 2012.
34. Жанет Ристоска, Министерство за одбрана „*Промени во системот на национална безбедност и одбрана на Република Македонија како резултат на новиот вид безбедносни закани*, Современа македонска одбрана бр.12, декември 2005.
35. Конверзарија помеѓу Martin van Creveld и William S. Lind, во мај 2004, Bergen, Norway
36. М. Хаџи Јанев, Министерство за одбрана, „*Легалноста на војната против тероризмот во име на правото на самоодбрана и правото на предвремена самоодбрана*", „Современа македонска одбрана", бр. 11, јуни 2005.
37. М. Чабаркапа, Zbornik radova Filozofskog fakulteta u Prištini, „ *Uloga medijske i psihološke propagande u savremenom ratu sa posebnim osvrtom na oružane sukobe u bivšoj Jugoslaviji" 2008.*
38. Марина Митревска,, *Типологија на мировни операции*", Современа македонска одбрана бр 21, април 2011.

39. Методиј Хаџи Јанев ,*Од другата страна на традицијата: Суштина на потребата од новиот концепт на НАТО и можноста на Република Македонија,* Современа македонска одбрана бр.21, април 2011.
40. Методиј Хаџи Јанев, преземено од списанието „Одбрана“ бр.4/2009
41. Малком Вотерс (2003), *Глобализација,* Скопје: Институт за демократија, солидарности и цивилно општество.
42. Митко Котовчевски, *Војни за ресурси* ,„Современа македонска одбрана“, 2007.
43. Митко Котовчевски,*Силата, моќта и политиката во контекст на војувањето,* „Современа македонска одбрана“ бр.18, март август 2009.
44. Митко Котовчевски, Годишен зборник,УКИМ 2009, *Војникот носител на мирот,*УДК: 349.9.02(100),
45. Петар Шимиќ „*Балканска агенда, после самита у Лисабону*“, лист „Време“ , 2010, http://www.vreme.com/cms/view.php?id=963644&print=yes
46. *Osnovnye Polozheniya Voennoi Doktriny Rossiskoi Federatsii*, Izvestiya, Novemeber 18,1993.
47. Сашо Герасимовски,*Светската безбедност низ призмата на ризично општество,* „ Современа македонска одбрана“, 2010.
48. С.Даскаловски, Годишен зборник,УКИМ 2009, *Војникот носител на мирот,*УДК: 355.121,
49. Тања Милошевска, Филозофски факултет, Институт за одбранбени и мировни студии,.*Глобализациски безбедносни импликации*, „Современа македонска одбрана“, бр. 1, јуни 2005.
50. Тони Милески, Филозофкси факултет, Институт за одбранбени и мировни студии-Скопје,*Политичко географски процес на Балканот*, „Современа македонска одбрана“ бр.12, декември 2005.
51. Ф.Т. Ременски, Полициска академија Скопје, *Регионалиот безбедносен комплекс и исламскиот фундаментализам како закана за регионалната и глобалната безбедност,*„Современа македонкса одбрана“, бр. 15, јуни 2007.

## ПРЕГЛЕД НА КРАТЕНКИ

| КРАТЕНКИ | АНГЛИСКИ | МАКЕДОНСКИ |
|---|---|---|
| AOR | Area of Responsibility | област на одговорност |
| ANSC | Alliance's New Strategic Concept | Новиот стратегиски концепт на Алијансата |
| AJP | Allied Joint Publication | сојузнички здружени публикации |
| APM /AOfRM | Army of Republic of Macedonia | Армија на Република Македонија |
| ACA | Airspace Coordination Area | област за координација во воздушниот простор |
| AOs | Area of operations | подрачје на операции |
| ATACMSs | Army Tactical Missile System | армискитактички ракетен систем |
| C2 | Command and control | командување и контрола |
| CAS | Close air support | блиска воздушна поддршка |
| CCDR | Combatant commander | командант на бојното поле (опште воен командант) |
| CCPIR | Comand critical priority intelligence requirement- | приоритетни разузнавачки барања на командантот |
| CCIRM | Critical Commander Information Requirement Management | потребите за критични информации на командантот |
| CFL | Coordination Fire Line | линија за координација на огнот |
| CJCSI | Chairman of the Joint Chiefs of Staff instruction | командант на здружената команда за инструкции |
| COGs | Center's of gravity | центри на гравитација |
| CONOPS | Concept of operation | концепт на операциите |
| CP | Command Post | командно место |
| DSTN | Defence switched telephone network | одбранбена телефонска мрежа |
| DMIA | Directive for Military Implementation of the Alliance | Директива за воена имплементација на Алијансата |
| DS | Direct support | директна поддршка |
| DS | Direct support | директна поддршка |
| EA | Electronic attack | електронски напад |
| EA | Electronic attack | електронски напад |
| ELINT | Electronic Intelligence | електронско разузнавање |
| FFA | Free Fire Area | реон на слободен оган |
| IMINT | Imagery Intelligence | разузнавање кое базира на фотографски податоци |

| | | |
|---|---|---|
| ICM | Infomration Comunication Sistem | комуникациско-информациски системи |
| IPB | Inteligence preparation of batlefield | разузнавачка проценка на бојното поле |
| J-1 | Manpower and personnel directorate of a joint staf | Директорат за здружениот персонал |
| J-3 | Operations directorate of a joint staff | Директорат за операции на Здружената команда |
| J-4 | Logistics directorate of a joint staff | Директорат за логистика на Здружената команда |
| J-5 | Plans directorate of a joint staff | Секција за цивилно-воена соработка |
| JFC | Joint force commander | Команда на здружени сили |
| JFACC | Joint force air component commander- | командант на здружени сили за воздушна компонента |
| JTF | Joint task force | здружени сили за задача |
| JPRA | Joint Personnel Recovery Agency | Агенција на здружен персонал за обнова |
| JPERSTAT | Joint personnel status and casualty report | статус на персоналот и извештај за жртвите |
| JRC | Joint reception center | Здружен приемен центар |
| JPTTA | Joint personnel training and tracking activity | здружена обука и следење на активностите на персоналот |
| JPERSTAT | Joint personnel status and casualty report | Извештај за персоналниот статус и состојбата со повредените |
| JFC | Joint Force Commander | омандант на здружени сили |
| JFACC | Joint force air component commander | командант на здружени сили од воздушна компонента |
| JFSOCC | Joint force special operations component commander | командант на компонентата од здружените сили за специјални операции |
| JOA | Joint operations area | здружено подрачје на операции |
| JIPTL | Joint integrated prioritized target list | Листа на интегрирани приоритетни здружени цели |
| JSOA | Joint special operations area | подрачје на здружени специјални операции |
| JSOTF | Joint special operations task force | здружени сили за задача за специјални операции |
| JTCB | Joint targeting coordination board | здружена организациска целина за координација при одредување на цели |
| HIMARS | High Mobility Artillery Rocket System | самооден артилериски ракетен систем |
| HUMINT | Human Intelligence | разузнавање на сочено кон човечки фактор. |

| | | |
|---|---|---|
| MLRS | Multiple Launch Rocket System | повеќецевен лансирен ракетен систем |
| NATO | North Atlantic Treaty Organization | Северноатлантска организација |
| NCS | Nacional communication sistem | Национален комуникациски систем |
| NELP | National Element of Logistics Suport | национални елементи за логистичка поддршка |
| NFA | No Fire Area | реон на забранет оган |
| NMA | NATO Military Authorities | Вооружените власти на НАТО |
| HN | Host Nation | земја домаќин |
| NSL | No-strike list | Листа на цели забранети за гаѓање |
| OPORD | Operation Order | оперативна наредба |
| OPCON | Operational control | оперативна контрола |
| OSCE/ОБСЕ | Organization for Security and Co-operation in Europe | Организацијата за безбедност и соработка во Европа |
| PfP/ПзМ | Partnership for Peace | Партнерство за мир |
| PSTN | Public switched telephone network | јавна телефонска мрежа |
| RFA | Restricted Fire Area | реон на ограничен оган |
| ROE | Rules of engagement | правила на ангажирање |
| SO | Special operations | специјални операции |
| SOF | Special operations forces | сили за специјални намена |
| SOFA(s) | Status of Forces Agreements | Договор за статусот на силите |
| SOIs | Signal Operating Instruction | инструкции за користење на сигналите |
| TA | Target acquisition | одредување на цел |
| TACON | Tactical control | тактичка контрола |
| TLAMs | Tomahawk land attack missiles | ракети „Томахавк" за напад на копнени цели |
| TSTs | Time sensitive targets | временски ограничени цели |
| TSTs | Time sensitive targets | временски ограничени цели |
| UN/OH | United Nations | Обединети нации |
| UNCHR/ УНХЦР | United Nations Commission on Human Rights | Комитет на Обединетите нации за човекови права |